ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД
ЧЕТВРТАТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА
И СТРУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

на тема:

ИНТЕГРИРАНА КОРПОРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ И ДИГИТАЛНИТЕ ТРАНСФОРМАЦИИ - ПРЕДИЗВИК ЗА АКАДЕМСКАТА ЗАЕДНИЦА И МОДЕРНИТЕ КОРПОРАЦИИ

СКОПЈЕ, 2018

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД ЧЕТВРТАТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА И СТРУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

на тема:

ИНТЕГРИРАНА КОРПОРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ И ДИГИТАЛНИТЕ ТРАНСФОРМАЦИИ- ПРЕДИЗВИК ЗА АКАДЕМСКАТА ЗАЕДНИЦА И МОДЕРНИТЕ КОРПОРАЦИИ

СКОПЈЕ, 2018

СОДРЖИНА:

Проф. д-р Атанас Козарев, Декан на Факултетот за детективи и криминалистика
Д-р Алексеј Сопронов, Скопје
Бујар Дулови, студент на последипломски студии на Факултетот за детективи и криминалистика
Ајрулау Дулови, студент на последипломски студии на Факултетот за детективи и криминалистика

Еколошкиот криминалитет и корпоративната безбедност во Република Македонија

Апстракт:

Заштитата на животната средина е регулирана со Уставот на Република Македонија, вклучително и со закони од општиот правен поредок, но и одделни lex specialis закони. Во овие до-кументи се имплментирани и меѓународни декларации, резолуции, акти од европското aquis со кои се изврши хармони-зација на македонското национално законодавство. Меѓутоа и покрај тоа, нашата држава не е имуна од еколошкиот криминалитет и закани. Современите компании во желбата да остварат профит и да ги задоволат апетитите на нивните сопственици не ги превземаат потребните активности за еколошка заштита. Еколошкиот криминалитет се манифестира со посебна етиологија и феноменологија и претставува предизвик за академската и научна јавност. Полициската дејност се појавува како репресивна и се реализира откога ќе се случи некое еколошко кривично дело или катастрофа. Еколошката безбедност претставува неопход-ност и детерминанта за создавање на здрави генерации и здраво општество. За таа цел од големо значење е развивање на еколошката свест на сите нивоа. Корпоративната безбедност како дел од безбедносни-от систем исто така својот фокус се повеќе треба да го насочува кон елиминирање на потенцијалните еколошки опасности и штети.

Клучни зборови: животна средина, криминалитет, корпоративна безбедност, заштита.

Atanas Kozarev, Ph.D., Dean of the Faculty of Detectives and Criminology
Aleksej Sopronov, Ph.D. Skopje
Bujar Dulovi, a postgraduate student at the Faculty of Detectives and Criminology
Ajrulau Dulovi, a postgraduate student at the Faculty of Detectives and Criminology

Environmental Crime and Corporate Security in the Republic of Macedonia

Abstract:

The protection of the environment is regulated by the Constitution of the Republic of Macedonia, including laws of the general legal principles, as well as separate lex specialis laws. These documents include international declarations, resolutions and

acts of the European aquis which harmonise the Macedonian national legislation. However, in spite of that, our country is not immune to environmental criminality and threats. Modern companies in the desire for profit and satisfaction of the appetites of their owners do not undertake the necessary activities for environmental protection. Environmental crime is manifested by a distinctive etiology and phenomenology and is but a challenge for the academic and scientific public. Police activity appears to be repressive and only takes place after an environmental crime or disaster occurs. Ecological safety is a necessity for the creation of healthy generations and a healthy society. For this purpose, the development of ecological awareness at all levels is of great importance. Corporate security, as a part of the security system, needs to shift its focus on eliminating potential environmental hazards and harm more often.

Key words: environment, criminality, corporate security, protection.

Вовед

Еколошките аспекти поврзани со деловното работење пара-лелно со технолошкиот развиток во последно време добиваат значителна димензија и вредност. Притоа, практиката покажу-ва дека овој актуелен проблем има две димензии: од една страна деловните правни субјекти во настојувањето да ос-тва-рат што поголем профит понекогаш настојуваат да ги зао-биколат законските стандарди и одредби со еколошки пред-знак, а од друга страна во јавноста настојуваат да прикажат дека нивните инвестиции во редуцирањето на еколошките закани придонесуваат за поголема еколошка безбедност. Крајниот резултат од оваа економско-еколошка увертира претставува финалниот резултат кој го покажуваат мерните инструменти за нивото на загаденост на животната средина и рангирањето на нашата држава според овие индикатори на регионално и глобално рамниште. Оваа прашање има своја актуелност како на национално ниво, но и пошироко, како на пример, познатиот пакет за циркуларна економија донесен од Европската унија како основа за подготовка на Закон за управување со отпадот. Поврзано со овој сегмент претставува утврдувањето на зоните од деловниот свет кои имаат влијание односно вршат притисок врз животната средина. Како што е наведено во Стратегијата за животна средина и климатски промени 2014-2020 година[1], четири сектори се посебно значајни: енергетика, транспорт, индустрија и земјоделство: енергетскиот сектор во Република Македонија има најголем придонес кон загадувањето на животната средина, затоа што околу 90% од примарната енергија се генерира од фосилни горива, главно лигнит и мазут; транспортниот сектор има негативни влијанија врз загадувањето на воздухот и климатските промени, преку емисии на одредени загадувачки супстанции од сообраќајот. На ниво на држава, сообраќајот учествува со 24% во емисиите на азотните оксиди, 345 во емисиите на јаглерод моноксид и 16% во емисиите на испарливи органски соединенија; индустријата учествува со околу 28% во вкупните годишни емисии на сулфур диоксид, околу 14% од

[1] Министерство за животна средина и просторно планирање, Стратегија за животна средина и климатски промени 2014-2020 година, Скопје, 2015 година, стр. 22, 23 и 25.

вкупните просечни годишни емисии на азотни оксиди, додека има голем удел (38%) во годишните емисии на испарливи органски соединенија и просечен удел од 60% од годишните емисии на цврсти честички; секторот земјоделство има влијане преку емисиите на амонијак во воздухот и емисии на стаклени гасови. Имено, 99% од вкупнит национални емисии на NH_3 се од секторот земјоделство и истиот е втор по големина извор на емисии на стаклениците гасови: CH_4, N_2O и CO_2. "Накратко, користењето на современите технологии особено кога се отргнуваат од контролата на човекот ја загрозуваат неговата околина и ја нарушуваат еколошката рамнотежа, а последиците можат да бидат толку сериозни што со нив се доведува во прашање и опстанокот не само на сегашните, туку и на идните генерации, односно опстанокот на човековиот род воопшто."[2]

Застапеноста на овие значајни сектори во рамките на кои функционираат бројни деловни субјекти ја потврдува тезата за реалноста од постоење на еколошки закани за безбедноста, но и за потребата од отворање на едно ново поглавје во рамките на корпоративната безбедност во кое фокусот на интерес ќе се насочи пред се јакнење на еколошката свест на сите нивоа во деловното работење. "Паралеллно со ова, мора да се има во вид и фактот дека ризиците и заканите за безбедноста и сигурноста на резидентните компании се зголемени како никогаш досега."[3] Имено, остварувањето на заштитата на животната средина треба да претставува не само гола декларација, туку и конкретна цел преку вложување на значајни финансиски средства во модернизација на производствените капацитети. Меѓутоа, без соодветен надзор и контрола како менамент функција спроведувана од страна на менаџерите за корпоративна безбедност овие цели од стратешко ниво не би се остварале доследно.

1.Кривично – правни аспекти на еколошкиот криминалитет

Материјалното казнено законодавство во нашата држава од осамостојувањето забележува континуиран реформски процес во кој покрај останатото се воведуваат и нови законски инкриминации со кои се опфаќаат кривично правни релевантни поведенија кои пред неколку децении воопшто не биле познати кај нас. Меѓутоа, криминалната практика и криминалните умови во остварувањето на својата цел не бираат средства, а уште помалку не се предомислуваат да "освојуваат" нови пространства од човековото живеење и работење. Во тој контекст посебно место имаат кривичните дела од областа на еколошкиот криминалитет во кои се групираат според исти или слични криминалистички и кривично-правни карактеристики во рамките на систематиката на посебниот дел на кривичното право, кое содржи "класификација на кривичните дела и нивно групирање во посебни групи врз основа на заеднички карактеристики. Со систематизацијата подеднакво за

[2] Сулејманов З., Македонска криминологија, Скопје, 2000 година, стр. 572.

[3] Козарев А., Приватната безбедност во Република Македонија – теоретски и институционален дизајн, Зборник на трудови од Втората меѓународна научна и стручна конференција: Општествени, економски, правни, безбедносни и социјални детерминантни за развој на корпоративната безбедност во Република Македонија, регионот и пошироко, Асоцијација за корпоративна безбедност- Скопје, 2017 година, стр. 10.

занимава и законодавството и науката. Основата за групирање на кривичните дела во поедини групи може да биде различна, како што се: објектот на заштита, дејствието на извршување, видот на последиците, својството на сторителот, својството на пасивниот субјект, видот на вина, видот на казна или некое друго заедничко обележје кое ги обединува."[4]

Кривичните дела од областа на еколошкиот криминалитет во нашиот Кривичен законик се систематизирани во Глава XXII и ја опфаќаат следните појавни облици: загадување на животната средина и природата, член 218; производство, трговија или употреба на супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка, член 218-а; загадување вода за пиење, член 219; производство на штетни средства за лекување добиток или живина, член 220; несовесно укажување ветеринарна помош, член 221; пренесување заразни болести кај животниот и растителниот свет, член 222; загадување на добиточна храна или вода, член 223; уништување насади со употреба на штетна материја, член 224; узурпација на недвижности, член 225; незаконита експлоатација на минерални суровини, член 225-а; пустошење на шума, член 226; предизвикување шумски пожар, член 227; незаконит лов, член 228; неовластено ловење чување и отуѓување диви животни и птици, член 228-а; незаконит риболов, член 229; загрозување на животната средина и природата со отпад, член 230; неовластено прибавување и располагање со нуклеарни материи, член 231; неовластено производство, постапување и промет со опасни материи или штетни организми или семенски или саден материјал, член 232; убивање или уништување на заштитени видови на дива флора или фауна, член 232-а; неовластено воведување на диви видови во природата, член 232-б; неовластено тргување, увезување или превезување дива флора или фауна, член 232-в; мачење животни, член 233 и тешки дела против животната средина и природата, член 234.[5] Со измената и дополнувањето на КЗ во 2015 година[6], се врши измена во членот 231 став (1), кој гласи: Тој што со сила или закана, со извршување кривично дело или на друг начин неовластено прибавува, располага, поседува или му дава на друг нуклеарни и радиоактивни материи, неовластено презема нуклеарни уреди или нуклеарни или радиоактивни материи или уред за активирање, разградување или емитување на радиоактивни материи, ќе се казни со затвор од една до десет години. "Покрај кривичните дела од оваа глава, има и други кривични дела предвидени во други глави на Кривичниот законик, кои може да се третираат како кривични дела од областа на еколошкиот криминалитет."[7] "Еколошкиот криминалитет претставува секое постапување кое директно или индиректно е насочено кон загадување и предизвикување друг вид штета врз еколошките вредности какви што се: атмосферата, почвата, воздухот и водата или со други дејствија кои се насочени кон натрупување на цврсти отпадоци, натрупување отровни материи во храната, појава на бучава, опасноста од радиоактивни материи и сл."[8] Меѓутоа, според поновите истражувања,

[4] Јовановић Љ., и др. Кривично право посебни део, треће измењено и допуњено издање, Београд, 2004 године, стр. 20-21.
[5] Кривичен законик (пречистен текст), База на закони www.pravdiko.mk.
[6] Службен весник на РМ, бр.226 од 25.12.2015 година.
[7] Малиш-Саздовска М., Прирачник за истраги кај еколошки кривични дела, Скопје, 2013 година, стр. 9.
[8] Сулејманов З., цит. труд, стр. 573.

еколошките кривични дела се "сместени во групацијата на кривични дела од економскиот криминалитет од аспект на својствата на нивните сторители кои се од делот на одговорните лица во правните лица поради непревземање на одредени заштитни мерки во поголемите индустриски и стопански капацитети за заштита на човековата околина со одбегнување на вградување заштитни филтри за загадување на воздухот или други предвидени средства за заштита на водата, воздухот, почвата и сл."[9]

Карактеристично за кривичните дела од оваа глава е што имаат бланкетни диспозиции затоа што кај поголем број од нив дејствието на извршување опфаќа повреда на одредби кои се содржани во одделни прописи кои се однесуваат на заштитата на човековата средина и на тој начин потребно е да се знае содржината на овие прописи за да може конкретно да се утврди и содржината на конкретното дело односно забраната или наредбата кои се повредуваат од страна на сторителот.

"Општо опасната природа на овие дела, опасноста и загрозувањето на објектот на заштита во поголем обем, на пошироко подрачје и во поглеми размери, при што во законското битие на некои од кривичните дела се содржани облици на апстрактно и на конкретно загрозување и други тешки последици, како и умисленият или небрежниот облик на вината, се критериуми врз кои се установени, се систематизирани кривичните дела од оваа глава."[10] Опасноста на овие кривични дела се согледува преку нивниот конкретен појавен облик во реалноста, модус операнди системот, локус операнди системот и останатите елементи на структурата на секое конкретно еколошко кривично дело. "Посебна карактеристика на овие кривични дела е и тоа што најчесто се вршат од небрежност, меѓутоа не е исклучено и нивното вршење со умисла (на пример со евентуална умисла)."[11]

Одговорноста за извршување на еколошки кривични дела подразбира индивидуална одговорност, одговорсност на правното лице и на одговорното лице во правното лице. Оттука произлегува и улогата на корпоративната безбедност во редуцирање на условите и причините кои доведуваат до појава на еколошки кривични дела, односно превентивна димензија, но и истражување на конкретни случаи во деловниот субјект, на последиците кои настапуваат од еколошките криминални дејствија односно репресивна димензија.

2. Улогата на корпоративната безбедност во откривање на кривичните дела од областа на еколошкиот криминалитет

Корпоративната безбедност на компаниите подразбира обезбедување нивна заштита во однос на деловното работење, безбедност на човечките ресурси кои го сочинуваат јадрото еден деловен субјект, "воспоставување систем на корпоративна заштита во целната (партнерска) компанија со следните

[9] Џуклески Г., Николоска С., Економска криминалистика, Скопје 2007 година, стр. 72.
[10] Проевски Ј., Коментар на КЗ, Агенција "Академик", Скопје, 1998 година, стр. 510.
[11] Сулејманов З., цит. труд, стр. 574.

содржини: безбедносна проценка на ризикот, проектирање на оптимална организација на корпоративната заштита, проектирање на оптималните потреби на соодветна структура на стручниот безбедносен кадар, нормативно уредување на корпоративната заштита, воспоставување на функционални информациони системи и воспоставување систем на физичко-техничко и инжењерско обезбедување."[12] Имено, преку остварување на мисијата на корпоративната безбедност во суштина се остварува економска безбедност на деловното работење што подразбира и ефикасна превенција против еколошките кривични дела. Тоа се постигнува преку реализација на надлежностите на менаџерите за корпоративна безбедност кои се будно око во една компанија и даваат безбедносни услуги на различни нивоа. Корпоративните безбедносни услуги се разнолики и во нив спаѓаат следните одделни безбедносни задачи: безбедност на човечкиот капитал во деловниот субјект и поврзано со него и на пазарниот капитал, безбедност на менаџментот на деловниот субјект, на сопственичкиот капитал, безбедност на деловните информации, деловните стратегии, информатичка и индустриска безбедност. Кон овој каталог на безбедносни корпоративни надлежности може да се набројат и други кои произлегуваат од секојдневното функционирање на компаниите и безбедносните ризици со кои се соочуваат истите во своето работење.

Кога станува збор за еколошките кривични дела, менаџерите за корпоративна безбедност потребно е да ги насочат своите активности во неколку правци: а) на ниво на спречување и откривање на незаконски и непрофесионални однесувања на вработените кои се вклучени во деловниот процес на различни позиции; б) на ниво на одговорни лица во правното лице кои имаат посебни надлежности и в) на ниво на сопственици на правното лице. Преку овој системски пристап се овозможува остварување на "корпоративната безбедност како стратешка фунција на компаниите, која има за цел остварување безбедност на деловниот успех на корпорациите, што подразбира: елиминација на сите ризици и загрозувања кои може да влијаат на деловната активност и остварување на деловниот успех; доведување на загрозувачките фактори на најмала можна мерка; деловно функционирање во услови на криза (crisis management), совладување на кризи и повторно нормално работење."[13]

Како позначајни аспекти на корпоративната безбедност поврзани со еколошкиот криминалитет би можеле да се наведат следните:

- Заштита од ризици и закани поврани со деловното работење чиешто присуство би можело да доведе до извршување на еколошки кривични дела;
- Помош при донесување на менаџерски одлуки со кои се подигнува нивото на компаниите за вложување во еколошката заштита на деловното работење;

[12]Стојановић М., Павловић Д., Економска безбедност пословања, Београд, 2014 година, стр. 207.
[13] Ivandić Vidović D., Karlović L., Ostojić A., Korporativna sigurnost, Udruga hrvatskih menadžera sigurnosti, UHMS, Zagreb, 2011 godine, str. 66.

- Јакнење на еколошката свест кај вработените и нивната безбедносна култура воопшто;
- Редовно информирање на топ – менаџментот за евентуални слабости во производствениот процес кои би можеле да доведат до загрозување на животната средина од една страна и како последица на тоа опаѓање на интегритетот на компанијата од друга страна;
- Воспоставување на основите за спроведување на сите компоненти на "интегрална безбедност на компаниите"[14].

"Корпоративната безбедност перманентно е вклучена во механизмите на деловното управување на тој начин што го штити нормалното одвивање на деловните процеси, ги отстранува актуелните безбедносни проблеми и на вработените им создава безбедни услови за работа. Конкретно набљудувано, корпоративната безбедност се активира на создавање планови и спроведување на мерки чија што цел е: заштита на корисниците на услугите, заштита на вработените во деловната организација, заштита на имотот во сопственост на длеовната организација, заштита на информациите и репутацијата на деловните организации од материјални штети, криминални дејности итн. На овој начин корпоративната безбедност претставува составендел на процесите кои управуваат со деловните ризици внатре во стопанскиот субјект."[15] Оттука, може да се нотира дека фокусираноста на корпоративната безбедност кон актуелни и идни безбедносни ризици и закани придонесува и кон редуцирање на еколошките предизвици со кои може да се соочи секој деловен субјект или негов вработен.

3.Проценка на ризици во деловното работење како предуслов за спречување и откривање на еколошките кривични дела

Загрозувањето на безбедноста на корпорациите може да доведе до извршување на еколошки кривични дела од најразличен вид. Етиолошки основи за тоа постојат и тие се од субјективна и објективна природа. Така на пример, неефикасната организација на еден производен процес или отсустно на перманентна контрола на длеовното работење може да бидат доволна причина за продуцирање на еколошки катастрофи за животната средина и животот на човекот. На подрачјето на Скопје, како реликт од минатото може да се наведе опасноста од депонијата на фабриката Охис во Скопје, каде пред 40 години се депонирани 13 илјади тони токсичен и канцероген пестицид линдан. Тој е оставен на отворено и ги загадува почвите, подземните води и воздухот. Истовремено, со некоординацијата меѓу институциите, постојаното преклопување со надлежностите и со индиферентноста на оние што треба да похрабро да тргнат со порадикални чекори, како да се занемарува фактот што во дворот на ОХИС се наоѓа токсичен и канцероген отпад, кој бара итен ангажман. Особено што сите досегашни истражувања и студии укажуваат дека на тој потег освен големо количество жива, со години скопјани ги труе линданот, кој бил користен како инсектицид со широк обем на дејствување кај

[14] Milošević M., Pojam i sadržaji korporativne bezbednosti, Zbornik radova, Fakultet za bezbjednost I zaštitu Univerziteta Sinergija, Banja Luka, 2010 godine, str. 59-60.
[15] Trivan D., Korporativna bezbednost, Dosije studio, Beograd, 2012 godine, str. 84.

семенскиот материјал, за третирање на почвата, прскање, заштита на дрвата и дрвената граѓа и против ектопаразити кај животните и луѓето (Слика бр. 1: приказ на депонии во Скопје).

Слика бр. 1

“Исто така, во Македонија има 16 места кои се извор на радиоактивно зрачење. Дури четири од нив се наоѓаат во Скопје. Најопасниот извор е кобалтот 60 кој е сместен на Клиниката за онкологија, велат експертите. Проблем е што државата нема специјален склад каде што ќе се чува радиоактивниот отпад.”[16]

Овие евидентни и опасни случаи кои се јавуваат како извори на загрозување на животната средина и пошироко, ја наметнуваат потребата од благовремена и квалитетна проценка на ризикот во работењето преку детектирање на постоечки проблеми, предвидување на нивниот развој и навремено превземање мерки и активности за нивно отстранување. Тоа подразбира детално истражување на изворите на загрозување, криминогените, виктимогените и патогените жаришта кои може да го дестабилизират длеовниот процес во целина. Активностите со кои се врши безбедносна проценка условно може да се поделат на следниот начин:

1) Проценка на можните извори (носители) на загрозување на безбедноста во корпорациите;
2) Проценка на можните облици (начини) на загрозување на безбедноста во корпорациите;
3) Проценка на можните места на загрозување на безбедноста во корпорациите и
4) Анализа на ризиците.[17]

[16] https://novatv.mk/radioaktiven-kobalt-ke-se-otstrani-vladata-na-gruevski-odbivala/., 13.03.2018 година.
[17] Драгишић З., Безбедносни менаџмент, Службени гласник, Београд, 2007, стр.47-52.

Проценката на ризиците треба да биде содржинска и применлива така што на сопствениците или на надлежните лица ќе им помогне да:

- Ги препознаат опасностите во работењето и да ги проценат ризиците поврзани со тие опасности за да се одредат мерки за заштита на здравјето и безбедноста на вработнеите и другите работници внимавајќи притоа на законските прописи;
- Ги проценат опасностите за да се избере најсоодветна работна опрема од хемиска материја, опременост на работното место и организација на работата;
- Проверат дали постоечките мерки се соодветни;
- Ги превземат оние дејствија кои се неопходни после спроведување на проценката на ризикот со кои ќе покажат на самите себе, на надлежните државни органи, работниците и нивните претставници дека сите фактори во врска со работата биле разгледувани, како и дека е донесена соодветна проценка за присутност на опасност и мерките кои се потребни за зачувување на здравјето и безбедноста;
- Се грижат за превентивните мерки како метод на работа и производство кои се применуваат после спроведена проценка на ризикот, претставуваат подобрување на безбедноста на работниците и подобра заштита на нивното здравје.[18]

4.Заклучок

Еколошките безбедноснии ризици и закани претставуваат реалност во секојдневното деловно работење. “Евидентното постоење на еколошките кривични дела со национален и меѓународен предзнак, односно нивна интернационализација е логична последица на научно-технолошкиот развој и глобализацискиот тренд. Човекот и неговиот ум во овој соврмен моментум ја потврдија тезата дека може многу лесно да ја злоупотребат науката и технологијата за остварување на што поглем и нелегален профит! Но, од друга страна, истовремено и со уште позастрашувачки штетни последици врз животната средина, врз одржливиот развој и човечката безбедност се манифестираат и влијанијата на овие кривични дела.”[19]Корпоративната безбедност како модел на заштита на функционирањето на современите деловни субјекти има свои надлежности во превенцијата на еколошките кривични дела затоа што тие како посебна групација на кривични дела имаат импликација и врз економската безбедност во целина. Точките на поврзување помеѓу потребата од редуцирање на еколошките кривични дела и менаџерите за корпоративна безбедност се видливи и реални. Имено, еколошката безбедност претпоставува и вложувања финансии од страна на топ менаџерите и сопствениците на компаниите во двојна насока: во јакнење на еколошката свест пред се кај вработените и во сопствената свест за континуирано модернизирање на рабонтите и производствените процеси.

[18] Marković S., Osnovi korporativne i industrijske bezbednosti, USEE, Novi Sad, 2007 godine, str. 213-214.
[19] Kozarev A., Harmful Consequences on Economic Development due to Endangering Environmental and Nature with Waste, IDEA – International Journal of Science and Arts, VOl. 1 Skopje, 2017 y., p. 156.

Безбедносните проценки за ризиците кои може да се јават во случај кога овие вложувања се стават на маргините на стратешките цели на компанијата, а кои се подготвуваат од менаџерите за корпоративна безбедност се првото скалило на сигнализирање од страна на системот на корпоративна безбедност. Понатаму, тука се надоврзуваат корпоративните индикатори во областа на човечките ресурси, заштитата на информациите, деловните тајни, конкурентската предност итн. На тој начин може да се заклучи дека корпоративната безбедност како концепт, модел, визија има посебно значење во подигинување на економската безбедност која пак според природата на еколошките кривични дела (со економски предзнак) е од клучно значење за јакнење на деловниот интегритет и доверба.

Литература

1.Сулејманов З., Македонска криминологија, Скопје, 2000 година.
2.Јовановић Љ., и др. Кривично право посебни део, треће измењено и допуњено издање, Београд, 2004 године.
3.Малиш-Саздовска М., Прирачник за истраги кај еколошки кривични дела, Скопје, 2013 година.
4.Џуклески Г., Николоска С., Економска криминалистика, Скопје 2007 година.
5.Проевски Ј., Коментар на КЗ, Агенција "Академик", Скопје, 1998 година.
6.Стојановић М., Павловић Д., Економска безбедност пословања, Београд, 2014 година.
7.Ivandić Vidović D., Karlović L., Ostojić A., Korporativna sigurnost, Udruga hrvatskih menadžera sigurnosti, UHMS, Zagreb, 2011 godine.
8.Milošević M., Pojam i sadržaji korporativne bezbednosti, Zbornik radova, Fakultet za bezbjednost i zaštitu Univerziteta Sinergija, Banja Luka, 2010 godine.
9.Trivan D., Korporativna bezbednost, Dosije studio, Beograd, 2012 godine.
10. Драгишић З., Безбедносни менаџмент, Службени гласник, Београд, 2007.
11.Козарев А., Приватната безбедност во Република Македонија – теоретски и институционален дизајн, Зборник на трудови од Втората меѓународна научна и стручна конференција: Општествени, економски, правни, безбедносни и социјални детерминантни за развој на корпоративната безбедност во Република Македонија, регионот и пошироко, Асоцијација за корпоративна безбедност- Скопје, 2017 година.
12.Kozarev A., Harmful Consequences on Economic Development due to Endangering Environmental and Nature with Waste, IDEA – International Journal of Science and Arts, VOl. 1 Skopje, 2017 y.

Документи:

1.Министерство за животна средина и просторно планирање, Стратегија за животна средина и климатски промени 2014-2020 година, Скопје, 2015 година.
2.Кривичен законик (пречистен текст), База на закони www.pravdiko.mk.
3.Службен весник на РМ, бр.226 од 25.12.2015 година.

Интернет адреси:

https://novatv.mk/radioaktiven-kobalt-ke-se-otstrani-vladata-na-gruevski-odbivala/., 13.03.2018 година.

Проф. д-р Зоран Јолевски
Европски Универзитет Република Македонија
Македонија, Скопје
е-маил: jolevski@gmail.com

КОРПОРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ ВО СОВРЕМЕНАТА УСЛУЖНА ЕКОНОМИЈА И ИНДУСТРИЈАТА 4.0.

Кога станува збор за иднината во развојот во корпоративната безбедност треба да има во превид трансформацијата низ која поминуваат современите корпорации. Како резултат на најновите техничко технолошки достигнувања светската економија, а со тоа и корпорациите се менуваат, односно трансформираат. Ако средствата на компаниите поделиме во две групи: видливи (tangible) и невидливи (intangible) и напрвиме временска анализа тогаш се забележува промена во нивната улога во производствените и услужните процеси на микро ниво. Настануваат промени во нивното учество во креирањето новосозденатa вредност и тоа во насока на експоницијален раст на учеството на т.н. невидливи средства (знаење и умеење, патенти, авторски права, информации, информативни мрежи, софвери, интеграции на оперативните процеси). Значи вредноста на т.н. невидливи средства расте побрзо од вредноста на видливите средства на корпорациите. Ова природно предизвикува промени во потребата и значењето на нивната заштита, а со тоа во концептите и формите на корпоративната безбедност, односно заштитата на т.н. невидливи средства станува се позначајна.

Ако пред повеќе векови земјоделското производство, а потоа традиционалното индустриското производство доминираа во создавањето на бруто националниот доход, денес сме сведоци на доминација на услужниот сектор во создавање на националното богаство. Покрај ова, треба да се земе предвид дека денес индустрискиот сектор минува низ процес на трансформација, кој се нарекува Индустриска револуција 4.0., односно се создава т.н. Индустрија 4.0. Овие два сегменти на националната економија, услужниот сектор и Индустријата 4.0. играат се поголема улога во креирањето додадената вредност, што укажува дека заштитата, односно безбедноста на т.н. невидливи средства ќе има се поголема улога.

Првата индустриска револуција ја користеше парата за покренувањето на машините. Втората индустриска револуција се базира врз употребата на електричната енергија во фабриките, додека пак третата индустриска револуција настана како резултат на употребата на електорниката и информатичката технологија, кои доведоа до висок степан на автоматизација на производствените процеси. Четвртата индустриска револуција која е во тек, односно Индустриска револуција 4.0. може да се опише како создавање „паметни стоки“ со паметни производствени процеси, во „паметни фабрики“. Според Консултантската куќа ***McKinsey***[20] „Индустриската револуција 4.0. се

[20] „Industry 4.0 at McKinsey’s model factories: Get ready for the disruptive wave“, група автори, предводена од Erhard Feige, McKinsey, 2016 г. стр 2

дефинира како следна фаза во дигитализацијата на секторот за производство и се придвижува врз основа на четири нарушувања (промени – забелешка на 3J): неверојатен пораст на обемот на податоци, компјутерската моќ и конективност, особено на новите широкопојасни мрежи со ниска моќност; појавата на аналитички и деловно-разузнавачки капацитети; нови форми на интеракција на човекот со машината како што се интерфејси за допир и системи за зголемена реалност; и подобрувања во пренесувањето на дигитализацијата во физичкиот свет, како што се напредната роботика и 3-Д печатењето.

Индустријата 4.0. ја сочинуваат „паметни фабрики“ во кои производствениот процес е управуван од автоматизирани системи, роботика и преку вештачка интелегенција ги интегрира потребните инфомации за носење на автоматизирани одлуки за производство на „паметни стоки“. Новиот модел на индустрија се базира на интегрирање на машините со компјутерите, а вештачката интелегенција ги управува производствените процеси. Оваа индустриска револуција се движи со експоненцијална брзина и веќе почна сериозно да ја менува формата на средствата на компаниите, а со тоа и концептот за корпоративна безбедност, односно заштита на овие средства.

Во претходните економски системи елементите на производството (земја, машини, хали, пари во форма на метал или хартија) и резултатите од овие процеси (земјоделски или индустриските стоки) беа видливи за човечкото око. Релативна вредност на невидливите средства во новосоздадената вредност, иако секогаш постоела, била многу помала во споредба со онаа денеска. Ако се до втората половина на минатиот век доминантен аспект на корпоративната безбедност беше физичката безбедност на факторите за производство (главно видливи средства), од втората половина на минатиот век потребата за обезбедување на т.н. невидливи средства се зголемува со голема брзина. Појавата на интернетот и неговата поинтезивна употреба која започна во последната деценија на минатиот век донесе до нови квалитативни промени во концептот на корпоративна безбедност, односно до појава на една сосема нова гранка, а тоа е сајбер безбедноста.

Заштитата на корпоративните средства веќе не е доминантна како облик на физичката заштита на средствата во сопственост на корпорацијата, туку позначјна станува заштитата и безедноста на информатичките мрежи, податоците кои се движат низ овие мрежи, податоците кои се чуваат во складишта за податоци, интелектуалната сопственост, know-how, авторските права и сл. Компаниите од услужната дејност заедно со индустриските компаниите од т.н. индустрија 4.0 имаат потреба од еден сосема нов вид на корпоративна безбедност.

До пред половина век, поимот шпиунажа главно се однесуваше на шпиунажа меѓу државите. Имајќи ја предвид структурата на современата економија, треба да се промени името од „индустриска“ во „деловна“ шпиунажа, бидејќи предмет на шпиунажа не се само деловните тајни во индустријата, туку и во услужниот сектор. Денеска деловната шпиунажа е и пораспостранета од

шпиунажата меѓу државите. За разлика од оддавањето на државни тајни кое се санкционира со кривични закони и е кривично дело, корпорациите многу тешко можат да користат законски мерки против неовластеното оддавање на деловни тајни. Ова ја прави заштитата од деловна шпиунажа уште посложена и потешка. Потребата за квалитетна на заштитата кај деловната шпиунажа станува се поголема. Заради ова компаниите се приморани да изнаоѓаат и имплементираат нови креативни солуции кои ќе обезбедат нивна заштита од т.н. индустриска шпионажа. Најранливи за вакви дејствија се истражувачките единици на корпорациите.

Тука треба да се додаде уште еден многу значен момент за современите компании, но и за корпоративната безбедност, а тоа е обезбедување на континуитет на производството, односно операциите на компанијата, елиминирање или субстантивно намалување на застоите на операциите. Ова е посебно значајно заради поврзаноста на производствените процеси, односно функционирањето на т.н. suplay chains. Со цел да не врзуваат голем капитал во репроматеријали и други компоненти потребни за производство, корпорациите чуваат минимални залихи и очекуваат навремено да бидат снабдени со потребните инпути. Континуитетот на снабдување со репроматеријали и полупроизводи, стоки и давање на услуги во услови кога економијата функционира во модул на just on time suplay chain е особено значајно. Способноста на компанијата навремено и во континуитет да ги снабдува своите клиени е поеднакво важно како и цената и квалитетот на суровините, полупроизводите што се продаваат, односно услугите што се даваат. Заради ова компаниите покрај добрата заштита на видливите и невидливите средства, неопходно е да имаат добро разработени планови за превенција, но и планови за постапување доколку се случи настан кој го нарушува континуитетот на бизнис операциите без оглед дали е резултат на природата или пак на човечки фактор. Нарушување на континуитетот покрај директните финансиски штети, може да ја наруши и репутацијата на компанијата.

Bernard Marr во неговата статија „What Everyone Must Know About Industry 4.0“ објавена во Форбс[21], како прв од предизвиците со кои се соочува Индустријата 4.0. ја наведува сајбер безбедноста, паралелно со заштитата на интелектуланата сопственост врз кои се базираат новите производни и услужни процеси.

Според истражувањето за факторите односно предизвиците кои влијаат на развојот на Индустријата 4.0. во Германија (Germany’s Industrie 4.0 – the challenges in IT-Security Raphael Labaca Castro 3 Nov. 2015) корпоративната безбедност е на прво место (Графикон бр. 1).

[21] https://www.forbes.com/sites/bernardmarr/2016/06/20/what-everyone-must-know-about-industry-4-0/#1f5a00c0795f

Графикон 1
Кои пречки треба да се надминат за да се постигне концептот на Индустрија 4.0.



Извор: Germany's Industry 4.0 – the challenges in IT-Security, Raphael Labaca Castro, 3 Nov 2015 https://www.welivesecurity.com/2015/11/03/what-is-industry-4-0/

Дури 36% од испитаните компании истакнале дека безбедноста на податоците, односно информациите кои се неопходни за функционирање компаниите во Индустијата 4.0. е предизвик, односно ја идентификувале како можна препрека за развојот. Финансиските импликации и немањето доволно развиена технологија се на второто, односно третото место. Значи корпоративната безбедност е поголем предизвик од финансирањето на Индустријата 4.0. Дури и недоволната созреаност на технологиите што треба да се користат во овие комапнии е помал предизвик корпоративната безбедност. Ова произлегува од тоа што вредноста на невидливите средства кои се неопходни за развојот на паметните фабрики се доминантни. Врз основа на овие невидливи средства компанијата има компаративна конкуретска предност во споредба со конкуренцијата. На ова треба да се додаде дека неовластено влегување во корпоративниот информациски систем може да нанесе штата на паметното производство, да ги поремети алгоритмите врз основа на кои се носат децентрализирани оперативни одлуки во паметните производни процеси и со тоа направи материјална и финансиска штета на компанијата.

До слични резултати дојде и студијата на Националната академија за науки и инженерство на Германија „Обезбедување на иднината на германската преработувачка индустрија: Препораки за имплементација на иницијативата ИНДУСТРИЈА 4.0: Краен извештај на Работната група 4.0."[22]. Во оваа студија е истакнато дека корпорацискта безбедност има посебно значење за развојот

[22] Securing the future of German manufacturing industry Recommendations for implementing the strategic initiative INDUSTRIE 4.0: Final report of the Industrie 4.0 Working Group, Acatech – National Academy of Science and Engineering, 2013, Франкфурт

на компаниите од т.н. Индустрија 4.0. Во апстрактот на Извештајот се истакнува дека корпоративната безбедност е значајна, пред се, заради тоа што „производните капацитети и производите, а особено податоците и информациите што ги содржат - треба да бидат заштитени од злоупотреба и неовластен пристап. Ова бара, на пример, распоредување на интегрирани безбедносни и безбедносни архитектури и уникатни идентификатори..."[23]. Безбедносните предизвици можат да бидат во форма на сајбер напади кои нанесуваат штета, но и во форма на деловна шпионажа, преку која се крадат доверливи информаци и тајни од компаниите. Доколку оваа заштита е несоодветна може да предизвика одлив на корпорациски тајни и информации. Во одредени случаи трошоците поврзани со истражувањето и развојот чинат многу повеќе од физичките фактори на производството (хали, машини и сл.), така да кражбата на овие многу вредни информации може да му овозможи ентитетот кој неовластено ги поседува да оствари екстра профит и ја доведе во опасност профитабилноста на компанијата која вложувала во истражувачките активности. Затоа корпорациската безбедност се смета за клучен фактор за успехот на Индустријата 4.0.

Со оваа констатација се согласуваат скоро сите аналитичари,. Тие сметаат дека сајбер безбедноста е најголем предизвик за развојот на Индустријата 4.0. Овој вид на заштита односно безбеднот ќе претставува се поголем трошок кој компаниите треба да го калкулираат и треба да се очекува неговото учество во вкупните трошоци постојано да се зголемува.

Покрај промените во комплексноста, доаѓа до зголемување на трошоците за корпоративна безбедност. Тие станаа толку значајни што Светската банка започна да собира податоци од компаниите колкави се нивните трошоци за оваа намена. Проценка е дека овие трошоци ќе растат во иднина не само во апсолутна, туку и во релативна вредност. Значи корпоративната безбедност не треба да ја гледаме само од аскпет на безбедност на средствата на компанијата (видливи и невидливи), туку и од аспект на можност за намалување на вкупните трошоци, а со тоа зголемување на профитабилноста.

Влегуваме во ера во која корпоративната безбедност, заштитата на мрежите и инфомрациите кои се движат низ нив, станува услов за раст на современите компании. Квалитетот и ефексаноста на корпоративната безбедност станува клучна за растот на компаниите. Развојот на овие сектори на економијата е свразан со огромни вложувања во R&D и имплементација на резултатите од овие истражувања. Загубата на овие информации, односно неовластен пристап на конкуренцијата до нив, ќе резултира во загуба на компаративната предност на компанијата која произлегува од вложувања во развојот. Неовластеното влегување во информатичките мрежи во корпорациите може да придонесе за сериозни нарушувања во процесот на производство, односно давање услуги. Штетите кои настануваат може да имаат влијание врз компанијата и нејзината профитабилност, квалитетот на производот или улогата, како и врз консументот.

[23] Исто стр. 6

Последниве неколку години американското општество беше сериозно потресено од крадењето на персонални информации од неколку компании. Влегувањето во базата на податоци на една од трите кредитни агенции во САД, Equifax, во периодот од мај до јули 2017 година резултираше во кражба на сензитивни лични податоци на повеќе од 143 милиони американци, нешто помлаку од половина од граѓаните на САД. Хакерите украдоа подтаци за адресите, датумот и местото на раѓање, матичните броеви за социјална сигурност (Social Security numbers), еквивалент на Единствениот матичен број во Македонија, а во некои случаи и на броевите на возачките дозволи. Имајќи предвид како функционира американското општество, интензитетот на трансакциите кои се одвиваат преку интернет, постои опасност да се нанесе голема материјална и финансиска штета на лицата чии податоци се украдени. Лице кое неовластено располага вакви податоци може неовластено да направи трансфер на средства, да нанесе штета на кредитниот рејтинг на лицето и многу други работи. Ова влијаеше врз репутацијата на компанијата, резултираше со оставки во Управниот одбор.

Еден од најголемите ланци на супермаркети во САД Таргет во неколку наврати беше предемет на хакирање. Покрај директните оштети што Трагет ги плати на консументите чии лични податоци беа украдени, компанијата претрпе големи штети од намалувањето на обемот на продажба заради недовребата во нејзиниот информатички систем. Една од причините за намалување на вредноста на Yahoo е неможноста овој провајдер на улуги да ги заштити податоците на корисниците на неговите услуги.

Компаниите не секогаш ја информираат јавноста за хакирањето, бидејќи може да влијае врз нивниот раст. Губењето на довербата и репутацијата може да биде погубно дури и за компанија која е добро етаблирана на пазарот. Така на пример во 2012 беше хакиран серверот на компанијта LinkedIn. Оваа информација не беше позната на јавноста до 2016 година. Доколку се појавеше во јавноста во 2012 година прашање е дали LinkedIn ќе го постигнеше денешното ниво на развој, па дури прашање е дали ќе беше на пазарот денеска, а да не зборуваме колку ќе изгубеше од вредноста на компанијата.

Кога говориме за трансформацијата која настанува во облиците на корпоративната безбедност треба да се има во превид и промената која настанува на пазаарот, како место на кое се врши продажба на стоките и услугите. Интернетот се повеќе станува место на кое се разменуваат стоките и услугите. Продавачот преку интернет ги пласира своите стоки и услуки, а консументот ги нарачува и ги плаќа електронски. Интернет трговијата експоницијално расте. САД е најнапред во оваа свера. Слободна проценка е дека тоа што се случува на интернет пазарот во САД, со закаснување од неколку години доаѓа и другите делови на светот. Интернетот придонесува до промена на тоа како некои бизниси егзистираат и се развиваат. Општо познато е дека во САД печатените дневни весници и магазини постепено исчезнуваат, а консумнетите наместо хартиени промероци се повеќе ги читаат

нивните електронски изданија. Тој тренд станува поприсутен и во останатиот дел од светот. Авио билтетите, резервациите на хотели, крстарења, пакет туристички патувања, во САД, скоро и да не се купуваат во туристички агенции, туку исклучиво преку интернет. Бројот на туристички аганеции, како физичко место каде се продаваат овие услуги е драстично намален. Плаќањето на сметките се повеќе се реализира на интеренет, а експозитурите на банките се помалку се посетуваат за давање на налози за овие плаќања. Апаратите за домашна употреба и електорниката доминантно се набавуваат преку интернет. Џеф Безос, сопственикот на Амазон, компанија специјализирана за електронска трговија, стана најбогат човек на светот во 2017 г.. Ова е најмаркантен доказ за големината на трговијата која се одвива преку интеренет.

Како што продавниците, шопинг моловите треба да се заштат, така треба да се заштити и интерентот како место на кое се одвива трговијата. Жртви на сјабер крминалот се и компаниите и консументите. Така, последниот Извештај за криминалот преку интернет[24] на ФБИ оценува дека во 2017 година губитокот на корпорациите и консументите е над 1,7 милијарди долари, и тоа во следниве категории: крадење преку неовласен влез во приватните и бизнис е-маил адреси – 676 мил. $, кражби преку кредитни картички 57 мил. $, преку неовластено користење на лични податоци 77 мил. $, на корпорациски податоци 61 мил. $, кражби преку неовластен влез во електронски податоци на недвижности и нивно изнајмување 56 мил. $, електронска каражба на инвестициони вложувања 97 мил. $, на авансни плаќања 57 мил. $, електронска кражба преку неовластено корестење на идентитетот на физички правни лица 66,8 мил $, неиспорачани и неплатени стоки 141 мил. $ и преку штети направени со губење на довербата 211 мил. $. Сајбер криминалците потекнувале од странство, но и од САД.

Доколку компанијата не успее да го заштити своето тргување преку интеренет, може да се соочи со губење на репутација и порај тоа што нејзините производи и услуги се квалитетни. Оваа заштита се однесува и на личните податоци на клиентите. Несоодветната безбедност на базите на податоци, како лични, така и корпорациски може сериозно да нанесе штета на компанијата. Репутацијата на компаниите отсекогаш била значајна за нивната позиција на пазарот. Тука треба да се додаде дека со интернетот, социјалните мрежи, информацијата за репутацијата на компанијата брз се шири. Затоа корпорациите мора да обезбедат соодветна заштита на опреациите кои ги реализираат на интернет. Загубата, како што претходно кажавме, нема е само во финансиски и физички облик, туку загубата може да биде во облик на губење и на репутација, што може мошне сериозно да го загрози опстанокот на компанијата. Сајбер безбедноста станува еднакво важна како и квалитетот и цената на производот.

Заради промените во безбедносните закани кои настанаа особено последниве 20-тина години, активности поврзани со корпоративната безбедност стануваат

[24] 2017 Internet Crime Report, FBI, Вашингтон, 2017 г.

се посложени и покомплексни. Се зголеми потребата од интердисцилинарен пристап кон корпоративната безбедност и интегрирање на разни системи од различни дејности, но и различен карактер, како што се кадровски, техничко-технолошки, информатички и други. Заради комплексноста и значењето на овој сегмент на функционирањето, компаниите се повеќе се одлучуваат за outsourcing на дел или пак целокупниот сегмент на корпоративна безбедност. Заради комплексноста пазарот се сегментира, односно се јавуваат специјализирани компании, кои даваат услуги на физичкото обезбедување, компании кои продаваат опрема потребна за обезбедување, компании кои обезбедуваат услуги од областа на сајбер безбедноста и др.

Ова пак од своја страна ја наметнива потребата за интеграција на овие различни безбедносни подсистеми, како и за зголемување на ефикасноста на корпоративната безбедност, а истовремено намалување на трошоците. Затоа последнава деценија се јавуваат компании кои обезбедуваат стратегиски совети за интегрирање на различните елементи на корпоративната безбедност, т.е. компании кои даваат стратегиски консалтинг за корпоративна безбедност. Како експерти во овие компании се јавуваат лица кои долги години работеле за државни инситуции чија цел била одбраната и безбедноста на државата и заштита на критичната инфраструктура. Овие лица располагаат со најсофистицарана експетиза која го зголемува квалитетот на копрацискатa безбедност, а истовремено овозможува поефикасно користење на ресурстите за оваа намена. Ова најдобро може да се опише преку цитатот на Sussman Corporate Security **(**SCS) компанија која има канцеларии во Вашингтон, Торонто, Тел Авив и Хонг Конг:
„SCS обезбедува трошковно ефикасни, специјално дизајнирани солуции за обезбедување кој ја зголемуваат профитабилноста преку:

- зголемена и поефикасна безбедност со пониски трошоци;
- обезбедување на континуитет и флексибилност во бизнис операциите, преку минимизрање на застоите и неефиканостите;
Један од корака за заштиту људских права у дигиталном контексту је глобална подршка и поштовање критика специјалног известиоца за право на приватност у дигиталном добу. Специјални известилац је независни експерт за међународно право људских права именован од стране Савета Уједињених нација за људска права у јулу 2015. године на период од три године. Стварање овог хитно потребног међународног мандата је у складу са Резолуцијом о праву на приватност у дигиталном добу коју је Генерална скупштина Уједињених нација усвојила 18. децембра 2013. године. Главна идеја стварања специјалног известиоца је уследила након уочавања изазова који произилазе из нових технологија и последица неконтролисаног масовног надзора, укључујући и ерозију темељне слободе изражавања, окупљања и удруживања. У таквим условима сасвим је сигурно да ће ситуације у којима се прати све оно што желимо рећи или урадити негативно утицати на слободу грађана да у потпуности уживају своја права. Успостављањем специјалног известиоца Уједињене нације су значајније приступиле решавању проблема заштите права на приватност, укључујући и право на заштиту података о личности, и то са аспекта дигиталног доба и утицаја нових технологија на њих. У циљу јачања заштите и спречавања даљих повреда људских права која су тесно повезана са правом на приватност у дигиталном добу, очекује се да специјални известилац да суштински допринос развоју кохерентног приступа међусобном односу приватности, слободе изражавања и других људских права.

Специјални известилац је мандат добио Резолуцијом 28/16 Савета за људска права, у чијем уквиру спадају следећа овлашћења: а) да прикупља релевантне информације, укључујући међународне и националне оквире, националне праксе и искуства, да проучава трендове, развој и изазове у вези са правом на приватност и да даје препоруке како би се осигурала њихова промоција и заштита, укључујући и изазове који произлазе из нових

технологија; б) да тражи, прима и реагује на информације, избегавајући дуплирање, од држава, Уједињених нација и њених агенција, програма и фондова, регионалних механизама за заштиту људских права, националних институција за људска права, организација цивилног друштва, приватног сектора, укључујући и привредна предузећа, и било које друге релевантне актере или стране; в) да утврди могуће препреке за промоцију и заштиту права на приватност, да идентификује, размењује и промовише принципе и најбоље праксе на националном, регионалном и међународном нивоу, као и да подноси предлоге и препоруке Савету за људска права у том смислу, укључујући и одређене изазове који настају у дигиталном добу; г) да учествује и доприноси релевантним међународним конференцијама и догађајима са циљем промовисања систематског и кохерентног приступа питањима која произилазе из његовог мандата; д) да подиже свест о важности промовисања и заштите права на приватност, укључујући и одређене изазове који су настали у дигиталном добу, као и о значају омогућавања права на делотворан правни лек појединцима чије право на приватност је нарушено, у складу са међународним обавезама људских права; ђ) да интегрише родну равноправност током рада мандата; е) да извештава о наводним повредама, где год да се десе, права на приватност, као што је наведено у члану 12 Универзалне декларације о људским правима и члану 17 Међународног пакта о грађанским и политичким правима, укључујући и у вези са изазовима који произилазе из нових технологија, и да скрене пажњу Савету и Високом комесару Уједињених нација за људска права на ситуације које нарочито озбиљно забрињавају; ж) да подноси годишњи извештај Савету за људска права и Генералној скупштини, почевши од тридесет прве односно седамдесет прве седнице.[133]

Право на приватност је несумњиво повезано са правом на заштиту података о личности, будући да промоцијом нових технологија, ова заштита постаје дигитална. О њиховој повезаности сведочи и судска пракса Европског суда за људска права и Суда правде Европске уније. Заштита података о личности је шири појам који поред заштиту права на приватност, обуквата и право на слободу изражавања, слободу веросиповести и мишљења, слободан проток информација и право на недискриминацију. Међународно правна регулатива о заштити приватности и заштити података о личности је подигнута и на новоу комунитарног права Европске уније.[134] Европска унија посебно уређује заштиту података о личности на интернету, док Суд правде Европске уније игра активну улогу у тумачењу постојећих законских норми (нпр. успостављање права на заборав).

Да би се постигао развој и напредак у овој области, а нарочито да би се побољшала промоција људских права у дигиталном контексту, која првенствено укључује поштовање људског достојанства, потребно је да се у

---

[133] Special Rapporteur on the right to privacy, http://www.ohchr.org/EN/Issues/Privacy/SR/Pages/SRPrivacyIndex.aspx (5 April 2018).

[134] Најзначајнији инструменти ЕУ који регулишу право на приватност и право на заштиту података о личности су: Повеља ЕУ о основним правима (члан 8); Директива број 95/46/ЕЦ Европског парламента и Савета о заштити појединаца у вези са обрадом података о личности и слободном протоку таквих података од 24. октобра 1995. године; Регулатива број 45/2001 о заштити појединаца у погледу обраде података о личности од стране институција и тела Заједнице и о слободном протоку таквих података од 18. децембра 2000. године; Директива број 2002/58/ЕЦ Европског парламента и Савета о обради података о личности и заштити приватности у подручју електронских комуникација од 12. јула 2002. године;

процесу стварања механизама за управљање интернетом и савременим технологијама укључе сви актери, почев од влада, државника, креатора политика, приватног сектора, технолога, инжењера, привредника, па све до невладиног сектора и организација цивилног друштва које су посвећене промоцији и заштити људских права. Заштита људских права и владавине права у дигиталном контексту је од суштинског значаја не само за заштиту националне, већ и међународне безбедности.

ЗАКЉУЧАК:

Растући и непредвидив тренд промена у односима између информационо-комуникационих технологија и свеукупног друштва снажно утиче на цео спектар људских права, а поготово на заштиту права на приватност и слободу изражавања у дигиталном добу. У условима када су људска комуникација и пословање попримили нове, дигиталне облике потребно је да сви нивои друштва, почев од државног врха, влада, предузећа, академске заједнице, организација цивилног друштва па до сваког грађанина, критички размотре питање људских права која су предмет злоупотреба у дигиталном добу као један од националних изазова. Начин на који ће владе, надлежне институције и предузећа (у јавном, а поготово у приватном сектору) одговорити на изазове које са собом носе процеси глобализације и дигитализације, снажно ће утицати на животе многих корисника информационо-комуникационих технологија у различитим сферама живота. У складу са међународним и домаћим стандардима заштите људских права владе су дужне да поштују, штите, промовишу и остварују људска права. То, између осталог, подразумева адекватну примену и усклађивање националне легисталиве са међународним стандардима о заштити приватности и слободе изражавања, као и одговорност компанија да, у условима дигиталне трансформације, поштују слободу изражавања и право на приватност сваког појединца. Дигитална сигурност, у најопштијем смислу речи, захтева дијалог између компанија у смислу проналажења одговарајућег приступа за спровођење њихових активности у складу са захтевима за заштиту људских права, дебате које окупљају више заинтересованих страна, адекватну едукацију на свим нивоима друштва, подизање свести о праву на приватност и могућим повредама људских права у дигиталном добу, одговарајуће и ефикасне инструменте и механизме за заштиту људских права на међународном, регионалном, националном и локалном нивоу (нпр. глобалне, регионалне и националне иницијативе о управљању интеренетом, форуми, тела) итд.

м-р Стефан Димоски
Европски Универзитет Република Македонија
Факултет за детективи и криминалистика
Република Македонија
e-mail: stedimmk2@yahoo.com

ПОЛИЦИЈАТА И ПРИВАТНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ VIS-A-VIS МЕДИУМИТЕ

Апстракт
Глобалните процеси кон крајот на XX и почетокот на XXI век, предизвикаа брз развој на науката, техниката и технологијата. Светот доживеа огромни и значајни општествено-политички, економско-социјални, техничко-технолошки, културни и цивилизациски промени и извонредно брз мулти - димензионален интеграциски прогрес. Интензивната глобализација на човештвото му донесе глобализацијата на пазарот, воспоставување целосно нов информациско-комуникациски систем, дигитални трансформации, нагласена транспарентност но и потреба од силен концепт на корпоративно управување како основа за одржлив економски развој. Во ерата на глобализацијата и компјутеризацијата, на интеракциските процеси, информатичката технологија и новите медиумско-комуникациски технологии, се создаде една сосема нова безбедносна реалност во меѓународни рамки и универзалност на безбедносните предизвици и ризици. Новото безбедносно опкружување, светот го соочи со низа нови форми на организиран криминал, корпоративен и компјутерски криминал, тероризам, екстремизам и други сложени разновидни закани по светската сигурност. Глобализацијата со своето силно стратегиско влијание врз безбедносните системи, ги постави безбедносните прашања и нивното решавање како врвен приоритет што е од суштинска важност за ефикасна безбедност и ефективно справување со опасностите по светскиот мир.
Во светот но и во Република Македонија, медиумите како социјални феномени, доживеаја значителни системски потреси и промени а суштинско значење доби корпоративното управување и потребата од силна корпоративна безбедност на компаниите. Во новите демократските општества, полицијата добива нова позиција и е круцијален легитимен фактор во справувањето со новите безбедносни проблеми и заштитата на личната сигурност на граѓаните и нивните материјални добра. Покрај тоа, интерес на секоја демократска држава е системски да ја уреди работата и во приватниот сектор за обезбедување односно на приватните правни субјекти кои пружаат услуги во сферата на безбедноста. Во развиените демократии, тоа се прави пред се, да се заштитат човековите права и слободи но и да се унапреди севкупната сигурност и безбедност на државата, стопанските субјекти и секако сигурноста на граѓаните. Преку своите законски механизми, демократските држави треба да креираат функционален систем во кој, тие ќе можат да ги искористат капацитетите на субјектите во приватното обезбедување со цел да ја унапредат севкупната безбедносна состојба во државата.

Клучни зборови: глобализација,корпоративно упраавување, интеракциски процеси, нови форми на организиран криминал, полиција, приватен сектор во обезбедување.

1.Вовед и поимно определување

Во речничко-енциклопедиската литература, под поимот медиум, се подразбира секое средство за комуницирање преку кое може да се пренесува порака или информација од комуникаторот до реципиентот без оглед на тоа дали во улога на комуникатори, односно реципиенти, се јавуваат поединци или групи, како актери на комуникативната практика. Поимот масовен медиум претставува средство за масовно комуницирање со чие посредство се остварува дифузија на пораката, информацијата од изворот кон неброената маса реципиенти, односно масовната публика. Во масовните медиуми ги вбројуваме: печатот, радиото, филмот, телевизијата, интернетот. Секој од овие медиуми има свои специфични техничко-технолошки својства и е функционално оспособен да ги дифузира, за него, приспособените пораки. Медиумите, како субјекти што имаат силна јавна општествена функција, постојано, во фокусот на својот интерес ја имаат полицијата како најдиректно одговорен орган на државната управа, за јавната безбедност. Со својата моќ за информирање и креирање на јавното мислење, медиумите се мост кон јавноста и субјект за контрола врз работата на полицијата.

Оценувајќи ја полицијата како посебно организирана државна служба за заштита на јавниот ред и поредок и на внатрешната безбедност, денес повеќе автори ја посочуваат дефиницијата на Б.Милосављевиќ, според која, полицијата е „ сложен систем од професионален тип, организиран заради одржување на јавниот ред и поредок во општеството, кој, за таа цел има законски овластувања и потребни средства, вклучувајќи ги и средствата за принуда“. ***(фуснота: Милосављевиќ Б. Историски осврт на полициското работење)**

За полициската организација во граѓанските општества, од огромна важност е јасното дефинирање и практикување на стратегиската определба за функционирање во согласност со националните и меѓународните закони, за континуирани демократски промени и реформи во сопствените редови, почитување на човековите права и слободи и еднаквост на сите пред законите. Полициското работење претставува круцијален сегмент од севкупната полициска организација и интегрален дел од целокупниот безбедносен систем на една општествена заедница. Полициското работење треба да ја покаже способноста на полицијата за справување со сите облици и форми на криминалитет, да покаже дека полициската организација ефикасно работи, ефективно го контролира и сузбива криминалот.

Според членот 1 од Европскиот кодекс за полициска етика од 2001 година, основните задачи на полицијата во едно демократско општество, раководено со владеењето на правото, се:

- Да го одржува јавниот ред и мир и поредокот во општеството;

- Да ги штити и почитува фундаменталните права и слободи на поединецот; особено како што се содржани во Европската конвенција за човекови права;

- Да го спречува и да се бори против криминалот;

- Да го открива криминалот;

- Да обезбедува помош и услужни функции на јавноста *(**за фуснота*Полициско работење во мултиетничка средина-Прирачник, Скопје,2003)**

Според членот 3 од Законот за полиција, основна функција на Полицијата е заштита и почитување на основните слободи и права на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори,заштита на правниотпоредок, спречување и откривање на казниви дела, преземање мерки за гонење на сторителите на тие дела, како и одржување на јавниот ред и мир во општеството.

(*фуснота Службен весник на Република Македонија број 114 од 03.11.2006 година и Указ за прогласување на Законот Бр. 07-3954/1 од 30 октомври 2006 година,Скопје.

Задачите на полицијата, практично значат работа во корист на граѓаните и нивната севкупна безбедност.

Во корист на граѓаните е фокусирана и работата на приватното обезбедување како дејност од јавен интерес, кое го опфаќа давањето на услуги, односно вршењето на работи на заштита на лица, имот и работење со физичка и техничка заштита, кога тие работи не се во исклучива надлежност на надлежните органи. Според Законот за приватно обезбедување (Објавено во Сл.Веснк на Република Македонија, бр.166 од 26.12.2012 година), приватното обезбедување е дејност од јавен интерес и со овој закон се уредуваат условите за вршење на приватно обезбедување; вршењето на приватното обезбедување;приватното обезбедување за сопствени потреби;задолжителното приватно обезбедување;овластувањата на работниците за приватно обезбедување; работната облека и ознаката на работниците за приватно обезбедување; формирањето, овластувањата и финансирањето на Комората на Република Македонија за приватно обезбедување; евиденциите, заштитата на податоците и информациите, надзорот, овластувањето за подзаконски прописи и прекршочните одредби..

Правните лица кои имаат дозвола за приватно обезбедување преземаат мерки и активности утврдени со овој закон заради спречување и откривање на штетни појави и противправни дејствија кои ги загрозуваат телесниот интегритет и достоинството на личноста и имотот што се обезбедува

.(*фуснота Закон за приватно обезбедување - Сл.Веснк на Република Македонија, бр.166 од 26.12.2012 година)

Услугите на приватното обезбедување не спаѓаат во полициски и безбедносни работи коишто ги вршат органите на државната управа. Моментно, во Република Македонија, во областа на приватното обезбедување

работаат околу четири илјади службеници-работници на приватно обезбедување.

Тие, како дел од приватниот безбедносен сектор на Република Македонија, во извршувањето на своите задачи за обезбедување поголема сигурност на правните и физичките лица, реално се соочуваат со низа нерешени состојби пред се во делот со нормативната регулација на законот односно дорегулацијата на јавните овластувања на работниците за приватно обезбедување.

2.Медиумите како интегрална компонента на полициската работа и приватното обезбедување

Медиумите (лат.media-средство) или средствата за пренесување на информациите, во демократските граѓански општества го претставуваат „четвртиот степен“ на власта. Тие имаат „привилегија“ да допрат до огромна маса луѓе ширум светот, и со секавична брзина да информираат, изнесуваат факти за одредени состојби и од субјектите во заедницата да пренесуваат ставови и мислења. Тие се креатори на јавното мислење и на социјалната реалност во заедницата.Медиумите, како средства за масовно комуницирање се мост помеѓу општествените субјекти и јавноста во целина. Во современите граѓански општества, медиумите го трансформираат светот во едно „големо село“ и се вистински чувари на демократијата, носители на демократските, цивилизациските и прогресивните вредности. Медиумите силно влијаат врз формирањето на позициите и ставовите на граѓаните односно врз јавното мислење кон најразлични прашања и состојби во општествено-политичкиот, економскиот, социјалниот, и секако во безбедносниот сегмент од функционирањето на општествената заедница.Медиумите се една од инстанците на слободното граѓанско општество за неформална надворешна контрола над полициското работење.Оттука, за полицијата како исклучително значајна безбедносна институција, ставовите на јавноста имаат витална улога во процесот на легитимирање на полицијата и зачувување на нејзиниот авторитет пред општествената јавност. Медиумите го анализираат и коментираат полицискиот правен и стручен капацитет односно севкупната полициска работа со што можат, полицијата во јавноста да ја претстават како легитимна и одговорна полициска организација - заштитник на човековите права и слободи или како насилна, недемократска, затворена, отуѓена, непрофесионална и нехумана институција која ги ограничува и гуши човековите демократски права и слободи.

На тој начин, медиумите го креираат општиот јавен впечаток за поставеноста на полицијата во општествената заедница, го градат нејзиниот имиџ и влијаат врз перцепцијата кај граѓаните за придобивање или отфрлање на почитта и довербата на јавноста кон полицијата и кон нејзините припадници. Медиумите имаат можности, на јавноста да и покажат дали и колку полицијата дејствува законски, етички, ефикасно и ефективно.

Во својата работа медиумите се потпираат врз основното начело на демократското општество, имено, начелото на јавност и потребата, но и правото на граѓаните да бидат навремено и објективно информирани за сите настани и појави во заедницата, вклучително и за оние кои се поврзани со криминалитетот односно имаат безбедносен карактер. Во овој контекст има потреба да укажеме на опасноста од информации кои можат понекогаш да „поттикнуваат“ на криминалитет, а кои се многу присутни во средствата за масовно комуницирање со цел да се постигне одредена сензационалност на веста.*(Јордан Спасески,Пере Аслимоски, Дефендологија, Педагошки факултет Битола, Охрид 2002, стр.283)

3.Полицијата и приватното обезбедување-партнерство и компатибилност

4.Потреби, значење и придобивки од приватното обезбедување во корпоративната безбедност

5.Медиумите, полицијата и приватното обезбедување-комуникациско интеракциски релации

6.Заклучок

7.Користена литература

Тони Наумовски, Д-р
Штабен офицер во Генералштабот на Армијата на Република Македонија
Министерство за одбрана
toninaumovski@yahoo.com;
Ненад Танески, Доцент Д-р
Раководител на Катедрата за Воени науки и вештини во Воената Академија
Министерство за одбрана
nenoreal@yahoo.com;
Методија Дојчиновски, Вонреден професор Д-р
Раководител на Катедрата за Безбедност, управување со кризи, заштита и спасување во Воената Академија,
Министерство за одбрана
metodija.dojcinovski@morm. gov.mk

Поддршка на критичните бизнис функции со користење на Инфраструктура со јавен клуч (PKI)

Апстракт:

Зголемениот тренд од глобална размена на информации помеѓу работодавецот, вработените и деловните партнери ги зголеми заканите по доверли-воста, интегритетот и достапноста на чувствителните деловни податоци. Тоа бара развој на методи кои ќе обезбедат зголемена безбедност на информа-циите за критичните бизнис функции на компанијата. Прашањето е: Како да се докаже идентитетот во „онлајн“ светот? Како што личните карти го докажуваат идентитетот во „офлајн“ светот, еден од начините за докажување на идентитетот во „онлајн“ светот е Инфраструктурата со јавен клуч (PKI). Воспоставувањето на безбеден PKI им помага на компаниите да обезбедат основни безбедносни контроли за критичните бизнис функции. Овој труд се однесува на аспектите на воспоставување на PKI и треба да се смета како студија која ги нагласува ефективните контроли во инфромацискатa безбедност, во однос на чувствителните информации.

Клучни зборови: Инфраструктура со јавен клуч (PKI), информациска безбедност, организација, бизнис функции, политики.

Supporting Critical Business Functions by using Public Key Infrastructure (PKI)

Abstract:

The increasing trend for global information exchange amongst employer, employees, and business partners increased threats to the confidentiality, integrity and availability of sensitive business data. That requires developing methods which will provide increased information security for the company’s critical business functions. The question is: how to prove identity in the online world? As personal ID cards prove identity in the offline world, one of the ways to prove identity in the online world is Public Key Infrastructure (PKI). Establishing of secure PKI helps companies to provide basic security controls to the critical business functions. The

paper is intended to cover the aspects of establishing PKI and should be viewed as a study which highlights the effective information security controls over sensitive information.

Key words: Public Key Infrastructure (PKI), information security, organization, business functions, policies.

Introduction

Information sharing is a one of the critical business functions. During this process there are more and more threats that harm confidentiality, integrity and availability of sensitive business data. The increasing of the threats highly requires developing methods which should provide security to the process of company's/companies' information exchange. One of the approaches related to secure information exchange is Public Key Infrastructure (PKI). Secure information exchange over insecure networks is critical when conducting online sensitive business data and PKI can protect and provide basic security controls during the information exchange.

Business requirements and PKI

PKI is a technology and a set of practices and policies that is highly recommended during information sharing and exchange. PKI offers authentication, confidentiality, integrity, access control as well as non-repudiation. These security controls are critical for the business process. Each PKI solution is unique, and supports the distribution, management, expiration, rollover, backup, and revoking Public/Private Keys. PKI is asymmetric cryptography technology that enables the creation of verified communication between the Public Key and the identity of the correspondent Private Key owner. Public key algorithms, also called asymmetric algorithms, have the property of having a different encryption key for encryption and decryption. The decryption key cannot be calculated from the encryption key and the encryption key can be made public (Paganini, 2017). The encryption key is Public Key and the decryption key is Private Key (Figure 1).



Figure 1: Public key encryption

The main advantage of public key cryptography is the fact that the public key can be made publicly available without compromising on security, as long as the sender keeps the corresponding Private Key secure (Balakrishnan, 2003:5). In general, PKI is a provider of solutions for the following high-level business requirements: *authentication, data encryption and data integrity*. Authentication can be defined as a means of identification. PKI offers this through Digital Certificates. Digital Certificates are sometimes also referred to as X.509 certificates or simply as certificates. Think of a certificate as a virtual ID card (Posey, 2005). Posey simply explain the virtuality. According to Posey, people, in the real world, use ID cards such as driver's license, passport, or employee ID badge to prove their identity and a certificate does the same basic thing in the electronic world, but with one big difference. Certificates are not just issued to people (users, administrators, etc.). Certificates can also be issued to computers, software packages, or to just about anything else that you may need to prove the identity of. Encryption example is given in the article of SANS Institute: A Business Perspective on PKI: Why Many PKI Implementations Fail, and Success Factors To Consider. The most common use of Public/Private keys is for encrypting email messages between people. If Ann wants to encrypt a message for Clark:

- Clark would make his Public Key available (as an attachment to an email sent to Ann, through a directory or a public key exchange site accessible to both Ann and Clark, etc.).
- Ann would compose and address the email message and signal the email software to encrypt the message (usually by clicking on a icon or selecting the action from the Toolbar).
- The email software would use Clark's Public encryption Key, which is stored with his information in Ann's email address book or available in a shared area, to encrypt the message.
- Ann sends the encrypted message to Clark.
- Clark's email software receives the message and automatically tries to decrypt it using Clark's Private encryption Key, or through a dialog box, offers to decrypt the message.
- If the email message was really encrypted using Clark's Public Key, then Clark's Private Key will decrypt the message so Clark can read it.

The concept of data integrity reveals any changes to files, programs, transmissions and the Public Key Infrastructure provide integrity, which is ensured by message hashing.

It is not possible to prevent attacks, but it is possible to reduce them and to implement controls that make the compromise much more difficult. PKI helps to secure companies and critical business functions.

PKI function, operation and managing

Public Key Infrastructure (PKI) is a popular encryption and authentication approach used by both small businesses and large enterprises (Lawton, 2015). PKI infrastructure is comprised of listed main components: Digital Certificates; Public and Private Keys; Certificate Authority (CA) and Registration Authorities (RA). The

framework of a PKI consists of security and operational policies, security services, and interoperability protocols supporting the use of public key cryptography for the management of keys and certificates. The generation, distribution, and management of Public Keys and associated certificates normally occur through the use of Certification Authorities (CA), Registration Authorities (RA), and directory services, which can be used to establish a hierarchy or chain of trust (Weise, 2001). In the article of cryptography part 5: The Mathematical Algorithms of Asymmetric Cryptography and an Introduction to Public Key Infrastructure, available on the INFOSEC INSTITUTE web site, are explained the basic premises of PKI. It is clearly noted that the PKI is to help create, organize, store, and distribute as well as maintain the Public Keys. In PKI infrastructure, both of the Public and Private Keys are referred to as Digital Signature. They are created by a separate entity known as the Certificate Authority (CA), not by the sending and the receiving parties. The Digital Certificate consists of both the Public key and the Private Key, issued by the relevant CA. This is also the entity that verified Digital Certificate. The Digital Certificates are typically kept in the company's central server. The databases that collect and distribute the Digital Certificates from the CA are the LDAP or X.500 directories. Another term is the Registration Authority (RA) that usually exists in big Multinational Corporation. RA handles and processes the requests for the required Digital Certificates and then transmits those requests to the CA where are created the required Digital Certificates. To summarize, the Public Key Infrastructure (PKI), as a specialized form of asymmetric cryptography, offers a higher level of security not only by using the Public Key/Private Key combination but also by making use of the CA. CA is trusted, third party governing body of PKI, where all Public Keys/Private Keys are created and verified. This is important to ensure the integrity amongst the Digital Certificates, related to the communication process for both, the sending and the receiving parties. Another mechanism of security is RA which confirms the identities of the sending and receiving parties that are requesting the Public Key/Private Key combinations. The parties must be uniquely identifiable within each CA and the verification process provides that information (Figure 2).



Figure 2: Public key infrastructure

Mentioned, related to function and operation of CA and RA is tightly connected with various policies and rules. The Certificate Authority must provide for adequate protection of the Private Key that it uses to sign certificates. The machine that CA runs on must be protected from network and physical intrusions (Patriciu and Serb, 2000). Attacks against company computer infrastructure have existed as long as technologies development. Also, with the globalization, increases the numbers of companies in all parts of the world significantly changed companies acting and the threats manifestation and perception. Besides education, strong password polices and as well as installing updates to the company computer system is important to ensure that devices only communicate with other trusted devices. Maintaining the trust is an integral component for implementing a PKI. To facilitate trust PKI must be managed with policies, standards and procedures. Through a risk assessment, it is possible to reduce the attacks and implementation of required PKI policies, standards and procedures makes the compromise much more difficult.

A Public Key Infrastructure uses the basic Public-Private key-pair relationship to build not only many of its services provides but also the trusted infrastructure that provides the services (Lareau, 2002). Brown (2001) explains the PKI 'Questions of trust'. Brown states that besides being a technology based on Public/Private Keys and Digital certificates, PKI is also a trust network which operates at several levels. They are:

- trust between organizations and their PKI service providers (Certificate Authorities for example),
- between companies and their trading partners, and
- among individual employees.

According to Microsoft (Microsoft IT Showcase Article: Managing Public Key Infrastructure in the Enterprise, June 2014) many organizations deploy a Public Key Infrastructure (PKI) to support critical business functions, such as strong authentication of users for remote access or for helping to protect access to sensitive data. It is noted that attacking a PKI infrastructure is typically not the end goal of attackers, and compromising a PKI can provide attackers with credentials that they can use to gain further access. Security of the systems and processes that compose a PKI is an important consideration in the design and deployment of a PKI, and the solution that is recommended by Microsoft is as follows: Planning a CA Hierarchy (consider long-term business goals); Providing Physical Controls (identify the key physical security controls); Establishing Processes (establishing repeatable processes); Providing Technical Controls (deploy strong technical controls to protect the PKI from unauthorized access); Planning Certificate Algorithms and Usages (ensure that is selected the strongest cryptographic algorithms); Storing and Managing Keys and Artifacts (primary security control in a PKI is how Private Keys are stored and managed); and Monitoring (key component of any PKI security plan is ongoing monitoring of the infrastructure and supporting processes); Developing a Compromise Response (it's vital to have a plan of action in the event of a PKI compromise).

The listed recommendations are a brief look at Microsoft PKI best practices. Details are given in the Microsoft IT Showcase Article: Managing Public Key Infrastructure in the Enterprise, June 2014.

Conclusion

The purpose of a PKI is to manage keys and certificates by establishing and maintaining a trustworthy company networking environment. In other words, PKI facilitate the secure electronic transfer of information and its use is across a wide variety of applications. It is a set of policies, standards and procedures related to authentication, encryption and non-repudiation that all operating within a chain of trust. It is necessary to develop a strong process that ensures that the PKI is run with oversight from the proper teams within companies and ensure its secure operating and proper managing.

References

1. Balakrishnan, T.: Current Status of Public Key Infrastructures. Report, 2003.pp.1-61. https://minerva.leeds.ac.uk/bbcswebdav/orgs/SCH_Computing/MSCProj/reports/0203/balakrishnan.pdf
2. Brown, K.J.: PKI and Information Security Awareness: Opportunity and Obligation. SANS Institute InfoSec Reading Room. (2001). https://www.sans.org/reading-room/whitepapers/vpns/pki-information-security-awareness-opportunity-obligation-750
3. Lareau, P.: PKI Basics - A Business Perspective, PKI Forum's Business Working Group. April 2002. http://www.oasis-pki.org/pdfs/PKI_Basics-A_business_perspective.pdf
4. Lawton, S.: Introduction To Public Key Infrastructure (PKI). tom'sIT PRO real-world business technology. MARCH 17, 2015. http://www.tomsitpro.com/articles/public-key-infrastructure-introduction,2-884.html
5. Microsoft IT Showcase Article: Managing Public Key Infrastructure in the Enterprise, June 2014.https://msdn.microsoft.com/en-us/library/dn756431.aspx
6. Paganini, P: Cryptology for Business and Organizations on the 21st century. Security Affairs. April 27, 2017.http://securityaffairs.co/wordpress/58459/security/cryptology-businesses-cyber-security.html
7. Patriciu, V.V. and Serb, A.: Design Aspects in a Public Key Infrastructure for Network Applications Security. Report: New Information Processing Techniques for Military System. Defense Technical Information Center. 2000. http://www.dtic.mil/dtic/tr/fulltext/u2/p010879.pdf
8. Posey, B.: A beginner's guide to Public Key Infrastructure. TechRepublic September 15, 2005. https://www.techrepublic.com/article/a-beginners-guide-to-public-key-infrastructure/
9. SANS institute: A Business Perspective on PKI: Why Many PKI Implementations Fail, and Success Factors To Consider. SANS Institute InfoSec Reading Room. (2001) pp 1-9. https://www.sans.org/reading-room/whitepapers/vpns/business-perspective-pki-pki-implementations-fail-success-factors-728
10. INFOSEC INSTITUTE: The Mathematical Algorithms of Asymmetric Cryptography and an Introduction to Public Key Infrastructure.http://resources.infosecinstitute.com/mathematical-algorithms-asymmetric-cryptography-introduction-public-key-infrastructure/#article
11. Weise, J.: Public Key Infrastructure Overview. SunPSSM Global Security Practice Sun BluePrints™ OnLine. August 2001. https://pdfs.semanticscholar.org/6439/5a36e7eedfdf60f885ad013ac125dc6e37de.pdf

Стефанија Агротова, м-р
Факултет за Детективи и криминалистика – ЕУРМ, Македонија
stefanija.agrotova@eurm.edu.mk
Славески Стојан, проф д-р
Факултет за Детективи и криминалистика – ЕУРМ, Македонија
slaveski.stojan@eurm.edu.мk

Корпоративната безбедност и заштита на тајноста на податоците

КРАТОК ИЗВАДОК:

Корпоративната безбедност е резултат на новата општествена реалност и особено од сознанието дека и нашата држава има потреба од истражување во оваа област. Дијапазонот на активности на корпоративната безбедноста ја прави да биде комплексна, а во ерата на интернетот активностите на секоја организација се загрозени. Факт е дека податоците од интернетот се достапни за секого но кражбата на истите или измамата може да биде сериозен проблем. Оттука се извлекува прашањето во врска со секојдневната заштита на податоците со кои работат самите компании. Што и како се превзема како мерка за заштита на податоците? Колку се инофрмирани самите вработени за заштита на податоците? Овој труд ќе ни даде одговор на овие и други прашања со кои секојдневно се соочуваат организациите. Ќе биде разгледана и регулативата во нашата држава како и почитувањето на истата

Клучни зборови: загрозени, тајни податоци, заштита, корпоративна, безбедност

Absract:

The corporate security is a result of the new social reality and especially from the knowledge that our country also needs research in this area. The range of corporate security activities makes it complex, and in the era of online activities of any organization are threatened. The fact is that online data is available to everyone, but their deprivation or fraud can be a serious problem. This raises the issue of day-to-day data protection by the companies themselves. What and how is it taken as a measure of data protection? How many employees have been tamed to protect the data? This paper will give us an answer to these and other questions that organizations face every day. The regulations in our country will be reviewed as well as respecting it

Keywords: threatened, secret data, protection, corporate, security

Вовед

Веќе две децении европските држави, американските, како и дел од азиските државни институции развиваат и нудат програми од областа на корпоративната безбедност како одговор на потребите од сé поприсутната приватизација на безбедносниот сектор во национални и во глобални рамки, каде корпоративната безбедност денеска регулира голем дел од животот и од

бизнисот во многу држави во светот. Бројни примери потврдуваат дека оваа дејност има широк дијапазон активности, а тоа ја прави комплексна, разновидна и привлечна. Оттука, нема дилема дека корпоративната безбедност игра една од поважните улоги во остварување на безбедноста на податоците. Исто така би сакале да потенцираме дека ефикасноста во справување со одредени специфични ризици и закани придонесе за подигнување на свеста кај поединците и кај фирмите за корисната функција и за реалната потреба од дополнителна превенција и заштита на тајноста на податоците и заеднички добра, бизниси и имот од различни безбедносни закани. Во тој контекст, согледувајќи ги новите реалности преку овој научен труд ќе придонесеме за поадекватно и за попродлабочено разбирање на сета сложена и противречна општествена стварност. Тоа е истовремено и процес на континуирано култивирање за значењето на новата безбедносна парадигма.

Важноста од нормативна рамка за заштита на податоците

Функционирањето на општеството во современиот свет се базира на меѓусебно поврзани национални и меѓународни информатички инфраструктури. Постоечкиот глобален тренд за интеграција на комуникациските и информатичките технологии, доведува до зголемување на нивната ефикасност од една страна и нивната ранливост од друга страна. Можноста за неуспех на сегменти на системот подразбира опасност од прекинување на перформансите на системот како целина. Постојаното зголемување на важноста на информациите ги прави комуникациските и информативните системи незаменливи и, во исто време, соодветни цели за напад од страна на поединци, групи и држави, чија цел е прекин на нормалниот ритам на животот и општеството. Тоа е причината поради која е неопходно да се дефинира заедничка и сеопфатна политика и нормативна рамка за заштита на податоците во корпациите. Во Република Македонија, експертите од оваа области се децидни, не постојат прецизни одредби за безбедноста на информациите од чувствителен карактер.

Последици од неовластено откривање на податоците

Информациските инфраструктури и услугите што ги поддржуваат корпорациите се соочуваат со зголемување на безбедносните закани. Неовластеното откривање, корупција, кражба, нарушување или негирање на информатичките технологии имаат потенцијал да влијаат врз јавниот и приватниот сектор и општеството во целина. Една од целите на секое современо општество е да го промовира развојот на културата на безбедност во општеството. Некои информациски системи се критични бидејќи нивното нарушување или уништување би имало сериозно влијание врз безбедноста, економската или ефективното функционирање на корпорациите. Значи податоците кои се од големо значење за корпорациите треба да се чуваат во тајност, бидејќи нивното откривање на јавноста би можело да ја загрози работата. Од друга страна, корпорациите треба да им овозможат на граѓаните

слободен пристап до сите други информации. Транспарентноста е особено важен фактор за успехот на реформите во корпорациите.[135] Оттука, многу е тешко да се смени пристапот сѐ додека системот не се отвори до јавен надзор. Кога се комбинираат со нови луѓе и практики, транспарентноста го зголемува јавниот интерес во начинот на кој се управува со информациите. Затоа, корпоративната безбедност е фокусирана на процесите и состојбите во определена компанија, односно е приспособена да одговори на структуралните ризици за компанијата, преку примена на определени модели на симулација за спроведување на најдобрата безбедносна практика во компанијата. Суштината е во тоа дека во деловните субјекти мора да ги обединат сите работи врзани за безбедноста и заштитата на податоците. Во согласност со насоките од Европската унија, во таквите субјекти се инсистира на интегрална безбедност, која во себе ги опфаќа работите од обезбедување во најширока смисла (security) и работите врзани за заштитата (safety).[136] Заради ваквата комплексност во теориското дискурс за прашањата од корпорациската безбедност се смета дека се едни од најтешките, затоа што се врзани за управувањето со сите безбедносни процеси во корпорацијата, но ова не значи дека создавањето ваков систем само по себе ќе значи и соодветен придонес за поефикасна заштита на корпорациите од загрозувања кои се насочени кон безбедноста на имотот и кон работењето на компаниите. Сепак, нема дилема дека заштитата на податоците на корпорациите мора да биде врвен приоритет за корпорациската безбедност на компанијата која мора да биде исклучително добро организирана, имајќи ги предвид мотивите на сопствениците на имотот и капиталот да го заштитат и да ги сочуваат по секоја цена.

Препораки за заштита на тајноста на податоците

Нарушувањето на безбедноста на информациите претставува безбедносен ризик за корпорациите. Поради фактот на постоење на различни видови инофрмации, имаме и различни видви на пристап на заштита на истите. Како самите корпорации можат да допринесат за намалување на ризикот од оддавање на информациите важни за корпорацијата? Постојат различни видови на активни мерки кои можат да се воспостават и применат во самите корпорации меѓу кои: следење на активности на вработените, набљудување на нивната работа со податоците, постојани опсервации и проверки како и реакција од неовластена активност. Генерално потребно е да се истакне безбедносната свест на оние кои ракуваат со тие информации, тука се вклучуваат и постојаните обуки на вработените (доколку се неопходни). Незнаењето и ненамерата за откривањето на информацијата, не ги ослободува вработените од злоупотребата на истите.

Во одредени корпорации посебно е актуелно работењето со интернет информациите, оттука е важно да се почитуваат безбедносните основни

[135] Во Република Македонија овој дел е регулиран со Законот за пристап до информации од јавен карактер сл.Весник13/06, Заради непочитување во оваа област се воспоставува незвависна Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.
[136] CONVENTION of 26.7.95 on the establishment of a European Police Office (Europol Convention)

концепти (доверливост, интегритет и достапност).[137] Компјутерот остава многу траги, во таков случај, потребно е воведување на Кодекс на однесување при користење на информатичка-комуникациска технологија на работното место. Препораките во овој дел се однесуваат и на унапредување на преносот на податоци во мрежи, организирање на податоците, законска употреба на компјутерски програми како и воведување и/или напредување на канцелариски пакет.

Затоа, секоја корпорација потребно е да работи на (security awareness) подигнување на безбедносната свест на вработените како важен превентивен пристап при заштита на податоците.

Користена литература

1. Armour, John and Joseph A McCahery (Eds.). (2006). After Enron: Improving Corporate Law and Modernizing Securities Regulation in Europe and the US. Oxford: Hart Publishing.
2. Бакрески. О.: Помеѓу заштитата на националниот интерес и транспарентноста во работата на институциите: Акуелно состојби и предлози за подобрување, Скопје 2017
3. Прирачник информатичка и комуникациска технологија, USAID, 2006 Скопје
4. Hadji –Janev. M., Slaveski, S.: Corporate security and critical infrastructure protection in the Republic of Macedonia, http://sd.fzf.ukim.edu.mk
5. CONVENTION 108 on the Protection of Individuals with regard to Automatic Processing of Personal Data (Council of Europe, 1981)
6. ADDITIONAL PROTOCOL to the Convention 108
7. CONVENTION of 26.7.95 on the establishment of a European Police Office (Europol Convention)
8. Закон за пристап до информации од јавен карактер сл.Весник13/06

[137] Кога овластено лице чита и копира информација, резултатот епознат како загуба на *доверливоста*. За неколку вида информации доверливоста е многу важен атрибут. Примерите на ваквиот вид информации вклучуваат медицински и осигурителни записи, лични податоци на граѓаните, податоци добиени преку истражување,одредени инвестициски планови, итн. Во одредени средини може да постои законска обврска за заштита на приватноста на единката (банки и кредитни компании, болници, лекарски ординации, лаборатории за медицински испитувања, психолошки ординации итн.). Интегритет - кога е достапна на небезбедна мрежа, информацијата може да биде изменета. Кога една информација е изменета на неочекувани начини, резултатот е познат како загуба на *интегритетот*. Тоа значи дека податоците претрпуваат неовластени модификации, како резултат на човечки грешки или намерни активности. Интегритетот е важен кај финансиските податоци, во контролата на воздушниот сообраќај или во сметководството. Достапност на информациите може да се избришат или да станат недостапни. Резултатот од тоа е познат како недостапност. Тоа значи дека лицата овластени за пристап до информацијата не се во состојба да дојдат до неа. Достапноста е честопати најважниот атрибут на услужнитекомпании, кои зависат од информациите (планирање на воздушниот сообраќај, онлајн информативни системи итн.).

Проф. д-р Лидија Наумовска
Европски Универзитет Република Македонија
е-маил: lidija.naumovska@eurm.edu.mk

Улогата на електронските платформи и човечкото однесување во прооцесот на планирање распореди за работа

Апстракт
Во процесот на планирање како менаџерска функција, во подготовка на распоред за работа во компаниите во последно време се користат компјутери кои нудат многу добри алатки, со кои може да се оценат и проверат многу алтернативи и променливи варијабли. Сепак, распоредот, исто така, е организациски процес каде што човечките планери вршат различни активности, како што се: собирање на информации и толкување, комуникација, решавање на загатки и преговарање со различни засегнати страни.
Постојат многу задачи и активности кои ги вршат планерите при создавање на распореди, тие соработуваат и ја координираат нивната работа и улогата на компјутерска поддршка во овој процес. Распоредот го одредува времето на активности и одредува, на пример, кои луѓе работат на бараната проблематика, кога се купуваат суровините, во кој момент ќе започне производството, кога треба да се изврши нарачка на материјалите, кога да се испорачаат готовите производи, кои возила се на распоред, кои луѓе се подготвени да излезат во пресрет на задачата.

Клучни зборови: *планирање, распореди, организациско однесување, софтверски платформи;*

Планирање

Планирањето е комплексен процес кој вклучува серии на разни елементи кои се преплетуваат во разни периоди од работењето на секоја компанија. Има најмалку три типови на планирање: **стратешко, тактично и операционо планирање**.
Стратешкото планирање е поставување на главен план кој ја одредува судбината на фирмата.
Тактичкото планирање е потребно за да се поддржи стратешкиот план, како што е на пример, одредување на корпоративната безбедност на компанијата. Со негова помош, се преведуваат стратешките планови во специфични цели и планови кои се најпристапни и најприфатливи за организационата единка.
Третиот тип на планирање е ориентиран кон операциите кои се вршат од ден за ден, односно оперативното планирање во компанијата и бизнисот. Ова планирање идентификува посебни или специфични процедури и акции, потребни за успешно раководење на бизнисот од страна на пониските нивоа во организацијата.
Планерот мора да ја дефинира моменталната ситуација во компанијата, да ги постави целите, да ги предвиди бариерите и пречките, да состави планови за

акција со цел да ги постигне целите, за да развие буџет, да ги имплементира плановите и да ја контролира нивната примена[138].
Секое делување од страна на планерот треба да биде осмислено и целосно подготвено. Планерот треба да ги исполни следните услови:

- ❖ Да има претходно составен план
- ❖ Поставување на крајни рокови
- ❖ Организација на работниот простор
- ❖ Надградување на личната технолија
- ❖ Зачувување на личните проблеми за во слободно време
- ❖ Психички-интензивни наутро, трудо-интензивни попладне.
- ❖ Делегирање
- ❖ Планерот мора ефикасно и делотворно да функционира

Ефекасно и делотворно функционирање

Тоа што е заедничко на сите делотворни луѓе се **постапките** кои ги прават ефикасни. А тие постапки се исти, без оглед на тоа дали работат во компанија за производство, полиција, војска, агенција за обезбедување, во државна администрација или се декани на факултети.
Постојат пет основни постапки кои се потребни за човекот да стане делотворен.

- Систематски да го мери и користи **времето**.
- Да се концентрира на **резултатите**, а не на методите и средствата кои се користат при тоа.
- Делотворните луѓе (раководители) се развиваат на **нивните предности** и предностите на нивните колеги или надредени, а никако не, на нивните слабости.
- Поставува **приоритети**.
- Донесува **делотворни одлуки**.
- Можеби ништо друго не ги **карактеризира** така добро делотворните раководители како нивната **суптилна и константна грижа која му ја посветуваат на времето.**

Време (Time managment)
Времето е најскапоцениот ресурс на делотворниот менаџер. Тоа е незаменливо и не може да се сочува, туку може само да биде пресметано од активностите со помала вредност, кон активности со поголема вредност, бидејќи сите активности бараат време.
Моментот кога менаџерот ќе размислува за активностите кои ги презема и ќе мисли на своето време, пред да го потроши, ќе почне да го подобрува неговиот тајм менаџмент.
Вработените имаат толку многу обврски, а толку малку време за својот приватен живот, па затоа често се чувствуваат дека се пренатрупани со одговорности и активности. Затоа, може да се случи набрзо да се изгуби

[138] Т.Кралев, Л.Наумовска, *Менаџмент*, Европски Универзитет РМ, Скопје, 2008г.,

контролата и човекот да се чувствува дека животот да го управува него, а не тој го управува него.
Значи, време е да се застане и да се размисли што правиме. Мора да се преиспитаат сите активности од аспект на тоа што нам ни е навистина важно. Потребно е да се организира животот ефикасно, со цел да се постигне рамнотежа и хармонија. Преземањето акција, без претходно размислување е причина за сите неуспеси[139].
Главна алатка за ефикасно користење на времето и правилна распределба на ресурсите е изработка на распоред за работа, особено во компании каде се ба-ра постојано присуство на вработени, работа во три смени, празници и ивикенди.

Распореди

Распоредот опфаќа распределба на ресурси за различни задачи и активности (Leung 2004; Pinedo 2012). Ова вклучува одлуки за приоритетите, тајмингот, распределба на персоналот, распределба на машините, возилата. Повеќето луѓе ќе го препознаат резултатот од процесот на планирање, кој вклучува, на пример, Гантови дијаграми, листи за испраќање и распоред на персоналот. Планирањето е обично класифицирано како комплексен проблем. Дури и малите проблеми со закажување на клиенти, имаат огромен број на алтернативи за избор.
Компјутерите нудат многу добри алатки, со кои може да се оценат и проверат многу алтернативи за кратко време. Сепак, распоредот, исто така, е организациски процес каде што човечките планери вршат различни активности, како што се: собирање на информации и толкување, комуникација, решавање на загатки и преговарање со различни засегнати страни.
Постојат многу задачи и активности кои ги вршат планерите при создавање на распореди, тие соработуваат и ја координираат нивната работа и улогата на компјутерска поддршка во овој процес. Распоредот го одредува времето на активности и одредува, на пример, кои луѓе работат на бараната проблематика, кога се купуваат суровините, во кој момент ќе започне производството, кога треба да се изврши нарачка на материјалите, кога да се испорачаат готовите производи.

Зошто проблемите со правење распоред се тешки?

Компјутерите можат да споредуваат илјадници алтернативни распореди во секунда и да ги идентификуваат прекршувањата на ограничувањата во графиците, кои се премногу големи за да ги разберат човечките распореди.
Пет основни својства на информации го прават невозможно испитувањето на сите можни решенија за планирање.
1.Првиот е поврзан со нумеричката комплексност, бидејќи секогаш треба да се приближат алгоритмите за решавање во разумно време (Pinedo 2012). Приближувањето значи дека е пронајдено решение, но не е нужно оптимално

[139] Isto, kako 1.

решение. Ова резултира со компромис помеѓу брзината и квалитет на решение.

2. Вториот е временскиот диспаритет на информациите. Понекогаш, треба да се донесе одлука, пред да бидат достапни сите потребни влезни информации. На пример, времето на набавка на суровина на производителот, може да биде подолго од времето на добивање понуда на клиентот. Резултатот е дека понудата и побарувачката треба да бидат раздвоени.

3.Третиот е информациска несигурност или неточност. На пример, за некој рецепт во фабрика за лекови, може да се наведе дека компонентите треба да се мешаат две минути, но ова може да биде просечно време. Вистинското време може да зависи од квалитетот на суровината, температурата, влажноста и сл. Затоа, за распоредот е важно да се знаат карактеристиките на процесот (дали има неизвесност или нема). Алгоритмите за распоред можат да земат предвид комбинирање на различни несигурни податоци и пресметување на најлошо и најдобро сценарио.

4. Четвртиот е толкување на информациите во социјален контекст. Ова претставува суптилна и збунувачка ситуација, која најдобро може да се објасни преку следниот пример. Во текот на ноќта, во трета смена во работата на една фабрика, се расипува една машина. Потребна е итна поправка во 4:00 часот изутрина, па затоа клиентот мораше да биде информиран дека нарачката ќе биде испратена подоцна. Но, сигурно работникот нема да го извести клиентот, туку ќе чека да дојде неговиот шеф и тој да го информира. Од друга страна некој треба да го информира магиционерот, транспортерот итн. Корисникот ќе ја следи официјалната рута, што ќе доведе до метеж и незадоволен клиент. Овие околности се многу специфични за времето на расипување на машината или возилото и специфичниот клиент. Овој вид на информации често е поврзан со време, динамичен е, и се решава врз основа на лични односи и чувства, што го прави невозможно квантифицирањето, формализирањето и воведување во формални постапки или употреба на алгоритми при планирање.

5. Петтата - нецелосни информации. Одлуките се донесуваат со најдобри претпоставки што влијаат на тоа каде е лицето, кој е квалитетот на извршената работа, и колку е завршена.

За да се надминат овие проблеми, се користат следниве механизми за справување со овие сложености.

Првиот е, поделба на распоредните задачи усогласени со временскиот хоризонт, или когнитив на обемот на работа. За да се намали сложеноста и да се ублажи диференцијалноста на времето, компаниите традиционално користеле хиерархиско донесување одлуки.

Вториот механизам е алгоритми за планирање. Со алгоритми кои ги следат претходно специфицираните чекори за креирање на распоредот, многу брзо може да се споредат повеќекратни променливи на распоредот, со кои може да се пресметаат овие сложени несигурности и тоа многу подобро отколку што можат луѓето.

Третиот е човечкиот фактор. Првите два механизми можат да бидат дизајнирани и формално структурирани во секојдневните процеси. Сепак, недостапно е користењето на осетливи информации во дизајнот. Ова резултира со потреба за човечки планери за да ги регулираат и да го обработуваат протокот на

информации, што не може да се прецизира. Фактот што човечките планери играат улога во процесот на планирање, подразбира дека другите механизми (хиерархија, поделба на задачата, алгоритми), треба да ја инкорпорираат оваа улога, а тоа е местото каде што се одвиваат операциите во однесувањето.

Примери за сложени распореди:

Распоред за производство, распоред за транспорт на средствата, планирање на проекти, временски диспаритет; (време за купување суровини и материјали, кое е подолго од времето на испорака).
Логистичките компании имаат потреба од распореди за камиони и возачи, пред да биде позната нарачката за транспорт. Кој производ ќе се товара во кој камион? Со која брзина се движат камионите, дали има сообраќаен метеж?
Луѓето често работат во повеќе проекти истовремено; тие имаат потреба да ги резервираат капацитетите уште пред да започнат активностите.
Брзина и поле на хемиски реакции (при транспорт на хемиски средства, отрови, разни хемикалии изложени на топлина, притисок, храна со ладилници).
Одговорност за исполнување обврски поврзани со време (состаноци, договор за време на испорака.

Пренесување на тајни информации.

Одржување на точните распореди, флексибилност на време од страна на клиентите, опции, можности. Информациската непристапност и толкувањето, бараат од човечките распореди да бидат вклучени во процесот на планирање[140].
Индивидуално планирање на ефикасноста на задачата и когнитивните модели на планирање, покажуваат како се однесува решавањето на проблемите, планирањето и обработката на информациите. Неколку пристапи во распоредот биле инспирирани
од начинот на кој луѓето решаваат проблеми во приватниот живот, како што се: правење шопинг листа, планирање на одмор или играње шах. Овој модел е земен за толкување на начинот на кој се контролира обработката на човековата информација и ги снабдува обрасците со суштински врски помеѓу знаење, евалуација и акција.
За да се справат со сложеноста, луѓето применуваат: хиерархија на апстракција, хеуристика, скрипти и опортунистичко планирање. Постојат сличности и разлики помеѓу планирањето за себе наспроти планирање за другите.
На пример, според Хејс-Рот, изборот на стратегијата за планирање, зависи од три варијабли: проблематичните карактеристики, експертиза и индивидуални разлики.
Fransoo и Wiers (2006) [141]покажаа дека комплексноста на планерите и активностите се зголемуваат со сложеноста и бројот на спроведени акции. Ова наоѓањето е прилично интуитивно, но е во спротивност со разумот што води

[140] https://www.researchgate.net, The imlpications of fit between planning environments and manufacturing planning and control methods, Patrick Jonsson, Aug 2003
[141] https://www.researchgate.netScheduling the scheduling task: a time-management perspective on scheduling, Jose Larco, Jan Fransoo and Vincent Wiers (2007)

до сложеност и ментално преоптоварување и на тој начин, потпирање на рутински одлуки. Иако временскиот притисок резултира во зголемување на перцепираниот обем на работа, операторите работат со константно ниво на напор и намалување на бројот на закажани задачи. Експертите користат повисоко ниво на апстракција и повеќе расудување, од врвот надолу. Индивидуалните разлики доведуваат до разлики во стратегии и ставови за задачи со проблематична структура.

Покрај тоа, овие промени со текот на времето се зголемуваат. Иако планирањето може да биде олеснето со софтверски платформи, беа пронајдени неколку недостатоци: комплетен комбиниран детален распоред, кој беше преголем за да се ревидира од страна на луѓето (нумеричка комплексност), и затоа беше преземен авторитетот на локалните менаџери.

Во овој труд, направено е подробно истражување, и од сите софтверски алатки за изработка и управување со распореди кои се на располагање, главно се користат конвенционалните уредувачи за текст (како што е MS Word) или пак тие за табеларно работење (пр. MS Excel). Специјализираните cloud решенија за оваа намена најчесто се со плаќање на лиценци, но постои една софтверска платформа, која е многу добро рангирана а во исто време нуди и бесплатен пакет, доколку се користи за потребните интерни рамки во една организација (пример EYPM или слично). Сервисот се вика Sling и може да се најде на следната адреса: https://getsling.com/[142]

Пример во деск итражувањето е Сиетлската полиција 911 Центар, која е примарна одговорна точка за јавна безбедност (ПСАП) за итни повици поставени во градот Сиетл. Повиците за пожар или медицински одговор се доставуваат до Центарот за аларм во Сиетл. Центарот се справува со околу 900.000 повици годишно и е работи 24 часа дневно, 365 дена годишно.

Обработка на повици

Кога ќе го повикате 911, диспечер за полициски комуникации, го проценува вашиот повик и одредува кој тип на одговор е потребен. Тие ги внесуваат информациите за повик во системот за компјутерски информации, (CAD) кој го насочува повикот до соодветниот сектор за распоредување.

Испраќање

Друг диспечер од полициска комуникација, исто така познат како радио диспечер, комуницира со првите реагирачи во оваа област. Кога повикот е внесен во CAD системот, радио диспечерот веднаш се известува за дојдовен повик и ги испраќа расположивите ресурси. Радио диспечерот одржува контакт со единици на теренот и го координира одговорот на специјалните единици како K.9., S.W.A.T, воздушна поддршка за меѓусебна помош и детективи.

Мисијата на полицискиот оддел е брзо и професионално да одговори на сите барања за услуга за градот; да обезбеди професионално испраќање, известување и комуникациски услуги за Секторот; и да го олесни известувањето за помали инциденти преку телефонски и онлајн системи.

Приоритетите на полицискиот оддел се:

[142] https://getsling.com/

1. Итни случаи - Примарниот фокус е брзо да се одговори на итните барања за сервисирање, без оглед на тоа како тие се примени, правилно да се прикажат барањата на граѓаните, да се насочат кон правилниот центар за испраќање и ефикасно да испратат ресурси за решавање на итни случаи.
2. Известувања на одделот за комуникации - вториот приоритет е да се оперираат странични и комуникациски системи кои овозможуваат да се известат службениците од одделот за специфични информации за мисијата на база на 24/7/365 и да се извести јавноста за одредени состојби.
3. Не итни случаи - третиот приоритет е да се одговори на итните повици и да се упатат повици за испраќање, доколку е соодветно.
4. Извештаи – четвртиот приоритет е да се земат соодветните полициски извештаи преку телефон или упатување до системот за онлајн известување.
Пет совети за креирање на работна распоред за полициска служба[143]

Заклучок:

Без соодветна тимска комуникација, работниот распоред за деловното планирање, особено во компании 24/7/365, брзо се распаѓа. Без разлика дали менаџерот е одговорен за помагање на цела единица која мора да работи беспрекорно или е вклучен во локален оддел кој има тим од 10 вработени, тешкотиите во распоредувањето може да предизвикаат големи проблеми.
За среќа, постојат правила во менаџментот за користење на времето и ресурсите што можат да се преземеат за да се направи распоредот што поедноставно и посигурно.
Исто така постојат повеќе софтверски платформи и сервиси со кои планирањето на распоред станува автоматско и лесно, сепак со посебно внимание за човечките ресурси кои не се машини.

Литература:

1. Т.Кралев, Л.Наумовска, *Менаџмент*, Европски Универзитет РМ, Скопје, 2008г.,
2. Л. Наумовска, *Менаџмент на човечки ресурси*, Европски Универзитет РМ, Скопје, 2008г.,
3. https://getsling.com/
4.https:// crewapp.com/ Posted on September 8, 2017 by Kristin Proctor
5. https://www.researchgate.net, The imlpications of fit between planning environments and manufacturing planning and control methods, Patrick Jonsson, Aug 2003
6.https://www.researchgate.netScheduling the scheduling task: a time-management perspective on scheduling, Jose Larco, Jan Fransoo and Vincent Wiers (2007)

[143] https:// crewapp.com/ Posted on September 8, 2017 by Kristin Proctor

Д-р Зоран Крстевски
Е-маил: zkastrofilozof@yahoo.com

ЕТИЧКИТЕ АСПЕКТИ НА КОРПОРАТИВНАТА ОДГОВОРНОСТ

АПСТРАКТ
Етичко-економските прашања предизвикуваат исклучително големо интересирање, а етиката во економијата понуди некои од најмодерните етички согледби и норми за современото човештво. Деловната етика се наметна како мошне значајна гранка на економијата, која на деловните луѓе им наложи обврска да донесуваат одлуки кои според целите и вредностите се добри за целокупното општество.
Се прави разлика помеѓу традиционалната и современата деловна етика, каде во првата јасно се гледа разграничувањето помеѓу класичните категории како што се среќата и моралната одговорност, доброто и злото, слободата, додека во современата сфера на деловната етика е припоена клучната етичка категорија – корпоративна одговорност.
Општествено одговорен начин на однесување е претпоставка на однесување на секоја компанија, која се обврзува на почитување и полна примена на етичките принципи, норми и уверувања. Концептот на општествената одговорност денес најчесто се поврзува со поимите на корпоративната одржливост и корпоративното граѓанство. За концептот на корпоративната одговорност се врзуваат повеќе поими: етичко работење, корпоративно граѓанство, корпоративен одржлив развој, а во последно време е се повеќе присутен терминот корпоративно општествени перформанси.

Клучни зборови: деловна етика, економија, корпорации, одговорност, безбедност.

ABSTRACT
Ethical-economic issues cause extremely great interest, and ethics in the economy offers some of the most modern ethical insights and policies of modern humanity. Business ethics has been imposed as a very important branch of the economy, which gave obligation to business people to make decisions that, according to the goals and values, are good for the entire society.
A distinction has been made between traditional and contemporary business ethics. The traditional ethics makes clear distinction between classical categories such as happiness and moral responsibility, good and evil, as well as freedom, while the corporate responsibility is the key ethical category which has been attached to the contemporary sphere of business ethics.
A socially responsible mode of behavior is the premise of every company's behavior, which commits itself to respect and fully apply ethical principles, policies and beliefs. The concept of corporate responsibility encompasses many terms like ethical work, corporate citizenship, corporate sustainable development, and lately the term corporate social performance has been increasingly used.

Key words: business ethics, economy, corporate, responsibility, security.

ВОВЕД

Во економијата е главен стремежот кон успех и заработувачка. Меѓутоа, погрешни се мислењата дека тоа води кон негирање или заборавање на моралните принципи, односно дека успех може да се постигне само со отфрлање на етиката, т.е. дека во деловниот свет треба да се постапува без почитување на моралот и со измама. Тоа не е точно, современите погледи на моралот инсистираат токму на големото значење на строгата етичност во економските односи. Деловноста претставува основна грижа за успешно спроведување на економијата, таа е амбиција добро да се води економијата и да се постигне успех. Во нејзиниот домен спаѓаат: економичност, дух на бизнисот, посветеност и добро водење на економската дејност.
Етиката во економијата се однесува на моралните принципи, вреднување и однесување во разни области. Тука спаѓа една општа етика на односите во деловниот свет и меѓу деловните партнери. Има и низа посебни етики: етика на трудот; етика на конкуренцијата; етика на квалитетот на производството и на производите (да бидат многу добри и соодветно ефтини, да не се повредува средината, да не се возбудуваат моралните чувства на заедницата, да не се прави штета на моралниот развиток на децата и др.); етика на односите во приозводството; етика на раководењето во економијата; етика на маркетингот; етика на рекламата и сл. Економијата и економската етика, во чиј домен спаѓа и деловната етика се во центарот на современата етичка ренесанса на човештвото – кое препорачува постојана активност, унапредување на знаењата, учење, вложување, ефективност и мотивација за поголем напредок на општеството, компаниите и сите чинители на работните процеси.

1. Деловна етика

Деловната етика не е нешто ново. Таа е срцевина на економската мисла и дејност откако човекот ги произведува условите на својот живот. Денес интензивирањето на улогата и значењето на деловната етика се случува во време на глобализацијата и брзиот развој на технологијата, како и се поизразената економска и еколошка криза.
Деловната етика се однесува на моралните принципи, вреднување и однесување на полето на остварувањето на примарните задачи во економијата, како што се пронаоѓање на добра област за дејствување и вложување; заживување; добро искористување и ширење на капацитетите; добро водење на компанијата, што резултира со остварување заработувачка, придонес за општеството и задоволни вработени, клиенти (потрошувачи). Во доменот на деловната етика присутно е прашањето: дали може ли да се воспостави одредена врска помеѓу моралното работење и моралното однесување? Дали секое морално работење нужно станува и помалку успешно работење? Одговорот на овие прашања е дека деловните луѓе имаат обврска да донесуваат одлуки кои според целите и вредностите ќе бидат добри не само за компанијата, туку и за целокупното општество. „Деловната етика настојува да го одвои доброто од лошото во работењето и според

нејзините критериуми се одредува правилното морално однесување во бизнис релациите“[144].
Деловната етика претставува целина на прифатливи форми на работење во компанијата и таа е одредена од следниве учесници: Клиенти (потрошувачи); други учесници на пазарното работење; законски прописи; интересни групации; јавно мислење; лични морални вредности и начела на секој поединец посебно. Тежнението кон материјално богатство и тенденцијата за бескруполозно експлоататирање на сепостоечкото, станаа силна движечка сила во современиот начин на живеење, потиснувајќи ги хуманиот императив и вредност на деловната етика и етиката воопшто.
Имено, пазарните правила и строгата ориентираност кон профитот отворија многу прашања како што се: Дали постои експлоатација на работната сила во земјите во развој, а која пред се има за резултат намалување на трошоците на работењето и зголемување на продуктивноста? Дали продажбата на производи кои го нарушуваат здравјето, како што се цигарите, спаѓаат во етичко работење? Дали маркетиншкото таргетирање на деца е етички дозволено работење? Која е улогата на деловната етика, тогаш кога се бара дупка во законот со цел да се избегне плаќање данок? Последно што етиката во овие и слични ситуации смее да си дозволи е да не постои корпоративна одговорност и со тоа да се загрозат слободата и правата на луѓето.

2. Корпоративна одговорност

Етичка одговорност подразбира доброволно усогласување на деловното работење со моралните и етички норми на заедницата. Тоа подразбира дека учесниците во трудот треба да го работат тоа што е морално правилно и праведно, без нанесување штета на општеството и другите. Во тој контекст, компаниите се должни да се придржуваат до пропишаните закони и етичките кодекси и во склад со истите да ги извршуваат своите деловни активности.
Авторката Вебер се занимавала со проучување на поврзаноста помеѓу општествената одговорност на претпријатието и деловните резултати, па истакнува 5 основни категории кои му носат корист на претпријатието[145]:
1) Зголемување на репутацијата на компанијата,
2) Мотивираност на вработените,
3) Намалување на целокупните трошоци во работењето,
4) Зголемување на приходите и раст на учеството на компанијата на пазарот,
5) Минимализација на ризикот во работењето што е поврзано со активностите на општествената одговорност на работењето.
Се смета дека глобалистичките трендови целосно ја редефинирале областа на одговорноста, поврзувајќи ја за корпоративните бизнис активности. Бидејќи токму корпорациите се главните носечки елементи во економијата, но и во неекономските дејности, тие се должни да ја преземат одговорноста за општествените, политичките, еколошките проблеми, како на национално, така и на меѓународно ниво. Се верува дека зачетник на теоријата за општествена

[144] Nevenka Popović Šević, Etički aspekti integrisanih marketinških komunikacija, Univerzitet Singidunum, Beograd, str.85.
[145] Manuela Weber, The business case for corporate social responsibility: A company - level measurement approach for CSR, European Management Journal, vol.26, No.4, pp. 247-261.

одговорност е Ендрју Карнеги, според него, принципот на доброчинство има за претпоставка побогатите членови на една заедница да им помогнат и да придонесат за оние кои се помалку среќни (болни, невработени, стари и сл.). Оваа етичка доктрина препорачува богатиот слој на заедницата да ги инвестира парите и за добродетел на преостанатиот дел од општеството. Врз потполно други основи се развива теоријата на познатиот економист Милтон Фридман. Теоријата на општествена одговорност во работењето, тој ја базира врз постулатите што овозможуваат максимализација на профитот, бидејќи според него „постои една и единствена одговорност кон стопанството – во името на зголемување на профитот постојано да се користат неговите ресурси и енергијата, но само под услов да се игра по правилата на отворената и слободна конкуренција, без измами, лаги и проневери и сл“[146].

Фридман го застапува ставот дека основна идеја на секое деловно работење е ефикасно производство, така што решенијата за социјалните проблеми треба да се побараат кај владините служби.

Најчести примери на етички проблеми во работењето се врзани со дилемата околу тврдиот курс во профитабилниот интерес на компанијата што поефективно да се наметне на пазарот од една страна, и за тоа што компанијата го смета за етичко работење, од друга страна.

Етичките проблематики во современите бизнис релации може да ги поделиме во четири групи:

1. Судир на интереси – присвојување одредени добра на компанијата поради сопствени интереси, подмитувања и примање мито во процесот на извршување на работните задачи, давање посебни услуги (оддавање информации со намера во името на личниот интерес да и се наштети на спротивната страна);
2. Чесност и отвореност: свесно и намерно нанесување штета на клиентите (потрошувачите), вработените, јавното мислење, конкуренцијата – користејќи се со двосмислено информирање, изнудување, присила или која било друга форма на работна дискриминација, се со цел да се сочува деловната позиција на пазарот;
3. Комуникација – тука вбројуваме давање лоши информации за карактерот/својството на одреден производ или услуги кои компанијата комерцијално ги пласира на пазарот, измамувачко рекламирање на производи и услуги, лажна продажба, непотполно давање информации за штетното дејство на одредени производи (најприсутно кај лековите и лековитите средства), измамувачки корпоративни комуникации/рекламирање кое е на штета на конкуренцијата.
4. Деловни односи – злоупотреба на деловниот авторитет, оддавање деловни тајни, оневозможување извршување на деловните задачи, присилување на другите на неморални дејствија (мобинг).

Од друга страна, моралната коректност произлегува од практикување на следниве фактори:

а) Добри етички навики чие почитување и придржување се смета за елементарна култура на работењето,

б) Кодифицирани законски и подзаконски акти и уредби и

[146] Milton Friedman, Kapitalizam i sloboda. Novi Sad: Global book, 1997, str. 213.

в) Етички кодекси на одредени професии.
Со имплементирање на етичките кодекси јасно се прецизираат правилата и нормите на однесување на вработените. Многу од овие норми се ставени во кодекси (кодекс на лекарите, на новинарите, на сметководителите итн), а многу од нив се обичајни норми, кои се пренесуваат од еден дејственик на друг и така траат од генерација во генерација. Воведувањето етички кодекс не е гаранција за автоматско воспоставување морално однесување во некоја организација или професија. Кодексот се смета само како прв чекор кон етички настојувања кои подразбираат и следни активности: транспарентност, квалитет, почитување на добрите деловни обичаи кон деловните партнери, пренесување на етичките начела за поефикасно работење, постојана реафирмација на етичкиот кодекс и последици кои ќе бидат во случај на негова непримена.

ЗАКЛУЧОК

Етиката претставува темел, врз кој цивилизираното општество е изградено. Барањето на „моралната економија“ е да покаже дека е рационално, корисно и продуктивно да се биде морален во извршувањето на работните задачи. Искуствата покажале дека поединец, претпријатие, бизнис сектор или општество, кое ги игнорира етичките норми и вредности, е осудено на неуспех, порано или подоцна. Доколку корпорациите сакаат здрава клима, во кои би можеле да работат профитабилно и во иднина, тогаш тие мораат да преземат конкретни напори што ќе осигураат долгорочна одржливост. Од долгорочен интерес на претпријатијата е да ја вклучат општествената одговорност и да се водат според етичките кодекси во своите деловни одлуки, практики и активности.
Појавата на неетичко корпоративно однесување автоматски ги зголемува трошоците на општествената заедница и ги намалува количините на нејзините богатства. Типичен пример за тоа се последиците од еколошко загадување или неетичкиот вид на огласување во разните медиуми, после кои активното граѓанство бара спроведување на повеќе регулации. Зголемената регулација понатаму претпоставува интензивен ангажман на државниот апарат со што се зголемуваат неговите трошоци. Затоа, од исклучителна важност е етичките аспекти да бидат составен дел на корпоративното работење.
Современите корпорации, помеѓу другото се должни да развијат и стратегии за редуцирање на корпоративните безбедностни ризици и закани. Овие цели се во функција на унапредување на безбедностните капацитети во деловното работење, подигнување на интегритетот на компаниите, развој на информационата безбедност, заштита на лични податоци и деловна тајна.
Како заклучок ќе ги наведеме и зборовите на еден од најзначајните современи етичари Питер Сингер: „Етиката не претставува некој идеален систем кој во теоријата е возвишен, додека во практиката е слабо присутен. Токму обратното: етичкиот суд кој во пракса не е добар мора и во теориска смисла да биде спорен, бидејќи вистинската смисла на етичкото судење е да го раководи практичното постапување“[147].

[147] Piter Singer, Prakticna etika, Beograd, Signature, 2000, str. 2.

Библиографија:

1. Димитријевић, Наташа. Пословна етика, друштвена одговорност и конкурентска предност предузећа. дис. Београд: Алфа БК универзитет, 2016.
2. Ferrel, O, G. Hirt, G. Business Ethics and Social Responsibility, Boston: Irwin Mc Graw-Hill, 2000.
3. Friedman, Milton. Kapitalizam i sloboda. Novi Sad: Global book, 1997.
4. Ratkovič, Njegovan. Poslovna etika, Novi Sad: Fakultet tehničkih nauka.
5. Singer, Piter. Prakticna etika, Beograd: Signature, 2000.
6. Singer, Piter. Uvod u etiku, Novi Sad: Izdavačka knižarnica Zorana Stojanoviča, biblioteka Levijatan.
7. Šević, Popović, Nevenka: Etički aspekti integrisanih marketinških komunikacija. dis. Beograd: Univerzitet Singidunum.
8. Темков, Кирил. Етиката днес. София: Университетско издателство „Св. Климент Охридски“, 2006.
9. Темков, Кирил.Етика. Скопје: Епоха, 1998.
10. Weber, Manuela. The business case for corporate social responsibility: European Management Journal.

Вонр.проф.д-р Фердинанд Оџаков
Лимонка Василева-Гоцевска

КОРЕНИТЕ НА ДЕТЕКТИВСКАТА ДЕЈНОСТ

АПСТРАКТ
Оваа професија ги влече своите корени од таканаречените „ловци на криминалци за парична награда„, кои се појавуваат во Англија кон крајот на 17-от век, а е регулирана со Законот за друмски разбојници, со кој е предвидена можност за распишување парични награди за гонење на криминалци. Подоцна оваа пракса била применета и на територијата на САД.
Англија е лидер и во формирањето на друштвата за приватно гонење, кои функционирале во 18-от и 19-от век, чија основна цел била нудење помош во пронаоѓање на осомничени, а се распишувале и награди за добивање информации кои помагале во расветлување на криминалните дејствија, карактеристични за тој период.
Историски гледано, на некој начин, на Ален Пинкертон (Allan Pinkerton) се гледа како на креатор на детективската дејност со основањето на Пинкертонова Национална Детективска Агенција. Агенцијата нудела лепеза на услуги, од тајни истраги, расветлувања на злосторства, до физичко обезбедување.
Својот најголем подем детективската дејност го бележи во почетокот на дваесеттиот век, како резултат на економскиот галопирачки раст на САД и создавањето на средната класа, како најчест корисник на услугите на приватните детективи.

THE ROOTS OF DETECTIVE OCCUPATION

APSTRACT
This profession pulls its roots from so-called "hunters of criminals for a monetary reward" that appeared in England towards the end of the 17th century, and was regulated by the Law on Road Robberies, which provided the possibility of announcing cash rewards for prosecution of criminals. Later this practice was applied to the territory of the United States.
England is also a leader in the establishment of private prosecution companies that operated in the 18th and 19th century, whose main purpose was to provide assistance in finding suspects, and awards were also issued to obtain information that helped in clarification of criminal activities, typically for that period.
Historically, in a way, Allan Pinkerton is seen as the founder of the detective occupation with the establishment of the Pinkerton National Detective Agency. The agency offered a range of services, from secret inquiries, to crimes' clarification, to physical security.
Detective occupation noted its greatest rise in the early twentieth century, as a result of the galloping economic growth of the United States and the creation of the middle class as the most common user of services of the private detectives.

ВОВЕД

Покрај конвенционалните државни безбедносни структури, во модерните општества се наметнуваат и приватни „актери“ за обезбедување, кои несомнено наметнуваат намалување на ингеренциите на полицијата во јавниот сектор. Безбедносните побарувања во современото општество стануваат се поголеми, а со тоа и трошоците за зголемување на јавната безбедност, кое како такво е дополнително оптоварување на државниот буџет. Како резултат на оваа појава, дел од работата на јавната безбедност неизбежно ќе се префрли во приватниот сектор за безбедност. Во денешни услови може да се каже дека епицентарот на активности на полицијата најчесто се репресивни, односно реакции следствени на криминални дејствија, опасни настани, а во јавниот сектор дејствува превентивно само во поопшта смисла.

Соработката на државниот и приватниот сектор мора да почива на правни и професионални аспекти. За примена на какви било средства за присилба, приватните безбедносни чинители се законски обврзани да ги информираат овластените полициски органи, но исто така и за извршување на наредби кои доаѓаат од овластените полицајци. Полицијата има надзорна функција над приватниот сектор за безбедност, што значи врши контрола над законитоста на нивната работата, како и усогласеноста со правните стандарди во оваа област. Државата индиректно се појавува како гаранција за приватната безбедносна сфера. Неминовно односите меѓу приватното обезбедување и полицијата најмногу зависат од индивидуалните перцепции и примена на стекнатите искуства. Во некои развиени држави преовладува мислењето дека државната полиција е одговорна за јавната безбедност на национално ниво, па оттука и ставот дека, обврска на државата е да обезбеди генерално високо ниво на безбедност, а со тоа не се дозволува приватниот сектор да стане нејзин конкурент. Приватното обезбедување е само додаток на национална безбедност, гарантирано од државата. Сепак, може да влијае глобално на безбедноста преку своите напори за надминување на разликите помеѓу приватниот и јавноста интерес на заедницата. Интеграција на приватниот безбедносен сектор во системот на национална безбедност може да ги намали ризиците од криминализација и злоупотреба. Транзиција, односно предавање на одредени ингеренции и обврски од државната полиција на приватни безбедносни актери, и одрекување од довчерашното традиционално загарантирано право на полицијта, секако поминува низ еден комплексен процес, следен со многу лични интерпретации и застапување интереси. Понатаму, имплементирање на закони, прописи, надлежности, особено во пост-авторитативните, пост-конфликтните и општествата во транзиција.

Од комплетна превентивна и репресивна улога во безбедносната рамка, полицијата веќе не е сама на теренот како единствен чинител во јавната безбедност. Тука се приватните актери, кои се јавуваат во улога на физичко обезбедување на имоти и лица, бизнис поддршка, детективски работи и други услуги во полето на приватното обезбедувања.

Во Р. Македонија, приватните агенции за обезбедување своите корени ги бележат од 1994 година. Дваесет и четири години подоцна може да се каже дека и покрај огромнот напредок на ова поле, голем број стручни трудови и имплементирање на Закони, сеуште се актуелни дебатирања за ингеренциите,

прифатеноста од народот и "интер" соработката помеѓу државните и приватните структури.

1. Појава, причини и дефинирање

Самиот трансфер на државната сопственост во приватна, растот на приватниот капитал, зголеменото чувство на несигурност кај граѓаните и неможноста на државните структури да ги заштитат можните цели на напади, се повеќе од причини за појава и развој на приватниот сектор за обезбедување. Во исто време, полицијата е оптоварена со широк спектар на интервенции и решавање на безбедносни проблеми со помало значење, со што се дефокусираат во однос на сузбивање на посериозни видови криминалци**.**

Историски гледано, приватизацијата на безбедноста како стар феномен е присутен низ различни форми. Како еден од „резултатите" на хиперглобализацијата, приватната безбедносна индустрија најнапред се јавува во развиениот Западен свет, а потоа и пошироко. Своја примена најде и дефиницијата на германскиот социолог Макс Вебер: „државата со монопол на употреба на сила за одржување на поредокот и заштитата на имотот и безбедноста на поединците и на групите"[148]. Освен во националните граници, приватниот безбедносен сектор стана видлив и значаен и во меѓународен контекст, па така развиените демократии му дадоа голем легитимитет, и како таков стана комплементарен елемент на националната безбедност.

Причинителите за тоа се бројни, но две може да се издвојат како клучни: Прво, главниот фокус е на јавниот безбедносен сектор, кој сè уште минува низ реформски процеси и доживува осцилации; и второ, како и за секој бизнис сектор, отворањето непријатни прашања понекогаш носи ризик од губење на угледот, кој пак е основа за стекнување нови клиенти[149].

Како што наведува Кесиќ[150] - во литературата се разликуваат два основни пристапа во дефинирањето на приватниот сектор на безбедноста, односно поширок и потесен. Според пошироко гледиште: „приватниот безбедносен сектор би можел да се дефинира како собир на организираните облици за дејствување на доброволно и комерцијално насочување на недржавните чинители, чија основна дејност вклучува спротивставување на криминалното однесување". Потесното гледиште пак, би можело да се дефинира како: „збир на правно втемелени дејности, од професионалниот тип, надвор од рамките на надлежностите на државните органи, кои што се организирани поради давање одредени услуги заради лична заштита и имотна сигурност на граѓаните и собирање информации по барање".

2. Глобална организациска структура

Дефиницијата со која организацијата како систем од луѓе и средства кои се поврзани со цел да остварат некои заеднички цели, упатува на „процес на дефинирање на работите кои е неопходно да се реализираат, како и формирање на структура каква што е потребна за остварување на задачите со

---

[148] Max Weber, " Politics as a Vocation"-(1918), defines the state as a "**human community** that (successfully) claims the monopoly of the legitimate use of physical force within a given territory."

[149] Б. Ванковска State-Building and Privatisation of Security in Macedonia, Скопје 2016

[150] З. Кесиќ, Приватни сектор у контроли криминалитета, Београд, 2009

кои се постигнуваат поставените цели"[151]. Оттука за да се дефинира една организациона безбедносна структура, неопходно е да се знае кои се нејзините задачи и цели, како и реално согледување на теориските поставки. Секако не смее да се занемарат потребите и капацитетите.

За разлика од традиционалните, современите теории за организација, повеќе се насочени кон принципите, методите, критериумите и правилата на градење и развој на организационите структури. Со цел ефективна организациска структура и примена на соодветните принципи, критериуми, методи и правила, во процесот на обликување на елементите на секторот за безбедност мора де се внимава на:

- Обликот и бројот на организациони единици;
- Групирање и разграничување на обврските и ингеренциите;
- Распоредот, менаџерскиот тим и службениците за безбедност;
- Меѓусебното поврзувањена различни организациони единици.

За утврдување на носечките функции и елементи во безбедносните структури, како критериуми за идентификација би требало како насока, а врз основа на општите ставови[152] да се користат прашањата:

- Во кои области е потребно совршенство при извршувањето на безбедносните работи за да се остварат целите на корпоративната безбедност;
- Кои се "најосетливите" (fragile) области – т.е. областите во кои лошото функционирање на секторот за безбедност би причинле сериозни штети, па дури и би го загрозиле опстанокот;
- Кои вредности се круцијални за корпорацијата.

Останатите активности би ги ставиле во категорија „секундани", без разлика на значајност, материјалност и персонален ангажман. Секако, и тие мора да бидат анализирани, организирани и сместени во структурата, но најголемо внимание треба да му се посвети на оние активности кои се суштински за успехот на работната стратегија и достигнување на целите. Правило е дека треба прво клучните активности да се идентификуваат, дефинираат, организираат и сместат на централно место во организациската структура.

3. Приватната безбедност во регионален контекст, Југоисточна Европа

3.1. Правен третман и механизам на контрола

Во текот на последната деценија, голем број фактори (високата стапка на криминал, корупција во јавните институции, мулти-етничка недоверба и нетрпеливост) влијаеа на зголемувањето на побарувачката на услуги за приватна безбедност во земјите на Југоисточна Европа. Овој регион поминал низ една од најбрзите приватизации во целиот свет заарадди преминот од состојба на потполно отстуство на услугата на приватна безбедност кон крајот на 80-тите години до состојба која е денес, односно, оваа индустрија се јавува како голем работодавач и овозможувач на услуги за безбедност[153]

[151] Стратегијски менаџмент, М. Јовановиќ, Београд, 2001
[152]Management – Tasks, responsibilities, Practice, Harper Busines, P. F.Drucker, USA, 1993
[153]И.Димитријевиќ, Упоредни приказ сектора приватне безбедности Југоисточне Европе, Београд, 2006

Вообичаено, компаниите за приватна безбедност ги нудат услугите: физичко обезбедување на деловни простории, фабрики и други државни згради, пратење на транспортот на вредности и пари, но сепак некои од земјите во регионот имаат помал пазар на приватно обезбедување, кој најчесто е насочен кон услуги на физичка заштита, а поретко приватно обезбедување на приватни куќи.

Многу важен податок е дека во Југоисточниот регион преовладуваат домашните компании за приватна безбедност, заради законските ограничувања со кои би се соочиле меѓународните компании во случај. Делумна причина за тоа се ограничувањата за вршење на оваа дејност на меѓународни компании во многу земји. Во земјите кандидати за членство во ЕУ, сепак, пазарот на приватна безбедност е отворен кон странската конкуренција и одреден број меѓународни компании веќе го имаат пронајдено своето место во посочените рамки[154].

Од особена важност за земјите од Југоисточна Европа е да учат од своите меѓусебни искуства, кога станува збор за функционирањето на компаниите за приватна безбедност, како и да ги применуваат законските насоки, регулативи процедури од страна на Европската Унија.

Табела 1: Компаративна анализа на секторот за приватна безбедност во рамките на Југоисточна Европа[155]

Земја	Клучни аспекти	Препорака
Албанија	• Релативно мала и неразвиена приватна безбедност; • Некои компании работат без дозвола, со што се поткопува регулативата на системот; • Несоодветни врски помеѓу компаниите и политичките партии	1. Потреба од ревидирање на законодавството со цел обезбедување соодветно вооружување преку соодветна обука за истото.
Босна и Херцеговина	• Комплексна состојба поради децентрализираната власт во земјата; • Двојно законодавство, двојни правила за компаниите за приватна безбедност; • Голем број физички лица што работат нелегално;	1. Воведување национално законодавство; 2. Потребно е компаниите да работат на саморегулирање низ создавање соодветни правила на однесување

[154] П. Петровић, Приватизација безбедности у Србији, Безбедност Западног Балкана бр. 4, 2007

[155] Приватните безбедносни компании во ЈИЕ – развој и регулирање, Приватниот безбедносен сектор во компаративна перспектива, Приватна безбедност во XXI век, Искуства и предизвици, Скопје 2016 година

Бугарија	• Приватна безбедност е најразвиена во регионот; • Почетоци на поврзаност на компаниите со групи за организиран криминал; • Нелегално обезбедување на услугата (во помал %); • Присутна конкуренција помеѓу полицијата и компаниите за приватна безбедност;	1. Да се искорени натпреварот помеѓу полицијата и компаниите за приватна безбедност; 2. Законодавниот орган да биде проактивен во истражувањето на секторот за приватна безбедност (особено зголемување на парламентарната контрола).
Хрватска	• Приватната безбедност се развива во последните десет години; • Секторот се зголемува за 10% на годишно ниво; • Постои можност за поврзаност на компаниите за приватна безбедност со криминални групи;	1. Потребно е поедноставување на законската структура
Македонија	• Приватната безбедност се развива од 1994 година; • Мала индустрија во процес на експанзија; • Не постои можност за работа на странски фирми од овој домен во земјата; • Компаниите за приватна безбедност, во одреден домен имаат кадар кој потекнува од поранешни полициски и воени единици;	1. Потреба од надворешна контрола во спроведувањето на законот во земјата; 2. Соодветни безбедносни проверки на компаниите; 3. Унапредување на работната пракса и подобро регулирање на употребата на оружје преку соодветни обуки.
Србија	• Најпроблематична ситуација во регионот; • Поврзаност на компаниите со групи на организиран криминал; • Можност за злоупотреба на службеното оружје за приватни цели;	1. Потребно е да се усвои систем за издавање на дозволи за оваа дејност со цел да се елимнинираат непрофесионалните делови од индустријата; 2. Прифаќање на меѓународни правила во овој домен.

Црна Гора	• Секторот се развива кон крајот на деведесетите години; • Постои систем за издавање дозволи, но не е спроведен во целост; • Службениците во полиција остваруваат двојна функција, државна и приватна по завршување на работното време, што предизвикува судир на интереси.	1. Поголема транспрарентност во регулирањето на компаниите за приватна безбедност и воведување прецизни програми за обука.
Косово	• Приватната сопственост се појавува со меѓународната интервенција во 1999 година. Под контрола на ООН во Косово; • Високо ниво на конкуренција помеѓу индустријата за приватна безбедност и Косовската полиција и служби;	1. Потреба од ефикасен систем на обука и безбедносна проверка; 2. Потреба од воспоставување јасна линија помеѓу државниот и приватниот сектор

4. Меѓународни документи и организации како имепартив.

Европската унија нема усогласена правна рамка со која се регулира приватниот сектор за безбедност, но сепак располага со широко прифатени стандарди, кои претставуваат основни насоки и процедури, коишто земјите аспиранти (ЈИЕ) треба да ги усвојат со цел, олеснување на патот кон Европската унија.

Во таа насока би го споменале **Монтре Документот - Montreux Dokument**[156], кој е на заедничка иницијатива на Швајцарија и Меѓународниот комитет на Црвен крст, покрената во 2006 година резултат, а ги поставува стандардите за функционирање на компаниите за приватно обезбедување. Овој документ потсетува на обврската на државата, компаниите за приватна безбедност и нивните вработени да работат во согласност со меѓународното право, во услови кога компаниите на приватното обезбедување, од која било причина, се ангажирани во текот на вооружен судир[157].

Според Montreux Dokument-от, компаниите што вршат приватно обезбедување се обврзани да дејствуваат во согласност со меѓународните хуманитрани или човекови права што се пропишани во државните, односно националните закони (кривично право, закон за данок, имиграциски закон, работни права и сл). Доколку приватниот сектор за безбедност лоцира недостаток на регулативи во конкретна област, се пристапува кон донесување дополнителни закони за тие потреби.

Можеме да констатираме дека приватно обезбедување во меѓународен контекст сепак е релативно уредено со законодавството на Европската унија, првенствено поради учеството на приватниот сектор за безбедност во единствен европски пазар, услуги, слобода на движење и сл.

---

156 https://www.icrc.org/eng/assets/files/other/icrc_002_0996.pdf

157 Joanna Spear, The Political Economy of Private Military Companies, Private Sector Activity in Armed Conflict, Fafo 2006. http://www.fafo.no/index.php/nb/zoo-publikasjoner/fafo-rapporter/item/market-forces

Дополнително, Европскиот суд за правда има надлежност за прашањата поврзани со приватното обезбедување и активности поврзани за регулирање на единствениот пазар на Европската унија. Понатаму, Советот на Европа влијае врз приватниот сектор на безбедност низ бројни конвенции што ги усвојува, кои се однесуваат на заштита на човековите права и правото на владеење, по пат на Европски конвенции за човекови права и заштита на поединците во врска со автоматска обработка на лични податоци, како и препоракте за потреба од хармонизација на националните регулативи, кои се однесува на носење и користење оружје.

5. Приватното обезбдување и меѓународните мисии

Новите закани и ризици, наметнати од новите начини на војување и геостратегиски интереси, како и зголемениот број на жаришта, секако доведоа до недостаток и на воени капацитети кои се неопходни за логистичко, па и друго обезбедување. Оттука, големите дебати на таа тема доведоа до распространето учество на компаниите за приватно обезбедување, како на пример Blackwater од САД.

Европската унија и нејзините земји-членки се повеќе се потпираат на приватните изведувачи во мултилатералните операции, на пример:

- ЕУ има вработено приватни чувари за заштита на седиштето на ЕУПОЛ во Авганистан;
- За обезбедување на просториите на мисијата ЕУЛЕКС во Косово;
- Обезбедување на мисијата ЕУПОЛ во Демократска Република Конго и др.

Поради зголемената улога на компонентата за приватно обезбедување во операциите за заедничка безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП), ЕУ и нејзините земји-членки, со приоритет треба да му пријдат и го разгледаат можното влијание што вооружените и невооружените безбедносни изведувачи можат да го имаат врз мисиите и постигнувањето на целите на мисиите. Досегашните искуства покажуваат дека потенцијалните негативни ефекти се движат од намалената демократска одговорност и владината контрола на перцепциите на неказнивоста и несигурноста на изведувачите меѓу цивилното население во земјите домаќини. Засега нема решение за овие проблеми, а за многу влади, предностите за ангажирање на приватни безбедносни изведувачи, како што се потребите за итно пополнување на капацитети и недостаток на персонал, економичност и експерти по специјалност, ги надминуваат недостатоците. Со оглед на моменталните финансиски и персонални ограничувања на европските вооружени сили, веројатно е дека употребата на приватните компании ќе се зголеми уште повеќе. Затоа е неопходно да се развијат соодветни механизми за решавање на можните проблеми со таквата употреба, односно да се дејствува превентивно пред да се појават.

Во рамки на ЗБОП, ЕУ учествуваше во поеќе операции од 2003 година, во кои приватните изведувачи обезбедија широк спектар на услуги за да ги поддржат овие операции од разни причини, вклучувајќи ограничувања на војниците, недостатокот на специфични капацитети, финансиски ограничувања и развојни цели. ЕУ не го финансираше централно договарањето на приватните обезбедувачи за воените операции на ЗБОП до усвојувањето на механизмот АТЕНА во 2004 година. Сепак, нема формални ограничувања за вработување

на компаниите за приватно обезбедување за заеднички операции, а се појасно е дека ваквиот ангажман во ќе се зголемува. Придружните фактори се пренатрупаноста на националните вооружени сили, недостатоците на капацитети, ограничувањата на војниците и идеолошките преференции за надворешно извршување на неатрактивни функции. Во однос на воените операции, одлучувачките фактори на земјите-членки претпочитаат да обезбедат војници за воени операции, а не да ги употребуваат за помошни функции како што се заштитата на персоналот и средствата.

Регулативите и политиката на ЕУ одиграа клучна улога во промовирањето на националните и регионалните контроли во врска со обезбедувањето и извозот на разни воени и безбедносни услуги[158], но за жал не постојат заеднички прописи за приватните компании за обезбедување, регистрирани во ЕУ, како и за извозот од нивните услуги во странство. Во најдобар случај, постоечките контроли во рамките на ЕУ може да послужат како пример за разни механизми кои би можеле да се искористат за подобрување и регулирање на приватната безбедносна индустрија. Оттука произлегува потребата од понатамошни дискусии и координации околу:

- Заеднички упатства на ЕУ за вработување и користење на компаниите за приватно обезбедување;
- Заеднички критериуми на ЕУ за извоз на оружје;
- Регулирање на брокерското посредување;
- Техничка помош за ембарго на дестинации;
- Ембарга на ЕУ за воени услуги и приватни безбедносни служби.

Од понов датум е Усвоениот текст на ЕУ Парламентот за **Резолуцијата за Приватните компании за обезбедување во јули 2017 година**[159].

Главни црти на текстот:

На потреба од регулативна рамка на ниво на ЕУ укажаа и анкетите на Евробарометер според кои, граѓаните на ЕУ сакаат ЕУ да биде поактивна во областа на безбедноста и одбраната. Приватните безбедносни компании сè повеќе се ангажирани од страна на националните влади, не заоостануваат ниту воените, ниту цивилни агенции, кои не само на домашен терен, туку се јавуваат како чинител за поддршка во странство. Бројките покажуваат дека повеќе од 1,5 милиони приватни безбедносни изведувачи биле вработени во околу 40 000 приватни безбедносни компании во Европа во 2013 година, а овие бројки се во пораст.

Од витално значење е да се даде приоритет во воспоставувањето на јасни правила за интеракција, соработка и помош помеѓу полицијата и приватните безбедносни компании. Приватните компании за обезбедување играат важна комплементарна улога во помагањето на државните воени и цивилни агенции за затворање на јазот во потребните капацитети, креиран со зголемената побарувачката за употреба на силите во странство.

Операциите и активностите кои се извршуваат од страна на приватните компании во областите на конфликти треба да се ограничат на обезбедување

[158] http://www.consilium.europa.eu/showPage.aspx?id=1484&lang=en

[159] http://www.europarl.europa.eu/oeil/popups/summary.do?id=1497100&t=e&l=en

на објекти, логистичка поддршка и заштита на инсталациите, без нивно присуство во областите каде што постојат борбени активности. **Употребата на Приватните компании за обезбедување (ПКО), под никакви околности не може да биде замена за персоналот на националните вооружени сили.** ПКО мора да бидат свесни за локалните обичаи и навики, под никакви околности не треба да им се дозволи да учествуваат или да спроведуваат истраги.

Секое учество на приватните безбедносни компании во воените операции мора да биде оправдано, со јасно дефинирани цели кои можат да се верификуваат со опипливи индикатори, да имаат целосно детален буџет, времетраење на услугата (почетен и краен датум) и да бидат регулирани со строг етички код.

За државите да имаат корист од предностите што ги нудат ПКО и да бидат сигурни во нивната одговорност, треба да се воспостави правна рамка со задолжителни регулаторни механизми и механизми за следење на меѓународно ниво за да се регулира нивната употреба и да се обезбеди адекватна контрола врз нивните активности.

Резолуцијата ја нагласува и важноста на парламентарниот надзор над државната употреба на ПКО од страна на земјите-членки. Во таа наскоа се истакнува дека во конфликтни средини, вработувањето на ПКО за одредени должности може да има негативни несакани ефекти по ЕУ, особено за нејзината легитимност, во коалиција со вооружените актери во конфликтна област, со негативни реперкусии во случај на вооружени инциденти.

За регулирање на работата на ПКО се препорачува:

- Дека Комисијата подготвува Зелена книга со цел да се утврдат основните правила за ангажирање и позитивни практики;
- Креирање на специфични секторски ЕУ стандарди за квалитет, како и дефинирање на ПКО, пред да се воведе ефективно регулирање на нивните активности, бидејќи недостатокот на таква дефиниција може да создаде законски дупки;
- Советот без одлагање да додаде воени и безбедносни служби од страна на ПКО на Заедничката воена листа на Европската унија.

Од Комисијата се бара да развие ефикасен европски регулаторен модел, кој ќе има за задача:

- Да помага да се усогласат правните разлики помеѓу земјите-членки со директивата;
- Ре-евалуација, а со тоа да ги редефинира современите стратегии за соработка помеѓу јавноста и приватниот сектор;
- Поставување на високи стандарди за давателите на приватни безбедносни услуги во рамките на ЕУ или работа надвор;
- Да се обезбеди непристрасно известување за неправилностите и незаконитостите на ПКО и овозможи нивна одговорност за прекршоци, вклучувајќи ги и кршењето на човековите права за време на нивните активности во странство.

Што се однесува до САД, тие имаат долга историја во ангажирањето на приватни контрактори за поддршка на полициски мисии и воените

операции во странство. Денес САД овие компании интензивно ги ангажира во меѓународни интервенции за:

- Логистичка поддршка;
- Одржување и поправка;
- Управување со бази и изведувачи;
- Разузнавање и сослушување;
- Обука на воени и полициски сили;
- Реформа на безбедносниот сектор;
- Програми и чувари на безбедност[160].

Меѓутоа, широката употреба на вооружените чувари во воените интервенции е со кратка историја, тесно поврзан со влошувањето на безбедносните ситуации во Ирак и во Авганистан. Според Канцеларијата за одговорност на Владата на САД, главните причини за ангажирање на ПКО се:

- заштеда на пари;
- способност за брзо мобилизација и демобилизација на безбедносниот персонал;
- Ослободување на униформиран персонал за вршење офанзивни борбени операции[161]".

Како и во Европа, дополнителна причина се и политичките ограничувања на распоредувањето на воениот персонал во интервенции надвор. Првиот поголем пораст на вооружените безбедносни изведувачи на тој начин може да се забележи во Ирак по завршувањето на борбената фаза во април 2003 година. Тоа беше директна последица на одлуката на американската влада да ги ограничи своите војници на 300.000, и покрај фактот што лидерите на американската војска предвидуваа дека им се потребни 500.000 војници за успешно реализирање на задачие во Ирак[162]. Покрај тоа, во Ирак Министерството за одбрана на САД за првпат изјави дека обезбедувањето на безбедноста на цивилното население не е мисија на американската армија[163].

ЗАКЛУЧОК

Безбедноста, од која дел е и приватното обезбедување, е бенефит на денешното време, која има исклучително значење и улога. Секако, мора да се најде рамнотежа помеѓу безбедноста и слободата, односно да се изнајде/создаде средина, во која поединецот ќе се чувствува сигурно и слободно во исто време.

Ако го поставиме прашањето: Дали безбедноста и нејзиниот дисциплинарен развој се задача само на државата или и на приватните безбедносни компании?, секако ќе дојдеме до заклучок дека, државата е голем побарувач/клиент на услугите на приватно обезбедување и неговите

[160] A. Stanger, One Nation Under Contract: The Outsourcing of American Power and Future Foreign Policy , Yale University Press, 2009; Avant, Market for Force; Krahmann, States, Citizens and the Privatization of Security.

[161] Schwartz, The Department of Defense's Use of Private Security Contractors in Iraq and Afghanistan.

[162] US Senate Armed Services Committee, February 2003; E. Schmitt, 'Pentagon Contradicts General on Iraq Occupation Force's Size', New York Times, February 2003.

[163] M. Sassoli, 'Legislation and Maintenance of Public Order and Civil Life by Occupying Powers' The European Journal of International Law, Vol. 16, No. 4 (2005).

активности[164]. Исто така, ќе мора да се обезбеди правна и професионална имплементација на законите и пристоен живот на безбедносниот персонал.
Поради глобалните безбедносни случувања, приватната безбедност има многу предизвици и отворени прашања пред себе, кои може да бидат надминати со перманентна координација помеѓу теоретичарите, практичарите и државата. Односно, поголема поврзаност на теоријата и праксата во полето на приватното обезбедување, отворање на нови полиња за работа на приватното обезбедување, повисоко ниво на свесност, меѓусебна поврзаност и сл. Во однос на регулаторот, односно државата, пожелни се поинтензивно промовирање на приватното обезбедување, со цел граѓаните да ја сфатат важноста на безбедноста, идентификување на заканите на критичната инфраструктура и друга заштитени подрачја.
Неопходна е јасна правна рамка која ќе ја разграничи улогата на приватна и јавната безбедност во сите случаи , како и заедничките договори помеѓу полицијата и компаниите за приватна безбедност во чиишто рамки припадниците на полицијата и персоналот за физичко обезбедување ќе работат заедно.
Растот на потребата за ангажирање на вооружени безбедносни изведувачи во мисиите и операциите на ЗБОП (CSDP Common Security Defence and Policy), како и улогата на ПКО во мултилатералните интервенции, секако доведоа до интензивни размислувања и потреба за правна регулатива и заедничко финансирање на овие компании од страна на меѓународните организации. Најважниот фактор кој доведе до зголемена потреба од овие услуги е секако, неусогласеноста помеѓу политичките амбиции и воените капацитети, т.е. претераната интензивирана употреба на националните вооружени сили поради повеќекратни истовремени интервенции. За операции на ЕУ тоа значи дека земјите-членки кои придонесуваат не се подготвени да обезбедат униформирани војници за околинска/реонска заштита и други функции за поддршка. ПКО нудат решение за овој проблем, со брзо распоредување на голем број на чувари, во временска рамка во која ќе им биде побарано. Поедини приватни компании имаат капацитети и за давање на услуги од типот: стратешки воздушен транспорт, вршење истраги и сл[165].
Сите обиди на земјите-членки на ЕУ за употреба на ПКО кои би работеле надвор од нивните национални територии резултираа со повторување на меѓународното хуманитарно право и создавање на доброволен индустриски кодекс на однесување, врз основа на Монтре Документот. Несомнена е заложбата за подобрување на контролата од страна на ЕУ со лиценцирање и регистрирање на ПКО со седиште во ЕУ, како и лиценцирање на договори за обезбедување на воени и безбедносни служби надвор од ЕУ.
Тргнувајќи од постулатот дека земјите треба да учат од меѓусебните искуства, особено доколку потекнуваат од ист регион каде што во одредена мера владеат слични правила за слични проблематики, како и заложбите на Р. Македонија за полноправно членство во ЕУ, неодложно наметнува сеопфатна

[164] Preparation of public calls, where a condition to get business is not simply the lowest offered price, supervision over "economic" justified price, supervision of implementation of Minimal Wage Act (2010), as well as Work Relations Act (2013).

[165] The Role of Private Security Companies (PSCs) in CSDP Missions and Operations, 2011

мобилизација на сите чинители и фактори кои на бил кој начин имаат улога или влијание во целиот процес на правно регулирање, употреба и контрола врз ПКО.

Во таа насока **Р. Македонија внатре** треба да се насочи кон: отвореност, меѓуресорска соработка, зголемување на угледот, транспарентност, интегритет во работењето, морална и друга одговорност, поголема професионализација, контрола, ориентација кон самата дејност, одговорност кон општеството, одговорност пред законот, определување минимална цена на услугите, унифицирање и сл.

Регионално – перманентна соработка со земјите од ЈИЕ, организирање на модалитети на соработка за размена на искуства, билатерални соработки, по можност организирање на мултилатерални вежби (следење конвој, обезбедување мигранти) итн.

На ниво на ЕУ – формирање на тело или сектор со одлука на Владата на РМ, во некоја од релевантните институции или Комората за обезбедување, кое ќе ги преземе обврските за следење, анализа и имплементирање на сите регулативи кои ќе бидат донесени од ЕУ, а ќе имаат импликација по ПКО и детективската дејност. На овој начин ќе им помогнеме на нашите ПКО да бидат конкурентни со компаниите од другите држави, а со тоа и би имале отворен пат како контрактори да учествуваат во меѓународни мисии, поконкретно во ЗБОП операции и мисии.

Литература

1. https://www.biography.com/people/allan-pinkerton-9441102
2. Б. Ванковска State-Building and Privatisation of Security in Macedonia, Скопје 2016
3. Recommendation1402, The Parliamentary Assembly of the Council of Europe, 1999
4. Code od Conduct on Politico-Military Aspects of Security, Organization for Security and Co-operation in Europe, Dec 1994
5. Management – Tasks, responsibilities, Practice, Harper Busines, P. F.Drucker, USA, 1993
6. Закон за организација и работа на органите на државната управа, "Службен весник на РМ" бр. 58/2000
7. Службен весник на РМ бр. 41/00
8. Приватните безбедносни компании во ЈИЕ – развој и регулирање, Приватниот безбедносен сектор во компаративна перспектива, Приватна безбедност во XXI век, Искуства и предизвици, Скопје 2016 година
9. https://www.icrc.org/eng/assets/files/other/icrc_002_0996.pdf
10. Joanna Spear, The Political Economy of Private Military Companies, Private Sector Activity in Armed Conflict, Fafo 2006. http://www.fafo.no/index.php/nb/zoo-publikasjoner/fafo-rapporter/item/market-forces
11. Lilly, D., Green Paper submission: private military companies: options for reg-ulation, International Alert, July, 2002
12. http://www.consilium.europa.eu/showPage.aspx?id=1484&lang=en
13. http://www.europarl.europa.eu/oeil/popups/summary.do?id=1497100&t=e&l=en
14. M. Sassoli, Legislation and Maintenance of Public Order and Civil Life by Occupying Powers' The European Journal of International Law, 2005.

М-р Ебру Ибиш
Европски Универзитет Република Македонија
Климент Охридски 68
Македонија, Скопје 1000
тел: +389(0)2 3202098
факс: +389(0)2 3202030
е-маил: ebru.ibis@eurm.edu.mk

Реформа на казненото материјално право во Република Македонија (1996-2002)

Апстракт

Република Македонија како земја во транзиција доживеа голем број реформи од областа на кривичното право. По осамостојувањето на Македонија од 1991 година, беа направени реформи од областа на кривичното материјално и процесното право. Првата реформа во кривичното материјално право започна во 1996 година со усвојувањето на Кривичниот закон, главните цели на овој закон беа поврзани кон општиот и посебниот дел на законот и системот на санкции. Следната реформа беше во 1999 година, главните причини за оваа реформа беа изградба на нова стратегија за спречување на современи видови криминал, како што се организираниот криминал и корупцијата; следејќи ги реформите на земјите на ЕУ и меѓународните обврски на Македонија. Следната реформа од 2002 година, беше повеќе фокусирана на општиот дел од кривичниот закон, евроинтеграцијата, промените во структурата на криминалот и новите форми на криминал.

Клучни зборови: реформа, кривичен закон, систем на санкции, криминал, материјално казнено право

M.Sc Ebru Ibish
European University Republic of Macedonia
Kliment Ohridski 68
Macedonia, Skopje
Tel: +389(0)2 3202098
fax: +389(0)2 3202030
e-mail: ebru.ibis@eurm.edu.mk

Reform of criminal material law in Republic of Macedonia (1996-2002)

Abstract

Macedonia as a country in transition had many reforms in the area of criminal law. Periodization of criminal law is part of this article, novelty as a method was used as a part of the reforms in field of criminal code. After the independence of Macedonia from 1991 so many reforms were made in the area of criminal material and criminal procedural law. First reform in criminal material law started in 1996 with the adoption of the Criminal Code the main aims of this code was related in two things: in reform of the general and specific parts of articles and system of sanctions. The

next reform was in 1999, the main reasons of this reform were building a new strategy for prevention of modern types of crime such as a organized crime and corruption; following the reforms of EU countries and international obligations of Macedonia. The upcoming reform was at 2002 which was more focused on the general part of criminal code, euro integration, changes of the structure of the crime and new forms of crime. Finally the last part of this article is in field of juvenile delinquency and the reform as a most important reforms in the area of criminal law.

Key words: reform, criminal code, system of sanctions, crime, material criminal law

1. Историски развој на казненото право

Постојат различни ставови во однос на периодизацијата на казненото право, како база на периодизација се земаат различни цели, на пример: појава на криминалот; општествена реакција; современиот период на казненото право и сл. Со оглед на горенаведното може да се заклучи дека постојат различни класификации околу периодизацијата. Една од најшироко прифатените периодизации е дека казненото право се дели во две етапи: предисторија и вистинска историја што започнува од почетокот на XIX век со афирмацијата на начелото на законитост како негово темелно начело.[166] Од големо значење е да се наведе важноста на казните и преминот од композиција (помирување на страните) и одмазда на јавна казна. Една од значајните закони која е позната по нејзините драконски казни е Хамурабиевиот законик од XX век п.н.е, законикот е познат по принципот на талион: *око за око, заб за заб*. Од начелото на талион произлегува идејата за спреведлива одмазда, односно од одредбите во законикот може да се забележи дека владее следната максима: "со што некој греши со тоа се казнува" (per quod quis peccat, per idem punitur) како пример може да се наведат следните одредби од законикот: [167]

"Ако некој извршил разбојништво и биде фатен, да се убие" (член 22)
"Ако синот го тепа својот татко, да му се исечат рацете" (член 195)
"Ако некој на некого му уништи око, да му се уништи неговото око" (член 196)

Појавата на јавната казна игра значајна улога во периодот на премин од првобитна заедница во држава. Правото на казнување (ius gladii) ги предизвикала следните трансформации во начинот на казнувањето: наместо компензација- парична казна; наместо крвна одмазда примена на смртна казна или телесни повреди и исклучувањето од заедница се трасформира во протерување од држава. Кога станува збор за еволуција на казните а воедно и историскиот развој на казненото право, неизбежно е да ги споменеме законите во античка Грција и Римската империја. Во античка Грција е познат кодифицираниот закон на владетелот Дракон, кој вовел строги и сурови казни дури и за ситни дела, како на пример: кражбите се казнувале со смртна казна па затоа често за овој законик се вели дека тоа се закони *пишувани со крв,* следната реформа е направена од страна на Солон во 594 година п.н.е. За време на Римската империја усвоени се значајни законици како што е законот на XII таблици во петти век, поточно 451 година п.н.е. Во Римската империја

[166] Камбовски, Владо, "Казнено право – општ дел" Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје, 2011, страна 27.
[167] Поповска, Билјана, "Историја на правото", Правен Факултет Јустинијан Први- Скопје, 2-ри Август Ц-Штип, Скопје, 2005, страна 108 и 126.

врв на реформата претставува Јустинијановата кодификација (*Corpus Iuris Civilis*) од 529 година која била составена од 5 дела: *novus codex Iustinianus; digesta (pandectae); institutiones; codex repetitae praelectionis; novellae.*

Големата реформа на казненото право можеме да ја разгледаме во три главни точки: преку Чезаре Бакарија, Џереми Бентам и Француската револуција од 1789 година. Делото на Чезаре Бакарија *"За злосторствата и казните"* е најзначајно дело во казненоправна мисла врз основа на која се развива казненоправната теорија во XIX век. Џереми Бентам е еден од највлијателните и најважните претставници на утилитаризмот, неговите казненоравни ставови се истакнати во делото: " Вовед во начелата на моралот и законодавството". Конечно Француската револуција од 1789 година може да се зборува за значајни докумнти како што е: Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот која претставува прв современ уставноправен документ. Кодификацијата на казненото право од XIX век резултира со многу значајни кодификации меѓу кои се: Наполеоновиот Code Penal, баварскиот казнен законик, австрискиот КЗ од 1852 година, холандскиот КЗ од 1881 година, белгискиот КЗ од 1867 година, унгарскиот КЗ од 1878 година, турскиот КЗ од 1858 годин, италианскиот КЗ од 1889 година.

2. Цели на реформата на казненото материјално право

Пред да преминеме со анализата на фазите на реформите во Македонското казнено право важно е да потенцираме дека постојат две различни методи на спроведување на казненоправните реформи. Првата метода е со донесување на *нови кривични закони* а втората со *новелирање.*

Имајќи го во предвид фактот дека современото казнено право, од XIX век до денешницата инсистира почитување во прв ред начелото на законитост и начелото на владеење на правото, со цел градење на демократска правна држава, важно е да констатираме дека во оваа фаза на развој, заштитата на човековите слободи и права се стават на прв ред. Од осамостојувањето на Република Македонија во 1991 година, определени прописи (меѓу кои е и казненото законодавство) од поранешна Југославија, останале во сила. Пред стапувањето на сила на новиот КЗ во Република Македонија се применувало југословенскиот КЗ од 1977 година. Прва фаза на реформата на Македонското казнено материјално право започнува во 1996 година со донесување на Кривичниот законик. Една од најважните цели на реформата се сведуваат на следните две фази:

прва фаза: Се придава место за донесување на нов кривичен законик со измени од општиот и посебниот дел во законот;

втора фаза: посебно внимание било поставено околу системот на санкции;

Кривичниот законик од 1996 година е прв законодавен акт со која започна реформата во Република Македонија а неа ја проследија Законот за кривична постапка; Законот за извршување на санкции и Законот за прекршоци кои во целина ја оцртуваа современата демократска правна Република Македонија. Нацртот за донесување на Законот за кривична постапка беше понуден во 1995 година од страна на министерство за правда. Ова е првата фаза на реформата во областа на процесното право. Основните цели на реформата беа: усогласување на дотогашниот Закон за кривична постапка со Уставот на Република Македонија, со најзначајните меѓународни акти што ги засегаат човековите права- со ЕКЧП, со МПГПП и со другите документи како и со

јуриспруденцијата на ЕСЧП во Стразбур и комитетот за човекови права на ООН.[168]

Усвојувањето на новото казнено законодавство претставуваше составен дел и основна претпоставка за длабоките промени на општествениот, политичкиот и економскиот систем! Тие имаат карактер на коренета општествена реформа што значат редефинирање на појдовните начела: наместо политички и партиски монизам- плурализам и парламентарна демократија, наместо општествена-приатна сопственост, наместо политичка и партиска-правна држава итн.[169] Следно прашање во врска со реформата е усогласување на терминологијата. Наместо зборот кривично кој потекнува од *"кривица"* се користи казнено, (сега наместо кривично право имаме казнено право, казнено дело, казнена санкција, казнено законодавство и сл.) со цел да е соодветен на македонскиот јазик. Една од главните постулати на новиот Кривичен законик освен почитувањето на основните човекови слободи и права кои се природни права *(jus naturalis)*, внесување на нов систем на вредности, усогласување на мекедонското казнено право со европското казнено право, обврските на државата на меѓународен план како што се имплементација на определени меѓународни договори и развивање на човековите права е и создавање на ефикасен казнено-правен систем што може да се каже дека е од клучно значење бидејќи станува збор за создавање на систем за успешно сузбивање на потешките видови на криминал: корупција, перење пари, организиран криминал и сл. Имајќи ја во предвид комплицираноста на организираниот криминал важно е да кажеме дека поновите дефиниции од истата област во законите за јавно обвинителство и полицијата. Така во *Законот за полициските овластувања и одговорности* на австралиската држава Квинсленд од 1997 година организираниот криминал е дефиниран како продолжителен криминален пофат во вршење на тешки дела на систематски начин, шо инволвира определен број лица и заедничко планирање и организација.[170]

Во првата фаза на реформата извршени се определени инкриминации, кривичниот законик создава нова концепција за вината. Имајќи го во предвид член 17 од КЗ (не е кривично одговорен сторителот на кривично дело кој од оправдани причини не знаел и не можел да знае дека тоа е забрането и ако сторителот на кривичното дело можел да знае дека делото е забрането, може да се казни поблаго[171]) за дејството на правната заблуда која значи напуштање на психолошката концепција и преминување на нормативната концепција на вината според која вината ја сочинуваат: пресметливост, умисла или небрежност и свест за противпарвноста на делото. Редефиниран е поимот на пропуштањето односно несторувањето, извршени се определени инкриминации околу системот на казните исто така редефинирана е целта на казната согласно член 32: "*покрај остварувањето на првдата целта на казнувањето е: спречување на сторителот да врши кривични дела и негово*

---

[168] Матовски, Никола, Б.Лажетиќ, Гордана, Калајџиев, Гордан, "Казнено Процесно Право", 2-ри Август Ц Штип, Скопје, 2011, страна 29.

[169] Камбовски, Владо, "Казнено-правната реформа пред предизвиците на XXI век" Bato&Divajn Graphic Auter, Скопје, 2002, страна 342.

[170] Камбовски, Владо, "Организиран Криминал", 2-ри август Ц Штип-Скопје, 2005, страна 25.

[171] Каневчев, Методија, "Кривичен Закон", 2-ри Август Ц-Штип, Скопје, 2010, чл.17.

превоспитување и воспитно да се влијае врз другите да не вршат кривични дела“ . Минимумот на затворот со новата реформа е подигнат на **30 дена** а максмумот на **15 години**, предвидена е и парична казна. Извршени се реформи во областа на системот на мерките на безбедност.Во кривичниот законик темелно е реконструиран концептот на рехабилитација согласно член 103 постои законска рехабилитација и судска рехабилитација. Согласно член 104 законската рехабилитација се состои во бришење на осуди од казнената евиденција, на казна затвор до три години ако по истек на законско определениот рок (од зависност на тежината на стореното кривично дело) осудениот не стори ново кривично дело. Согласно член 105 судската рехабилитација се состои во предвремен престанок на правните последици од осудата што се однесуваат што се однесуваат на забрана на стекнување на определени права, предвремен престанок на мерките на безбедност што се состојат во забрани, како и во бришење на казнената евиденција на молба на осудениот при осуда на казна затвор над три години, ако осудениот во определен рок, различен од различните видови осуди не изврши ново казнено дело.[172] Во посебниот дел направени се инкриминации кај делата против животот и телото; делата против слободите и правата на човекот и граѓанинот; заштита на правото на приватност како што се наовластено објавување на личн податоци. Изборните инкриминации се издвоени во посебна глава, направени се инкриминации исто така и кај делата против работните односи; дела против половата слобода и половиот морал, делата против бракот, семејството и младината, изршени се определени измени кај делата против здравјето на луѓето, кај делата на пренесување на заразна болест; делата против животната средина со оглед на актуелноста на загадувањето на околината, заштита на еко системот; делата против безбедноста на јавниот сообраќај; делата против вооружени сили; делата против службена должност; делата против правосудството; злосторствата против човечноста и меѓународното право и сл. Измените и дополнувањата на кривичниот законик на Република Македонија од 1999 година се извршија користејќи ја методата на новелирање. Измените од 1999 година се сведуваат на следните три причини: градење на сериозна стратегија за сузбивање на организираниот криминал и корупцијата како една од најтешките форми на криминал, второ следење на реформите во европските земји и законосавства и трето обврските на Република Македонија во меѓународен план. Воведени се нови инкриминации во следните дела: измама во службата, злоупотреба на службена положба и овластување, извршени се определени инкриминации на тешките убиства, одредбата епроширена за убиство на судија, јавен обвинител, адвокат при вршење на неговата дејност согласно член 123 ст.2. Освен измените кај тешките убиства внесена е нова одредба за убиство на повеќе лица, воведени се определени измени кај делата против честа и угледот.

Новелата на кривичниот законик од 2002 година не е толку обемна како и претходната, може да се каже дека се направени мали измени и дополнувања со цел усогласување на одредбите. Како позначајни измени би можеле да ги

---

[172] Камбовски, Владо, “Казнено-правната реформа пред предизвиците на XXI век“ Bato&Divajn Graphic Auter, Скопје, 2002, страна 354.

одвоиме одредбите околу компјутерскиот криминал согласно член 251 неовластено навлегување во компјутерски систем со намера на прибавување на имотна корист; одредби околу трговија со луѓе и конечно би можеле да ја споменеме усогласувањето на конвенцијата од Палермо позната како Конвенција на ООН против транснационалниот организиран криминал и нејзините дополнителни протоколи. Во 2002 година започнува и втората фаза на казнено правната реформа која повеќе е насочена кон измените во општиот дел, како една од важните сегменти ќе ја напоменеме и евроинтеграцијата од една страна и промените во структурата и обемот на криминалот и појавата на нови форми на криминал од друга страна. Со цел да направиме споредба околу обемот и динамиката на криминалот од осамостојувањето на Република Македонија (1991) па се до реформата во 2002 година ќе ги погледнеме показателите на статистиката на криминалот.

Вкупно пријавени обвинети и осудени полнолетни лица:[173]

Години	1991	1992	1993	1994	1995	1996	1997	1998	1999	2000	2001
Пријавени	13429	17149	22816	20283	19969	19452	19277	20582	19383	20220	18018
Обвинети	9678	8801	8496	8534	9579	8012	7167	7891	8533	8078	7509
Осудени	7095	6660	6538	6724	7711	6341	4732	6128	6783	6496	5952

Во посебниот дел се предлагаат определени измени во однос на конфискација на имот, измама при работење со хартии од вредност, поднесување лажни докази, и сл. освен наведените измени воведени се нови изрази како една од најактуелните е семејното насилство, согласно член 122 ст.21 од кривичниот закон, под *семејно насилство се подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи.*[174]. Една од значајните новини на реформата се определени одредби од областа на малолетничкото казнено право, поточно проширување на казните и воведување на алтернативните мерки. Како нови казни биле предложени протерување на постар малолетник од земја и забрана за управување со моторно возило кој и денес се користат како еден вид на казна за деца додека како алтернативни мерки предложени биле општокорисната работа и условно одлагање на казната. Имајќи го во предвид малолетничкиот криминал како дел од проблематиката во општеството а и воведување на нови казни од истата област од важност е и да се прегледа состојбата на малолетничкиот криминал од 1991 година па се до 2001 година поточно периодот пред реформата на казненото материјално право.

[173] www.stat.gov.mk

[174] Каневчев, Методија, "Кривичен Закон", 2-ри Август Ц-Штип, Скопје, 2010, чл.122 ст 21.

Заклучок

Законите се огледало на секоја земја во однос на нивната традиција, морални и етички вредности, социјална и економска состојба, образование и менталитет. Реформите во областа на кривичното материјално право во Република Македонија беа поврзани со општествените промени, новите видови криминал, интеграцијата во еврото, следењето на европските закони, креирањето на нова криминална политика итн.

Од 1991 година Македонија беше земја во транзиција, овој период е добро познат и со економската криза, статистички зголемување на бројот на криминал и појава на нови форми на криминал, наведените рабти се показатели на потреба од нова реформа. Големите реформи во областа на кривично материјалното право во Македонија беа направени во следните години: 1996, 1999, 2002, 2004, 2009 и 2014 година исто така од важност е да се сподели дека една од најзначајните реформи беше реформата во областа на малолетничкото кривично право во 2007 година.

Потребата од посебен закон во облста на малолетничка правда беше поради зголемувањето на бројот на малолетни деликвенти. Во 2007 година беше донесен Законот за малолетничка правда. Оваа реформа создаде посебна постапка за малолетници, посебни санкции како што се: казнување за малолетници, алтернативни мерки, воспитни мерки и безбедносни мерки. Подоцна во 2013 година беше донесен новиот закон од областа на малолетничкото казнено право, поточно станува збор за Закон за правда за децата, една од главните причини за усвојување на нов Закон со различен назив, беше усогласување на Законот за правда за децата со Конвенцијата за правата на детето.

Реформата на кривичното законодавство во повеќето земји во транзиција е комплициран процес кој сериозно може да ја загрози идејата за правната држава и човековите слободи и права, периодот на транзиција е последица на напуштањето на еден систем на вредности и тешкотии во прифаќањето на нов систем на вредности, заедно со создавање на нови економски односи и нова законска институционална рамка. Имајќи ја во предвид важноста на реформите за кривично материјално право, треба да се нагласи дека воглавно овие реформи се клучни за создавање на "правна држава", вклучувајќи ги и принципите на законитост и владеење на правото.

Користена литература

1. Камбовски, Владо, “Казнено право – општ дел “Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје, 2011

2. Камбовски, Владо, “Казнено-правната реформа пред предизвиците на XXI век“ Bato&Divajn Graphic Auter, Скопје, 2002

3. Матовски, Никола, Б.Лажетиќ, Гордана, Калајџиев, Гордан, “Казнено Процесно Право“, 2-ри Август Ц Штип, Скопје

4. Методија Каневчев, Кривичен законик на Р.М (Criminal Code of Republic of Macedonia), 2-ри Август Ц-Штип, Скопје, 2010

5. Поповска, Билјана, “Историја на правото“, Правен Факултет Јустинијан Први- Скопје, 2-ри Август Ц-Штип, Скопје, 2005

6. Council of Europe Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence, 2011

7. https://www.britannica.com

8. https://www.unodc.org

9. https://www.stat.gov.mk

М-р Ебру Ибиш
Европски Универзитет Република Македонија
Климент Охридски 68
Македонија, Скопје 1000
тел: +389(0)2 3202098
факс: +389(0)2 3202030
е-маил: ebru.ibis@eurm.edu.mk

Феноменологија на малолетничкиот криминалитет во Република Македонија

Апстракт
Малолетничката деликвенција претставува сериозна закана за општеството од криминална гледна точка, но исто така и за развојот на детето од образовен аспект. Долго време во криминолошките истражувања, поголемо значење се придаваше на современите облици на криминал, организиран криминал и др, но земајќи го во предвид фактот дека престапниците се малолетници, може да се заклучи дека ова се лица кои уште од рана возраст градат криминална кариера, се запознаваат со различни видови на кривични дела и најчесто извршуваат кривични дела против имотот со цел полесен начин за добивање на средства и задоволување на сопствените потреби, овој процес носи уште еден проблем: градење криминална кариера и во иднина создавање на профил на професионален криминалец. Од феноменолошки аспект, со цел да се идентификуваат облиците на малолетничкиот криминал, важно е да се споменат обемот, динамиката, структурата и карактеристиките на малолетничкиот криминал во Република Македонија. Клучен фактор за зголемување на бројот на сторители на кривични дела, покрај главните криминогени фактори, вклучувајќи ја сиромаштијата, богатството и невработеноста од етиолошка гледна точка, една од клучните работи е системот на санкции против малолетниците и непреземање на превентивни мерки пред сторување на кривичните дела.

Клучни зборови: малолетнички криминал, малолетничка деликвенција, феноменологија, статистика за криминал, рецидивизам

M.Sc Ebru Ibish
European University Republic of Macedonia
Kliment Ohridski 68
Macedonia, Skopje
Tel: +389(0)2 3202098
fax: +389(0)2 3202030
e-mail: ebru.ibis@eurm.edu.mk

Phenomenology of juvenile crime in Republic of Macedonia

Abstract
Juvenile delinquency poses a serious threat to society from a criminal point of view, but also to the development of the child from an educational aspect. For a long time in criminological researches, more importance was attached to modern forms of crime, organized crime etc. but taking into account the fact that the offenders are juveniles it can therefore be concluded that these are persons who from a very early age build their criminal career, get acquainted with different types of crimes and mostly commit crimes against property with the target of an easier way of obtaining funds and satisfying their own needs, this process brings another problem: building criminal career and becoming a professional criminal as an adult. From the phenomenological point of view in order to identify the forms of juvenile crime, it is important to mention the scope, dynamics, structure and characteristics of the juvenile crime in the Republic of Macedonia in order to obtain a general picture of the situation. The key factor of increasing the number of perpetrators of crimes, apart from the main criminogenic factors, including poverty, wealth and unemployment from an etiological point of view, the most important think is the inefficiency of the system of punishment against juveniles, and not taking preventive measures from an early age towards the juveniles

Key words: Juvenile crime, juvenile delinquency, phenomenology, statistics of crime, recidivism

Вовед
Криминалитетот претставува нејтежок облик на престапничко однесување под кое се подразбира кршење на кривично-правните норми. Низ човековата историја, интересот на човекот е насочен токму кон задоволување на сопствените потреби, но дали тоа секогаш е на праведен начин? Велиме дека криминалот е огледало на општеството, па оттука може лесно да ги одвоиме малолетните сторители на кривични дела и нивната положба во општеството.
Во изминатиот период се бележи брз развој на средствата за комуникација. Мобилните телефони, интернетот, компјутерите и кабелските телевизии им овозможуваат на младите за многу кратко време да стигнат до потребните информации. Нивните побарувања се зголемуваат од ден на ден, а кризата во која се наоѓа нашата држава не оди во прилог кон задоволување на потребите на децата. Незадоволувањето на потребите е доволна причина за малолетникот да ја активира својата почетна криминална кариера. Обемот на

малолетничкиот криминалитет[175] како во сите држави, така и кај нас не е статичен, истиот покажува пораст од година во година. Причините за пораст на криминалитетот се: сиромаштијата, невработеноста, лошите услови за живот, околина, неквалитетно образование, економската криза и сл.
Зачудува податокот што малолетничкиот криминалитет сè уште се карактеризира како машка појава, стапката на женските деца – сторители на кривични дела е многу мала дури незначителна.
Во однос на превенцијата на малолетничкиот криминалитет најзначајно место заземаат: семејството, околината, училиштето и центрите за социјална работа. Родителите треба да создадат неделни активности за детето кои ќе бидат продуктивни за неговиот развој со цел да нема премногу вишок на време. Освен тоа многу е значајна околината и лицата со кои се дружи детето, затоа што доколку само едно лице има информации во однос на било каков криминал, доволно е да ги сподели со другите деца за да некој од нив стане дел од криминалот. Училиштето, по семејството има најголем и највлијателен ефект врз детето. Основните и средните училишта треба да имаат посебни програми со цел да ги едуцираат децата колку негативно може криминалот да влијае врз животот на детето. Општеството треба да се стреми да ги задоволува интересите на децата, со цел да има пониска стапка на малолетнички криминалитет во идните години.

ФЕНОМЕНОЛОГИЈА НА МАЛОЛЕТНИЧКИОТ КРИМИНАЛИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Феноменологија на криминалитетот

Посебно значење за криминалната феноменологија претставува изучување на појавните облици на криминалот. Во рамките на криминологијата поимот феноменологија се употребува за да ги означи надворешните манифестации, формите и облиците на криминалитетот. Врз основа на современите научни истражувања на малолетничкиот криминалитет утврдено е дека: криминалитетот е во рапиден пораст, но во уште поголем пораст е малолетничкиот криминалитет. Освен негативните фактори коишто влијаат врз криминалното однесување на малолетниците, истовремено е забележано поголемо учество на малолетници во социо-патолошки појави како што се алкохолизмот, проституција, наркоманија, питачење и сл.[176] Во последните години малолетниците учествуваат сè повеќе во дела на насилство и организиран криминал, забележан е и пораст на рецидивизмот кај малолетниците. Како главен елемент на малолетничкиот криминалитет е и агресивноста на малолетниците. Поради општествената опасност и специфичност на личноста, малолетничкиот криминалитет бара посебна

[175] Со донесувањето на Законот за малолетничка правда, а потоа и Законот за правда за децата, се напушти терминологијата малолетник и истата се замени со терминот дете. Сепак, во литературата сè уште се користат термините малолетник, малолетнички криминалитет, малолетничка деликвенција и сл. Оттука, авторот на трудот ги користи овие термини во трудот.
[176] Durak, İzzet, "Suç Öncesi ve Sonrası Suçlu Piskolojisi", Kitapyurdu, İstanbul, 2013, стр. 154

интервенција на општеството и потреба од реагирање на надлежните органи на казнениот прогон.[177]

Кај нас евиденција за малолетнички криминалитет водат: органите за внатрешни работи, јавните обвинителства, Државниот завод за статистика, Министреството за правда, основните судови и центрите за социјална работа коишто водат евиденција за децата и малолетните сторители на кривични дела и други делинквентни поведенија спрема критериумите на малолетничката запуштенст и престапништво.[178] Понатаму во трудот, анализирани се статистички податоци за периодот 2009-2016 година, врз основа на кој презентираме општа слика за обемот, појавните облици, структурата, динамиката на малолетничкиот криминалитет.

2. Обем и динамика, појавни облици и структура на малолетничкиот криминалитет

Обемот односно тоталитетот на криминалитетот претставуваат едно од примарните квантитативни обележја на оваа појава.[179] Динамичноста како поим, општо не само за малолетничкиот криминалитет, туку и за секој вид на криминалитет е од клучно значење, затоа што криминалитетот не е статична појава, туку напротив, таа е динамична и променлива. Подлабоките економски, општествени, социјални и културни промени директно влијаат врз динамичноста на малолетничкиот криминалитет. Во однос на карактеристиките на малолетничкиот криминалитет понатаму во трудот се анализирани: полот, возраста, повратот, материјалниот статус и местото на живеење. Структурата на малолетничкиот криминалитет ги опфаќа податоците на видовите кривични дела и внатрешната структура на кривични дела.

2.1 Обем и динамика на малолетничкиот криминалитет

Во периодот од 2009 до 2016 година се забележува дека во 2009 година има 1519 пријавени малолетници и во 2010 година - 1244 пријавени малолетници година, што претставува највисок број на пријавени малолетни лица. Додека кај полнолетните најмногу пријавени полнолетни лица има во 2009 година со 15.511 полнолетни лица и 2014 година - 16.113 полнолетни лица.

Табела бр.1 Број на пријавени малолетни и полнолетни лица во Република Македонија во периодот 2009-2016 година[180]

Година на Пријавување	Вкупно пријавени полнолетни лица	%	Вкупно пријавени малолетни лица	%	Вкупно
2009	15.511	91.1	1519	8.9	17.030
2010	15.383	92.5	1244	7.5	16.627
2011	14.267	90.3	1163	9.7	15.790
2012	15.480	93.2	1001	6.8	16.481
2013	15.102	93.7	1005	6.3	16.107
2014	16.113	94.3	972	5.7	17.085
2015	15.408	95.2	772	4.8	16.180
2016	11.866	95.3	587	4.7	12.453

Извор: Државен завод за статистика

[177] Велкова, Татјана, "Феноменологија на малолетничкиот криминалитет во Република Македонија во периодот1982-2000 година", 2-ри Август Ц-Штип, Скопје, 2006, стр.135

[178] И. Јосифовски, Љ. Арнаудовски, "За статистиките за криминалитетот" Институт за социјални и политичко правни истражувања, Скопје, 1963, стр.

[179] Арнаудовски, Љупчо,"Криминологија, 2-ри Август – Штип, Скопје, 2007, стр.244

[180] http://www.stat.gov.mk/OblastOpsto.aspx?id=6

Во 2016 година се забележува намален број на малолетни и полнолетни сторители на кривични дела. Во 2015 година за разлика од 2014 година, исто така, се бележи опаѓање на бројот на пријавени малолетни и полнолетни лица. Во 2011 година се забележува ниска стапка на криминалитетот кај полнолетните лица, додека кај малолетниците најниска стапка на криминалитетот има во 2016 година.

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2009 година бројот на пријавени полнолетни лица во споредба со 2008 година е зголемен за 0.3%. Бројот на пријавените малолетни лица во споредба со 2008 е зголемен за 12.1%. Во 2010 година бројот на пријавени полнолетни лица во споредба со 2009 е намален за 0.8%, за разлика од полнолетните, кај малолетните лица се забележува намалување на криминалитетот за 18.1%. Во следната 2011 година бројот на пријавени полнолетници во споредба со минатата 2010 година е намален за 4.9%; кај малолетните лица бројот на пријавени за разлика од 2010 година е намален за 6.5%. Во 2012 година бројот на пријавените полнолетни лица за разлика од 2011 е зголемен за 5.8%, кај малолетните лица се забележува опаѓање во споредба со 2011 година од 13.9%. Во 2013 година бројот на пријавени полнолетни лица во споредба со 2012 година е намален за 3.0%, а кај малолетниците забележуваме зголемување на бројката на пријавени од 0.4%. Во 2014 година бројот на пријавените полнолетни лица сторители, во споредба со 2013 година, е зголемен за 7.3%, кај малолетниците забележуваме 3.3% намалување во споредба со претходната година. Во 2015 година има пријавени полнолетни (15.408) и малолетни (772) лица. Конечно, во 2016 година има најниска стапка на пријавени полнолетни (11.866) и малолетни (587) лица.

Како што е напоменато претходно во трудот, криминалитетот не е статична појава, таа е динамична и зависи од условите што ги овозможува општеството. На пример, во периодот кога стапката на невработеност е многу ниска, може да се забележи зголемување на криминалитетот и обратно кога има висока стапка на вработеност, тогаш има пониска стапка на криминалитет. Сигурно е дека со пронаоѓање на различни методи и со добра општествена организација, може да има намалување на криминалитетот, но не и негово елиминирање.

Табела бр.2 Број на обвинети малолетни и полнолетни лица во Република Македонија во периодот од 2009-2016 година

Година	Вкупно обвинети полнолетни лица	%	Вкупно обвинети малолетни лица	%	Вкупно
2009	11.305	87.4	1030	12.6	12.935
2010	11.239	93.7	750	6.3	11.989
2011	12.219	92.4	1002	7.6	13.221
2012	11.311	91.6	778	8.4	12.089
2013	12.297	94.9	657	5.1	12.954
2014	13.699	95.1	712	4.9	14.411
2015	11.951	96.2	465	3.8	12.416
2016	9320	96.4	702	3.6	10.022

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Како што може да видиме од табелата број 2, најголем број на обвинети полнолетни лица има во 2014 година - 13.699 лица и во 2013 година - 12.297 лица, додека најнизок број на обвинети полнолетници е забележан во 2016 година - 9320 лица. За разлика од полнолетните кај малолетните обвинети лица највисока стапка на обвинети има во 2009 година - 1030 малолетници и во 2011 година - 1002 малолетни лица, додека, пак, најнизок број на обвинети малолетници е 702 лица во 2016 година.

Табела бр.3 Број на осудени малолетни и полнолетни лица во Република Македонија во периодот од 2009-2016 година

Година	Вкупно осудени полнолетни лица	%	Вкупно осудени малолетни лица	%	Вкупно
2009	9810	92.9	748	7.1	10.549
2010	9169	94.4	547	5.6	9710
2011	9810	93.1	722	6.9	10.532
2012	9042	94.2	556	5.8	9598
2013	9539	95.2	473	4.8	10.012
2014	11.683	96.2	461	3.8	12.144
2015	10.312	96.7	348	3.3	10.660
2016	8172	94.6	468	5.4	8640

Извор: Државен завод за статистика

Од изнесените податоци во однос на осудени малолетни лица може да забележиме дека има тенденција на намалување на криминалитетот во последните 2 години. Важно е да се напоменат сите надворешни фактори кои влијаат врз намалување на криминалитетот кај малолетните лица, а тоа се: образованието, добрите односи со родителите, вработеноста, здравството, околината на детето и добро ангажирање на времето.

Со цел намалување на малолетничкиот криминалитет и криминалитетот, воопшто, Република Македонија мора сериозно да ги ангажира општествените фактори во насока на намалување на криминалитетот и ресоцијализација на малолетните сторители на кривични дела. Ресоцијализацијата е од клучна важност кога станува збор за малолетници, поради фактот што малолетничката делинквенција претставува загрозеност во социјалниот развој, мерките за ресоцијализација се насочени кон:[181] оспособување за вклучување во процесот на трудот и самостоен живот; стекнување на образование; интеграција на малолетните делинквенти во социјална средина; динамичен однос спрема последиците и мерките за надминување на ситуацијата и хуманистички вредности.

[181] Љ.Чонева, В.Чачева, Љ.Арнаудовски, М.Станкова, М.Марковиќ, Г.Станковска, "Малолетничкиот криминалитет во транзицијата во Република Македонија", Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје, 2007, стр.153

Табела бр.4 Пријавени малолетни лица според кривичното дело, полот и припадноста кон етничка заедница (2007-2016)

Видови кривични дела (2007)	М	Ж	Вк.	Македонци	Албанци	Власи	Роми	Турци	Срби	Бошњаци	Останато	Непознато
Кривични дела против животот и телото	71	1	72	40	23	2	2	/	/	/	2	3
Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот	1	/	1	/	2	/	/	/	/	/	/	/
Кривични дела против половата слобода и половиот морал	19	/	19	9	6	3	1	/	/	/	/	/
Кривични дела против бракот, семејството и младината	3	/	3	3	/	/	/	/	/	/	/	/
Кривични дела против животната средина и природата	3	/	3	2	/	/	/	/	/	/	/	1
Кривични дела против имотот	947	25	967	334	226	27	332	/	2	3	24	19
Кривични дела против јавните финансии платниот промет и стопанството	12	/	12	4	6	/	1	/	/	/	/	1
Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот	11	/	11	5	5	/	1	/	/	/	/	/
Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај	62	5	67	33	22	2	4	/	/	/	1	5
Кривични дела против правосудството	2	/	2	1	/	/	/	/	/	/	/	1
Кривични дела против правниот сообраќај	25	11	36	24	9	/	2	/	/	/	1	/
Кривични дела против јавниот ред	27	2	29	15	10	1	1	/	/	/	1	1
Видови кривични дела (2008)	**М**	**Ж**	**Вк**	**Македонци**	**Албанци**	**Власи**	**Роми**	**Турци**	**Срби**	**Бошњаци**	**Останато**	**Непознато**
Кривични дела против животот и телото	84	/	84	62	10	/	6	/	/	/	2	4
Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот	7	/	7	1	1	/	1	1	/	1	/	/
Кривични дела против честа и угледот	1	/	1	1	/	/	/	/	/	/	/	/
Кривични дела против половата слобода и половиот морал	18	/	18	4	7	/	2	4	/	/	1	/
Кривични дела против бракот, семејството и младината	4	/	4	/	3	/	1	/	/	/	/	/
Кривични дела против здравјето на луѓето	15	3	18	13	1	/	2	1	/	/	/	/
Кривични дела против животната средина и природата	4	/	4	3	1	/	/	/	/	/	/	/

Кривични дела против имотот	994	29	1023	408	166	/	366	28	2	2	18	39
Кривични дела против јавните финансии платниот промет и стопанството	21	/	21	17	4	/	/	/	/	/	/	/
Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот	4	/	4	2	1	/	1	/	/	/	/	/
Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај	72	5	77	44	29	/	2	1	/	/	/	1
Кривични дела против службена должност	1	/	1	/	1	/	/	/	/	/	/	/
Кривични дела против правосудството	8	4	12	10	1	/	/	/	/	/	/	1
Кривични дела против правниот сообраќај	20	5	25	15	8	/	/	1	/	/	/	1
Кривични дела против јавниот ред	53	/	53	17	26	/	5	3	2	/	/	1
Кривични дела од посебни закони	3	/	3	/	3	/	/	/	/	/	/	/
Видови кривични дела (2009)	**М**	**Ж**	**Вк**	**Македонци**	**Албанци**	**Власи**	**Роми**	**Турци**	**Срби**	**Бошњаци**	**Останато**	**Непознато**
Кривични дела против животот и телото	102	1	103	60	28	/	2	1	/	1	/	
Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот	2	/	2	1	1	/	/	/	/	/	/	/
Кривични дела против изборите и гласањето	1	/	1	/	1	/	/	/	/	/	/	/
Кривични дела против честа и угледот	1	/	1	1	/	/	/	/	/	/	/	/
Кривични дела против половата слобода и половиот морал	17	/	17	4	7	/	6	/	/	/	/	/
Кривични дела против бракот, семејството и младината	1	/	1	/	/	/	1	/	/	/	/	/
Кривични дела против здравјето на луѓето	11	1	12	8	2	/	/	2	/	/	/	/
Кривични дела против имотот	1150	42	1192	469	249	1	295	35	6	6	17	14
Кривични дела против јавните финансии платниот промет и стопанството	10	2	12	9	2	/	/	/	/	/	1	/
Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот	1	/	1	1	/	/	/	/	/	/	/	/
Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај	81	7	88	44	31	/	6	1	1	/	1	4
Кривични дела против службената должност	1	/	1	/	1	/	/	/	/	/	/	/
Кривични дела против правосудството	6	4	10	5	2	/	1	/	/	1	1	/

Кривични дела против правниот сообраќај	6	2	8	5	1	/	1	1	/	/	/	/
Кривични дела против јавниот ред	69	1	70	35	21	/	11	/	/	/	/	3
Видови кривични дела (2010)	**М**	**Ж**	**Вк**	**Македонци**	**Албанци**	**Власи**	**Роми**	**Турци**	**Срби**	**Бошњаци**	**Останато**	**Непознато**
Кривични дела против животот и телото	106	1	107	71	25	/	4	2	2	3	/	/
Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот	2	/	2	/	2	/	/	/	/	/	/	/
Кривични дела против честа и угледот	4	/	4	4	/	/	/	/	/	/	/	/
Кривични дела против половата слобода и половиот морал	12	4	/	/	/	/	7	1	/	/	/	/
Кривични дела против половата слобода и половиот морал	24	/	24	12	4	7	/	1	/	/	/	/
Кривични дела против бракот, семејството и младината	1	1	2	/	/	/	2	/	/	/	/	/
Кривични дела против здравјето на луѓето	14	/	14	11	2	/	1	/	/	/	/	/
Кривични дела против животната средина и природата	5	1	6	4	/	/	2	/	/	/	/	/
Кривични дела против имотот	917	20	937	362	189	/	310	56	4	4	10	2
Кривични дела против јавните финансии платниот промет и стопанството	14	/	14	10	2	/	/	1	1	/	/	/
Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот	10	/	10	3	7	/	/	/	/	/	/	/
Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството	14	/	14	10	2	/	/	1	1	/	/	/
Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај	60	1	61	28	25	/	4	3	/	/	/	/
Кривични дела против правосудството	2	1	3	1	1	/	1	/	/	/	/	/
Кривични дела против правниот сообраќај	1	/	1	/	/	/	1	/	/	/	/	/
Кривични дела против јавниот ред	55	1	56	16	28	/	3	3	/	5	1	/
Кривични дела од посебни закони	2	/	2	/	1	/	/	1	/	/	/	/
Видови кривични дела (2011)	**М**	**Ж**	**Вк**	**Македонци**	**Албанци**	**Власи**	**Роми**	**Турци**	**Срби**	**Бошњаци**	**Останато**	**Непознато**
Кривични дела против животот и телото	87	1	88	57	20	/	1	5	/	2	3	/

Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот	1	/	1	1	/	/	/	/	/	/	/	/
Кривични дела против половата слобода и половиот морал	14	/	14	1	/	/	/	/	/	/	/	/
Кривични дела против бракот, семејството и младината	2	1	3	/	1	/	1	/	/	/	1	/
Кривични дела против здравјето на луѓето	9	2	11	9	/	/	2	/	/	/	/	/
Кривични дела против имотот	899	16	917	312	246	/	301	31	1	4	11	11
Кривични дела против јавните финансии платниот промет и стопанството	12	2	14	6	6	/	/	/	/	/	2	/
Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот	13	1	14	8	2	/	4	/	/	/	/	/
Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај	41	2	43	18	14	/	3	3	/	/	1	4
Кривични дела против вооружените сили	1	/	1	/	1	/	/	/	/	/	/	/
Кривични дела против правосудството	2	/	2	/	1	/	/	1	/	/	/	/
Кривични дела против правниот сообраќај	7	/	7	2	5	/	/	/	/	/	/	/
Кривични дела против јавниот ред	44	1	45	20	12	/	9	3	/	/	1	/

Видови кривични дела (2012)	**М**	**Ж**	**Вк**	**Македонци**	**Албанци**	**Власи**	**Роми**	**Турци**	**Срби**	**Бошњаци**	**Останато**	**Непознато**
Кривични дела против животот и телото	59	1	60	39	12	/	1	1	1	5	/	1
Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот	6	/	6	5	/	/	1	/	/	/	/	/
Кривични дела против половата слобода и половиот морал	10	/	10	2	5	/	1	1	/	/	1	/
Кривични дела против бракот, семејството и младината	1	1	2	1	/	/	1	/	/	/	/	/
Кривични дела против здравјето на луѓето	15	1	16	8	4	/	1	/	/	/	/	3
Кривични дела против имотот	753	20	773	276	157	/	269	49	1	2	8	11
Кривични дела против јавните финансии платниот промет и стопанството	10	/	10	5	1	/	2	/	1	1	/	/
Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот	9	/	9	1	5	/	1	1	/	1	/	/
Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај	49	1	50	25	17	/	3	1	/	/	2	2

Кривични дела против правосудството	5	1	6	/	4	/	1	/	/	/	/	1
Кривични дела против правниот сообраќај	1	1	1	1	/	/	/	/	/	/	/	/
Кривични дела против јавниот ред	51	1	52	25	18	/	7	1	1	/	/	/

Видови кривични дела (2013)	**М**	**Ж**	**Вк**	**Македонци**	**Албанци**	**Власи**	**Роми**	**Турци**	**Срби**	**Бошњаци**	**Останато**	**Непознато**
Кривични дела против животот и телото	63	3	66	36	16	1	4	2	/	4	/	3
Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот	5	/	5	2	1	/	1	/	/	1	/	/
Кривични дела против половата слобода и половиот морал	19	/	19	2	9	/	6	2	/	/	/	/
Кривични дела против бракот, семејството и младината	3	1	4	1	1	/	2	/	/	/	/	/
Кривични дела против здравјето на луѓето	8	/	8	2	3	/	1	/	/	/	/	/
Кривични дела против имотот	723	22	745	251	182	/	237	29	2	18	4	22
Кривични дела против јавните финансии платниот промет и стопанството	4	/	4	3	1	/	/	/	/	/	/	/
Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот	8	/	8	1	4	/	/	1	/	/	/	2
Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај	27	1	28	15	8	/	2	1	/	1	/	1
Кривични дела против правосудството	/	1	1	1	/	/	/	/	/	/	/	/
Кривични дела против јавниот ред	116	1	117	41	59	/	4	4	1	1		7

Видови кривични дела (2014)	**М**	**Ж**	**Вк**	**Македонци**	**Албанци**	**Власи**	**Роми**	**Турци**	**Срби**	**Бошњаци**	**Останато**	**Непознато**
Кривични дела против животот и телото	61	3	64	41	11	/	4	1	2	1	/	4
Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот	4	1	5	3	1	/	1	/	/	/	/	/
Кривични дела против половата слобода и половиот морал	25	/	25	8	3	/	12	/	/	/	/	/
Кривични дела против бракот, семејството и младината	1	/	1	/	/	/	1	/	/	/	/	/
Кривични дела против здравјето на луѓето	20	3	23	10	7	/	5	/	/	/	/	1
Кривични дела против имотот	613	41	654	204	118	/	262	14	1	6	3	46

Кривични дела против јавните финансии платниот промет и стопанството	5	/	5	1	3	/	/	/	/	/	/	1
Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот	6	/	6	1	2	/	3	/	/	/	/	/
Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај	26	3	29	11	11	/	2	/	/	/	1	4
Кривични дела против правосудството	2	/	2	1	/	/	/	/	/	/	/	1
Кривични дела против јавниот ред	151	6	156	67	56	/	9	2	/	1	/	21
Видови кривични дела (2015)	**М**	**Ж**	**Вк**	**Македонци**	**Албанци**	**Власи**	**Роми**	**Турци**	**Срби**	**Бошњаци**	**Останато**	**Непознато**
Кривични дела против животот и телото	67	1	68	30	16	/	12	3	1	/	1	5
Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот	2	1	3	1	/	/	1	/	/	/	1	/
Кривични дела против половата слобода и половиот морал	18	1	19	7	1	/	8	1	/	1	/	1
Кривични дела против бракот, семејството и младината	/	1	1	/	/	/	1	/	/	/	/	/
Кривични дела против здравјето на луѓето	19	1	20	13	6	/	1	/	/	/	/	/
Кривични дела против имотот	493	27	520	178	78	/	216	10	2	6	4	26
Кривични дела против јавните финансии платниот промет и стопанството	2	/	2	/	2	/	/	/	/	/	/	/
Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот	3	1	4	1	/	/	2	/	/	1	/	/
Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај	30	3	33	17	12	/	2	1	/	/	1	/
Кривични дела против правосудството	/	1	1	/	/	/	/	/	/	/	/	1
Кривични дела против јавниот ред	100	/	100	55	18	/	14	3	1	3	1	5
Видови кривични дела (2016)	**М**	**Ж**	**Вк**	**Македонци**	**Албанци**	**Власи**	**Роми**	**Турци**	**Срби**	**Бошњаци**	**Останато**	**Непознато**
Кривични дела против животот и телото	50	3	53	29	19	1	1	1	/	1	/	1
Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот	8	3	11	5	2	/	3	1	/	/	/	/
Кривични дела против половата слобода и половиот морал	4	/	4	1	1	/	2	/	/	/	/	/
Кривични дела против здравјето на луѓето	7	/	7	6	1	/	/	/	/	/	/	/

Кривични дела против имотот	376	23	399	107	95	/	107	5	/	16	1	5
Кривични дела против јавните финансии платниот промет и стопанството	5	/	5	2	3	/	/	/	/	/	/	/
Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот	4	/	4	1	1	/	1	/	/	1	/	/
Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај	23	2	25	14	5	/	4	2	/	/	/	/
Кривични дела против јавниот ред	65	1	66	21	30	/	8	1	/	6	/	/
Останати кривични дела	10	3	13	8	1	/	1	2	1	/	/	/

Извор: Државен завод за статистика

Имајќи ги предвид горенаведените статистички податоци лесно може да се разликува положбата на машкиот пол при извршување на кривичните дела во однос на женскиот пол. Статистичките податоци на женските сторители на кривични дела во компарација со машките е незначителна а оттука важно е да се сподели дека машките претежно се насилни при извршување на кривични дела, додека кај женските наведената карактеристика не е многу застапена. Анализата во рамките на 2007-2016 година покажува дека на прво место најзастапеното кривично дело е кривичното дело против имотот потоа следуваат кривичните дела против животот и телото, кривичните дела против јавниот ред и четвртото најзастапено дело е кривично дело против безбедноста на јавниот сообраќај

1.1 Карактеристики на малолетничкиот криминалитет

Карактеристиките на малолетничкиот криминалитет ги согледуваме преку одредени варијабли, и тоа: пол, возраст, материјален статус, повратност и место на живеење на малолетникот. Сите горенаведени варијабли како фактори, на директен начин влијаат врз развојот на малолетникот. Современиот малолетнички криминалитет се карактеризира со организираност на младите во малолетнички групи или банди заради сторување на кривични дела. Во различни земји, малолетничките банди имаат различни имиња, така во Англија се викаат “teddy boys”, во САД ”teenagers”, во Франција “blausos noires”, во Јапонија”tao zoku”.[182]

1.1.1 Пол

Малолетничкиот криминалитет и криминалитетот, воопшто, сè уште кај нас и во светот се карактеризира како машка појава. Тука се земаат во предвид агресијата, бруталноста, насилството, тепачките и слични појави. Учеството на женските малолетници во криминалитетот е многу понизок за разлика од оној на машките. Но, доколку би требало да направиме една класификација во однос на учество на малолетниците во кривични дела според полот, тогаш важно е да се каже дака, машките малолетници повеќе учествуваат во насилничкиот криминалитет, додека женските малолетнички учествуваат и во

[182] Dinitz, Simon, Dynes, Rowe Russell, Clarke, Alfred, “Deviance; studies in the process of stigmatization and societal reaction”, Oxford University Press, London, 1969, стр.30

проституцијата. Статистичките податоци покажуваат дека најголемиот број проститутки се полнолетни, но малолетните се јавуваат како резерва за постојано пополнување. Проституцијата на младите најчесто е резултат на судири во семејството или опфатеност со други социопатолошки појави. Се покажува дека бројот на малолетните проститутки постојано се зголемува.[183]

1.1.2 Возраст

Варијаблата возраст игра значајна улога во рамките на малолетничкиот криминалитет, бидејќи станува збор за деца и нивниот развој, па оттука и нивните позитивни и негативни особини коишто ги примаат од семејството и околината. Возраста кај малолетници како посебна концепција на истражување ги интересира и детската психологија и социологијата. При развојот на детето треба да се внимава и на основните особини како што се: способностите, мотивациско-емоционалните диспозиции, социјално-општествените диспозиции, когнитивните фактори (интелигенција, комуникација и карактер) и темпераментот.[184]

Интересен е фактот што кај децата од 4-12 години се забележува повеќе учество во питачењето, кај помладите малолетници, односно од 14 до 16 годишна возраст, постои промена во однесувањето и карактерот затоа што тоа е период кога детето го завршува основното образование и преминува во средно образование, во рамките на овој временски интервал запознава нова околина и голема е веројатноста заради нестабилноста на карактерот и периодот на пубертет да го започне својот криминален живот. Во овие години најчесто малолетните стануваат дел од: тепачки, алкохолизам, дрога, вагабундажа и имотни деликти. Кај постарите малолетници т.е од 16 го 18 годишна возраст најчесто се бележат кривични дела против: имотот, безбедноста на јавниот сообраќај, против животот и телото и јавниот ред.

1.1.3 Повратност

Порастот на повторот т.е рецидивизмот е значаен индикатор на неуспех на казнената политика. Врз таа основа тој се потврдува како тврдокорна и отпорна појава на мерките што општеството ги презема за неговото спречување.[185] Примената на казните се покажува дека не ги дава очекуваните резултати. Забележано е дека сите повратници, својата криминална кариера ја започнале како малолетници. Фактори што влијаат за намалување на повторот кај малолетниците се следните: училишниот успех и способностите, стилот на учење и усвојување нови вештини, способноста за емпатија и воспоставување врски, волјата да се промени однесувањето, мотивацијата за разрешување на животните проблеми итн.[186]

Рецидивизмот е специфичен проблем на која му се посветува посебно внимание од криминолошки, кривично-правен и криминално-политички аспект. Голем дел од пријавените малолетници не се изведуваат пред суд, доколку за

---

[183] Арнаудовски, Љупчо, "Социјална Патологија", Студентски збор, Скопје, 1983, стр.321

[184] Станковска, Гордана, Руси, Муќереме, "Медицинска психологија", Пергамент публик, Скопје, 2011, стр.53

[185] И, Јосифовски, "Криминалитетот и другите облици на девијантно поведение како израз на отуѓеност на човекот, Докторска дизертација, Љубљана, 1965, стр. 99

[186] Ковачевиќ, Ранко, Суљагиќ, Семир, Љуца, Џенита, Муфиќ, Един, "Рецидивизмот по третман во дисциплински центар за малолетници", Факултет за специјална едукација и рехабилитација, Тузла, 2014, стр.46

време на извршување на кривичното дело немале 14 години. Рецидивизмот кај малолетниците не е толку висока бидејќи 4 години (14-18) е релативно краток период за да лицето може да рецидивира.[187]

2.2.4. Материјален статус на делинквенот

Во Република Македонија материјалниот статус на семејствата е променлива категорија. Невработеноста и сиромаштијата не само што создаваат неповолни услови за живот, туку и стануваат една од причините на нарушување на односот помеѓу детето и родителот. Нискиот социо-економски статус на семејството, се наведува како основна причина за нивно девијантно однесување. Меѓусебните односи помеѓу родителите и децата, добро ангажирање на времето и максимален надзор врз детето може да ја надвладее лошата економска состојба, односно сите овие активности на некој начин помагаат за детето да не го осети лошиот материјален статус во семејството, а и со тоа да не биде дел од криминалитетот.

Заклучок

Децата не ги чувствуваат длабоките промени во општеството, заради тоа што имаат многу нови работи околу себе што им го привлекува вниманието, а тоа се: околината, училиштето, активностите што ги вршат во слободно време.

Велиме појдовните точки на малолетничкиот криминалитет се: лошото примарно воспитување од страна на семејството, недоволен надзор од страна на родителите, неквалитетното образование, лошата околина и криминогените фактори особено невработеноста и сиромаштијата кои директно влијаат врз семејството и децата.

Развивањето на националната правна рамка од областа на малолетничка правда и усвојувањето на разни меѓународни конвенции не се доволни за сузбивање на малолтничкиот криминал .

Прво, не треба да се чека за појава на некое проблематично дејствие кое во иднина ќе прерасне во криминал, за да се донесе соодветно решение, туку напротив општеството и општествените институции секогаш треба да ги претпоставуваат причините и имајќи ги во предвид сите претпоставки да подготвуваат програми пред да се појави проблемот.

Посакуваниот ефект околу намалувањето на малолетничкиот криминалитет ќе се добие откако ќе се развијат превентивни програми за криминал на малолетници кои се насочени кон елиминирање на факторите кои би предизвикале сторување на кривични дела од страна на малолетници.

Второ, треба да се инвестира во создавање на институции кадешто децата ќе го минуваат слободното време со рекреативна настава: спорт, цртање, музички рекреации, театарски претстави и сл. Овие институции ќе му овозможат на малолетникот своето слободно време да го минува продуктивно за разлика од шетање низ маало или стапување во врска со гета.

Трето, треба да се обврне внимание на создавање на „програми за превенција на малолетничкиот криминалитет“ кои се покажаа доста ефикасни во развие-

[187] Груевска-Дракулевски, Александра “Рецидивизам код малолетничког криминалитета у Републици Македонији као индикатор за (не)ефикасност казнене политике“ у Зборник радова Двадесет и првог сусрета на тема: Право и индивидуалне вредности, Правни живот, часопис са правну теорију и праксу, Копаоничка школа природног права Удружења правника Србије, Београд, 2008, стр. 3-4

ните земји преку едукација на малолетници, нивните семејства и блиската околина.

Користена литература

1. Арнаудовски, Љупчо (2007),“Криминологија, 2-ри Август – Штип, Скопје
2. Арнаудовски, Љупчо (1983),“Социјална Патологија“, Студентски збор, Скопје
3. Велкова, Татјана (2006), “Феноменологија на малолетничкиот криминалитет во Република Македонија во периодот1982-2000 година“, 2-ри Август Ц-Штип, Скопје
4. Груевска-Дракулевски, Александра (2008), “Рецидивизам код малолетничког криминалитета у Републици Македонији као индикатор за (не)ефикасност казнене политике“ у Зборник радова Двадесет и првог сусрета на тема: Право и индивидуалне вредности, Правни живот, часопис са правну теорију и праксу, Копаоничка школа природног права Удружења правника Србије, Београд
5. И, Јосифовски(1965), “Криминалитетот и другите облици на девијантно поведение како израз на отуѓеност на човекот, Докторска дизертација, Љубљана
6. И. Јосифовски, Љ. Арнаудовски (1963),“За статистиките за криминалитетот“ Институт за социјални и политичко правни истражувања, Скопје
7. Ковачевиќ, Ранко, Суљагиќ, Семир, Љуца, Џенита, Муфиќ, Един (2014), “Рецидивизмот по третман во дисциплински центар за малолетници“, Факултет за специјална едукација и рехабилитација, Тузла
8. Љ.Чонева, В.Чачева, Љ.Арнаудовски, М.Станкова, М.Марковиќ, Г.Станковска (2007),“Малолетничкиот криминалитет во транзицијата во Република Македонија“, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје
9. Станковска, Гордана, Руси, Муќереме (2011), “Медицинска психологија“, Пергамент публик, Скопје
10. Dinitz, Simon, Dynes, Rowe Russell, Clarke, Alfred (1969), “Deviance; studies in the process of stigmatization and societal reaction”, Oxford University Press, London
11. Durak, İzzet (2013), “Suç Öncesi ve Sonrası Suçlu Piskolojisi“, Kitapyurdu, İstanbul
12. УНИЦЕФ(2004), “Ефикасноста на мерките што се применуваат спрема малолетните лица“, Институт за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје
13. http://www.stat.gov.mk

М- р Виолета Паунковска
ЕУРМ – Скопје
Тел: 076/220-191; Емаил: violeta.paunkovska@eurm.edu.mk

ДИГИТАЛНАТА ТРАНСФОРМАЦИЈА, ИМПЕРАТИВ ВО БИЗНИСОТ, АКАДЕМСКАТА ЗАЕДНИЦА И МОДЕРНИТЕ КОРПОРАЦИИ

АПСТРАКТ
Во овој труд сакам да ја истакнам неодложната потреба на современата дигитална технологија на која мора да се одговори во глобалниот пазар на корпоративните компании како и академските заедници. Некои од нив иако се исклучително успешни ги менуваат целите индустрии. Затоа дигиталната трансформација стана неопходност за зрелите, веќе воспоставените компании кои сакаат да бидат конкурентни под нови дигитални термини. Се отвораат академии кои се насочени кон сите што сакаат да го интензивираат знаењето во дигиталната транформација. Тие најчесто се дизајнирани за директори во правниот сектор, директори за маркетинг продажба, бизнис архитекти, менаџери на деловни единици, аналитичари, управување со хумани ресурси и друго.
Дигиталната трансформација е исклучиво тешка задача за менаџерите и нивните компании бидејќи потребни се екипи со повеќе вештини кои ќе работат со интегриран интензитет. Често се потребни и радикални промени во самите компании за кои би можеле да бидат неуспешни ако не се приближат на вистинскиот начин.

Клучни зборови: глобален пазар, академски заедници, процес на дигитализација, дизајнерски тим, дигитален талент.

DIGITAL TRANSFORMATION, IMPERATIVE IN THE BUSINESS, THE ACADEMIC COMMUNITY AND MODERN CORPORATIONS

ABSTRACT
In this paper, I want to emphasize the urgent need of modern digital technology, which must be answered in the global market of corporate companies and the academic community. Some of them, although they are extremely successful, are changing entire industries. Therefore, digital transformation has become a necessity for mature, already established companies that want to be competitive under new digital terms. Academies are open to those who like to intensify their knowledge in digital transformation. They are most often designed for law enforcement directors, marketing sales executives, business architects, work unit managers, analysts, human resources management and others.
Digital transformation is an extremely difficult task for managers and their companies because teams with more skills are required to work with integrated intensity. Often radical changes are needed in the companies themselves, which could be unsuccessful if they do not get the right way.

Keywords: global market, academic communities, digitization process, design team, digital talent.

ВОВЕД

Важна улога во сите свери на животот и работата на современото општество како што се индустријата, медицината, образованието, трговијата па дури и функционирањето на власта е развојот на техниката и технологиите. Всушност со развојот и примената на електронските системи во сверата на дизајнот, анализата, експлоатацијата и севкупните општествени аспекти се менува и самата парадигма на поимот општество т.н. електронско општество.
Најголемиот фокус на академската заедница, модерните корпорации и образовните системи веќе не се само обезбедување на квалитет во истите, туку како тие да се релевантно за моменталните и идни потреби на пазарот на трудот, кои многу брзо се менуваат, да обезбедат можности за секого, како и да одговараат на постојаните промени носени од глобализацијата и технолошкиот развој. Информатичката и комуникациска технологија, телевизијата, радиото, компјутерите, телефоните и интерентот, се оние алатки кои го имаат потенцијалот да ја потпомогнат промената и реформата во општеството. Ако правилно се користат, овие алатки можат да обезбедат пристап до информации и можности за учење, да ја зголемат релевантноста за потребите на пазарот на труд, и да го подобрат квалитетот на учење со поврзување на темите, активностите и проблемите со секојдневни ситуации од реалниот живот.
Како дигиталната трансформација и структурираните бази влијаат врз мотивацијата на вработените во модерните корпорации и ја олеснуваат нивната работа, како и нивното влијание врз поуспешното совладување на истата? Многу компании се свесни за промените (или веќе чувствуваат) и имаат визија за тоа како ќе ја бранат својата дигитална конкуренција. Прашањето е како да се воведат промени во пракса или како да се подготват вработените за нив?
Дигиталната трансформација започнува со луѓето. Таа е во полн замав и ништо повеќе не може да ја запре. Неопходно е во компаниите да се прилагодат на неа, ако сакаат да бидат во бурна бизнис средина, со традиционални врски и секој ден да создаваат нови бизнис модели. Во дијалог со сите засегнати страни, администрацијата мора да воспостави свест за итноста и промените и да најде лице кое ќе ги насочи овие промени и ќе ги привлече вистинските луѓе кон проектот. Со самото тоа што технологијата е се поприсутна, ова ќе биде голем предизвик за сите компнии во наредните години. Експертите од оваа област се повеќе се побарувани, затоа грижата за мотивација на постојаниот кадар и прилекувањето на дефицитарните кадри во областа на дигитализација ќе бидат централна задача на администрациите во наредните години.

ИСТОРИЈА НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА И НЕЈЗИНИТЕ ПРЕДНОСТИ ВО БИЗНИСОТ

Почетокот на инженерската технологија за генерирање и толкување на сигнали е означен во дваесетиот век со пронаоѓањето на телеграфот за пишување и гласовниот телефон. Теоријата на сигналот почна да се

разделува како посебна техничка, инженерска и научна дисциплина, независно од самата математика.

,,Првите теоретски врски помеѓу аналогните и дискретни сигнали беа откриени од страна на Nyquist, 20-ти години на минатиот век, истражување на оптимални телеграфски механизми за пренос. Шенон го надгради откритието на Никола и ја формира теоремата Шенон-Никола семплификација, која го доведува во прашање бројот на примероци доволно за сигналот што треба да биде верно реконструиран на еден многу убав начин. Наскоро, кон крајот на 1940-тите, се појавиле дигитални компјутери. Сепак, тие исто така беа сеуште премногу бавни и немаа можност да складираат доволно голем број на броеви, колку што е потребна за обработка на дигитални сигнали. На крајот на 80-тите, со брзиот развој на компјутерите и со зголемување на нивната меморија, т.е. складирање и складирање на податоци, како и изглед компактен диск, кој е со префрлување од магнетна во оптички, исто така овозможија складирање и пренос на значително поголеми количини на податоци од претходно, сите пречки што ги имаат развојот на обработка на дигитални сигнали е решен. Почеток на дигитализација ...'' [188]

Дигиталната технологија има големи предности во однос на аналогните - квалитетот на информациите не е зависи од квалитетот на медиумите, што резултира со фактот дека квалитетот на копирање е неспоредливо подобар од квалитетот на истиот во аналогната технологија - копијата е целосно идентична со оригиналот. Процесот на дигитализација создава организација без присуство на хартија во кој се користат професионални оператори кои заштедуваат на време, пари, фрустрации. Бизнисот треба да се води без хартија односно без пишување, причини за тоа се:

- Нема физички ограничувања за складирање
- Може да се пристапи преку Интернет
- 24/7 достапност на пристап
- Голема заштеда на простор (пример: библиотека)
- Зачувување на стари текстови / ракописи
- Лесно пронаоѓање на информации користејќи клучни зборови
- Интегрирано споделување на интернет-ресурси
- Поевтино е да се задржи дигиталната библиотека од библиотеката за книги
- Поврзување и мрежни можности
- Колку пати дигиталните датотеки можат да се удвојат со точност.
- Многумина можат истовремено да пристапат до дигитална датотека.
- Тактички предности на дигитализацијата.[189]

Клучната тактичка корист од дигитализацијата е да се подобри ефикасноста на клучните деловни процеси - корист што доаѓа преку искористување на тактичките предности понудени од дигитализацијата. Фаќањето документи и

[188] http://www.sveti-sava.edu.rs/otpremljeno/Digitalizacija1.pdf
[189] http://www.managedoutsource.com/blog/2007/10/advantages-of-digitization.html

податоци на местото на потекло или приемот во организацијата овозможува многу тактички предности, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на:

- Елиминирање на транскрипционите грешки
- Спроведување на електронски процеси на работа
- Создавање ревизорски траги
- Спроведување на безбедносни протоколи
- Креирање на еден извор на вистината за секој документ / предмет на податоци
- Подобрување на достапноста до информации
- Интегрирање на деловните системи.[190]

За постигнување на горенаведеното потребна е личност со искуство за да ги евидентира и управува овие информации со што ќе произлезат поволни финансиски бенифиции.Но, позади оваа личност потребен е цел административен и дизајнерски тим, соработници надворешни и внатрешни. Затоа во компаниите потребни се работници кои ја разбираат ситуацијата и ќе се залагаат за промени. Тим кој ќе воспостави врска помеѓу поединечните оделенија и потесниот дигитален тим.

ДИГИТАЛНАТА ТРАНФОРМАЦИЈА ВО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И АКАДЕМСКАТА ЗАЕДНИЦА

Се смета дека образованието е една од последните институции во која се прават големи промени и истите се држат на застарени методи и практики. Дигиталната технологија е таа која во последната деценија овозможи пораст на образовната технологија во која професорскиот кадар почна драстично да ги менува своите инструкции, проценки, воедно и промена на физичката структура во самите предавални за полесно учење. Значи едукаторите од сите нивоа добија голема придобивка од дигиталната технологија.

Овие актуелни трендови воведуваат наслови во образованието, поради начините на кои тие влијаат врз учењето на учениците:з големена реалност, виртуелна реалност, мешана реалност.

Деновите во кои студентите и учениците тивко седеа во своите клупи за време на предавањата, помина. На сметка, на дигитална транформација нивното учење се сведе на интерактивно и ,,online" учење. Се зголеми виртуелната и мешана реалност која истовремено создаде интересни и забавни часови за студентот и ученикот.Со виртуелната реалност надворешниот свет е внесен во училницата и обратно. На пример: апликацијата ,, Unimersiv" може да ги пренесе учениците во Античка Грција или ,,Cospaces" им овозможува на учениците да ги споделат своите креации виртуелно низ светот. Всушност оваа виртуелна реалност овозможува зголемување на визуелната писменост, технолошката писменост и внимание кон публиката. Студентите не мора да одат до технолошката лабараторија за да имаат пристап до комјутер. Последните години во образовните институции, училниците се обезбедија со компјутери што беше овозможено во дел од државното финансирање. Денешното ,,online" окружување претставува возбудлива можност за студентите и

[190] http://www.changefactory.com.au/our-thinking/articles/benefits-digitisation/

учениците правилно да се едуцираат, истото така и сајбер безбедност и индивидуална одговорност.
Ширум светот отворени се многу Академии за дигитална трансформација чија цел е едукација на сите организациски нивоа за задоволување на бизнис целите. Од нивните наставни програми имаат корист сите. На пример: програма за индустријата, применети практични проекти, релевантни студии на случај и други интегрирани методологии за стекнување практично искуство со користење на најновите дигитални алатки и технологии и всушност да ги имплементираме за вашата организација.
,,Академијата за дигитална трансформација е дизајнирана да ги едуцира донесувачите на одлуки за новите технологии кои ќе имаат потенцијално значително влијание врз бизнисот и како да ги насочат во бизнис план и да ја искористат можноста што ја носат. Академијата Totally Gaming Academy и GamCrowd ги здружија силите за опремување на гејмерската индустрија со увид потребни за да се осигура дека бизнисите се свесни, опремени и подготвени за технолошката револуција. Директорот на курсот, Крис Север, заедно со 4 стручни обучувачи, кои вклучуваат од учесници во индустријата, ќе ви дадат увид во клучните технолошки трендови кои влијаат на индустријата за коцкање и како да се насочи и да се подготват за нив."[191]
,,Мисијата на Simplearn е да ги задржи вашите вработени актуелни во најновите технолошки вештини и сертификати. Денешните организации се соочуваат со најголемата промена на технологијата во последниве децении, дигитална трансформација. За да ве подготвиме со основните знаења и алатки кои ја водат оваа деловна револуција, Simplilearn ја објавува својата Дигитална трансформациска академија. Дигиталната технологија се развива со неверојатна брзина. Организации кои не успеваат да се здобијат со нови вештини и да се прилагодат на променливите процеси ризикуваат исчезнување од денешниот деловен свет."[192]
Промените што произлегуваат од оваа постапка создаваат огромни можности и придобивки за компаниите кои прво ќе ја разберат и усвојат стратегијата на дигитална трансформација и ефикасно ќе ја спроведат во своите внатрешни структури.

ДИГИТАЛНО ВРЕМЕ НА МОДЕРНАТА КОРПОРАЦИЈА

Да размислиме за зголемениот број на компании кои стартуваат со технологијата и прават нешто што некогаш изгледаше незамисливо: предизвик и нарушување на традиционалните корпоративни гиганти. Дури и оние кои работат во индустриите кои традиционално не се сметаат за индустрии поврзани со технологијата, не биле поштедени од влијанието на новите пристигнувања и како резултат на трансформацијата во деловното опкружување. Со порастот на дигиталните технологии, секоја корпорација сега мора да стане агилна, иновативна и што е уште поважно, да дејствува како да се динамични технолошки компании. Игнорирањето на предизвикот од мрежната возраст и дигиталната револуција веќе не е опција, бидејќи само ќе го забрза падот и неуспехот на големите корпорации.

[191] http://www.totallygamingacademy.com/digital-transformation-academy
[192] https://www.simplilearn.com/simplilearn-digital-transformation-academy-article

Значи, како треба да работат големи, добро воспоставени корпорации во денешното деловно опкружување? Одговорот се чини едноставен: со учење од најиновативните (особено старт-ап) компании. Значајно е што овие понови компании ги совладале четири дигитални технологии при развивање на нови важни производи и услуги, имено cloud computing, големи податоци, мобилни и социјални медиуми. Процесите на донесување одлуки сè повеќе се засноваат на дигитални податоци, дигиталните стапалки стануваат важен фактор за успех, а политиките во врска со употребата на дигиталните технологии се прилагодени на очекувањата на потрошувачите. Што е најважно, производите и услугите во моментов се дизајнирани со дигитални технологии во умот. Овие стартапи имаат корист од можностите што ги нуди зголемената глобална поврзаност.

Компаниите кои се способни да се препознаат себеси со прифаќањето на претприемачкиот дух или враќањето на "чувството за почеток" веројатно се најдобро подготвени за идните можности и предизвици. Развивањето на подобро разбирање за тоа како може да се направи ова може да обезбеди основа за внатрешни организациони реформи, како и повторно размислување за значењето на корпоративното управување во мрежна и дигитална ера. Структурите на корпоративното управување на фирмите, кои го изгубиле почетното чувство, исто така, имаат потреба од дотерување. Меѓутоа, еден од главните проблеми е тоа што регулаторното опкружување создаде корпоративна култура во која односот меѓу менаџерите, директорите и инвеститорите е хиерархијата е базиран на агенции. Како резултат на ова, акционерите и одборите на директори имаат тенденција да се фокусираат на контролата на раководното несоодветно однесување и следењето на претходните перформанси и одржливост на компанијата, наместо активно да придонесуваат за нејзиниот иден успех. Фактот дека академските теории типично го гледаат ,,одвојувањето на сопственоста и контролата" како еден од обележјата на модерната корпорација не помага. Постојат примери за воспоставени корпорации кои биле во можност да го задржат или вратат моделот ориентиран кон иновации, и покрај агенциската и претерано регулираната околина. Овие корпорации во суштина се доведување до уметноста на измислување на иновативни производи и градење на пионерски бизниси назад во првите редови на нивните активности. Компаниите кои се најдобри во нивната класа самите презеле за да дизајнираат практики на управување што ги направија подобри иноватори.

Заедничко за сите овие компании е начинот на управување од директори со визионерски дух кои позиционираат како ,,менаџерски партнери'' или доминантни лидери на ,,корпоративно партнерство''. Овие компании имаат инклузивен колективен стил на управување во кој засегнатите страни се сметаат за заедница која работи заедно за создавање релевантни нови производи и услуги.

ЗАКЛУЧОК

Мора да се прифати фактот дека технологијата не е таа која е водич во дигиталната трансформација на една компанија, бизнис и академска заедница. Зад се ова стои цел дизајнерски тим, дигитален талент кој со својот потенцијал го достигнува врвот на глобалниот пазар. Корисничкото искуство

оди уште подалеку, надвор од дигиталните канали на комуникацијата кое треба да биде еден од основните делови на современиот маркетинг. Поголем дел од компаниите го постигнаа ова ниво со фокусирање на целокупното искуство вклучувајќи го и односот на потрошувачите.

Дигиталната трансформација гледана од бизнис перспектива мора да се носи со: траспарентност, флуидни работни позиции, одлуки базирани на податоци, мултидисциплинарни тимови подготвени да прифатат неуспех, но и да ја прифатат идејата што доаѓа од различни места, желни за учење и прифаќање на промена. Дигиталната трансформација мора да е реализирана од големите консултантски куќи за да не биде турната на оперативно ниво од креативните маркетинг агенции кои порано ја имаат прифатено оваа промена и се свесни за нејзиниот императив да ги променат начините на кои се пристапува кон бизнис размислувањето.

Во едно сите се сигурни и обединети а тоа е дека дигиталната трансформација значи далеку повеќе од прифаќање на нови технологии. Таа значи голема инвестиција во нацрт планови и разбирање на новите, различни искуства за сите подеднакво и соодветна промена на целокупниот однос кон нив.

Користена литература

1. Национален проект "Хрватско културно наследство", Дигитализација на архивски, библиотечни и музејски згради, Загреб 2007, Насоки за избор на објекти за дигитализација, Работна верзија.
2. ,,Насоки за дигитализациски проекти'', Национална библиотека на Црна Гора,, Ѓурѓе Црнојевиќ.
3. CONWAY, P. (2001). Проект за управување, и зачувување опции во дигитален светот: да снимате или да скенирате. Andover, MA, Североисточна конзервација на документи, Центар.
4. ПЕТС, Д. И ПИКОВЕР, М. (2001). DISA: увид на африкански модел за дигитални,.Развој на библиотеки.
5. SITTS, M. K. (2000). Прирачник за дигитални проекти: алатка за управување за зачувување и пристап. Andover, MA, Североисточно зачувување на документи
6. НАСОКИ ЗА ДИГИТАЛИЗАЦИСКИ ПРОЕКТИ 97, Корисни извори
7. Здружение на колеџ и истражувачки библиотеки, САД Информативна писменост стандарди за компетентност за високо образование
8. Проект за дигитализација во Колорадо. Дигитална Лента со алатки.
9. ХАРВАРДСКА УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА. Избор за дигитализација. Одлучување.
10. Универзитет на Калифорнија, Лос Анџелес (УКЛА). Дигитални проекти. Проект управување.
11. http://www.dlib.org/dlib/november01/peters/11peters.html
12. http://www.nedcc.org/digital/dighome.htm
13. http://www.ala.org/acrl/ilcomstan.html
14. http://coloradodigital.coalliance.org/toolbox.html
15. http://coloradodigital.coalliance.org/toolbox.html
16. http://preserve.harvard.edu/bibliographies/matrix.pdf
17. http://digital.library.ucla.edu/about/estimating/projectmanagement.html
18. http://www.managedoutsource.com/blog/2007/10/advantages-of-digitization.html
19. http://www.sveti-sava.edu.rs/otpremljeno/Digitalizacija1.pdf
20. http://www.changefactory.com.au/our-thinking/articles/benefits-digitisation/
21. http://www.totallygamingacademy.com/digital-transformation-academy
22. http://www.totallygamingacademy.com/digital-transformation-academy

М-р Тања Крстева
Европски Универзитет Република Македонија
Тел: +38978201900
Е-маил: Email: tanja.krsteva@eurm.edu.mk

Предизвиците и стратегиите на дигиталната деловна трансформација

АПСТРАКТ
Организациите од сите големини во целиот свет се обединети во разговорот околу една тема: дигитална деловна трансформација. Дигиталната трансформација е околу нас. Дигиталното нарушување е опсесија број еден што ги прогонува денешните менаџерски тимови низ целиот свет. Иако тоа може да значи различни работи на различни луѓе, лидерите насекаде ја гледаат вредноста која има цврста деловна технологија која ќе го забрза времето на пазарот, ќе ја оптимизира ефикасноста и ќе го подобри целокупното корисничко искуство- што во крајна линија ќе доведе до подобрена продажба, раст на бизнисот и намалување на трошоците.

Клучни зборови: Деловна трансформација, дигитална трансформација, интернет, стратегии, ЕРП.

The Challenges and Strategies Behind Digital Business Transformation

ABSTRACT
Organizations of all sizes throughout the world are united in a conversation around a single topic: digital business transformation. Digital transformation is all around us. Digital disruption is the number one obsession haunting today's management teams worldwide. While it may mean different things to different people, leaders everywhere see the value that having a solid business technology structure in place will speed time to market, optimize efficiency and improve the overall customer experience — ultimately leading to improved sales, business growth and reduced costs. Social institutions and commercial sectors across the board have experienced it, and are still going through it. The new digital-born enterprises are typically free of any physical assets such as fleets, factories, machinery and other goods.

Keywords: Business transformation, digital transformation, internet, strategies, ERP.

1. Going Digital?

Companies today are rushing headlong to become more digital. At any given point of time, every organization is focused on different things depending on their company maturity, industry/market trends, operational and tactical issues on hand and the long-term strategic initiatives. For some executives, it's about technology. For others, digital is a new way of engaging with customers. And for others still, it represents an entirely new way of doing business.

None of these definitions is necessarily incorrect. But such diverse perspectives often trip up leadership teams because they reflect a lack of alignment and common vision about where the business needs to go. This often results in piecemeal initiatives or misguided efforts that lead to missed opportunities, sluggish performance, or false starts.

Almost every company wants to "Go Digital." Being digital requires being open to reexamining your entire way of doing business and understanding where the new frontiers of value are. For some companies, capturing new frontiers may be about developing entirely new businesses in adjacent categories; for others, it may be about identifying and going after new value pools in existing sectors.

Unlocking value from emerging growth sectors requires a commitment to understanding the implications of developments in the marketplace and evaluating how they may present opportunities or threats. The Internet of Things, for example, is starting to open opportunities for disrupters to use unprecedented levels of data precision to identify flaws in existing value chains. In the automotive industry, cars connected to the outside world have expanded the frontiers for self-navigation and in-car entertainment. In the logistics industry, the use of sensors, big data, and analytics has enabled companies to improve the efficiency of their supply-chain operations.

At the same time, being digital means being closely attuned to how customer decision journeys are evolving in the broadest sense. That means understanding how customer behaviors and expectations are developing inside and outside your business, as well as outside your sector, which is crucial to getting ahead of trends that can deliver or destroy value.

2. Digital Tech Performance Challenges and Maturity

The meaning of "digital" differed significantly between organizations. The complexity of engagement was also wide-ranging. While some companies are effectively "defining industry 4.0", others are still focusing on getting all their staff "on to email". The term "digital" is clearly too vague and managers need to be specific about what they mean by digital in the context of the task at hand, or the company's business objectives.

The digital initiatives companies engaged in touched primarily on the marketing, sales and business processes. Where China differed significantly from the rest of the world is in its high engagement in activities related to data management and analytics, laying a strong foundation for future competitive advantage in a world that is becoming increasingly data driven.

Some managers may discover that it is their own world view which is inhibiting their own effectiveness. Those managers who have regarded management to be an acquired skill, which exists largely external to themselves may still be trying to reconcile these two opposing views. Other managers have made the simultaneous realization that it often is their own thinking that limits their performance.

In the hard systems approach improvement are seen as stemming from the achievement of four fundamental goals:

1. Reduction of uncertainty levels through rationalization,
2. Prediction of future states of the systems,
3. Preparation for these predicted future states

4. Control of all relevant forms of performance through negative feedback mechanisms, to assure efficiency.

Companies can have four levels of digital maturity: high digital and transformation management intensity, low digital and transformation management intensity, or mix of the two. Companies in the lower left are Digital Beginners. These businesses do very little with advanced digital capabilities, although they may be maturing with more traditional applications such as ERP or electronic commerce. Although companies may be Digital Begınners by choice, more often than not they are in this quadrant by accident.

Organizations in the top leeft are Digital Fashionistas. These companies have implemented or experimented with many digital applications. Some of these initiatives may create value, but many do not. While they may look good together, these digital aplications are not implemented with the vision of gaining synergies among the items. Digital Fashionistas are motivated to bring on digitally powered change, but their digital transformation strategy is not founded on real knowledge of how to maximize business benefits. Companies lacking enterprise-level governance may find they are in this quadrant at the corporate level, even if digital efforts are more mature in some business unites.

Transformation teams may add value by helping to translate business requirements into technology design requirements. It improvement opportunities may involve considering new systems, modifying existing systems, considering new IT governance approaches, or considering alternative sourcing options. The clients goals for these improvement efforts may be focused on IT performance, reliability and security. In a transformational context, the business performance goals are the ultimate objective, not the tehnology itself.

3. Social media

By leveraging social networks, companies can solicit not only their customers' ideas for product improvement, but also their feedback on product performance. For example, one food manufacturer has used "votes" on social forums to develop new flavors of potato chips.

Social media can also help companies customize products. Some companies also use data about consumer preferences to design the next versions of their products.

Analytics and big data enable data capture from vast and disparate audiences, which can lead to sharper insights and better decision making. Leading manufacturers can see how people are using their products, as well as what features are and are not popular. They can then leverage that information to help prioritize which new features to include in the next generation of vacuum cleaners, dishwashers, refrigerators and TVs.

By developing mobile applications that respond to what they learn about customer needs, top players are positioning themselves as potential winners in the connected world of the "Internet of things." Smartphone apps let property owners control domestic security systems while away from home; "intelligent" scales linked by WiFi to a pedometer app on a phone let exercisers know how many calories they've burned.

Mobility, of course, also enables greater PLM connectivity. Customers, employees and suppliers can communicate and participate in PLM processes more quickly and easily, reducing wait time and accelerating speed to market.
Then there's the cloud model. With its pay-per-use commercial framework, swift implementation and flexibility, it allows a company to quickly and efficiently scale up its computing needs during the early phase of product development and then scale back down later. This alleviates the need to continually build new engineering infrastructure to support product development—as well as the need to pay for such infrastructure when it's not in use.

CONCLUSION

Companies today are rushing headlong to become more digital. At any given point of time, every organization is focused on different things depending on their company maturity, industry/market trends, operational and tactical issues on hand and the long-term strategic initiatives. Being digital means being closely attuned to how customer decision journeys are evolving in the broadest sense.

The digital initiatives companies engaged in touched primarily on the marketing, sales and business processes. Companies can have four levels of digital maturity: high digital and transformation management intensity, low digital and transformation management intensity, or mix of the two. Transformation teams may add value by helping to translate business requirements into technology design requirements. The clients goals for these improvement efforts may be focused on IT performance, reliability and security. In a transformational context, the business performance goals are the ultimate objective, not the tehnology itself.
Social media can also help companies customize products. Some companies also use data about consumer preferences to design the next versions of their products.

REFERENCES

1. Ganesh Shermon, 2017, "Digital Talent - Business Models and Competencies", LULU Publishing, Raleigh, NC.
2. Ioan Hosu, Ioana Lancu, 2017, "Digital Entrepreneurship and Global Innovation ", Igi Global, USA

М-р Младен Трајков, Пензионер од МВР
М-р Александар Нацевски, Вработен во МВР

Корпорациската конспиративност-можност за побрз развој

АПСТРАКТ
Преку обработка на темата ,,Корпорациската конспиративност-можност за побрз развој", направен е обид за анализирање на правните инструменти и можностите кои стојат на располагање на менаџментот за примена и користење на корпорациската конспиративност која може да им послужи во нивниот побрз развој. Истовремено низ трудот провејува значењето на општата и конкретната конспиративност кои се поврзани со развојот на корпорацијата, иновациите, развојните механизми и друго. Преку конкретни механизми за примена на корпоративна конспиративност, овозможуваме на еден попластичен начин да се осознае значењето на овој инструмент за развојот на корпорацијата. Токму непочитувањето на корпорациската конспиративност, придонесува до развој на индустриската, технолошката и другите видови на шпионажа со што во светски рамки е многу тешко да се заштитат: иновациите, новите технологии и други механизми во развојот на корпорациите. Примери за претрпените штети од непочитување на корпорациската конспиративност се секојдневните производи (плагијати-фалсификати), примена на украдени иновации кои се развивани со години во една корпорација и за кои во развојната корпорација се потрошени огромни финансиски и други ресурси.

Клучни зборови: корпорација, конспиративност, развој

CORPORATE CONSPIRACY – THE OPPORTUNITY FOR FASTER DEVELOPMENT

ABSTRACT
Through the processing of the topic "Corporate Conspiracy - the opportunity for faster development", an attempt has been made to analyze the legal instruments and the possibilities available to the management for the application and use of corporate conspiracy that can serve them in their faster development. At the same time, the paper examines the significance of the general and concrete conspiracy that are related to the development of the corporation, innovations, development mechanisms, and so on. Through concrete mechanisms for applying corporate conspiracy, we enable in a more plastic way to become aware of the significance of this instrument for the development of the corporation. The disrespect of corporate conspiracy contributes to the development of industrial, technological and other types of espionage, which is very difficult to protect globally: innovations, new technologies and other mechanisms in the development of corporations. Examples of damage suffered by disrespecting corporate conspirators are the everyday products (plagiarism-fakes), the use of stolen innovations that have been developed for years by a corporation and for which huge financial and other resources have been spent in the development corporation.

Key words: corporation, conspiracy, development

Вовед

Развојот на современите технологии во светски рамки придонесе до зголемени можности и до леснодостапност и до оние информации[193] кои претставуваат како државни тајни така и индустриски и друг вид на тајни податоци, за кои постои интерес од нивно осозновање на конкурентски корпорации, други држави или поединци. Ваквата состојба со пристапот до информациите, од менаџментот во корпорациите бара развивање на нови способности, вештини и технологии како би ги заштитиле своите корпорациски интереси и сознанија со цел побрз општествен развој на корпорацијата. Токму заради ваквите моментални состојби во светски размери, истите не мотивираа да се позанимаваме со оваа тематика и малку подлабоко да навлеземе во истата со што истовремено на корпорацискиот менаџмент ќе му овозможиме поблиски информации за состојбите.

Дефинирање на корпорацискатa конспиративност

Со цел разјаснување на феноменот на тајноста во работењето а особено во развојот на корпорациите, ќе направиме обид преку дефинирање и објаснување на поимот консирација во делот на безбедноста да го објаниме и неговото значење за корпорациите.

Конспиративен (лат. conspirativus) заверенички, кој има карактер на завера, уротнички, таен, строго доверлив[194].

Конспирација (лат. conspiratio – завера, урота, тајност во работењео), систем и метод на подземните организации за заштита на тајноста на своето илегално работење и членовите на илегалната организација....[195]

Конспиративност лат. доверливост, тајност на работењето, скриеност од власта[196].

Претставените поими за конспиративност ни овозможуваат да осознаеме дека развојот на новите технологии во процесот на производството, развојот на новите производи кои овозможуваат примат во општеството, на пазарот и во економската свера се поврзани со велот на тајноста, се со цел, никој да не дознае на што се работи и што се развива како би се попречило стекнатите сознанија да дојдат до конкуренцијата а потрошените средства во развојот да не можат да се повратат бидејќи конкурентите први го изнеле производот на пазараот и остварile солидна финансиска добивка.

Механизми преку кои се штити корпоративната конспиративност

Заради заштита на сопствените интереси, корпорациите во својата структура и систематизација воспоставуваат однос на подреденост и надреденост но истовремено и врвен или топ менаџмент, кој што е надлежен за успешно работење и развој на корпорацијата. За секоја сериозна компанија, клучот и патот на развојот се поставени во мисијата и визијата на истата, а развојот, се одвива преку краткорочните, среднорочните и долгорочните планови. Според

---

[193] Информација е сознание кое може да биде пренесено во било која форма, предвидено во Закон за класифицирани информации, Службен весник на Република Македонија бр.9/2004, чл. 5, т. 1

[194] Милан Вујаклија, Лексикон страних речи и израза, Просвета Београд, 1980, Београд, стр. 455

[195] Обрен Ђорђевић, Лексикон безбедности, Партизанска књига, Београд, 1986, стр.162

[196] Љубо Миќуновиќ, Современ лексикон на странски зборови и изрази, Наша книга, Скопје, стр. 308

ваквата поставеност на работите неопходно е постигнување на целите кои се поставени а за тоа се надлежни менаџментот и секако одделот за развој. Со цел, успешно функционирање на внатрешната организација и системот, истите се објаснуваат и уредуваат со соодветни правилници, а од особена важност е правилникот за пристап до одредени информации и нивото кое е дозволено за вработените. Се разбира, одделот за развој ***(безбедносна зона)***[197], е посебен оддел и пристапот во него и излезот од него е определен со одреден многу построг режим. Во развиените и големи корпорации постојат повеќе нивоа на заштита: физичка, техничка и друга. Нивото на физичка заштита најчесто е поврзано со нивото на електронска заштита и безбедносен документ за идентификација, идентификациски отисок, скен на лице или друг вид на видео заштита. Особено е важно да се напомене дека во делот на заштитата од особена важност е елиминирање на можноста од внесување на електронски уреди (медиуми за снимање) во забранетата зона (дефицит на фото, видео и друг вид документирање заради изнесување надвор), но истовремено и забрана за внесување, а особено на изнесување на хартиени и други документи. Многу често, кога се работи за особено осетливи развојни програми и активности, постои зголемување на нивото на безбедност, кое се протега и на личната безбедност на вработените и нивните семејства па тие се преселуваат да живеат во строго контролирани затворени средини (особено во високотехнолошките зони - силиконската долина, развој на нови оружја, технологии, заштитна опрема, атомски и други технологии). Во овој контекст е и развојот на автомобилската индустрија каде што развојот на новите концепти и нивното тестирање се остварува преку нивно камуфлирање, тестови на затворени стази за тестирање на возила, непристапни и сокриени терени за тестирање и потврдување на возните својства на возилото, далеку од јавноста а особено од фоторепортерите.

Фотографија бр. 1 Развојна фотографија од нов модел на Мерцедес-Бенз[198]

[197] Безбедносна зона е простор или просторија во објектот во кои има или се чуваат класифицирани информации од степенот „доверливо" или повисок степен и има потреба од соодветна физичка заштита, предвидено во Закон за класифицирани информации, Службен весник на Република Македонија бр.9/2004, чл.5, т. 14

[198] Преземено од: http://tocka.com.mk/vesti/259606/mercedes-se-podgotvuva-za-lansiranje-na-nov-krosover

Фотографија бр. 2 Развојна фотографија од нов модел на Мерцедес-Бенз[199]

Бидејќи електронската комуникацијска безбедност е особено ризична и многу често мета на напади на заинтересирани поединци и групи, поради што е неопходно да се зголеми нивото на сајбер безбедност во корпорацијата[200] на електронскиот систем на корпорацијата и многу други елементи. Сепак, во сите корпорации во кои има над 50 вработени (во 2013 бројот е намален на над 25 вработени)[201], прво и основно е водење евиденција на вработените при влез и излез од работа и почитување на работното време, ова е основниот и почетен модел на корпоративна безбедност, при што, во кругот на корпорацијата може да влезат само вработените или посетители кои ќе бидат евидентирани и документирано каде се движат (контрола на движењето, комуникацијата).

Позитивни ефекти од корпоративната конспиративност

Особено е важно сите вработени во корпорацијата од највисоката до најниската позиција да го сватат значењето на корпорациската конспиративност, бидејќи од нејзе зависи развоот на корпорацијата и продолжување на работниот однос, редовната исплата на личниот доход и секако добивање одредени бенефиции од остварениот профит. Уште позначајно е сите бработени да ги почувствуваат позитивните придобивки од развојот и на тој начин да се почувствува нивната вклученост во процесот, истовремено на тој начин да бидат мотивирани и самите да придонесат до одредени подобрувања и иновации во процесот.

[199] Преземено од: http://automedia.investor.bg/a/0-nachalo/25404-mercedes-benz-zagatna-za-nov-sporten-model/

[200] Александра Станковска, Сајбер закана за финансискиот сектор, Втора меѓународна научна и стручна конференција, Општествени, економски, правни, безбедносни и социјални детерминанти за развојот на корпоративната безбедност во Република Македонија, регионот и пошироко, Асоцијација за корпоративна безбедност во Република Македонија, со финансиска поддршка на НИКОБ Македонија, Скопје, 2017, стр.45

[201] Закон за изменување и дополнување на законот за работни односи, Службен весник на Република Македонија бр. 25/2013, чл. 21 во кој е изменет претходниот чл.116 став 7.

Негативни ефекти од непримeнувањето на корпоративната конспиративност

Многу позначајни или суштински се негативните ефекти од непримeнувањето на корпоративната конспиративност. Прашањето е зошто? Постојат многу причини кои заради просторните можности во текстот ќе бидат само наброени:

- Овозможување достапност на особено важни информации на лица кои во никој случај не смеат да ги дознаат (индустриска деловна шпионажа)[202];
- Јавно пренесување на доверливи информации од процесот на развој на новите производи и нанесување директни штетни последици на корпорацијата;
- Предизвикување на кривична[203] или прекршочна одговорност а секако и одредена дисциплинска одговорност за вработените кои овозможиле пристап до информации, простории или документи кои претставуваат: деловна, службена, државна или друг вид на класифицирана информација;
- Губење на инвестираните средства за развој на одреден концепт (технологија) кои се пресметуваат во милионски суми;
- Немање можност за вадење на нов производ на пазарот а застарениот веќе не се купува, ова има дирекни негативни финансиски ефекти;
- Рестрикции и неможност за нови инвестиции;
- Рестрикции на вработените, намалување на личните доходи, големи отпуштања од работа и затворање на одредени производствени капацитети;
- Крајно или нужно зло е стечај или комплетно затворање на производствениот процес, корпорацијата и особено тежок период за вработените без средства за лична егзистенција.

Заклучни согледувања

Дали заклучокот е доволен за една вака осетлива тема е прашање кое треба да биде упатено до врвниот менаџмент на секоја сериозна компанија-корпорација. Средствата кои се инвестирани во обуки и развој на целокупниот кадар на полето на безбедноста треба да бидат сватени како средства за развој бидејќи позитивните ефекти кои ќе бидат придобивки од стекнатото знаење и вештини се можност за развој на корпорацијата. Од друга страна континуираниот процес на надградба на полето на безбедноста на и во корпорацијата може да донесе само позитивни придобивки а плодовите од истите треба да ги користат ,,сите вработени" не само сопствениците, управителите и лицата од менаџментот. Клучно и можеби најважно од се е чувството на секој вработен дека лично тој е кариката која преку своето работење и давањето и прифаќањето на добри и новативни предлози и самиот е особено значаен во развојот и напредокот на корпорацијата. Конспиративноста и нејзиното применување и почитување во секој поглед, кога е насочена во развојот на корпорацијата има само позитивни ефекти, и тикму затоа е особено важно менаџментот од време на време за истата да ги потсетува вработените и пред нив

[202] Оливер Бакрески, Драган Триван, Сашо Митевски, Корпорациски безбедносен систем, Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот, Скопје, 2012, стр. 126

[203] Кривична одговорност според Кривичниот законик, Службен весник на на Република Македонија бр. 37/96 и сите подоцнежни измени и дополнувања

да ги презентира позитивните и секако негативните ефекти од нејзиното непочитување.

Користена литература

1. Александра Станковска, Сајбер закана за финансискиот сектор, Втора меѓународна научна и стручна конференција, Општествени, економски, правни, безбедносни и социјални детерминанти за развојот на корпоративната безбедност во Република Македонија, регионот и пошироко, Асоцијација за корпоративна безбедност во Република Македонија, со финансиска поддршка на НИКОБ Македонија, Скопје, 2017
2. Владо Водинелиќ, Криминалистика-пето измењено и проширено издање, Савремена администрација, Београд, 1984
3. Гоце Џуклески, Вовед во криминалистика, График Мак Принт, Скопје, 2006
4. Гоце Џуклески, Вовед во криминалистика (второ дополнето издание), График Мак Принт, Скопје, 2008
5. Методија Ангелески, Криминалистика (општа криминалистичка теорија), НИО ,,Студентски збор",Скопје, 1993
6. Методија Ангелески, Вовед во криминалистика, Графос, Скопје, 2007
7. Милан Вујаклија, Лексикон страних речи и израза, Просвета Београд, 1980, Београд
8. Обрен Ѓорѓевиќ, Лексикон безбедности, Партизанска књига, Београд, 1986
9. Оливер Бакрески, Драган Триван, Сашо Митевски, Корпорациски безбедносен систем, Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот, Скопје, 2012
10. Оливер Бакрески, Милан Даничиќ, Желимир Кешетовиќ, Сашо Митевски, Приватна безбедност-теорија и концепт, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје, 2015
11. Тодор Витларов, Казнено правни аспекти на корпоративната безбедност, Зборник, Втора меѓународна научна и стручна конференција, Општествени, економски, правни, безбедносни и социјални детерминанти за развојот на корпоративната безбедност во Република Македонија, регионот и пошироко, Асоцијација за корпоративна безбедност во Република Македонија, со финансиска поддршка на НИКОБ Македонија, Скопје, 2017
12. Љубо Миќуновиќ, Современ лексикон на странски зборови и изрази, Наша книга, Скопје

Законски и други прописи

1. Закон за класифицирани информации-Консолидиран текст, Службен Весник на Република Македонија, бр.9/2004, 113/07, 145/10, 80/12, 41/14 и 21/18
2. Закон за кривична постапка, Сл. весник на РМ бр.15/1997, 44/2002, 74/2004, 83/2008, 67/2008, како и Одлуки на Уставен суд; Убр.36/38 објавена во Сл. весник на РМ бр.18/99, одлука бр.У. бр. 144/2003 објавена во Сл. весник на РМ бр. 27/2004, одлука У.бр. 34/05 објавена во Сл. весник на РМ бр.75/2006, одлука У. Бр. 63/2008 објавена во Сл. весник на РМ бр. 53/2009.
3. Кривичен законик, неофицијален пречистен текст, Сл. весник на РМ бр. 37/96 и закон за измени и дополнување на Кривичниот законик, Сл. весник на РМ бр. 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 87/07, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 42/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14 и 41/15.
4. Закон за изменување и дополнување на законот за работни односи, Службен весник на Република Македонија бр. 25/2013
5. http://tocka.com.mk/vesti/259606/mercedes-se-podgotvuva-za-lansiranje-na-nov-krosover
6. http://automedia.investor.bg/a/0-nachalo/25404-mercedes-benz-zagatna-za-nov-sporten-model/

М-р Џихан Ахмед
Европски Универзитет Република Македонија
Климент Охридски 68
Македонија, Скопје 1000
тел: +389(0)2 3202098
факс: +389(0)2 3202030
е-маил: cihan.ahmed@eurm.edu.mk

ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА ПРЕДИЗВИК ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈАТА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА ВО СОВРЕМЕНИТЕ КОРПОРАЦИИ

Апстракт
Во постапката за дигитализација и градење е-архива е создадена вредност за иднината. Во подготвителната постапката за дигитализација е создаден архивски план на скенирање и план на употребна вредност на документарен материјал во кој сите документи се атрибутизирани, класифицирани и лесни за пребарување и употреба. Во современите компании администрацијата има професионални сервери опремени со УПС системи за непречено напојување на истите со електрична енергија 24/7, антивирусни програмски решенија во вид на апликативен софтвер опериран од страна на информатички администратори на мрежата кои можат да бидат и надворешни правни лица кои на компаниите им ја пружаат оваа услуга. Поради тоа компаниите вработуваат соодветни стручно оспособени лица за извршувањето на оваа работа кои водат грижа за неможност од пристап до архивираните документи од страна на неовластени лица, било да станува збор за лица вработени во компанијата или пак за надворешни лица, т.н. хакери кои прават напори за влегување во електронските информациони системи на компанијата преку глобалните светски мрежи, т.е. интернетот.

Клучни зборови: *дигитализација, администрација, архиви, скенирање, постапки, интернет*

MSc. Cihan Ahmed
European University Republic of Macedonia
Kliment Ohridski 68
Macedonia, Skopje
Tel: +389(0)2 3202098
fax: +389(0)2 3202030
e-mail: cihan.ahmed@eurm.edu.mk

DIGITALIZATION CHALLENGE FOR TRANSFORMATION OF ADMINISTRATION IN CONTEMPORARY CORPORATIONS

Abstract
The digitalization and building of an e-archive has created value for the future. In the preparatory procedure for digitization, an archive scanning plan and a plan for the use of documentary material were created in which all documents are attributed, classified and easy to search and use. In modern companies, the administration

has professional servers equipped with UPS systems or known as Uninterruptible Power Supply uninterrupted power supply 24/7, antivirus software solutions in the form of application software operated by IT administrators on the network, which can be also external legal entities that their companies provide this service. As a result, companies employ suitable professionals for the performance of this job, which takes care of the inability of access to archived documents by unauthorized persons, whether it's about employees in the company or for external persons, the so-called. hackers who make efforts to enter the company's electronic information systems through global global networks, i.e. the Internet.

Keywords: *digitalization, administration, archives, scanning, procedures, internet*

Вовед

Секојдневното работење на една компанија продуцира големо количество на хартија. Традиционалната архива стана гломазна, тешка за одржување и го отежнува пребарувањето на потребниот документ. Согласно законските прописи и нормативи секој документ во компанијата треба да се складира, чува и архивира во претходно дефиниран временски период. Се поголемото користење на системи за дигитализација на хартиените материјали и документи како и измените во законските прописи наметнаа потреба од користење на електронски деловодник и електронско архивирање.

Дигитализацијата, односно преносот на конвенционалниот архивски и документарен материјал во неконвенционален архивски и документарен материјал е начин да ја зголемите вредноста, ефикасноста, безбедноста и трајноста на вашите документите. Конечен производ на нашата услуга е документ во електронска форма (PDF, PDF/A,JPG, TIFF) кој авторизираните лица од вашата компанија можат непрекинато да го користат преку нашата услуга Е-Архива или да го добијат на посебен медиум (оптичко-магнетен медиум (цврст диск), компакт диск (CD), DVD, Flash меморија).

Во зависност од нивната функционална важност и нивниот формат, услугата на дигитализација преку процесите на скенирање и индексирање може да ги конвертира вашите документи во формат со врвна употребна вредност кој е едноставен за преглед, пренос и манипулација. Во Инбох може да се дигитализираат сите документи независно од нивниот тип, од видот и форматот на хартијата (A0-A8), како и конверзија на микрофилм во дигитална копија.

За нас безбедноста на податоците е вредност со која не правиме компромис. Во рамките на услугата дигитализација на деловна документација ние ја гарантираме безбедноста на сите податоци кои се дигитализираат согласно регулативата од Законот за заштита на лични податоци. При процесот на дигитализација се опфатени бројни безбедносни и контролни механизми за заштита на информацискатa вредност на документот, како и неговиот физички интегритет.

Процесот за дигитализација и градење Е-Архива

Во процесот за дигитализација и градење Е-Архива, создаваме вредност за иднината. Во подготвителната постапка за дигитализација се креира соодветен план за скенирање и индексирање. Планот опфаќа класификација

на документите по функционални типови и одредување на параметри за индексирање во согласност со вашето работење, чија цел е брзо и лесно пребарување на истите.

- Дигитализација на документација во простории на клиентот

Проектната дигитализација која претставува скенирање и обработка на документација од одреден временски период, одреден сектор или одредена функционална важност, може да биде извршена и во ваши простории.

Имателите на приватен архивски и документарен материјал се должни да водат основна или сопствена евиденција за архивскиот и документарниот материјал, да донесат план на архивски знаци со листа на архивски и документарен материјал, да вршат тековно одбирање на архивскиот од документарниот материјал и да го чуваат трајно архивскиот материјал согласно овој закон.

Конвенционален архивски и документарен материјал е оној материјал кој е запишан на хартија и за кое читање не е потребен специјален уред. Дигитализација претставува пренесување на архивскиот материјал од физички и аналогни облици во електронски облик. Неконвенцијален архивски и документарен материјал е оној материјал кој е запишан на посебен медиум (микрофилм, оптичко-магнетен медиум (цврст диск), компакт диск (CD), DVD, Flash меморија или холографски диск). За читање на содржината на овој материјал се потребни посебни уреди. Во неконвенцијален материјал спаѓаат: електронски документи креирани со помош на компјутери и други електронски уреди во дигитален облик; податоци евидентирани во бази на податоци врз основа на кои преку нивна обработка се креираат конвенцијални документи и дигитални слики добиени со некоја постапка на дигитализација на конвенцијалните документи

ПРОСТОР, ОПРЕМА и УСЛОВИ за чување и заштита на архивски и документарен материјал

Податоците евидентирани во дигитални бази на податоци и дигиталните слики на документи добиени со дигитализација на конвенцијални документи, се чуваат на начин кој ги обезбедува од неовластен пристап, бришење, менување или губење на податоците, во согласност со закон и други прописи за управување и заштита на информациските системи (правење на бекап копии секојдневно на компакт диск, DVD, магнетна трака, мобилен цврст диск или на сервер од некој провајдер кој дава услуги за чување на база на податоци во согласност со законските прописи).

Основна евиденција за сите примени и сопствени документи/записи е деловодникот или друга посебно пропишана книга за евиденција. Пописот на документи/записи служи за заведување на документи/записи од ист вид што се примаат или создаваат во поголем број, а по кои се води иста постапка[204] (на пример: потврди, уверенија, фактури, решенија за годишен одмор и други). Пописот на документи/записи е составен дел на деловодникот.

3. ИНТЕРНА ДОСТАВНА КНИГА – СЕ ПОПОЛНУВА СО ЕДЕН КЛИК
4. КНИГА ЗА ПОШТА – СЕ ПОПОЛНУВА СО ЕДЕН КЛИК

[204] Džorž Soros „O globalizaciji“, Samizdat B92, Beograd, 2003

5. КНИГА ЗА МЕСТО – СЕ ПОПОЛНУВА СО ЕДЕН КЛИК

Архивски сеф

Архивски сеф е физички простор од цврста градба за чување на конвенционален и неконвенционален архивски и документарен материјал кој:
- има статика на конструкцијата на објекот/депото од 9+ според европската сеизмичка скала;
- има двојно контролиран пристап (физички и електронски);
- има алармен систем за откривање и дојава на неовластен пристап;
- обезбедува огноотпорност од најмалку 60 минути спрема внатрешно и 180 минути спрема надворешно опкружување;
- има систем за рано откривање, дојава и гаснење на пожар според сертифициран противпожарен елаборат;
- обезбедува константна и контролирана температура од 16 до 20 целзиусови степени;
- обезбедува константна и контролирана релативна влажност од 30% до 50% и
- обезбедува антистатичка заштита.

Серверска соба

Серверска соба е физички простор од цврста градба за чување на неконвенционален (електронски) архивски и документарен материјал, кој:
- е со контролиран пристап со физичка и електронска брава;
- обезбедува огноотпорност на надворешна средина од најмалку 60 минути;
- има алармен систем за откривање и дојава на неовластен пристап;
- има алармен систем за рано откривање и дојава на пожар;
- има соодветен систем за гаснење на пожар;
- обезбедува константни и регулирани микроклиматски услови со температура од 16 до 20 целзиусови степени и влажност од 35% до 50% и
- поседува соодветна антистатичка заштита.

Серверската соба не се организира заедно или во склоп на документарната соба или архивата на имателот. Простор, опрема и услови за чување и заштита на архивски и документарен материјал Чувањето на архивскиот и документарниот материјал, во зависност од обемот и обликот (конвенционален или неконвенционален) се врши во соодветен простор, и тоа во:
а) документарен ормар;
б) документарна соба (писарница);
в) архива;
г) архивски сеф ...

Документарен ормар е означен монтажен физички простор за чување на архивски и документарен материјал кој овозможува контролиран пристап до материјалот преку физичка или електронска брава. Документарниот ормар се поставува во просторија која има инсталиран систем за откривање на пожар и сигнален уред за алармирање или дојава (електронски сигнал) на пожар.

Документарниот ормар во неговата најниска точка е подигнат од основниот под на просторијата во која се наоѓа на висина од најмалку 10 см. Документарна соба е простор од цврста градба до 50 м2, за чување на конвенционален архивски и документарен материјал, која овозможува заштита од неовластен пристап или злоупотреба, преку контролиран пристап со физичка или електронска брава.[205]

Документарна соба

Документарната соба треба да:
- обезбедува огноотпорност кон внатрешен и надворешен простор од најмалку 60 минути;
- има инсталиран систем за рано откривање и алармирање на пожар и
- поседува соодветен уред за противпожарна заштита.

Во документарната соба не се чуваат електрични апарати под напон, хемиски и биолошки материјали кои можат да доведат до трајно оштетување или уништување на архивскиот и документарниот материјал.
Архивата е физички простор за чување на конвенционален архивски и документарен материјал кој:
- има простор за чување на материјалот над 50 м2;
- има физички или електронски контролиран пристап;
- има алармен систем за откривање, сигнализација и дојава на неовластен пристап;
- обезбедува огноотпорност од најмалку 60 минути на надворешно влијание;
- има контролирана внатрешна електрична инсталација;
- има систем на рано откривање, сигнализација и дојава на пожар;
- има противпожарна заштита и
- има хигиенско-технички услови.

Архивата е простор што е исклучиво наменет за чување и заштита на архивски и документарен материјал и не се користи за чување на други материјали.[206]

Клучни фактори за реализација на е-архивата во администрацијата во современите корпорации

Важно е да се потенцира дека новата стратегија може да биде целосно и успешно имплементирана само доколку се обезбедат четири клучни предуслови за нејзина имплементација - обезбедување на релевантни податоци, добра организација, координација и финансиска одржливост. Овој заклучок произлегува од искуствата и научените лекции во спроведувањето на претходната стратегија. Имено, обезбедувањето на точни и релевантни податоци за областите кои ќе бидат предмет на реформата, правилното лоцирање на институциите кои ќе бидат надлежни за спроведување на поодделни делови од истата, нивната соодветна организација, капацитетите и

[205] AA Berle and GC Means The Modern Corporation and Private Property (2nd edn Harcourt, Brace and World, New York 1967- (https://www.repository.law.indiana.edu/cgi/viewcontent.cgi?referer=https://www.google.com/&httpsredir=1&article=5120&context=ilj)
[206] Collier Paul, Dollar David „Globalization, Growth and Poverty: Building an Inclusive World Economy“, Oxford University Press and World Bank, 2002

демонстрираното лидерство од страна на раководните лица на овие институции, добрата координација и прецизните механизми за следење на реализацијата на активностите, како и прецизната проценка на трошоците за нејзина имплементација но и прецизно дефинираните извори на средства за таквите активности, се "conditio sine qua non" во однос на успешна имплементација.

Како клучни предуслови кои задолжително мора да бидат исполнети за да се обезбеди реализација на стратешките определби и кои долгорочно треба да обезбедат унапредување и трансформација на администрацијата во сервис на граѓаните се следните:

- Посветеност, што подразбира обезбедување на разбирање и поддршка пред се од највисоките раководни структури, но и од вработените;
- Регулатива, која опфаќа постоење на соодветни регулативи, усогласеност на постојни закони, донесување на стандарди, стратегии, политики и други документи;
- Имплементација, што подразбира континуирана примена на регулативата и ставањето на проектите во функција, и организациски дизајн на силни институции одговорни за сервисна ориентираност и координирано управување;
- Дигитализација, која се однесува на знаења за актуелни теми, соодветни капацитети, модерни ИТ решенија и друго.

Како предуслов за ова е дигитализацијата и прочистувањето на сите јавни регистри од чии податоци директно зависи квалитетот на услугите; и

- Вклученост, која подразбира вклученост на граѓанскиот сектор, бизнис секторот, стручната и научната јавност и други засегнати страни.

Недостатоците и ризиците на процесот на децентрализацијата се однесуваат пред се на:

1. Недоволната екипираност и обученост на општинската администрација за превземање на трансвериранитe надлежности на делот на локалната власт,
2. Проблеми во управувањето како недостаток на соодветна координација на нискиот квалитет на справување со новата ситоација на трансферирана локална власт,
3. Непостоење на стратегија за финансиската децентрализација на локалната самоуправа,
4. Зголемување на ингеренциите на локално ниво без извршена финансиска децентрализација и сигурно буџетирање на општините и др.[207]

Заклучок

Администрација ќе претставува вистински и целосен сервис на потребите на граѓаните, нивен партнер и основен двигател на општествениот развој и напредок. Ќе се овозможи трансформација на свеста кај службениците, преку нивно континуирано обучување и правилно оценување на нивната работа со прифаќање на современите европски трендови и најдобрите практики на добро владеење. Ќе има целосна отчетност, транспарентност и одговорност на сите носители на јавни овластувања, кои ќе бидат под непосредна и

[207] Collier Paul, Dollar David „Globalization, Growth and Poverty: Building an Inclusive World Economy", Oxford University Press and World Bank, 2002

континуирана контрола на граѓаните. Техничко-технолошкиот развој и развојот на информатичката технологија ќе бидат препознаени и максимално искористени во процесот на дигитална трансформација на администрацијата. Современите електронски алатки ќе бидат од суштинско значење за поголема ефикасност и економичност на јавната администрација. Ќе се зголеми довербата на граѓаните, на компаниите и на сите останати општествени чинители кон администрацијата, доверба која ќе произлезе од зголемената одговорност, професионалниот однос и сервисната ориентација на службениците.

Користена литература

- AA Berle and GC Means The Modern Corporation and Private Property (2nd edn Harcourt, Brace and World, New York 1967 (https://www.repository.law.indiana.edu/cgi/viewcontent.cgi?referer=https://www.google.com/&httpsredir=1&article=5120&context=ilj)
- Collier Paul, Dollar David „Globalization, Growth and Poverty: Building an Inclusive World Economy“, Oxford University Press and World Bank, 2002
- Džorž Soros „O globalizaciji“, Samizdat B92, Beograd, 2003

М-р Марија Цизалоска
Факултет за Економски науки
Европски Универзитет – Република Македонија, Скопје
mcizaloska@yahoo.com

BLOCKCHAIN ТЕХНОЛОГИЈА

АПСТРАКТ
Bitcoin, дефинитивно е термин кој ја одбележа 2017 година. Неверојатниот раст на вредноста, како и на неговата популарност го доведе во центарот на вниманието на финансиските аналитичари и ги редефинираше законите на пазарно однесување. И после години означување на криптовалутите како експеримент, балон и шпекулација, пазарот постои, но останува прилично волатилен и неизвесен.
Но она што во последно време го привлекува вниманието на инвеститорите е концептот на дигиталната валута, односно технологијата која стои позади него и чија цел е да овозможи брзи, ефикасни и сигурни трансакции, без присуство на посредници, а тоа е – Blockchain. Ако Bitcoin беше само увертира, Blockchain е револуционерна технологија во IT секторот, подготвена да го промени светот.
Прашањето е што е Blockchain, на кој принцип работи и какви промени може да предизвика во индустријата?

Клучни зборови: Bitcoin, blockchain, технологија, финансиска индустрија, дигитална револуција

BLOCKCHAIN TECHNOLOGY

ABSTRACT
Bitcoin was definitely the buzzword of 2017. Its incredible rise in value as well as popularity made it the focus of attention of financial analysts and redefined the laws of the market. After years of being viewed as experiment, instruments of speculation, bubble, now there is a market for cryptocurrencies, however it is very volatile and uncertain.
But what has been capturing the attention of investors lately is the concept of a digital currency, or rather the technology behind it aimed at ensuring fast, efficient and safe transactions without mediators and that is Blockchain. If Bitcoin was the opening act, Blockchain is the revolutionary technology in the IT sector ready to change the world.
The question is what is Blockchain, how does it work and what are the changes it can make in the industry?

Keywords: Bitcoin, Blockchain, technology, financial industry, digital revolution

Што е Blockchain технологија?

Blockchain прв пат се појави 2009 година како технологија која го овозможи креирањето на Bitcoin-от, првата глобална, дигитална валута. Основните концепти се развиени во оригиналниот документ на Satoshi Nakamoto од 2008 година, со наслов: Bitcoin: A peer-to-peer Electronic Cash System[208]. Започна со Bitcoin, се прошири и на другите дигитални валути, а сега оваа технологија бара примена и во други сегменти од животот. Идејата на Bitcoin- от беше децентрализирана, анонимна и целосна слобода на пазарот – во што и успеа.
Blockchain технологијата е комбинација од докажани технологии применети на нов начин. Комбинацијата на peer-to-peer (P2P) мрежата и дистрибуираниот сервер кој ја забележува секоја трансакција со временски печат, создаде база на податоци која е автономна и дистрибуирана помеѓу сите учесници во мрежата. Резултатот е систем за дигитална интеракција за која не е потребна трета страна.
Во суштина, Blockchain (ланец на блокови) содржи мрежа на шифрирани блокови на податоци. Blockchain е база на податоци која ја чинат повеќе блокови, меѓусебно дигитално поврзани, а кои содржат податоци за дигитални информации од било кој вид. Овие податоци не може да бидат изменети или хакирани, бидејќи секој блок на податоци во ланецот е поврзан со претходниот и заштитен со криптографски клуч, наречен Hash. Во одредена смисла, blockchain е отворена, дигитална книга (слично како и главната книга во сметководството) која содржи информации за сите финансиски трансакции во мрежата. Во секој блок на податоци може да се запише одреден број на податоци или трансакции. Кога блокот ќе се пополни, се креира нов блок и така натаму. На овој начин се формира непрекинат блок на информации, кои се меѓусебно поврзани и невозможно е истите да бидат прекинати. Тие се конзистентни. Како што книгата оди страница по страница, така blockchain има датотека по датотека кои се поврзани.
Со тоа што податоците се хаширани, истите неможат ретроактивно да бидат променети. Затоа оваа технологија е толку добра – еднаш запишан податок, не може повеќе да се измени. Значи нема криење на податоци, менување на истите или бришење. Се останува запишано во еден од блоковите на податоци кои го чинат blockchain.

Што е неговата иновативност?

Колку пати до сега сте се пожалиле на високата провизија во банките и на чекањето во редови? Кога и да сакаме да испратиме писмо, пари, пакет, e-mail, sms… мораме да користиме посредници. Посредниците обично ги зголемуваат трошоците на пренос, доцнат и претставуваат ризик. Тие чуваат голема количина наши податоци кои подоцна можат да бидат злоупотребени од страна на хакери. Посредниците можат да ни ја блокираат сметката, да ни ги замрзнат средставата или воведат ограничувања. Сега, по прв пат, повеќе

[208] https://bitcoin.org/bitcoin.pdf

не мора да ги користиме. Тоа е она што blockchain технологијата ни го овозможува.
Банкарските сметки, државните тајни информации и други централизирани податоци лесно можат да бидат хакирани. Меѓутоа, доколку сакате истото да го направите со Blockchain, мора да хакирате ланец на блокови, што е фактички невозможно. Оттука, доколку овој начин на собирање податоци во иднина најде широка примена, функционирањето на системот нема да се заснова на довербата во некорумпираните административни и банкарски службеници т.е нема да зависи од човечки фактор – туку ќе зависи од Blockchain ланецот. А Blockchain никогаш не греши. Токму и непоткупливоста на системот кој се базира на непроменливост на информациите, е она што го прави Blockchain погоден за употреба и во многу други сфери, освен финансиите, како и во економијата, администрацијата, здравството, гласањето преку интернет и слично. Едноставно кажано – Blockchain технологијата овозможува брз, ефтин и сигурен пренос на вредни пратки, без посредници и без хакирање.

Може ли Blockchain да направи револуција во светската економија?

Blockchain технологијата нуди нови алатки за автентикација и овластување во дигиталниот свет и создавање на нови дигитални односи. Многу компании и невладини организации настојуваат на примена на Blockchain во своето работење. Од Тоуота сметаат дека оваа технологија може да постигне големи резултати ако се примени на автоматизација на возилата и во полето на осигурување. Имено, сензорите во автомобилите, собраните податоци во текот на возењето, би ги чувале во Blockchain ланецот, за подоцна истите да бидат испратени на осигурителните друштва, кои на тој начин многу подобро ќе можат да направат проценка на штета.
Интернетот денес стана премногу централизиран и контролиран од страна на влади и неколку големи играчи. Не е ни чудно што и самиот креатор на интернетот, Tim Berners-Lee, во март 2017, кажа: „ Изгубивме контрола врз нашите лични податоци“. Обично на продавачите на интернет, потребно им е наше корисничко име, лозинка, детали на плаќањето и други лични податоци за да ја добиеме нивната услуга. Тоа е проблемот на поголемиот, ако не и на сите услуги поврзани со интернет – нашите информации и трансакции се чуваат на сервери, кои можат да ги инфилтрираат хакери кои се во потрага по лични податоци. Во таа смисла blockchain е неопходен и одличен за заштита и чување на нашите лични податоци. Според Microsoft, blockchain ќе ја елиминира потребата да се обезбеди „ широка согласност“ за безброј апликации и услуги (оваа ситуација ви е позната кога инсталирате некоја апликација на мобилните телефони). Вашиот идентитет не би бил дуплиран и проширен на повеќе провајдери како што се Twittwr, Facebook, Instagram, Google play, Amazon и други.
Aleks Simons, директор на програмскиот менаџмент на компанијата Microsoft Identiti Division, вели дека компанијата планира да креира платформа заснована на blockchain технологија за креирање на децентрализиран идентитет на лични податоци (DID). Тоа значи дека личните податоци нема да

бидат зачувани на сервери како што беше до сега, туку ќе бидат сместени во сигурна мрежа.
И Mark Zuckerberg, основачот на Facebook, внимателно ќе ги проучи сите можности кои ги дава Blockchain технологијата, за да може да го врати Facebook на оригиналната идеја за децентрализирана и независна социјална мрежа.

Заклучок

Несомнено е дека Blockchain технологијата е револуционерна технологија, која ќе редефинира разни аспекти на организациите. Не е ни чудно тогаш, зошто нејзината примена е предмет на истражување не само од страна на банките и технолошките компнаии, туку и на цели влади и индустрии од различни земји.
Целосна имплементација на Blockchain системот, може да се нарече еден вид апокалипса, а не револуција. Доколку неговиот полн потенцијал се реализира во финансиската сфера - банките, акционерските друштва и слични институции не би имале повеќе смисла за постоење, а иста судбина ќе имаат и нивните вработени. Целосната државна администрација ќе биде заменета со ултрапродуктивен и бескомпромисен систем ширум светот. Машините ќе бидат тие што ќе внесуваат, анализираат и ревизираат податоци во рок од неколку минути. Прашање е, што ќе се случи со индустријата, кога сите финансиски и економски информации ќе бидат автоматски достапни и навремени? Што ќе се случи со луѓето што ќе останат без работа? Само во Америка има 1,3 милиони вработени во сметководството. Технологијата во моментов им се заканува на сите, бидејќи нејзиниот напредок ги остава луѓето без работа.
Се предвидува дека и Blockchain, исто како и интернетот ќе го промени нашиот живот, ќе промени многу индустрии, пред се банкарството и осигурувањето. Она што беше интернетот во 90-тите, во наредните пет до десет години се предвидува да биде Blockchain технологијата.

Користена литература:

- www.blockgeeks.com
- www.coindesk.com
- www.wikipwdia.org
- www.startit.rs
- www.netokracija.rs
- www.bankar.me

Александар Рунески
Факултет за детективи и криминалистика при ЕУРМ
runeski21@gmail.com

МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА

Апстракт
Целта на истражувањето во областа на малолетничка деликвенција е разграничување на малолетното лице како сторител на кривично дело од возрасните лица. При определување на поимот малолетник постојат некои општи сфаќања и претпоставки кои самите по себе не се доволно прецизни што доведува до нивно различно толкување.
Во трудот се поставени насоки за поделба на сторителите на кривични дела, како и дефициниja за тоа што претставува малолетник, што содржи неговата структура на личноста, каков е неговиот темперамент и кои се неговите карактеристики и состојби, односно неговата целокупна биофизичка и психофизичка состојба која понатаму би помогнала при одлуката за казнување.
Трудот е реализиран преку темелни истражувања и се заснова врз факти и податоци во однос на организацијата и составот на судовите за малолетници, како и нивното место и улога во кривично-правниот систем на РМ, надлежноста, кривичната постапка кон малолетници, малолетничката правда и целта на казнената постапка. Од тука произлегува и неговото значење.
Клучни зборови: малолетник, малолетничка деликвенција, кривично дело, пресуда, казнено-поправен дом.

JUVENILE DELINQUENCY

Abstract
The purpose of the research in the area of juvenile delinquency is to distinguish the juvenile person as a perpetrator of a crime from adults. In determining the notion of a juvenile there are some general assumptions which are not precise enough which leads to their different interpretation.
The research provides guidelines for the division of perpetrators of crimes, as well as deficiencies in what constitutes a juvenile and what contains its structure of personality, what is its temperament and what are the characteristics and conditions, that is, the overall biophysical and psycho-physical state that further would help with the decision for punishment.
The work is carried out through thorough research and is based on facts and data regarding the organization and composition of courts for juveniles, as well as their place and role in the criminal justice system of the Republic of Macedonia, jurisdiction, criminal procedure against minors, juvenile justice and the purpose of the criminal procedure. From there comes its meaning.

Keywords: juvenile, juvenile delinquency, criminal act, verdict, penitentiary house.

Граници на кривично – правната малолетност

Издвојувањето на малолетниците извршители на кривични дела од останатите старосни категории деликвенти и создавањето на посебни законски категории на малолетниците претставува одредување на старосни граници со помош на која можеме да го отфатиме оној дел од населението кој го нарекуваме малолетни деликвенти. Историскиот приказ за уважување на студијата за развојот на малолетниците во кривичното право ни покажува дека уште во стариот век поедини права (старото кинеско право, римското право) ги определувале старосните граници на малолетството поради посебното кривично-правно третирање на малолетниците. Некои европски права од средниот век го превземале римското право, се јавуваат и неодредени, еластични граници кои се поврзани со одреден достигнат развој на малолетниците .[209]

Во поново време преовладува тежнеењето прецизно да се одреди границата на малолетството, со што се одбегнува арбитребност и јасно одвојување на категоријата на малолетниците од останатите старосни категории. Можни се два начини за одредување на старосната граница на малолетството . Во некои земји се одредува само горната граница, т.е воздраст кога почнува кривично-правното полнолетство, така што во начелото секој малолетник (па и дете на пр. од седум години) мора да биде кривично одговорно за стореното дело. Во модерните законодавства преовладува друг начин по кој освен горната граница се одредува и долната старосна граница т.е периодот кога почнува одговорноста на малолетникот во кривичното право. Малолетниците под со закон определена долна граница на малолетство немаат потребна возраст за кривична одговорност и остануваат надвор од доменот на казненото право. На тој начин одредувањето на долната граница на малолетството се врши со разграничување помеѓу деца и категории на малолетници, а со одредувањето на горната граница се одвојува категоријата на малолетници од категоријата на возрасни, полнолетни сторители на кривично дело.

Структура на личноста

Особини на личноста се особини кои ја сочинуваат структуралната основа на една личност. Со ова прашање се занимавале научните работници на полето на медицината, психологијата и другите научници дисциплини од најраното доба на постанок на овие науки , односно од Хипократ – таткото на медицината па до современите теоретки и емпириски потфати на познати психолози како што се Олпорт(G.Alport) и Одберт (H.Odbert), Гилфорд(J.P.Guilforrd), Кател и др.[210] G. Alport и H.Odbert издвоиле околу 300 придавки кои означуваат релативно трајни универзални особини кои можат да се сретнат кај сите луѓе. Тие особини може да се поделат во повеќе категории:

- Особини со кое се означуваат особеностите на темпераментот

[209] Во некои стари варварски права на раниот среден век воздрасната граница помеѓу малолетството и полнолетството се одредувала со физичката способност за носење на оружје , а во исламското право според Коранот се усвојува граница во зависност од вистинското (биолошкиот) развој на поединецот . Види Б.Златарић , о .с.р 107

[210] Пошироко за тоа B.G Alport спом. Дело глава 2 и 3 стр 36 и 54 и H.Рот спом . дело стр 41- 46

- Особини со кои се означуваат особини на карактерот
- Особини со кои се означуваат способностити , и
- Особености на физичката конструкцијата [211]

Темпрерамент и негови карактеристики

Во психолошката наука денес главно преовладува мислењето дека темпераментот и неговите особености не се однесуваат само на емоционалните реакции, туку се изразуваат и на целокупната активност на човекот, во сите видови на психолошко реагирање како и во сите движења кои човекот ги извршува, односно тој покажува и брзина, сила и траење на реакциите на поединецот воопшто[212]. Темпераментот се однесува на карактеристични појави од емоционална природа на една индивидуа вклучувајќи ја и неговата осетливост на емоционалното поттикнување, нејзините вообичаени сили и брзина на реагирање, расположението кое преовладува и сите особини на расположението, воглавно се наследни по потекло.[213] Темпераментот не останува непроменет од раѓањето до смртта, туку и тој како телесната граѓа и интелигенцијата може да се менува со медицински и хирушки влијанија како и во текот на учењето и стекнувањето на животни искуства .

Судови
Историски развој на малолетничките судови

Во науката на кривичното право (материјално и процесно) нема сомневања во фактот дека идеите и настојувањата за обезбедување на посебен статус на малолетните сторители на казнени дела почнува да се остварува во воведувањето посебни судови или судски совети за малолетниците познати како специјализирани судови. Овај институт може успешно да ги следи промените и состојбите во однос на положбата на малолетникот во кривичното право.

Организација и состав на судовите за малолетници

Судовите за малолетници како специјализирани органи за третирање на малолетните сторители на кривичните дела се развиле од редовно кривично правосудство и за релативно кратко време на своето постоење морале да пронајдат свое место во судската организација на поедини земји. Тие тоа место го завземале постепено со специјализација на службената процедурата и проширување на надлежноста што овозможило да се организираат посебни судски единици кои се повеќе и повеќе се дистанцирале од редовните судови.[214]

---

[211] N.Rot spom delo str 41
[212] Ibid . стр 5
[213] B.G Alport спом дело 50-52
[214] F.Lox ,Fondaments , Limites et Formes de l`Intervention Judiciciaire des Magistrats de la Jeunesse ,VII-e Congres l`association international des magisteres de la jeuness , Paris ,1966 p.35

Место и улога на судовите за малолетниците во кривично- правниот систем на РМ

Согласно Законот за судови [215] во Република Македонија судската власт ја вршат Врховниот суд на Република Македонија, апелационите судови и основни-те судови основани со законот. Судовите се субјекти кои вршат една од основните функции во кривичната постапка и тоа функцијата на пресудување. Судската функција се состои во одлучувањето т.е. во примената на правните норми на фактичката положба на конкретни случаи во животот, утврдена во поспаката одредена со законот. Според тоа, пресудувањето е донесување на одлука за тоа која од двете страни меѓу кои се води спорот е во право.[216] Во вршењето на судската функција судот никогаш не може да одбие да донесе одлука по еден кривичен спор. Според ЗКП, во судовите постојат совети за малолетници. Првостепените судови се состојат од еден или повеќе судии за малолетници. Советот за малолетници во првостепениот суд е составен судија за малолетници и двајца судии поротници. Судијата за малолетници е претседател на Советот. Судиите поротници се избираат од редовите на професори, лекари, воспитувачи и други лица кои имаат искуство во воспитувањето на малолетници. Така, според понудените решенија во МКЗ[217] се предлага во основните судови, во апелационите судови и во Врховниот суд на Македонија да се формираат оддели за малолетници, што се состојат од совет за малолетници, судии за малолетници и стручна соработка од одредени профили кои работат со малолетници. Во Врховниот суд се формира совет за малолетници. Судиите за малолетниците во основните и апелационите судови и обвинителите за малолетници во основните и вишите јавни обвинителства се одредуваат со распоред за работата и постапувањер во предметите со малолетници. Судиите, јавните обвинители и полициските органи што постапуваат спрема малолетните лица поради стореното казнено дело, треба да имаат поседни стручни познавања од областа на детската психологија, криминологијата, социјалната патологија, педагогијата и социјалната заштита, како и смислата за постпапување со малолетници и разбирање за нивниот развој и потреби.

Надлежност на судот за малолетници

Кога станува збор за месната надлежност во постапката спрема малолетниците по правило се определува според местото на живеење (forum domicile), а ако нема живеалиште или тоа е непознато, надлежен е судот на престојувалиштето за тоа, а не се одредува според местото на извршување на кривичното дело (gorum delicti comissi) како што се одредува тоа во редовната постапка .

---

[215] Сл .весник на РМ 36/95

[216] Д-р Панта Марина ,Кривична постапка на СФРЈ , Култура , 1979 год.

[217] Проф .Д-р Љупчо Арнаудовски, Лазар Нанев , предолг нацрт текст , Малолетнички Казнен Законик , Совет за кревентивна Малолетничка деликвенција ,Охрид ,2001 година

Кривична постапка спрема малолетник

Во казненото постапување воопшто, а посебно кога е во прашање малолетен сторител на казнено дело од самиот момент на сторувањето на казненото дело, преку откривањето на сторителот, пред кривичната и подготвителната постапка, пресудувањето и извршувањето на санкцијата процесните дејствија претставуваат комплекс на активности што се насочени кон социјализацијата и ресоцијализацијата на малолетниот сторител на казненото дело. Нивниот успех е детерминиран од континуитетот на постапувањето на органите бидејќи тие се надоврзуваат едни на други. Од суштинско значење се постапувањата во предкривичната постапка бидејќи тие го одредуваат понатамошниот тек на целата постапка.

Положба на малолетникот во системот на малолетничката правда

Еден од најважните принципи во казненото право за малолетници кој треба да доминира над другите е следниов: казненото постапување не е во функција на тежината на делото или деликтот туку пред се е во функцијата на личноста и на потребите на детето или адолесцентот, освен ако ситуацијата не упатува на некоја примена на казна лишување од слобода. Овај принцип претставува основа за целата постапка и така треба да се гледа целата положба на малолетникот во кривичната постапка.

Така е во член 40[218]. За таа цел, државите потписнички на овие документи посебно гарантираат:

1. Ниту за едно дете неосновано да не се обвинува или да не се утврдува дека го прекршило кривичниот закон поради дело или пропуст што не биле забранети со националните или меѓународните закони во времето кога се сторени;
2. На секое дете за кое се тврди или кое е обвинувано за кршење на кривичниот закон да му се дадат барем следниве гаранции: да се смета за невино додека не се докаже според закон, да биде веднаш и директно известено за обвинението против него, постапката да се води брзо и ефикасно, без одлагања од страна на надлежен и непристрасен орган или судско тело, детето да не биде присилено да сведочи или да признава вина, а да се испитуваат сведоци од страната што обвинува, ако се смета дека детето го прекршило кривичниот закон, оваа одлука и секоја досудена мерка која од тоа произлегува повторно да се разгледува од повисок, надлежен орган, детето да има бесплатна помош од преведувач ако тоа не може да разбере или не го зборува јазикот на кој официјално се води постапката, да се почитува приватноста на детето на сите нивоа од постпаката.

За да се обезбеди постапување со децата на начин кој е во нивен интерес и кој е соодветен и на околностите и на стореното дело ќе бидат на располагање разновидните можности како што се грижата, советувањето, надзорот, правното застапување, условното казнување, прифаќањето образованието и

[218] Конвенција за правата на детето ,1989 година

програмите за стручно насочување и други можности на иституционата грижа според член 37[219].

Цели на казнената постапка

Казнената постапка е оној дел од казнениот систем преку кој треба да се оствари поставениот концепт за положбата на малолетникот во казненото право. Сепак казнената постапка треба да обезбеди остварување на овие цели :

1. Казнена постапка спрема малолетните сторители на казнени дела и децата малолетниците воопшто има за цел во согласност со уставот и казненото законодавство на државата и меѓународните документи со кои се гарантираат правата на дете и млад човек треба да обезбеди доследна примена на овие одредби во меѓународните документи со вградување во домашното право. На тој начин треба да се обезбеди остварување на загарантираните права и слободи и заштита од секаков вид повреда и ограничување и од злоупотреба.
2. Казнената постапка треба да обезбеди и гарантира постапување со децата и малолетните лица кога се јавуваат како сторители на казнени дела, постапувањето на сите учесници во постапката да виде во согласност со начелата на законитост и легитимитет. Законитото постапување треба да обезбеди 'владеење на правото' во сите односи вклучително и тогаш кога се води казнената постапка. Начелото на легитимитет треба да значи дека секоја постапка на органите на прогон на усесниците во казнената постепка е легитимна особено тогаш кога таа со себе носи присила, репресивност.
3. Казнената постапка нема за цел за сторителот на казненото дело да му се врати со зло примената на санкција. Казнената постапка има за цел да се остварува како: грижа на општеството за малолетникот чие поведени отстапува од општо прифатените општествени вредности и норми. Со казнено дело тоа малолетно лице покажало дека неговото поведение и неговиот систем на вредности отстапува од оној систем и поведение што општеството го прифатил и го смета за нормален.

Значење на кривичната пријава

Кривичната пријава е известување за стореното кривично дело или за постоење на веројатноста дека е сторено кривично дело за кое се гони по службена должност кое државните органи и правните лица кои вршат јавно овластување или граѓаните според законските обврски доброволно му го поднесуваат на јавниот обвинител непосредно или на друг начин кој според закон е овластен да ги прими[220] и да се потпише дека никогаш нема да го повтори кривичното дело. Родителите исто така го потпишуваат документот кој потоа му се праќа на јавниот обвинител односно судијата во форма на известување. Полицаецот ги известува родителите и малолетникот дека случајот е затворен и дека нема да има ништо понатаму, освен во случај на

[219] Конвенција на правата на детето , 1989 година
[220] Мате Јеремиќ :Коментар ЗКП , Загреб ,148

повторништво. Алтернативните мерки се поевтини од институционалните и затворите и не предизвикуваат поголем број на криминални повратници туку спротивно.

Заклучок

Од клучно значење во постапката спрема малолетниците е секој орган во фазата и во доменот на своето постапување да го утврди фактот што докажува дека малолетникот е сторител на казненото дело бидејќи без тоа нема постапка, нема санкција, но притоа е најзначајно секој од свој аспект да собира податоци за личноста на деликвентот: развој, својства, карактеристики, состојби што упатуваат на причините поради кои го сторил кривичното дело како и својствата и карактеристиките се однесуваат кон санкцијата што треба да се примени и да се совпаѓаат со целите што треба да се остварат .

Африм Цека
Факултет за детективи и криминалистика
Европски Универзитет Република Македонија

Концептот на слободите и правата на човекот наспроти репресивните овластувања на приватните обезбедувачи во Република Македонија

Апстракт
Приватната дејност на обезбедување во Република Македонија во изминаите години се етаблира сериозно во нашиот економски систем. Реформите во областа на приватното обезбедување доведоа до создавање нов концепт. Посебно се значајни реформските фокуси на овластувањата кои ги имаат припадниците на приватниот сектор за обезбедување. Новите законски измени се повеќе го доближуваат приватното обезбедување до овластувањата кои ги имаат полициските службеници, како што се: употреба на средства за присилба, предупредување на лице да се оддалечи од имотот што се обезбедува, забрана неовластено снимање, задржување на лице, преглед на лица, предмети, багаж и друго. Затоа се поставува и прашањето за потребата од почитување на човековите слободи и права при примената на овластувањата од страна на припадниците на приватното обезбедување. Во трудот, се анализира и Кодексот на професионална етика на вршителите на дејноста приватно обезбедување и негово целосно применување. Развивањето на безбедносната свест кај припадниците на приватното обезбедување е од големо значење за почитување на човековите слободи и права.
Клучни зборови: овластувања, слободи и права, обезбедување, доверба.

Human Rights and Freedoms vis-à-vis Repressive Powers of Private Security Providers in the Republic of Macedonia

Abstract
The private security industry in the Republic of Macedonia in the past years has become a serious part of our economic system. Private security reforms have led to the creation of a new concept. Of particular significance is the focus on the authority private sector security personnel has. New legal changes are increasingly bringing private security closer to the powers that police officers have, such as: the use of means of coercion, warning a person to distance himself/herself from the property, prohibiting unauthorized recording, holding a person, a review of persons, items, luggage and more. Therefore, the question of the need for respecting human freedoms and rights in the exercise of the powers of the members of the private security arises. The present paper looks at the Code of Professional Ethics of the private security businesses and its full application. The development of security awareness among members of the private security sector is of great importance to respecting human freedoms and rights.

Key words: powers, freedoms and rights, security, trust.

Вовед

Слободите и правата на човекот се вредности кои имаат глобално, наднационално значење заради неколку аспекти: прво, поминале многу векови за да го поминат патот и да го достигнат вредносното значење и почит; второ, демократскиот капацитет на една држава се перцепира преку нивото на заштита на човековите права; трето, националната рамка за гарантирање на човековите права и слободи се надополнува со меѓународни инструменти. "За меѓународната заштита на човековите права на глобално ниво, посебна улога има создавањето на светската Организација на Обединетите нации, како во однос на стандардите за заштита на човековите права содржани во нејзините документи (правните и концептуалните основи на меѓународното право за правата на човекот), така и за втемелувањето на институциите (тела) за меѓународна заштита (меѓународен интерес за правата на човекот)."[221] За транзиционите општества какво што е македонското, за државите во континуирана реформа во сите сфери на општественото живеење каква што е нашата слободите и правата на човекот се оној критериум кој овозможува да се мери успехот на декларираните стратегии, концепции и доктрини. Овој критериум со вредносно значење има примат над сите останати и со својата содржина во материјална смисла придонесува да се зацврстат темелите на нашата држава посебно.

Слободите и правата на човекот се дисперзирани во областа на културата, економијата, социјалата, политиката, безбедноста и други делови на општествениот систем. Повредата на било кој дел од овие слободи и права остава последици пред се по животот на поединецот, организациите и системот глобално. Меѓутоа, најтешки повреди и загрозување на слободите и правата се оние кои се извршени од страна на државниот присилен апарат – полицијата, разузнавањето, контраразузнавањето, одбраната. Со етаблирањето на приватниот сектор за безбедност во рамките на безбедносниот се поставува и прашањето за односот на приватните обезбедувачи кон слободите и правата на човекот и граѓанинот. Експлицитноста и имплицитноста на ова прашање доаѓа до израз со развојните тенденции на овластувањата на приватното обезбедување и посебно со нивно надополнување со овластувања кои имаат репресивен карактер. Дотолку повеќе што станува збор за област која од една страна се развива континуирано и со интензивно темпо, а од друа страна многу ретко се поставува прашањето за одговорноста на субјектите на приватното обезбедување. Затоа, академската, научната, стручната и експертската јавност денес, повеќе од било кога е исправена пред предизвикот да ги истражува и овие прашања, да навлезе во нивната етиологија, феноменологија, да ги дијагностицира проблемите и прогнозира идните движења со цел да се понудат модели со кои ќе се зајакне концептот на слободите и правата и во оваа мошне сензитивна област. "Поаѓајќи од онтолошката природа на правото како единство на метајуридичката и општествента супстанција, идеите на правото (надискуствено право) и правната стварност (искуственото, позитивното право), основните човекови

[221] Козарев А., Парламентарна контрола и надзор над безбедносниот сектор во Република Македонија, Скопје, 2012 година, стр. 133.

слободи и права не се некоја дистанцирана цел од него, вредност, туку се интерполирани во самото битие на правото и претставуваат материјален критериум за неговата исправност. Антропоцентричната смисла и цел на евроинтегративниот проект се изразува низ осмислување на концептот на човековите слободи и права како отворен и динаминче концепт, чијашто внатрешна движечка енергија ја создава постојаното испреплетување на нормативното и стварното: првото како одредување на повисоки стандарди врз идејата за ограничување на човековите слободи и права единствено со еднаквите слободи и права на другите и со интересите на демократското општество; и второто како создавање реални и ефективни правни и општествени механизми за остварување и заштита на слободите и правата врз постулатите и принципите на демократската правна држава."[222]

1. Слободите и правата – национална рамка за нивна заштита и гарантирање

Слободите и правата на човекот и граѓанинот претставуваат уставна вредност во нашиот правен поредок затоа што се загарантирани пред се со највисоките правни норми во уставно-правниот поредок. Уставните норми поради своето највисоко значење и регулација се посебно значење преку заштитата на човековите слободи и права остваруваат заштита и на вкупниот вредносен систем во нашето општество. "Вредносниот систем на правото покрај останатото се карактеризира со бројни правци и елементи на човековата свест и се оддраз на кокретната стварност, реалност со која е опкружен човекот. Со зголемувањето на диференцијацијата во нормативниот систем и со проширувањето на лепезата на интересите, вредностите стануваат се поапстрактни за на тој начин да можат да опфатат што повеќе и поразновидни содржини, дури и по цена на самите тие вредности да станат уште понеопределени."[223] Покрај уставните норми, слободите и правата на човекот и граѓаниот се заштитени и со бројни законски и подзаконски акти кои ја одразуваат нивната вистинска смисла и значење, преку:

1) Гарантирање на единствен, целосен и неселективен третман на слободите и правата на уставно и легислативно рамниште.
2) Подредување на меѓународните механизми за мониторинг и супранационална заштита на основните слободи и права, по пат на ратификација на меѓународните конвенции за човековите права и прифаќање на надлежноста на меѓународните тела и судски инстанции.
3) Обезбедување внатрешни правни механизми за превенција на повредите на човековите слободи и права (вклучувајќи ефикасен ситем на безбедност и одбрана, спреување на корупцијата, ефикасно функционирање на омбудсманот, ефикасна управа итн.) и

---

[222] Камбовски В., Предговор, Европските стандарди за човековите права и нивната имплементација во правниот систем на Република Македонија, Зборик од научна расправа, Скопје 2008 година, стр. 9-10.

[223] Pusić E., Društvena regulacija, Zagreb, 1989 godina, str. 198. (Во овој контекст, авторот наведува дека настануваат вредности-стандарди, односно такви вредносни поими кои, од самиот почеток, дури и со свесна интенција на оние што нив ги сиздаваат, немаат определен содржина, туку едноставно, тие означуваат само позитивна оценка за определен начин на однесување, односно определен став, без оглед на која содржина се однесува.).

4) Проширување на овластувањата на судот во заштитата на интегралниот и универзален корпус на оносновни слободи и права.[224]

Националната заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот има неколку димензии:

- Нормативна димензија;
- Институционална димензија.

Уставот на Република Македонија ги определува како темелна вредност чија заштита на највисоко хиерариско ниво се остварува преку Уставниот суд односно како "значајна уставна институција затоа што директно (непосредно) уставот тоа го утврдува, односно го предвидува неговото постоење и ја утврдува неговата уставна позиција во системот."[225] Судот ја штити уставноста и законитоста како орган на Републиката воопшто, а преку системот на такстативно набројување на надлежностите во член 110 од Уставот ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Следното национално ниво на заштита се остварува преку законската регулатива. Притоа, посебно значење имаат одредбите од lex specialis законите кои се однесуваат на полициската, одбранбената, разузнавачката и безбедносната област. Во однос на предмет на научен интерес на овој труд, неопходно е да се истражи регулативата која се однесува на вршење на приватното обезбедување и одредбите за заштита на слободите и правата од евентуални повреди при примената на нивните репресивни овластувања. Законот за приватно обезбедување[226] во член 48 содржи конкретна норма за почитување на угледот и достоинството на граѓаните и обем на примена на овластувањата:

- При примената на овластувањата работниците за обезбедување се должни да ги почитуваат угледот и достоинството на граѓаните, како и основните човекови права и слободи.
- Примената на овластувањата мора да биде пропорционална на потребата поради која истите се применуваат.
- Со примената на овластувањата не смее да се предизвикаат поголеми штетни последици од оние кои евентуално би настапиле, доколку работниците за обезбедување не би ги примениле овластувањата.

Кодексот на професионална етика на вршителите на дејноста обезбедување на лица и имот нормира заштита и унапредување на интересите на државата и заедничкото право на слобода, еднаквост, рамноправност и законитост, правилно и човечно спроведвуање на законите, секогаш со тенденција на решавање на споровите на мирољубив начин, воздржувајки се од примена на насилство и непотребна сила. [227]

---

[224] Камбовски В., цит. труд, стр. 131.

[225] Мукоска-Чинго В., Уставно судство (теорија и практика), Скопје, 2002 година, стр. 227.

[226] Објавено во Сл. Весник на РМ, бр.166 од 26.12.2012 година.

[227] http://obezbeduvanje.org.mk/%D0%BA%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BA%D1%81-%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%84%D0%B5%D1%81%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D0%B5%D1%82%D0%B8%D0%BA%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B2%D1%80%D1%88%D0%B8/, 2004.2018 година.

Како составен дел на националната рамка за оваа заштита, се јавува и кривично-правната, која е од материјална и процесна природа: материјалното казнено законодавство во Глава XV ги содржи инкриминациите односно групацијата на кривичните дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот:[228]

- Повреда на рамноправноста на граѓаните, Член 137;
- Повреда на правото на употреба на јазикот и писмото, Член 138
- Присилба, Член 139
- Противправно лишување од слобода, Член 140
- Грабнување, Член 141
- Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување, Член 142
- Малтретирање во вршење на службата, Член 143
- Загрозување на сигурноста, Член 144
- Нарушување на неповредливоста на домот, Член 145
- Противзаконито вршење претрес, Член 146
-Повреда на тајноста на писма или други пратки, Член 147
- Неовластено објавување на лични записи, Член 148
-Злоупотреба на лични податоци, Член 149
- Спречување на пристап кон јавен информатички систем, Член 149-а
- Неовластено откривање тајна, Член 150
- Неовластено прислушкување и тонско снимање, Член 151
- Неовластено снимање, Член 152
- Повреда на правото на поднесување правно средство, Член 153
- Спречување на печатење и растурање печатени работи, Член 154
- Повреда на правото на штрајк, Член 156
- Повреда на авторско право и сродни права, Член 157
- Повреда на правото на дистрибутерот на техничко посебно заштитен сателитски сигнал, Член 157-а
-Пиратерија на аудиовизуелно дело, Член 157-б
- Пиратерија на фонограм, Член 157-в.

Процесното казнено законодавство се одликува со важни процесни одредби за почитување на човековите слободи и права во претходната постапка, главниот претрес и при извршувањето на кривичните санкции. Така, во член 12 ст. 2 од Законот за кривична постапка[229] е наведено дека доказите прибавени на незаконит начин или со кршење на слободите и правата утврдени со Уставот на Република Македонија, законот и меѓународните договори, како и доказите произлезени од нив, не можат да се користат и врз нив не може да се заснова судската одлука. Постојат и други заштитни одредби на слободите и правата на обвинетиот, оштетениот и на другите учесници во кривичната постапка, а кои се дел од клучните цели на кривично-процесната наука: “да се поврзуваат теоретските и практичните знаења и сето

[228] Пречистениот текст ги содржи следните измени и дополнувања на законот објавени во „Службен весник на Република Македонија" број 80/99, број 4/2002 година, број 43/2003, број 19/2004, број 81/2005, број 60/06, број 73/06, број 7/08, број 139/08, број 114/09, број 51/11, број 135/11 , 185/11, број 142/12, број 166/12, број 55/13, број 82/13, број 14/14, број 27/14, број 28/14, број 115/14 и број 132/14.

[229] Службен весник на РМ бр 150/2010 година.

тоа во функција на подобро функционирање на кривичната постапка и остварување на слободите и правата на човекот и граѓанинот."[230]

2.Структура на репресивни овластувања на припадниците на приватното обезбедување

Покрај превенцијата како една од карактеристиките на приватнотно обезбедување, со последните коренити реформи во многу овластувањата на приватните обезбедувачи добија репресивен карактер, со нивно приближување до оние на полициските службеници. Законот за приватно обезбедување како lex specialis во член 1 определува дека предметот на негова регулација се и овластувањата на работниците за приватно обезбедување, меѓутоа во истиот не е дадена конкретна дефиниција за овој поим.

Овластувањата кои ги применуваат работниците за приватно обезбедување ги имаат следните карактеристики:

1.законска заснованост: што подразбира пропишување со нормите на правниот поредок со кои се гарантира исполнетост на определени стандарди при примената на овие овластувања;

2.целна заснованост: тие се применуваат исклучиво за остварување на дејноста на приватното обезбедување;

3.рамка на примена на овластувањата: во точно дефиниран простор, услови и ситуации кои се утврдени со договор за вршење на оваа дејност, со што се гарантира забрана на самоволие и анархија;

4.превентивна димензија на овластувањата: давање значење на проактивната во однос на реактивната примена на овластувањата преку конкретна примена на надлежности од т.н. секундарна ситуациона превенција;

4.репресивна димензија: доаѓа до израз во примената на овластувања со кои се навлегува во сферата на човековите слободи и права преку нивно ограничување во одреден простор и време кои се прецизно нормирани. Во тој контекст потребно е да се наведе дека и во тие случаи мора да се води сметка за баланс помеѓупазарниот критериум и јавниот карактер на оваа дејност која е детерминирана од критериумот за општествена безбедносна одговорност;

5.дефанзивна (одбранбена) репресија: претставува посебна карактеристика која извира од општиот репресивен концепт.[231]

Овластувањата во областа на приватното обезбедување се реализираат во контекст на:

1) Општото политичко опкружување и власт;
2) Правното опкружувње;
3) Технолошкиот развој;
4) Демографските фактори;
5) Социо-културното опкружување во смисла на обичаите, навиките, културата, традицијата и слично.[232]

---

[230] Козарев А., Ибиш Е, Практикум по казнено процесно право, Скопје, 2016 година, стр 9.

[231] Мамути Р., „Криминалитет поврзан приватното обезбедување и неговите реперкусии врз деловното работење на современите компании", (магистерски труд), Европски универзитет, Скопје, 2018 година стр. 23.

[232] Modly D., Durakvić A., Što otežava ili onemogučava profesionalni rad ovlaštenih policijskih službenika, JU Opća biblioteka Tešanj, 2013 godina, str. 12-13.

Надлежностите во областа на приватното обезбедување такстативно се наброени во член 9 од Законот за приватното обезбедување. Постојат два начини на реализирање на приватното обезбедување и тоа: а) физичко и б) техничко.

Нормативната поделба ги опфаќа следните видови на физички овластувања од член 45 на законот и тие табеларно може да се претстават на следниот начин:

Овластувања на приватните обезбедувачи за физичко обезбедување
*врши проверка на идентитет на лица при влез во имотот што го обезбедува
*предупреди лице да се оддалечи од имотот што го обезбедува, ако лицето неовластено се задржува во него, односно да го предупреди лицето кое со своето однесување или пропуштање да стори нешто ја загрозува сопствената или безбедноста на другите или може да предизвика оштетување на имотот што се обезбедува;
*не дозволи влез на неповикано лице, како и да забрани неовластено снимање или внесување на средства и опрема за таа намена во имотот што го обезбедува
*задржи и предаде на полицијата лице затечено во вршење на кривично дело за кое се гони по службена должност, до доаѓањето на полицијата
*врши преглед на лица, предмети, возила и багаж
*употреби средства за присилба

Табела бр. 1: Приказ на видови овластувања во приватното обезбедување

Најмногу репресивноста на приватното обезбедување доаѓа до израз тогаш кога станува збор за примена на присилни средства од страна на приватните обезбедувачи и тоа (член 54 од законот):
1) физичка сила;
2) гумена палка;
3) средства за врзување на лица;
4) хемиски средства (спреј);
5) огнено оружје и
6) дресирано куче.

За правилна и законита примена на овие репресивни средства, законодавецот пропишал дека тие се применуваат само кога работникот за обезбедување не може на друг начин да одбие непосреден противправен напад насочен кон неговиот или животот на лицата кои ги обезбедува или непосреден противправен напад насочен кон уништување, оштетување или отуѓување на имотот што го обезбедува; пред примена на средствата за присилба, работникот за обезбедување е должен гласно да го предупреди лицето спрема кое ќе го примени средството за присилба; средствата за присилба може да се употребат ако целта на постапувањето не може да биде остварена на друг начин; работникот за обезбедување секогаш ќе употреби средство за присилба со кое со причинување на најмала штета ќе ја оствари целта; работникот за обезбедување е должен да престане со употребата на средството за присилба, веднаш штом ќе престанат причините поради кои дошло до негова употреба; за употребата на средствата за присилба, работникот на обезбедување ја известува полицијата веднаш, а најдоцна во рок од еден час од моментот на престанување на вршење на дејствието.

2.1. Употреба на огнено оружје

Приватните обезбедувачи имаат овластување во законска постапка да употребуваат огнено оружје во случај на нужна одбрана (одбивање на непосреден противправен напад за животот или објектот кои се обезбедуваат).[233] Преку дефинирање на случаи во кои е забранета употребата на огнено оружје се создава рамка односно се дефинираат границите во рамките на кои може да дејствуваат приватните обезбедувачи и тие се однесуваат на забрана за оваа употреба во следните случаи:
1) доколку со тоа се доведува во опасност животот на други граѓани;
2) против бремена жена чија бременост е видлива, дете и старец, освен ако овие лица со огнено оружје или со други опасни средства непосредно го загрозуваат животот на работникот за обезбедување или на лицето кое се обезбедува и
3) при обезбедување на јавни собири и други настани.

2.2.Употреба на дресирано куче

Во вршењето приватно обезбедување, дресирано куче се употребува заради одбивање на непосреден напад над работникот за обезбедување, како и непосреден напад над лицето или имотот што се обезбедува. (7) Дресирано куче се употребува во случаите кога: 1) се исполнети условите за примена на физичка сила или 2) се исполнети условите за употреба на огнено оружје.

2.3. Задржување

Законитоста за примена задржување се гарантира со доставување извештај (член 57 од законот) до Министерството за внатрешни работи на подрачјето каде што се извршени дејствијата најдоцна во рок од 24 часа од моментот на престанување на вршење на дејствието, како и за истото да го извести правното лице во кое е вработен во рок од еден час од моментот на престанување на вршење на дејствието, (исто така и правното лице е должно во рок од 24 часа да достави извештај до МВР за примена на дејствието.

2. Како да се постигне балансот помеѓу концептот на човековите слободи и права и (не)опходноста од примената на репресивните овластувања на приватните обезбедувачи?

Клучно прашање кое се поставува во средиштето на овој труд е следното: можна ли е рамнотежа помеѓу неопходноста од почитување, гарантирање и заштита на човековите слободи и права и неопходноста од примена на овластувањата на приватните обезбедувачи со посебен осврт на репресивните?

---

[233] Член 55 од Законот за приватното обезбедување: (2) За напад од ставот (1) точка 1 на овој член се смета секој физички напад на начин или со средство (огнено оружје, опасно орудие или друг сличен предмет со кој може да се загрози животот) кое претставува непосредна опасност по животот, напад кој го вршат две или повеќе лица, односно напад од очигледно физичко посилно лице или лице кое се служи со посебни вештини. (3) За напад од ставот (1) точка 2 на овој член се смета секое дејствие насочено кон уништување, оштетување или отуѓување на имотот што се обезбедува. (4) Пред употребата на огнено оружје, работникот за обезбедување гласно го предупредува лицето за намерата за употреба на огнено оружје.

За да се одговори на ова прашање важно е прејудицијално да се разгледа односот помеѓу јавниот и приватниот интерес кога станува збор за секторот на приватна безбедност и државниот интерес за остварување поголема безбедност на деловните субјекти. Овој сложен однос ги опфаќа следните карактеристики:

- Во приватната безбедност субјектите на безбедноста се координирани и субкоординирани со исходот на приватниот интерес (сопственичкиот, лична или имотна безбедност);
- Во приватното право субјектите на правото се координирани во правен однос, а во јавниот се субординирани;
- Во приватната безбедност главен извор од безбедносни потреби е интересот за лична или имотна безбедност;
- Во приватното право главвен извор на правниот однос претставува волјата на странките, односно договорот. Во приватната безбедност санкциите се регулираат со волјата на странката и граѓанското право и правата кои произлегуваат од него.[234]

Исто така, остварувањето на рамнотежата односно објаснувањето на односот помеѓу овие две потреби е детерминирано од природата на следните видови на приватното обезбедување:

1. Физичка заштита: обезбедување имот, ограничување на губиток и контрола на пристап до објекти и податоци
- Нискоризични работи;
2. Безбедносни услуги: активна превенција на криминалот, ограничени патролирања, примена на локално законодавство врз основа на договор со локалните власти
- Средноризични работи, параполициски работи кои добиваат полициски карактер;
3. Приватни истраги: граѓански и приватни истраги
- Набљудување, проверка на кандидати за прием во работен однос;
4. Корпоративна безбедност: заштита на сложени операции, превенција на криминал против корпорациите и интерни истраги
- Агенти кои се вработени во големи компании и
5. Криминалистички истраги: истражување на измами и сомнителни деловни трансакции
- Сложени работи, често бараат специјалистичка обука, воглавно се присутни во приватната сфера на безбедноста.

Без оглед што овие категории во достапната литература се опишуваат како разграничени облици на дејност, во практиката едноставно е невозможно да се направи разграничување, еден облик на дејност не вклучува елементи од другите, со нив поврзани работи.[235]

---

[234] Marković S., Privatna bezbednost – ljudska potreba I korporativni interes, Zbornik radova, Prvi međunarodni naučni skup, Privatna bezbednost - stanje I perspective, Novi Sad, 2008 godine, str. 227. (Според концепцијат ана природното право, во едниот и во другиот случај во прашање е приватно-економската сфра, имотот на проединецот (dominium), а јавно е тоа каде е во прашање јавната безбедност и јавнат авласт, потреба и интерес за безбедност со која се изразува државниот суверенитет (imperium). Оваа разликување во голема мерка ја изразува трајната суштина и основното обележје на проблемите помеѓу приватната безбедност и приватното право.

[235] Ибид, стр. 69.

Економската безбедност на деловното работење е важен фактор за успешност на компаниите кои пак имаат влијание врз економскиот развиток. Нивната безбедност е значајна функција и таа во современи услови се остварува пред се преку фунцијата менаџер за приватно обезбедување, а во современи услови и преку повисок облик на корпоративната пирамида – менаџер за корпоративна безбедност.

Приватната безбедност како дејност и организација се реализира во услови на актуелниот економскиот амбиент во нашата држава. Како дејност која по својата природа е дел од приватниот сектор во многу е детерминирана од националната економска политика, бизнис климата и дефинираните економски постулати на економскиот систем во целина. Кризата во економијата се рефлектира и врз функционирањето на приватната безбедност која постои на пазарот и каде се почитуваат пазарните законитости. Услугите на приватната безбедност ги користи бизнис заедницата односно деловните компании во секојдневното работење. Тие услуги се гаранција за безбедно деловно работење, а со тоа и за имплементирање на поволно деловно опкружување. Оваа поврзаност и детерминираност на овој систем во многу зависи од влијанието на економскиот развој, посебно за креирање на конкуретнта способност на приватните безбедносни институции.[236]

Секој баланс, секоја рамнотежа претпоставува определен комприс помеѓу задачата и целта. Изборот е клучен фактор на субјектите кои се вклучени во процесот на дејствување. Слободите и правата на граѓанинот се најрелевантен критериум за остварувањ ена овој баланс. Во таа смисла, Камбовски В., забележува дека аподиктичкото значење на човековата слобода и природните права има не само важни етички имплликации, туку претставува и последна одбрана пред опасностите на поп-културата и општата деградација на умот и на културата, што водат кон нов тоталитаризам и неслобода.[237] Психолошкиот аспект на овој проблем лежи во објаснувањето на менталните конфликти кога кај човекот се јавуваат спротивни мотиви и тоа конфликтот на двојно привлекување: овој конфликт во стварноста се состои во колебањето за кој мотив да се одлучиме од двата коишто не привлекуваат. Во овие ситуации, човекот може да стане нерешителен и да западне во конфликтна ситуација. Но, во еден момент, еден од мотивите (целите) станува попривлечен и субјектот се одлучува за него.[238]

Овој прашање несомнено е дека има и психолошка основа која е во функција на детекрирање на клучниот проблем: приватните обезбедувачи имаат обврска да ги гарантира човековите права и истовремено да ја гарантира безбедноста на имотот и лицата преку примена на репресивни овластувања, слично како што државата е должан да ја осигури националната безбедност, но и безбедноста на поединецот (хумана безбедност). И бидејќи државата е институција, а не човечки организам кај неа не може да зборуваме за мотиви, за ментални конфликти, но можеме аналогно да кажеме дека судирот во интересите за човековите права и безбедноста мора да биде решен во рамките на европските вредности, универзалните вредности, метаправни

[236] Козарев А., Влијанието на економскиот развој врз приватната безбедност во Република Македонија, Македонско меѓународно списание за маркетинг, бр. 7, Год. 4, 2018 година, Скопје, стр.30.
[237] Камбовски В., цит. труд, стр. 68.
[238] Јосифоски Д., Криминалистичка психологија, Скопје, 1995 година, стр. 193.

категории и општи (уставни) клаузули. Уште многу одамна Аристотел напишал дека доброто за кое државата тежнее е правдата, а тоа е од општа корист.[239] Нашиот правен поредок гарантира приватните обезбедувачи да ја гарантираат безбедноста на имотот и лицата за кои се надлежни, но и да дејствуваат за некои повисоки безбедносни цели спротивно на интересите и доброто на сите граѓани, наспроти јавниот интерес или јавно добро. Затоа, при објаснувањето на овој сложен однос потребно е да се тргне од поимот јавно добро, за чиешто определување претходно го објаснивме поимот добро. Јавното добро не е било каков интерес кој некоја група може да го има. Станува збор за заеднички интерес на сите индивидуи што нив ги идентификува на траен наин во една битна смисла така што тој делимично станува конститутивен за самиот идентитет на членовите на заедницата и може да претставува основа за подолгорочна солидардност. Јавниот интерес (јавното добро) на индивидуите како членови на политичката заедница, односно како граѓани на државата, а не како припадници на некоја друга заедница е решавање на битните проблеми од аспект на правдата.[240]

Заклучок

Развојот на приватното обезбедување и проширувањето на каталогот на овластувањата на приватните обезбедувачи се остварува во контекст на развојот на слободите и правата на човекот и граѓанинот во современа смисла. Меѓутоа, современа тенденција во областа на приватното обезбедување е нивните овластувања постепено да се приближуваат до полициските, кои пред се имаат репресивна димензија. Токму од оваа причина се наметна потребата да се проучи овој сложен однос, поставен преку прашањето како да се воспостави баланс меѓу овие две потреби, од кои едната – слободите и правата имаат наднационална заштита. За таа цел најпрвин се навлезе во суштината на концептот на слободите и правата на човекот и граѓанинот, механизмите на нивна заштита и правната регулатива како детерминанта за обезбедување на владеење на правото во областа на приватното обезбедување. Приватното обезбедување се спроведува со цел успешно и безбедно функционирање на современите корпорации. Независно дали се работи за обезбедување на имотот на правното лице или телесна заштита на сопствениците на правните лица, приватните обезбедувачи имаат непосредно влијание врз остварување на нивната мисија и визија. Компанијата која е позната во деловниот свет по својата безбедност, успешно реализирани безбедносни процедури и стандарди ужива интегритет и авторитет меѓу останати деловни партнери од земјата и пошироко. Меѓутоа, општ е заклучокот дека повредувањето на човековите слободи и права во текот на реализирање на приватното обезбедување во многу може да го загрози угледот на компанијата која е давател на овие приватни безбедносни услуги. Исто така, може да претрпи негативни последици и компанијата која се обезбедува затоа што таа може да стане несигурен деловен субјект во деловниот свет.

---

[239] Аристотел, Политика, Београд, 1970 година, стр. 3, 84.

[240] Правен живот, бр. 12/1996 година, Скопје,стр. 91.

Затоа е потребно да се зајакне контролата и надзорот над примената на овластувањата на приватните обезбедувачи од страна на надлежните државни органи, но и од страна на невладиниот сектор како вовед за целосна демократизација на овој безбедносен сектор.

Литература

1. Козарев А., Парламентарна контрола и надзор над безбедносниот сектор во Република Македонија, Скопје, 2012 година.
2. Камбовски В., Предговор, Европските стандарди за човековите права и нивната имплементација во правниот систем на Република Македонија, Зборик од научна расправа, Скопје 2008 година.
3. Pusić E., Društvena regulacija, Zagreb, 1989 godina.
4. Мукоска-Чинго В., Уставно судство (теорија и практика), Скопје, 2002 година.
5. Објавено во Сл. Весник на РМ, бр.166 од 26.12.2012 година.
6. Козарев А., Ибиш Е, Практикум по казнено процесно право, Скопје, 2016 година.
7. Мамути Р., „Криминалитет поврзан приватното обезбедување и неговите реперкусии врз деловното работење на современите компании“, (магистерски труд), Европски универзитет, Скопје, 2018 година.
8. Modly D., Durakvić A., Što otežava ili onemogučava profesionalni rad ovlaštenih policijskih službenika, JU Opća biblioteka Tešanj, 2013 godina.
9. Marković S., Privatna bezbednost – ljudska potreba i korporativni interes, Zbornik radova, Prvi međunarodni naučni skup, Privatna bezbednost - stanje i perspecktive, Novi Sad, 2008 godine.
10. Козарев А., Влијанието на економскиот развој врз приватната безбедност во Република Македонија, Македонско меѓународно списание за маркетинг, бр. 7, Год. 4, 2018 година, Скопје.
11. Јосифоски Д., Криминалистичка психологија, Скопје, 1995 година.
12. Аристотел, Политика, Београд, 1970 година.
13. Правен живот, бр. 12/1996 година, Скопје.
14. http://obezbeduvanje.org.mk
15. “Службен весник на Република Македонија”, бр 150/2010 година.
16. „Службен весник на Република Македонија" број 80/99, број 4/2002 година, број 43/2003, број 19/2004, број 81/2005, број 60/06, број 73/06, број 7/08, број 139/08, број 114/09, број 51/11, број 135/11 , 185/11, број 142/12, број 166/12, број 55/13, број 82/13, број 14/14, број 27/14, број 28/14, број 115/14 и број 132/14.

Милош Божиновски , самостоен инспектор
Министерство за внатрешни работи
milosh.bozhinovski@gmail.com

Компјутерски криминалитет и импликациите врз деловното работење во современите корпорации

АПСТРАКТ
Компјутерскиот криминал од година во година станува се повеќе софистициран и ефикасен. Нападите се повеќе се насочени кон корпорациите со цел да се стекнат со тајни податоци. Во овој труд се разработени информационите технологии во МВР во борба против компјутерскиот криминал, сигурноста и заштитата на информациските системи како и процесот на корпорациските истраги. Кражбата на тајните податоци е и понатаму главна причина за настанување на комјутерски инцидент во корпорациите. Компјутерските инциденти се повеќе се случуваат од страна на вработените во корпорациите, што укажува на тоа дека треба да се спроведат ефикасни и јасно одредени правила кои ќе ги заштитат материјалните и интелектуалните вредности на организацијата од кражби и уништување. Најдобрата форензичка пракса докажала дека најдобро е да се формира тим од професионалци: органот за истрага, обвинител, експерт во областа на информациони комуникациски системи, експерт во областа на пресметувачките мрежи, дигитални форензичари и др. по потреба. Во случај на компјутерски криминалитет често е пракса да се побара експертско сведочење или вештачење.

Клучни зборови: компјутерски криминал, сигурност и заштита на информациски системи, корпорациска истрага, безбедносна политика, неовластено собирање на податоци.

Вовед

Во последниве години, општествата ширум светот постигнаа огромен напредок во поглед на воспоставувањето на информатички општества. Информатичките и комуникациските технологии (ИКТ) сега преовладуваат во речиси сите аспекти на животот на луѓето. Потребата за воедначување и систематизирање на глобално ниво на материјалните и процесните норми од областа на компјутерскиот криминал и електронските докази, свој одраз најде во Конвенцијата за компјутерски криминал[241] на Советот на Европа (во понатамошниот текст: Конвенцијата). На Конвенцијата за компјутерски криминал подоцна се надоврзуваат и Конвенцијата за заштита на личните права при автоматизиран процес на обработка на личните податоци[242] со амандманите и Дополнителниот Протокол за авторизиран проток на лични подотоци надвор од државата[243], Дополнителен Протокол на Конвенцијата за компјутерски криминал за заштита од расизам и ксенофобија[244], Конвенција за

[241] Види: http://conventions.coe.int/Treaty/en/Treaties/Html/185.htm
[242] Види: http://conventions.coe.int/Treaty/en/Treaties/Html/108.htm
[243] Види: http://conventions.coe.int/Treaty/Commun/QueVoulezVous.
[244] . Види: http://conventions.coe.int/Treaty/en/Treaties/Html/189.htm

заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуално злоставување[245] и Директивите на ЕУ.

1. Сигурност и заштита на информациските системи

Глобалните компјутерски мрежи создале можност за нови облици на криминал. Се појавија посебни, софистицирани, продорни, технички потковани, бескурпулозни, понекогаш освестољубиви поединци на кои тешко можеме да им се спротиставиме, а уште потешко да ги сопреме. Тие често сакаат публицитет за да бидат познати. Лесно шетаат низ сајбер просторот каде се чувствува како дома, па затоа не е лесно да се идентификуваат. Активностите им се олеснети благодарение на огромноста и јавноста на Интернетот. Последиците од електронскиот криминал или од таканаречените вируси, црви или тројанци се големи. Така на пример:

- ,,Во Австрија во 2003 година електронскиот криминал нанесол штета од 3,5 милиони долари, а вирусите, тројанците и црвите 2 милиони долари.
- Во Велика Британија во 2003 година електронскиот криминал нанесол штета од 128 милиони фунти, а вирусите, тројанците и црвите 27,8 милиони фунти."[246]

Безбедноста на информациските систем претставува низа мерки и постапки кои се превземаат за да се овозможи функционалност на информациските систем и интегритет на неговата содржина во сите вообичаени облици на неговото дејствување. Тоа е гаранција дека системот ќе обезбеди непречено извршување на сите операции, одвивање на деловните процеси и ќе ги исполни барањата кои поставуваме. Степенот на сигурност се одредува со квантитативни големини до кои се доаѓа со математички и статистички методи за проценка на ризикот и отпорноста на ризикот и отпорноста на ризични ситуации. За да може да се спроведе соодветна заштита на информациските систем, мора да се направи:

- Проценка на важноста на содржината со податоци која се прави врз основа на анализата на односот на државата кон одделните видови на податоци, според евиденцијата која се води во деловниот систем и врз основа на интересите на раководни структури во деловниот систем.
- Проценка на изворите и обликот на закани на содржината на податоци која се изработува на темелите на претходно споменатите проценки.

2. Тим за истрага на компјутерски криминал

Истрагата на случките кои претставуваат злоупотреба во IKT системите и истрагата на компјутерскиот криминал можат ефикасно да го вршат само високоспецијализирани кадри во рамките на интервентниот тим составен од вработени во нападнатата организација и во надлежните државни органи.[247]

---

[245] Види: http://conventions.coe.int/Treaty/Commun/QueVoulezVous.asp?CL=ENG&NT=201

[246] Р. Христов., Методика на истражување на електронски криминал ., авторизирани предавања., 2015,Скопје.

[247] ОБСЕ, Прирачник за компјутерски криминал, Скопје, 2014.

Таков пристап единствено овозможува квалитетна истрага и квалитетен начин на собирање, соочување и на судот квалитетно вештачење на дигитални докази за извршниот компјутерски инцидент како и солидна подлога за праведно санкционирање за стореното кривично дело. Успешна и ефикасна работа на интервентниот тим бара и соодветна специјалистичка обука на високостручните кадри- членови на тимот на национално ниво или на ниво на организација. Искуството во информатичко развиените земји кажува дека истрагата треба да започне на корпорациско ниво, да се утврди карактер на инцидентот, дури после тоа се донесува одлука за повикување на званичните органи за истрага на компјутерски криминал. Улогата на независната истрага на незваничниот корпорациски орган е ограничена поради тоа што:

- Поголемиот број на организации не располагаат со соодветен капацитет (кадровски, машински и организациски) за истрага и форензичка анализа.
- Овие органи за истрага ги немаат сите законски овластувања за откривање на трагите на напаѓачот и за заплена на неговиот компјутерски систем како доказен материјал.

Добро решение е да се ангажира стручен консултант за иницијална истрага, аквизиција и форензичка анализа на дигиталните докази и да се води истрага со сопствени снаги, најмалку до моментот на утврдување на природата на инцидентот и донесување на одлука за вклучување/невклучување на званичните истражни органи, бидејќи сепак на крајот мораме да ги повикаме. Организацијата, може да формира свој интервентен тим за брзо реагирање и спроведување на истрага за компјутерскиот инцидент, а празнините во постојниот тим потребно е да се пополнат со придружни (помошни) членови – стручни консултанти, најчесто технички експерти во областа на заштитата на IKT системи или од областа на контролните системи за заштита.

3. **Корпорациска истрага на компјутерскиот инцидент**

Корпорациската истрага може да се смета за предистражна постапка како официјална истрага на компјутерскиот криминалитет. Корпорациската истрага која се спроведува во рамките на организацијата (корпорацијата) во која се случил комјутерскиот криминален инцидент. Започнува од моментот кога инцидентот е откриен. Таа се изведува со специјалисти од организацијата и према интерните правила и процедури кои се предвидени за вакви инциденти. Во моментот кога се случува комјутерски инцидент најкритична е брзината на реакцијата. Во почетната пракса на форензичката истрага на комјутерските докази се покажало дека податоците откриени во текот на првите седум дена се критични за откривање на овој период е многу пократок. Се мери во часови. Според праксата која се применуа во FBI (САД) предистражната постапка се изведува во следните 3 фази:

- Покренување на истрага,
- Одредување дали инцидентот претставува компјутерскиот криминал и
- Анализа на собрани дигитални податоци.

Процедурите кои се користат во текот на истрагата на компјутерскиот инцидент генерално ги содржата следните постапки:

- Проверка на евиденцијата, лог датотека, како и останатите информации за сомнителните.
- Испитување на информантите (лицата од кои можат да се добијат било какви информации)
- Контрола на сите фази од истрагата
- Припрема на органите за пребарување (лоцирање на компромитираниот компјутер)
- Претрес на ресурсите на сомнителните
- Прибирање и анализа на доказите.

Главно тежиште на званичната корпорациска истрага секогаш се насочува на сведоците и сомнителните. Најдобра комбинација во истрагата на комјутерскиот инцидент е заедничка тимска работа на званичните органи на истрагата одредени од страна на сопственикот на информацискиот систем и ИТ специјалисти. Не постои супersвезда во истрагата. Секој учесник има своја задача соодветно на својата специјализација и своето знаење. Праксата покажала дека ефикасни резултати се постигнуваат со 6- те Rossenblatt- ови чекори:

- Елиминација на очигледност,
- Поставување хипотези за извршениот напад,
- Реконструкција на кривичното дело,
- Откривање на траги од компјутерот на осомниченият,
- Анализа на изворниот, индиректниот или пак компјутерот кој е цел,
- Собирање на докази, [248]

После тоа треба да се предадат наодите и доказните материјали на корпорациите или пак на официјалните органи за истрага за понатамошпостапка.[249]

Заклучок

Кривичните дела од стопанскиот криминалитет првенствено ја загрозуваат безбедноста на корпорациите.Најчесто овој вид на криминалитет го извршуваат вработените во компаниите во договор со деловните партнери (работа на штета на компаниите, мито, корупција, измама, проневера, кражба, мито и корупција). Деструкциите, измената на податоци, прекин на работата на системските сервиси (DOS напади), шпионажата и неовластеното користење претставуваат напади изведени од хакери, кракери, вандали, комјутерски криминалци или е-терористи. За жал позади сите малициозни напади стојат луѓе, а не технологии. Луѓето извршуваат криминални дела и тоа секогаш со некаква причина (најчесто поради лична корист). Компјутерскиот криминал како главен мотив за своето делување има материјална добивка.[250]

[248] Milosavljevic M.,,,Istraga kompjuterskog kriminala", Beograd, 2009.
[249] Trivan D., Korporativna bezbednost, Beograd, 2012
[250] Petrović R. S., Kompjuterski kriminal, op. cit.

Свеста за корпоративна култура во македонското општество треба да се подигне на повисоко ниво со цел сопствениците на корпорациите да го заштитат деловното работење. Неопходно е да се направи сериозна анализа на безбедносните закани и ризици од компјутерскиот криминал во деловниот свет. Превземањето на мерки од безбедносната политика која ја дефинира дигиталната форензичка истрага на комјутерскиот инцидент се неопходни за превенција и заштита на информацијата и информационите системи во корпорациите. Особено значаен е аспектот на едукација и обучување на персоналот како и оспособување на носителите на КИС, во спротивставувањето на појавните облици како и идентификувањето на феноменолошките и етиолошките карактеристики на компјутерскиот криминал.

Литература

1. Benjamin S. Buckland, Fred Schrejer, Theodor H.Winkler.: Democratic governance challenges of cyber security: DCAF, Geneva, Switzerland, 2010.
2. Information and security: An International Journal.: Support to the Comprehensive approach. Sofia, 2011.
3. Revolution in the U.S. Information Infrastructure: Copyright 1995 by the National Academy of Sciences: USA.
4. Р. Христов.: Методика на истражување на електронски криминал: авторизирани предавања: Скопје, 2015.
5. Мајкл Д. Лајман., Гори В.Потер.: Организиран криминал: Магор, Скопје, 2009.
6. Milosavljevic M.: Istraga kompjuterskog kriminala: Beograd, 2009.
7. ОБСЕ: Прирачник за компјутерски криминал, Скопје, 2014.
8. Security in cyberspace, Staff statement, U.S. Senate, Permanent subcommittee on investigations, june 5, 1996, http://www.fas.org/irp/congress/1996_hr/s960605t.htm.
9. Trivan D.: Korporativna bezbednost; Beograd, 2012.

Борислав Зукиќ
ЕУРМ –Скопје
Тел: 070/513-577; Е-маил: borislav_zukik@yahoo.com

ИНТЕР-ЛАБОРАТОРИСКАСПОРЕДБАНАДИГИТАЛНИОТ ФОРЕНЗИЧКИ ПРОЦЕС ЗА АКВИЗИЦИЈА НА ДИГИТАЛНИТЕ ДОКАЗИ ОД ОПЕРАТИВНАТА (RAM) МЕМОРИЈА

АПСТРАКТ
Овој труд ги опишува стратегиите за стекнување и анализа на содржината на оперативната (RAM) меморија од референтните системи, ја потенцира потребата од интер-лабораториска форензичка соработка преку споредба на искуствата стекнати при аквизирање на доказите и техниките за анализана истите а со цел да се добие поголема глобална стандардизација на аквизицискиот процес и техниките за анализа на дигиталните докази. Во интер-лабораториската форензичка соработка е вклучена и анализирана целоснатапроцедура на званичната истрага, од испитување на местото на физичкиот криминал до анализата на аквизираните дигитални податоци.
Складираните податоци на меморијата со произволен пристап на компјутерите содржат суштински релевантни информации. Во случај на корпорациска или званична истрагааквизицијатана дигиталните докази е неопходна и од исклучителна важност за ефективна разрешница на истрагата на криминалните дејствија.Од друга страна пак, аквизицијата на содржината на оперативната (RAM) меморија може да биде предизвик доколку не се следат предефенирани процедури.

Клучни зборови: корпорациска истрага, дигитална форензика на RAM, лабораторија за дигитална форензика, компјутерски криминал.

INTER-LABORATORY COMPARISON OF DIGITAL FORENSICS PROCESS USED INDIGITAL EVIDENCE ACQUISITION FROM RANDOM ACCESS MEMORY (RAM)

ABSTRACT
This paper describes the strategies for acquiring and analyzing the contents of the operational (RAM) memory from a reference systems, emphasizing the need for inter-laboratory forensic collaboration by comparing the experiences gained through the digital evidence acquisition process and the techniques used for analyzing this evidenceand consequently, this may lead towards greater global standardization of the acquisition process and techniques used for digital evidence analysis. The inter-laboratory forensic co-operation involves and analyzes the full procedure of an official investigation, from the crime scene examination to the analysis of the acquired digital data.
The stored RAM memory data contains essentially relevant information. In the event of a corporate or official investigation, the acquisition of digital evidence is imperative and of exceptional importance for effective resolution of the investigation of criminal activity. On the other hand, the acquisition of RAM content can be challenging if no pre-defined procedures are followed.

Key words: corporate investigation, digital forensics of RAM, laboratory for digital forensics, cybercrime.

ВОВЕД

Овој труд ќе се фокусира на дигиталната форензика во живо а посебен осврт ќе биде даден на РАМ меморијата.Презентирана ќе биде ситуацијата на аквизиција на дигитални докази во случајот кога нападнатиот систем е составен дел од корпорациски десктоп компјутер кој е активен и е вклучен на струјно напојување. Во кратки црти ќе биде презентирана ситуацијата кога системот не е заклучен во моментот на аквизиција, или ИТ администраторот може да употреби административна лозинка за да влезе во системот без да дојде до рестартирање на истиот. Случајот кога системот е заклучен и шифриран исто така ќе биде елаборирaн врз база на практичните и теоретските решенија. Процедурите и алатките за аквизиција ќе бидат образложени во зависност од ситуацијата. Трудот ќе го завршиме со заклучни согледувања.

АКВИЗИЦИЈА НА ДИГИТАЛНИТЕ ДОКАЗИ

Дигиталната форензика во живо се фокусира на испарливите податоци кои привремено се задржуваат во РАМ меморијата на компјутерот кој е во работен режим. Во повеќето случаеви испитувањето на криминалното дејствие и дигиталната форензичка анализа започнува со пријава на компјутерскиот инцидент, или кривичното дело, до органите за корпорациска истрага или званичните органи за истрага. Пријавата до званичните органи за истрага може да се изврши и откако биде извршена корпорациската истрага, која го потврдила и идентификувала компјутерскиот инцидент и е потребно ангажирање на званичните органи за истрага. Секој подносител на барање очекува од органите за истрага да поседуваат високо ниво на знаење и експертиза.

Во основа имаме три општо познати сценарија со кои форензичарите се среќаваат при аквизиција на содржината на РАМ меморијата а кои ќе бидат елаборирани по комплексност:

1- Компјутерот има тврд диск, не е заклучен, или ИТ администраторот има можност да го отклучи со употреба на административна лозинка без потреба да го рестартира истиот.

1-1 Компјутерот нема тврд диск, не е заклучен, или ИТ администраторот има можност да го отклучи со употреба на административна лозинка без потреба да го рестартира истиот.

2- Компјутерот има тврд диск, е заклучен, лозинката е недостапна и ИТ администраторот нема можност да го отклучи со употреба на административна лозинка без потреба да го рестартира истиот.

2-1 Компјутерот нема тврд диск, е заклучен, лозинката е недостапна и ИТ администраторот нема можност да го отклучи со употреба на административна лозинка без потреба да го рестартира истиот.

3- Компјутерот е заклучен без можност од употреба на административна лозинка или лозинките од корисниците. Компјутерот нема ExpressCard, firewire, или thunderbolt.

3-1 DDR3 и DDR4 ладно подигнување на системот.

ПРЕМЕСТУВАЊЕ НА КОМПЈУТЕРОТ

Околностите во кои се изведува корпорациската истрага понекогаш диктираат да нападнатиот систем биде отстранет од просторијата во која се случило криминалното дејствие и биде преместен во контролирана лабораториска околина. Деталите нема да бидат елаборирани, меѓутоа ќе напоменеме дека литературата и лабораториите се слагаат дека следнава процедура треба да се почитува:

- Напојувајте го влезот на UPS од истото мрежно напојување како и целниот систем, може да се користи кабел за напојување со неколку приклучоци,
- Почекајте UPS-от да се синхронизира на електричната мрежа, обично се слуша звучен клик од внатрешните релеи на UPS-от,
- Излезниот поларитет и поларитетот на дестинацијататреба да се исти,
- Поврзете го излезот до дестинацијата со користење на точниот поларитет,
- Исклучете го кабелот за напојувањена компјутерот од sидниот штекер,
- Исклучете го UPS-от од електричната мрежа.

ПРИПРЕМИ ЗА ХАРДВЕРСКА АКВИЗИЦИЈА

Дигиталната форензикана RAM меморијата е поле кое се развива и кое допрва треба да достигне целосна зрелост.Таа е фундаментален дел од процесот на истрага за инцидентот, на пример, во ситуации кога по откривање на упад или инфекција со малициозен софтвер многу е важно да се прибератсите испарливи податоци кои инаку би можеле да се изгубат кога системот ќе се исклучи.Пример е листата на тековни системски сервиси и кориснички процеси, во моментоткористени драјвери и модули, дури и мрежни врски,рутирање и ARP табели.Сите овие податоци можат да се соберат со користење на алатки за аквизиција од компјутери кои се сеуште во работен мод, но исто така може да се спроведе и анализирање на RAM мемориската слика.Дополнителни докази како што се корисничката лозинка и декриптираните клучеви за шифрирање на податоците и фрагменти постојат само во RAM меморија. За пример напредните датотеки или малициозните програми кои ја користат единствено RAM меморијата не создаваат датотеки на тврдиот диск и истите можат да се откријат само од анализата на RAM меморијата. Модерните оперативни системи користатвиртуелна меморијата за управување со главната меморија. Windows ги заменува страниците во датотеката со датотека со екстензија „.sis“ која се наоѓа во главниот системски уред, додека пак UNIX и Linux ја користат swapпартициската анализа на датотеката со страница.Од корист е да спомнеме и дека за да се добие комплетен поглед на целата виртуелна меморија друг извор на докази е датотеката за хибернација каде што оперативниот систем ја зачувува целата содржина на RAM пред да замине во хибернација.Windowsја користи датотеката„hiberfil.sys“ и е лоциран во главниот системски диск, додека Linux генерално ги користи swap партициите, но исто така може да користи swap-датотека, а понекогаш и депонии на несреќи генерирани од оперативниот систем кога апликацијата ќе се урне може да бидат од интерес за

форензичарот, тие можат да бидат во форма на целосна депонија на меморија или мали депонии кои содржат повеќе ограничени групи на податоци. Пред да се започне со било каква аквизиција на содржината на тврдите дискови и РАМ меморијата неопходно е да се направи фотографска или видео евиденција на целиот компјутерски систем, да се идентификува хардверот, оперативниот систем, и софтверот кој е инкорпориран во компјутерот.

АКВИЗИЦИЈА НА РАМ МЕМОРИЈА

Првото сценарио на аквизиција на содржината на РАМ меморијата е готово идентично спроведено и документирано како во литературата, така и од страна на лабораториите за форензика. Истата процедура е применлива и во останатите две сценарија со исклучок на софтверските и хардверските решенија кои се достапни на форензичарите. Мора да нагласиме дека независно од методата или алатка која е избрана форензичкиот тим мора постојано да ги снима и документира сите чекори кои биле преземени при процедурата на екстракција на содржината на РАМ меморијата. Одредени отстапки се јавуваат во алатките кои се користат, меѓутоа тоа е ирелевантно доколку тие се прифатливи за јурисдикацијата во која се спроведува истрагата. Прв чекор секогаш е да се утврди дали компјутерот има некаква заштита во вид на лозинки и енкрипции. Најсовршено сценарио е кога компјутерот нема лозинка, или кога ја имаме лозинката. Во тој случај се пристапува кон екстракција на содржината од рамот. Оваа процедура мора да биде завршена пред да биде исклучен компјутерот. Вообичаено е форензичките решенија кои се користат да се во вид на апликации кои се складирани на УСБ апарат. По правило на истиот УСБ апарат се алоцира простор на кој ќе се направи РАМ меморискиот дампинг. Поради намалување на интеракцијата на форензичките алатки со РАМ меморијата најпожелно е да првично се знае типот на оперативен систем и самата хардверска конфигурација на компјутерот кој се испитува. Самите форензички алатки вообичаено имаат можност да го идентификуваат оперативниот систем и конфигурацијата на компјутерот, меѓутоа како и секоја апликација така и форензичката ја менува содржината на РАМ меморијата, а тоа во краен случај сакаме да го избегнеме. За Windows оперативните системи 32битните и 64бинтните општо прифатена алатка е FTK Imager[251]. Оваа апликација дава можност да се направи и форензичка копија на „pagefile“ датотеката од оперативниот систем.Пред да се почне било каква екстракција на РАМ меморијата треба да се направи снимка на дата и време од BIOS и на HASH вредностите на РАМ меморијата, една од апликациите која може да се користи е „md5sum“. За споредба, кога се прави слика од содржината на тврдиот диск HASH вредностите по правило не би требало да бидат сменети пред и после исклучувањето и отстранувањето на дискот, кај РАМ меморијата овие HASH вредности постојано се менуваат па собирањето на вредноста е од исклучителна важност пред да се направи дампингот и откако ќе се направат дампингот со цел да имаме важечки HASHвредности за копиите кои ќе послужат за анализа. Јурисдикцијата во која

[251]Email од Stephanie Corvese, Grant Thornton LLP до авторот, 9 Април 2018

оперира лабораторијата ја признаваат HASH вредноста како неоспорен доказ. Кога станува збор за Linux,Unix, или MACos вообичаено се користи Volatility, LiME, osxpmemили интегрираните алатки од командната линија „md5sum“или „mac_hash“. Овие апликациисе релативно мали и не нанесува преголеми дисторзии во РАМ меморијата која ја користат за извршување на операциите.Кај MACos аквизицијата на содржината од РАМ меморијата е возможна само доколку форензичарите користат администраторска лозинка. За да се дојде до административниот кориснички екран потребен е мек рестарт. Под нормални околности, некој би помислил дека рестартирањето на компјутерот ќе ја уништи можноста за собирање на RAM меморија. MACos компјутерите се различни и ова не е нужно правило. Тестирањата покажале дека може да има губење на меморијата, но износот на загуба не мора да биде значаен. Форензичарите треба да бидат свесни дека RAM меморијата на компјутерите на Apple е компресирана, така што просторот достапен на излезниот волумен треба да биде околу 50% поголем од основната RAM меморија инсталирана на системот. Потребен е HFS + волумен како дестинациски диск.За аквизиција на содржината на тврдиот диск без разлика на оперативниот систем е препорачливо да се користи друг УСБ диск со алоциран мемориски дел на кој ќе биде складирана сликата од дискот. Доколку тврдиот диск или УСБ дискот на кој е системот е криптиран најдобро е да за направи логичка аквизиција на истите пред да се прејде на РАМ меморијата. Се разбира сите УСБ дискови треба да се означат со налепници, заштитат и складираат. Аквизицијата на содржината на тврдиот диск е надвор од доменот на овој труд.

Кај второто сценарио се применуваат хакерски техники кои мора детално да се евидентираат и документираат со цел да бидат прифатени во јурисдикцијата каде оперира лабораторијата. Постандардни решенија за отклучување на заклучените компјутери се понудени во форма на картичка и уред (CaptureGUARD Express и CaptureGUARDGateway) кои се користат на Windows платформите (од XP, VISTA, па до WIN10). Овиерешенија се базирани наExpressCard картичка и уред кои можат да ја прикажат физичката меморија на компјутерот на кој се поврзуваат и истите спроведуваат аквизиција на содржината на РАМ меморијата без потреба да системот биде рестартиран или исклучен. Првата солуција создава депонирани датотеки во стандардниот WinDD формат, кој може да се користи со WindowsSCOPECyberForensicsUltimate или со други алатки за анализа на депонираните датотеки кои се компатибилни со WinDD. Недостаток е да и при користење на овие решенија содржината на самиот РАМ до некоја мерка се менува поради драјверите кои се инсталираат при користење на картичката и уредот. Поголем недостаток е фактот дека компјутерите со читач за Express Card, firewire, thunderbolt или слични „SerialBusProtocol 2“решенија стануваат се поретки и се заменети со УСБ технологија. Кога станува збор за Linux, вообичаено е да лозинките се „salt HASH“ заштитени и во поновите верзии се користиSHA256 и SHA512HASH, што ги прави тешки за откривање со „brute force“, „rainbowtables“ или „wordlists“. Процесот за РАМ мемориска аквизиција подразбира воспоставување далечинска врска со нападнатиот компјутер клиент преку SSH при што се остварува мемориски дампинг. За Linux и доколку се успее да се дојде до терминалната команда постои веројатност

дека напаѓачот има активирано некој „rootkit“што користи анти-форензички методи, тие или го поткопуваатпроцесот на аквизиција на содржината на РАМ меморијата при користење на LiME, или пак оперативниот систем се урива при користење на директното мемориско дампирањена„pmem“.После РАМ аквизицијата форензичката процедурата е иста како и во претходното сценарио.
Третото сценарио подразбира иновативни техники кои во целост не се еалборирани во стручната литература дали поради недостаток на информации или едноставно се дел од деловни тајни достапни само за најелитните форензични лаборатории или агенциите за безбедност. Во вој труд само ќе ги споменеме можностите кои се поткрепени во научни трудови од реномирани форензични лаборатории. Според трудовите издадени до денешно време, кога станува збор за Windows или Linux оперативните системи ова и не е некој предизвик доколку системот користи РАМ мемории од типот на DDR2 или постари модели на РАМ мемории. Имено може да се користи веќе докажаниот метод „ColdBootAttack“.Додека нападнатиот компјутер е во режим на работа се пристапува кон разладување на РАМ меморијата со индустриски спреј за ладење на облоги кој не спроведува електрична енергија.Спрејот ја намалува температурата на РАМ меморијата во толкава мерка што меморијата не ја губи мемориската содржина во временски интервал и до 10 минути. Компјутерот се исклучува од напојувањето, или за Linux може да се суспендира на РАМ на пример па исклучи. РАМ меморијата се вади и се приклучува на компјутер кој ќе се користи за аквизиција на РАМ содржината. Во компјутерот за аквизиција се вметнува вообичаено УСБ со апликација која ќе направи екстракција на содржината од оладената РАМ меморија при првичното подигање на системот. За напомена е дека суспендирањето на компјутерот на RAM меморија треба да се смета за опасно бидејќи понекогаш компјутерот не може правилно да продолжи, или може да побара BIOS лозинка.Недостаток е што повеќето BIOS-и на модерните компјутерски плочи ја бришат содржината на РАМ меморијата при првичното подигање.Кога станува збор за DDR3 и DDR4 мемориите мора да се земе во предвид дека самите мемории подлежат на поголема испарливост на податоците и имаат понапредни заштитни мерки во форма на шифрирање на податоците. Од друга страна пак докажана е ранливоста на LFSRенкрипцијата и фактот дека може да се пробие со само 50 битен знаенчист текст доколку станува збор за единичен РАМ модул, сосема е друга ситуацијата доколку се користат повеќе РАМ модула. Во полза на „ColdBootAttack“ е и фактот дека поновите РАМ мемории се понеосетливи на термичко распаѓање на податоците во споредба со постарите модели DDR2.

АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ

Следниве артефакти може да се очекуваат од процесот на стекнување и анализа на содржината на РАМ меморија: системски процеси, сервиси кои се користат, информации за таблата со исечоци, сесиите за прелистување (инкогнито сесии), лозинки, датотеки и мултимедија кои се користат, чатови / складирани податоци на активните апликации.

Податоците од минатото исто така може да се извадат од RAM-от, процесите кои биле користени од пред некој саат време па до месец дена зависно од тоа колку бил активен компјутерот. Анализата никогаш не смее да се спроведува на оригиналните дампинг дискови и материјали. Други алатки кои исто така се користат се AXIOM, COFFEE, BelkasoftLiveRamCapturer, Volafox, The Coroner's Toolkit, HashKeeper, CodeSuite, RegRipper, Windows Scope Cyber Forensics, Registry Recon, и XRY. Kaj Linux оперативните системи за да ја анализирате депонијата со на пример Volatility, треба да кре-ирате профил кој се совпаѓа со системот од каде што е дампирана меморијата: за да го направите ова, треба да компилирате C програма во системот и да користите „dwarfdump".Во случај да е потребно ресетирање на лозинката,декрипцијатана HASH датотеките е една од опциите, на пример со „sudosu",„Hashcat",или„oclHashcat" која пак користи предности од GPU за про-наоѓање на лозинките. Резултатите и анализата се документираат и се прави извештај.

ЗАКЛУЧОК

Имајќи ги во предвид изобилието на оперативни системи, компјутерски конфигурации, и решенија кои се достапни во моментов во светот предизвик е за дигиталните форензичари да одредат и да се согласат околу правилна процедура па и околу алатките кои би можеле да биде применувани при секој случај. Во извесни точки процедурата на аквизиција е стандардизирана кога зборуваме за RAM меморијата, меѓутоа како што веќе беше елаборирано во второто и третото сценарио процедурата може да наиде на пречки од типот јурисдикциони и правни пречки па се до немање соодветен кадар или опрема. Од друга страна пак малициозниот софтвер бележи се пософистициран развој на кој и самите дигитални форензичари и лаборатории немаат соодветен одговор. Само за пример ги наведуваме Spectre илиMeltdown малициозните алатки кои се стационирани во целост во RAM меморијата а ги искористуваат хардверските и софтверските грешки на Intel како и на другите процесори и самиот CPU cache од една страна и недостатоците во шифрирањето на DDR3 и DDR4 мемориите од друга страна. Потенцираме дека ова е еден од многуте примери кои може да бидат експлоатирани со употреба на обична JAVA скрипта на било кој интернет сајт било каде во светот. Овој пример е само еден во океанот од многу кој го наведуваме со цел да ја истакнеме потребата од поголема соработка помеѓу форензичките лаборатории во споделување на најновите техники и методи за аквизиција на содржината на RAM меморијата од живите системи во случаи кога компјутерот е целосно преземен од напаѓачот а вообичаените процедури наведени во овој труд па и пошироко сенекорисни а последиците може, а и се најчесто, глобални кога не се преземаат соодветни мерки како што го покажа случајот со WannaCry во 2017 година.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Bovet, D., &Cesati, M. UnderstandingtheLinuxKernel (3 ed.). Sebastopol. 2006.
2. Binnie, C. Linux Server Security: HackandDefend. 2016.
3. AccessData. (2016). PasswordRecoveryToolkitandDistributedNetworkAttack.

4. Kavrestad, J. Guide to Digital Forensics: A Concise and Practical Introduction. 2017.
5. Rochmadi, T., Riadi, T., Prayudi, Y.:LiveForensicsforAnti-ForensicsAnalysisonPrivatePortable Web Browser: InternationalJournalofComputerApplications. Vol. 164 – No 8 (2017)
6. Bauer, J., Freiling, C.: Lestweforget: Cold-bootattacksonscrambled DDR3 memory: DFRWS 2016 EuropeProceedingsoftheThirdAnnual DFRWS Europe - DigitalInvestigation. Vol 16 (2016)
7. Austin, T., Aga, T., Das, R., Yitbarek, S.: ColdBootAttacksareStillHot:SecurityAnalysisofMemoryScramblersinModernProcessors: 2017 IEEE InternationalSymposiumonHighPerformanceComputerArchitecture. (2017)
8. Schramp, R.: Livetransportationand RAM acquisitionproficiencytest : DigitalInvestigation. (2017)
9. Schatz, B., Cohen, M.: Advancesinvolatilememoryforensics: DigitalInvestigation. (2017)
10. Block, F., Dewald, A.: Linuxmemoryforensics: Dissectingtheuserspaceprocessheap: DigitalInvestigation. Vol. 22. (2017)
11. Case, A., KusumDas, A., Park, SJ., Ramanujam, J.: Gaslight: A comprehensivefuzzingarchitectureformemoryforensicsframeworks: DigitalInvestigation. Vol. 22. (2017)
12. Carbone, F. ComputerForensicswith FTK. 2014.
13. Skulkin, S. deCourcier, S. Windows ForensicsCookbook. 2017.
14. Johansen, G. DigitalForensicsandIncidentResponse. 2017.
15. Malin, H. LinuxMalwareIncidentResponse: A Practitioner'sGuidetoForensic. 2017.
16. Stephenson, P. Official (ISC)2® Guidetothe CCFP CBK. 2017.
17. Binnie, C. Linux Server Security: HackandDefend. 2016.

Роберт Вртески
Факултет за детективи и криминалистика
Европски Универзитет Република Македонија

Апстракт
Најголем мотив за истражувањето на оваа тема се различните видови на професиии кои произлегуваат при секодневното собирање на сите информации без оглед на тоа дали станува збор за повеќе или помалку издржани информации. Горенаведеното се поткрепува со фактот дека разузнавањето се извршува кога голем број на различни информации се собираат заедно, па откако ќе се сублимираат тие се обработуваат за да на крај се извлечат нови заклучоци во различни полиња од науката, културата, и образованието. Најнапред во ова истражување ќе зборуваме за историските, тековните и предиктивните погледи во работењето на бизнис разузнавањето, кое, често пати има за цел да го подржи донесувањето на крајните одлуки во бизнис околината. Проблематиката на ова ова истржување со состои од споредбена алнализа на успехот на големите и на малите претпријатија при работата со бизнис разузнавање. Целта на истражувањето е исто така, благоречено идентична со целта на деловното разузнавање а таа се состои од винстинска информација во вистинско време и на вистинско место за да може да се донесе вистинска одлука во малите и големите бизниси, и добивање на предност пред конкуренцијата.

Клучни зборови: информација, стратегија, профит, конкуренција, разузнавање.

Business intelligence

Abstract
The biggest motivation for this research paper on business intelligence are the vast types of professions that are developed from everyday information gathering, regardless of the sustainability of the information itself. The above said is supported with the fact that intelligence is created when a lot of different information are gathered together, sublimed, and after they are processed we can achieve new conclusions in the fields of science, culture and education. As an introduction in this research, we'll talk about past, present and future views of the business intelligence, that more than often has a primary goal to support decision making in the business environment. The main goal in this research is to compare the success of the business intelligence of the big and small businesses while managing the business intelligence. Also, the main goal of this research is supported by the fact that getting the right information in the right place and time can help small and big corporation to make the best decision for their businesses, and get a step ahead of the competition.

Keywords: Information, strategy, profit, competition, intelligence.

Вовед

Современ тренд претставува се позасиленото темпо за користење на услугите од приватните детективи во деловниот свет. Искуството покажува дека делониот успех во многу е детерминиран од деловната безбедност, односно од деловното безбедносно опкружување. Оваа услуга значи и повеќе финансии заради плаќање на истата од страна на деловните компании. Од друга страна, во деловната заедница преку обезбедување на поголема безбедност се придонесува за зголемување на интегритетот, угледот и довербата перципирана од остананите деловни субјекти. Може да се наведе дека не постои подрачје од бизнисот во кое нема свое место бизнис разузнавањето. Како што наведува д-р Г. Цветковски: "токму поради овој факт, големите реномирани компании формираат сопствен систем за деловна заштита на корпоративно ниво, исто како што секоја држава има безбедносно-разузнавачка служба на национално ниво. Малите и средни фирми кои не се во можност посебно да инвестират во оваа област или процениле дека тоа би бил нерационален задат, за оваа цел користат детективиски услуги, односно специјализирани консалтинг агенции. Со помош на нив се добиваат информации за сопственоста и менаџментот на конкретна фирма, предметот на дејност, факти, бонитет, биланси, индиректни врски меѓу лица и фирми и други сознанииja и податоци."[252]

Неспорноста на овие факти поврзани со реалноста на потребите на современите корпорации ја наметнува потребата да се даде одговор на следните прашања: дали овој современ тренд на користење на детективските услуги е присутен на исто рамниште во светот? Дали постојат диспропорции во оваа област на работење? Дали се исти надлежностите на приватните детективи воопшто и посебно во областа на деловното работење во различни држави?

Во обидот да се даде точен и прецизен одговор на овие прашања потребно е најпрвин да се навлезе во природата на бизнис разузнавањето, да се објасни неговата структура и значење, односот со јавниот безбедносен сектор итн. Сложеноста на овие прашања во многу е детерминирана од сложените односи во глобалното опкружување, тајноста во дејствувањето на приватните детективи, нивните специфични надлежности и контролата над нивната дејност.

1. Дефинирање на бизнис разузнавањето

За да се дефинира бизнис разузнавањето потребно е претходно да се определи природата на економската и деловната шпијунажа, под која се подразбира "функционално собирање податоци од економски, финансиски и друг деловен карактер за другии држави, општествени организации, економски и финансиски институции и компании заради заштита на сопствените интереси. Деловната шпијунажа ги опфаќа сите легални дејствија и процеси кои се спроведуваат со цел на компаниите да им се даде предност на пазарот во однос на конкуренцијата."[253] Неспорно е дека "економската шпијунажа претставува една од многуте важни полуги на корпоративната и

[252] Цветковски Г., Професија приватен детектив, "Панили", Скопје, 2011 година, стр. 259.

[253] Стојановиќ М., Павловиќ Д., Економска безбедност пословања, Београд, 2014 година, стр. 30-31.

вкупна национална моќ, затоа што силен стопански систем претставува и здрава и цврста основа на општествениот поредок на земјата, нејзината воена сила, потенцијал за одбрана, монетарна сила, политичка стабилност и јакнење на позицијата на владата на секоја земја како на внатрешен така и на надворешен план."[254] Современите ризици и закани во деловниот свет се поврзуваат со најразлични феноменолошки облици на економска односно деловна шпијунажа, на која се надоврзуваат етиолошките елементи и на тој начин преку синтеза се доаѓа до природата на бизнис разузнавањето кое е логична последица на оваа конкретна, непосредна и континуирана закана. Имено, бизнис разузнавањето во последно време забележува брз раст и се усредоточува кон собирање на податоци и информации, нивна обработка, анализа и предлагање решенија кои се корист на една современа корпорација или деловен субјект. "Сепак, неговата суштина е поседување на бизнис информации заради супериорност во однос на конкурентите и следствено на тоа, донесување правилни одлуки од страна на менаџментот на фирмата. Поедноставено, тоа значи способност да се соберат, обработат (анализираат) и употребат информации кои претставуваат клучен менаџерски ресурс во новите бизнис услови. Во светот овие работи се познати под името due diligence."[255] Бизнис разузнавањето претставува значајна содржина во работните задачи пред се на менаџерите за корпоративна безбедност кои се етаблирани во современите корпорации. За нивната работа од големо значење се информациите поврзани со деловното работење. Законската дефиниција на поимот информација кај нас го подразбира само она сознание кое го менува знаењето на приемачот, односно сознанието кое дава ново знаење, различно од претходното. Информацијата е сознание кое може да биде пренесено во која било форма. Од друга страна, нејзината безбедност може да се претстави на следниот начин:

Слика бр. 1 Информатичка безбедност

[254] Marković S., Osnovi korporativne i industrijske bezbednosti, USEE, Novi Sad, 2007 godina, str. 185.
[255] Цветковски Г., Професија приватен детектив, "Панили", Скопје, 2011 година, стр. 260.

Оттука, може да се забележи дека круцијално значење поврзано со бизнис разузнавањето има информацијата воопшто или деловната информација посебно. Затоа, обезбедувањето на точни деловни информации и нивна заштита се остварува преку структурите и инструментите на бизнис разузнавањето во денешно време.

2.Надлежности на македонските приватни детективи во областа на деловното работење

Приватната детективска дејност во нашата држава претставува дел од приватниот безбедносен сектор настанат после стекнувањето на македонската независност и самостојност. Развивана со бавно темпо и без осовременување на оваа дејност претставува една од посуштинските слабости со кои се карактеризира и по кои е препознатлива во јавноста. Постои перцепција дека оваа дејност повеќе се реализира конспиративно од лица кои ниту имаат лиценци и легитимации за детективи, ниту пак ги исполнуваат условите за нивно добивање. Од истражувањето на податоците во Централниот регистар каде што се регистрира оваа дејност може да се нотира дека:

Овие слабости имаат системски карактер и придонесуваат за бавното професионално развивање на дејноста на приватните детективи.

И покрај оваа реална состојба, законската омеѓеност на приватната детективска дејност е клучна детерминанта за нејзино етаблирање во економскиот систем на државата. Специјален закон за вршење на оваа дејност претставува Законот за детективска дејност, донесен во 1999 година.[256] Во член 12 од законот е дефинирана природата на податоците и информациите кои може приватниот детектив да собира, а како позначајни и поврзани со бизнис работењето може да се наведат следните:

- за обезбедување на доказни материјали во врска со кривични дела или сторители на кривични дела. Понекогаш во текот на работењето доаѓа до извршување на кривични дела (кражби, измами, деловна шпијунажа итн.) заради што се јавува потребата правните лица да се обратат до приватните детективи за прибирање на овие податоци и информации и тоа од повеќе причини: прво, брзината на дејствување на приватните детективи, второ, конспиративноста во нивното работење, трето, односот кој се воспоставува на релација приватен детектив – корисник на услуга кој припѓа на бизнис заедницата итн.;
- за лица кои се исчезнати или сокриени, за пишувачи на анонимни писма или за причинители на материјална штета. Не ретко во текот на извршувањето на бизнис задачите поедини лица, посебно во делот на менаџерското раководење се соочуваат со писмени закани од одделни

[256] Овој закон е менуван и дополнуван со следните закони: Законот за изменување и дополнување на Законот за детективска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/07), Законот за дополнување на Законот за детективска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 86/08), Законот за изменување и дополнување на Законот за детективска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/11), Законот за изменување и дополнување на Законот за детективска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 164/13), Законот за изменување и дополнување на Законот за детективска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/15), Законот за изменување и дополнување на Законот за детективска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/15) и Законот за изменување и дополнување на Законот за детективска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/16)

вработени кои од најразновидни побуди се одлучуваат да пристапат кон таков облик на комуникација. Исто така, се случува некој вработен да исчезне под сомнителни околности и во тие случаи, покрај ангажманот на полицијата се јавува потребата да се ангажираат приватни детективи кои со примена на нивните надлежности придонесуваат за расветлување на настанот и откривање на неговиот предизвикувач;

- за откривање на идентититет на лице и негово живеалиште, односно престојувалиште. Постојат ситуации кога определено лице вработено во една приватна компанија да доставува лажни податоци за својот вистински идентите или неговото живеалиште односно престојувалиште. Посебно овие ситуации се среќаваат при спроведување на првично интервју за вработување кога определени факти не се поклопуваат со одредени статусни состојби. Во тие ситуации приватниот детектив може да им помогне на приватните компании да ги елиминираат евентуалните сомнежи и да ја откријат вистината во погоден момент.

- за украдени или изгубени предмети. Кражбата на одредени предмети односно нивното губење може да предизвика дополнителни финансиски трошоци за компаниите. Со цел нивно спречување или пак откривање во благовремен период, услугите на приватните детективи се голема корист;

- за односот на работниците спрема заштитата на деловната тајна.

- за успешноста и деловноста на правни лица.

3.Улогата на бизнис разузнавањето во заштитата на деловната тајна

Под поимот деловна тајна се подразбира збир на податоци и информации кои се користат во работењето, а кои припаѓаат на деловните субјекти, доведуваат до економска корист и обезбедуваат одредени предности над конкуренцијата.[257]

Деловната односно трговска тајна претставува комплекс од податоци и информации што се користат во деловното работење на компаниите односно деловните правни лица чиј што степен на тајност е во функција на остварување економска предност и бенефит за една корпорација. Правото на заштита на деловната тајна има национална и меѓународна димензија. На национално ниво, деловната тајна е предмет на нормирање во одделни одредби од Законот за работни односи[258] (член 35) каде е определено дека работникот не смее да ги искористи за своја сопствена употреба или да ги предаде на трето лице податоците што се сметаат за деловна тајна на работодавачот, кои како такви со посебен акт ќе ги определи работодавачот и кои му биле доверени на работникот или со кои бил запознат на друг начин. Исто така, работникот е одговорен за издавање на деловна тајна, ако знаел или би морал да знае за таквото својство на податоците. Притоа, секој работник кој доаѓа во контакт со материјали, информации и податоци кои се класифицирани е должен да ја чува тајната на истите. За таа цел, претставниците на работниците и сите експерти што им помагаат, не смеат на работниците или на трети страни да им откриваат какви било информации кои

[257] Katilić T., Uvod u zaštitu intelektualnog vlasništva u Republici Hrvatskoj, CARnet, Zagreb, 2006 godina, str. 50.

[258] Службен весник на РМ бр. 167/2015 година.

се од деловен интерес на работодавачот, а кои јасно им биле кажани во доверба. Оваа обврска продолжува да важи и по завршувањето на нивниот мандат. Во одредени случаи и според условите и ограничувањата утврдени со закон, може да се утврди дека работодавачот не е обврзан да пренесе информации или да се консултира кога природата на тие информации или консултации е таква што според објективни критериуми сериозно би го нарушила или би го довела во прашање функционирањето на работодавачот.

На меѓународно ниво постојат механизми за заштита на деловната тајна при што се прави разлика помеѓу деловна тајна и доверлива информација. Во отсуство на национална нормативна дефиниција на поимот деловна тајна, би можеле да се послужиме со критериумите кои се содржани во член 39 од Договорот за трговските аспекти на правата од интелектуална сопственост на Светската трговска организација и тоа:

1) Информацијата да е тајна, односно да не е општо позната или да е достапна до кругови кои вообичаено се занимаваат со соодветниот вид на информации;

2) Информацијата да има комерцијална вредност и

3) Друштвото да преземало чекори за да ја здржи тајната со пропис или одлука.

Бизнис разузнавањето преку своите експоненти – приватните детективи имаат посебни надлежности во заштитата на деловната тајна, каде што влегуваат: бизнис планови, бизнис стратегии, маркетинг планови, клиенти итн. За да се определи заштита на деловната тајна потребно е најпрвин да се пропише со пропис кои документи, материјали или акти го имаат тоа својство. Затоа што не постои повреда на работниот ред и дисциплина со неовластено соопштување на деловна тајна, доколку претходно работодавачот во посебен акт не определил кои факти, исправи, податоци и документи се прогласени за деловна тајна.[259]

Натаму, во Кривичниот законик на Република Македонија е обезбедена заштита на деловната тајна – оддавањето и неовластеното прибавување на деловна тајна. Во член 281 од КЗ на РМ, е инкриминирано дека тој што на неповикано лице ќе му соопшти, ќе му предаде или на друг начин ќе му ги направи достапни податоците што со закон се прогласени за деловна тајна, како и тој што прибавува вакви податоци со намера да ги предаде на неповикано лице, ќе се казни со затвор од една до пет години. Тој што на неповикано лице ќе му ги соопшти, ќе му ги предаде или на друг начин ќе му ги направи достапни податоците што со пропис или со одлука на надлежен орган на управување се прогласени за деловна тајна, ако оддавањето на овие податоци предизвикало или можело да предизвика потешки штетни последици, како и тој што прибавува вакви податоци со намера да ги предаде на неповикано лице, ќе се казни со затвор од три месеци до три години. Ако податоците се од особена важност или ако оддавањето, односно

[259] Рев. 3 бр. 239/2014 од 14.10.2015.

прибавувањето на податоците е извршено заради нивно изнесување во странство, ќе се казни со затвор од една до десет години.

Заштита на деловната тајна има и меѓународна димензија, а изворите за тоа се наоѓаат во актите на Европската унија, како што е Директивата на ЕУ 2016/943 за заштита на неоткриени знаења и искуства и трговски информации (деловни тајни) од незаконско прибавување, користење и употреба од 08.јуни 2016 година.

Во Законот за детективска дејност посебно е определена надлежноста на приватните детективи да истражуваат дали работниците во една компанија ја заштитуваат деловната тајна односно да прибираат податоци за тоа каков е нивниот однос кон оваа прашање. Затоа ова прашање по својата природа влегува во поширокаата област на economic espionage, под што опфаќа "употреба на илегални, тајни, принудни или измамнички начини и методи да се дојде до одредени информации за деловните субјекти во приватниот сектор."[260] Во поглед на штетните последици кои корпорациите и националното стопанство ги имаат поради дејствувањето на индустриската/деловната шпијунажа, во стручната литература постојат различни мислења, првенствено поради спорот за тоа дали штетите од овој вид можно е да се согледаат во целина.[261]

4.Улогата на бизнис разузнавањето во остварувањето на заштита на податоци за успешноста и деловноста на правни лица

Бонитетот на правните лица отсекогаш претставувал предизвик и интерес за бизнис заедницата. Имено, срцевината на деловниот свет се засновува врз бројни договори, меморандуми кои ги склучуваат деловните субјекти, а на чие потпишување односно официјализирање му претстои проверка на податоците за деловниот партнер. Во оваа сфера деловната интелигенција има посебни надлежности кои се реализираат преку афинититети и способностите на приватните детективи во истражувањето на непосредната и поширокаата деловна околина, а сето тоа со цел да се олесни процесот на донесување на одлуки од страна на менаџментот. Тој процес се состои во следните клучни елементи:

- собирање на податоци и нивна анализа;

- согледување на ситуацијата и проценка на ризик;

- поддршка во донесувањето на одлуки.[262]

Изработката на безбедносната проценка за потребите на деловниот клиент е работа на менаџерот за корпоративна безбедност, кој исто така може да ги користи услугите на бизнис разузнавањето и тој процес најчесто опфаќа:

[260] Potter H. Evan, (ed.), Economic Intelligence and National Security, Carleton University Press & The Center for Trade Policy and Law, Ottawa, 1988, pp. 11-14.
[261] Trivan D., Detektivska delatnost, Beograd, 2014 godina, str. 135.
[262] Цветковски Г., цит. труд, стр. 261.

1) Проценка на можните извори (носители) на загрозување на безбедноста во корпорациите;
2) Проценка на можните облици (начини) на загрозување на безбедноста во корпорациите;
3) Проценка на можните места на загрозување на безбедноста во корпорациите и
4) Анализа на ризикот.[263]

Деловното работење на компаниите не е само прашање на желба за добивка, туку во исто време и прашање на финансии кои треба да ги вложат сопствениците во градење на деловна структура и клима која ќе биде насочена кон јакнење на интегритетот на вработените, нивниот етички однос на податоците и сознанијата поврзани со секојдневното работење, а кои понекогаш имаат и суптилна природа. Приватните детективи како сервис на корпоративната безбедност можат во многу да придонесат за унапредување на овие тековини во деловниот свет и тоа на неколку нивоа:

- Утврдување на ризици и закани за деловното работење;
- Изготвување елаборати за безбедносна проценка во тесна комуникација со топ-менаџерите на корпорациите, преку развивање сопствена методологија за изработка на модел во контекст со менталитетот и природата на корпорацијата;
- Анализа на актуелната состојба поврзана со безбедносните појави поврзани со деловното работење и опкружување;
- Развивање на безбедносни мерки односно заштитни активности. Така доколку се "неразвиени безбедносните заштитни мерки, во ситуација кај изворите на загрозување да постои позитивна проценка дка проблемите може да ја реализираат својата замисла, тогаш веројатно е дека ќе се случи загрозување на безбедноста на корпорацијата. Доколку после правилната безбедносна проценка мерките за обезбедување целосно се воспоставени, кај носителите на загрозување ќе се развие убедување дека не е можно да се спроведе замисленото, и ќе дојде до откажување од злонамерното дејствување."[264]
- Корпорациско предвидување на идните закани и нивните носители, со изготвување на анализа на ризиците, како завршна фаза од безбедносната проценка која во зависност од ранливоста на имотот и лицата и работењето на корпорациите и заканите, дава оценка за прифатливоста на ризикот, непосредно влијае на степенот и начинот на заштита и обезбедување на корпорациите.[265]

Заштитата на деловното работење на корпорациите е исто така една од стратешките цели на менаџментот е детерминирана и од квалитетното утврдување на нивоата на ризици кои ја загрозуваат безбедноста на работењето, проценка на нивната фрекфенција итн.

[263] Драгишић З., Безбедносни менаџмент, Службени гласник, Београд, 2007, стр.47-52.
[264] Мандић Г., *Систем обезбеђења и заштите,* Факултет цивилне одбране, Београд, 2004,стр.42
[265] United States Bureau of Diplomatic Security, Vital Installation Security Training Course, Philippines, 2002.

5.Улогата на планирањето во бизнис разузнавањето

Планирањето на бизнис разузнавањето е неопходно заради обезбедување на систематичност и деловен поредок во кој точно ќе се знае кои се целите кои треба да се постигнат, улогата на деловните субјекти во постигнувањето на овие цели, јакнењето на сигурноста во работењето итн. Во областа на корпоративната тероија, планирањето најчесто се дефинира како "мисловно-творечка активност која претходи на извршувањето на секоја задача од делокругот на безбедноста на корпорацијата, а опфаќа утврдување на целите и пронаоѓање најдобар начин за нивно остварување."[266] Планирањето:
А) обезбедува правец
Б) ја намалува несигурноста
В) трошоците се сведуваат на најмала мерка и
Г) се утврдуваат стандарди кои се применуваат во контролата.[267]
Планирањето во областа на бизнис разузнавањето е сложен процес фокусиран кон остварување на целите на стратешко, тактичко и оперативно ниво и затоа плановите може да се поделат на ист начин. Ако бизнис разузнавањето има за цел подигнување на нивото на безбедност во деловното работење тогаш, одделните планови се во функција на јакнење на безбедносните аспекти на бизниост, ресурсите, програмите. Имајќи ја во вид конспиративноста на овој облик на разузнавање планското работење претставува императив со детерминирачно значење за неговата ефикасност. Имено, неспорно е дека приватните детективи извршувајќи сериозна корпорациска дејност. Затоа тие мора да водат грижа пред се за тајноста на своето работење, што претставува иманентна карактеристика и на општиот облик на разузнавање каде има "значење на фундамент за разузнавачката дејност."[268]
На овој начин може да се нотира дека планирањето на бизнис разузнавањето треба да биде насочено кон идентификување на субјектите, моделите, просторната и временска димензија на актуелните безбедносни ризици и закани. Со тоа се остварува благовремена и правилна проценка и предвидување на идните закани, како и формулирање на стратешки документи кои се во функција на идно превентивно дејствување преку прибирање на податоци и информации од значење на бизнис разузнавањето.
ЗаклучокИстражувањето на одредени современи аспекти на бизнис разузнавањето само го потврдува неговото значење и вредност за современиот деловен свет. Кога станува збор за деловното разузнавање тогаш природно е да има синтеза помеѓу теоријата и практиката затоа што само на тој начин може да се обезбеди да се разбере суштината на еден многу витален сегмент од деловното работење.
Основите на бизнис разузнавањето мора да се засновуваат врз начелото на законитост затоа што во спротивност ќе се поткопа интегритетот на деловниот субјект во целина.
Ефикасното бизнис разузнавање има за цел зголемување на безбедноста во деловното работење. Затоа денес, во светот овој облик на разузнавање има

[266] Hunger i T.L.Wheelen, Strategic Management, 7, Upper Saddle River, NJ: PrenticeHall,2000.
[267] Стевановић О., Руковођење и командовање, Полицијска академија, Београд, 1999, стр.96.
[268] Masleša R., Obavještajne teorije, hrestomatija, Sarajevo, 2010 godina, str. 146.

приоритетно значење во функционирањето на врвниот менаџмент на една современа корпорација. По својата природа може да се заклучи дека бизнис разузнавањето ги има карактеристиките на општото разузнавање, а тоа се согледува во однос на тајноста на работењето, но се разликува од истото според својата корпорациска заснованост.

Во нашата држава многу малку е познат овој модел на разузнавање и токму поради тоа компаниите се препуштени сами да се борат со современите безбедносни ризици и закани, како што се сајбер криминалот, економските деликти, имотните деликти итн. "Свеста за корпоративна безбедност во Република Македонија Македонија сеуште не е на високо ниво, поради што компаниите трпат загуби. Меѓутоа, иако скромно, постепено голем број домашни компании ја согледуваат потребата од ангажирање на професионалци за корпоративна безбедност."[269]

Затоа е неопходно потребно во иднина да се вложат напори пред се за развивање на парадигмата за бизнис разузнавањето прилагодена на нашите услови, со консекветно почитување на странските искуства во оваа област, од една страна и развивање на свеста кај приватниот сектор за поголемо користење на услугите на бизнис разузнавањето. Дотолку повеќе што ваков "вид на услуги бараат често и странски фирми кои приватните детективи ги ангажираат по пат на деловна преписка преку Интернет, а финансиските средства по завршената истрага, уредно ја плаќаат на сметката на детективот."[270]

Литература

1.Цветковски Г., Професија приватен детектив, "Панили", Скопје, 2011 година.
2.Стојановиќ М., Павловиќ Д., Економска безбедност пословања, Београд, 2014 година.
3.Marković S., Osnovi korporativne i industrijske bezbednosti, USEE, Novi Sad, 2007 godina.
4.Katilić T., Uvod u zaštitu intelektualnog vlasništva u Republici Hrvatskoj, CARnet, Zagreb, 2006 godina.
5.Potter H. Evan, (ed.), Economic Intelligence and National Security, Carleton University Press & The Center for Trade Policy and Law, Ottawa, 1988.
6.Trivan D., Detektivska delatnost, Beograd, 2014 godina.
7.Драгишић З., Безбедносни менаџмент, Службени гласник, Београд, 2007.
8.United States Bureau of Diplomatic Security, Vital Installation Security Training Course, Philippines, 2002.
9.Hunger i T.L.Wheelen, Strategic Management, 7, Upper Saddle River, NJ: PrenticeHall, 2000.
10.Стевановић О., Руковођење и командовање, Полицијска академија, Београд, 1999 година.
11.Masleša R., Obavještajne teorije, hrestomatija, Sarajevo, 2010 godina.
Службен весник на РМ бр. 167/2015 година.
Рев. 3 бр. 239/2014 од 14.10.2015.

[269] Цветковски Г., оп. цит. стр. 260
[270] Ибид, стр. 260.

Јелена Ванева
Факултет за детективи и криминалистика
Европски Универзитет Република Македонија

Улогата на полицијата во откривање на имотните деликти (кражба, тешка кражба)

Апстракт
Имотниот криминалитет претставува посебен облик на криминалитет што се состои од кривични дела што се насочени против имотот и имотните права на граѓаните и правните лица. Извршителите на овој вид кривични дела настојуваат за себе или за друг да присвојат имотна корист, а со тоа и некому да предизвикаат материјална штета. Кривичните дела против имотот се појавиле уште од најстари времиња, односно со самата појава на сопственоста. Имотните деликти со посебен акцент на кражбите и тешките кражби се најчест облик на криминалитет во Република Македонија. Голема улога во откривањето и докажувањето на овие имотни деликти имаат и органите за внатрешни работи како основни органи за откривање на кривичните дела во склоп на нивната превентивна и репресивна активност со примена на соодветни мерки и активности со цел да се спречи и намали бројката на извршување. Заедничкиот интерес на МВР и приватното обезбедување во Македонија придонесуваат во одржувањето на приватната и државна сопственост и сузбивање на имотниот криминалитет.

Клучни зборови: имотни деликти, кражба, тешка кражба, полиција, приватно обезбедување

Abstract
Property crime is a special form of criminality consisting of crimes that are directed against property and property rights of citizens and legal entities. The perpetrators of this type of crime endeavor to assign a property benefit to themselves or to others, and with that to cause end material demage. Criminal acts against property have arisen since the earliest times, that is, with the very appearance of ownership. Real estate with special emphasis on the theft and heavy thefts are the most common form of criminality in the Republic of Macedonia. The organs of internal affairs as the main organs for detecting crimes in their preventive and repressive activity with the application of appropriate measures and activities in order to prevent and reduce the number of execution have a major role in the detection and proving of these property deeds. The joint interest of the Ministry of Interior and private security in Macedonia contribute to the maintenance of private and state property and the suppression of property crime.

Keywords: property delicts, theft, heavy theft, police, private security

Вовед

Безбедноста во заедницата станува актуелна тема на јавни, политички и научни дебати, кои сè повеќе ја актуализираат превенцијата на криминал како прашање на полицијата и на казненоправниот систем. Таа ги обединува владините агенции, практичарите, научните работници и граѓаните да работат заедно за да ги подобрат условите кои придонесуваат за безбедност во заедницата, бидејќи заканите за безбедноста се сè поприсутни во нашето опкружување. Ниедно општество, вклучително и македонското општество, не е отпорно на процесите на распаѓање и редефинирање на општествените вредности на заедништво, солидарност и кохезија на граѓаните и на заедниците. Наспроти тоа, големите градови станаа места за преживување и наместо безбедни места за живеење и движење станаа сиви, материјални светови во кои насилството и криминалот се присутни појави кои го стеснуваат безбедниот простор за движење и творење[271].

Имотниот криминал е феномен кој е стар колку и самата човечка цивилизација. Со појавата на вишок на вредности, кои се одразуваат во секој имот, од самиот почеток, го прилекувало вниманието на луѓето кои се склони кон девијантно однесување, кои се обидувале да присвојат имот за кој знаат дека не им припаѓа. Овој вид на криминал секогаш беше забранет во сите слоеви на општеството[272].

Обемот на имотниот криминал постојано се зголемува без оглед на ефектот на казнената политика врз сторителите. Така увидувајќи го ова во последно време многу криминолози и пенолози во прв план ги стават современите принципи на т.н принципи на ресторативна правда во борбата против имотниот криминалитет.

Целта на овој труд е да се потенцира значење и улогата на полицијата во откривањето на имотните деликти како што се кражбата и тешката кражба.

1. Историско-правна димензија на имотниот криминалитет

Историско набљудувано, во првобитната родовска и племенска зедница немало имотни криминалитети како негативна општествена појава во правна смисла. Постоеле само поединечни, издвоени случаи на кршење на општествените правила на животот и општествената дисциплина.[273] Меѓутоа и првобитните човечки колективи на таквите негативни појави различно реагирале. Таа реакција на членовите на првобитните човечки заедница зависела од тоа дали недозволивото однесување е извршено внатре во фамилијата, спрема некој нејзин член, или помеѓу членовите на различните семејства на една поширока општествена група. Оттука како реакција на недозволивото однесување на поединците или групата се разликуваат: прогонство од заедницата, освета или подмирување во вид на средства за надомест за причинета штета (композиција) како форма на приватна реакција

[271] Стефановска В., Гогов Б., Улогата на заедницата и на полицијата во превенција на криминалитетот:состојби во градот Скопје, Факултет за безбедност, Скопје, 2015, Стр. 4

[272] Богоевич Р., Основне криминолошке карактеристике и пенолошка обележја учинилаца имовинског криминалитета, Универзитет у Нишу, Ниш, 2016, стр.10

[273] Н. Срзентић, А. Стајић, Љ. Лазаревић, Кривично право СФРЈ, Општи део, Савремена администрација, Београд, 1994. године, стр.16.

на недозволиво однесување, или како почетоците на казнување во вид на „ултимативните форми на неодобрување од надворешната група[274]“.

Имотниот криминалитет се појавува како револт на одредени луѓе, или група на луѓе спрема одредени општествено-економски услови на живот. Како тие услови се менувале во текот на историјата, така се менувало и сфаќањето за имотниот криминалитет и односот спрема одредени негови облици. Меѓутоа без оглед на тоа што имотниот криминалитет со текот на врмето ги менувал своите облици и видови на појавување, тој никогаш не ја менувал својата суштина. Зголемувањето на обемот на овој вид на криминалитет доведувал до промена во санкционирањето на неговите причинители. Со настанокот на првите робовладетелски држави, почнува и период на јавно реагирање на појавата на имотниот криминалитет. Државата тогаш постепено почнала да врши трансформација на мерките на првобитната општествена реакција во кривично првниот систем на казната[275]

2. Полициски мерки и активности на сузбивање на имотниот криминалитет

Планирањето и преземањето на криминалистичко полициските мерки и активности на сузбивање на имотните кривични дела, претпоставува правовремено доаѓање до сознанија за припремање или извршување на делата. Меѓутоа за жал ретки се случаевите да се дознае за припремањето, бидејќи во последно време се потешко е да се обезбедат т.н „соработници и информатори“ од криминалната средина. Најчест начин на сознание за извршеното имотно кривично дело е пријавата од страна на оштетениот, по што веднаш се почнува со трагање по извршителот. Покрај ова познати се уште и начините на сознание на основа на информативните криминалистички дејности, сознанија за самите полициски службеници, пријава на инспекциските или некои државни служби, по пат на анонимна пријава на граѓаните, јавно преговарање од средствата за информирање и сл. Не е непознато во полициската и криминалистичката практика и затекнувањето на делото како начин на сознание за извршениот имотен деликт.
Благовремената добиена потполна информација за видот и локацијата на извршеното имотно кривично дело, овозможува брзо излегување на полициските службеници на местото на настаните и брзо преземање на одредени полициски мерки и активности.[276]
Стручно оспособениот и посветен на работата полицаец, може и во наизглед во безизлезните ситуации да ги воочи знаците на сомнителното однесување, кои укажуваат на спремност на лицата да направат имотен деликт, или околност да извршат деликт. Полицаецот кој со тоа е и добар познавач на приликите на одреден терен или во одредена средина може да го запази и

[274] R.R. Korn, L.W. McCorkle., Criminology and Penology, Holt, Rinehartand Winston, New York, 1959, p.359
[275] Д. Јовашевиќ, Кривично право, Општи део, Номос, Београд, 2010. године, стр. 25-27.
[276] М. Жарковиќ, Криминалистика, ВШУП Земун, Београд, 1999. године, стр. 2012

правилно да го протолкува отстапувањето на вообичаената состојба а притоа и на соодветен начин да реагира[277].
Меѓутоа ако немаме некои особени сознанија за извршеното имотно кривично дело, тогаш мораме да ги следиме утврдените принципи за работата како што се добро познатите индиции и правно релавантните факти.
До индиција најчесто се доаѓа со разговор, следење и останати оперативно тактички мерки, со увид на лице место, со преглед на телото и облеката на обвинетиот и со истражен експеримент, претрес на станот, слободниот простор и лицето, со вештачење, испитување на сведоци, испитување на обвинетиот итн[278]. Секако имајќи го во предвид движењето на извршителот на кривичното дело, посебно треба да се истакне прегледот и претресот на превозните средства[279].
Првичните доказни вредности на индицијата предизвикуваат спорови во процесната теорија и практика. Поради тоа иницијалниот доказ не е ништо друго туку еден вид на мозаик во кој секој составен дел претставува еден сегмент од вкупната слика а дури и сите заедно претставуваат мисловна целина.
Правно релевантните факти ги утврдува судот со примена на одредени истражни работи, и врз основа на нив се гради кривичната постапка.
Разјаснувањето на приватниот имотен деликт, ќе биде најуспешно ако полицијата е веднаш на местото на настанот. Кога неспоредно ќе се дојде на местото на настанот, тогаш исчезнуваат сите сомнежи и шпекулации за тоа што навистина се случило. Правилното обезбедување на местото на настанот[280] подразбира дека тоа мора да остане непроменето до доаѓањето на екипата за увид. Кога правилно ќе се обезбеди лицето на местото на настанот, тогаш се собираат потребните известувања, за најуспешно да дојдеме до одговорот: како е направено кривичното дело и кој е сторителот? Колку е пократка временската разлика од моментот на сознанието за имотно-кривичното дело до извршувањето на увидот, успехот е поверојатен, бидејќи се намалува можноста за уништување и оштетување на трагите, било од страна на оштетениот, било од страна на осомничениот, или од трети лица или во однос на атмосферските прилики.[281]
По доаѓањето на екипата за увид полициските службеници се запознаваат со мерките и активностите кои се преземале до нивното доаѓање. Целата на увидот е собирање на материјални докази, или индиција за фактите кои се однесуваат на извршеното имотно крвично дело, или одговорност за негово извршување, или тие факти да се разјаснат или да се утврдат трагите, или да се провери вистинитоста на другите докази.
Познатата криминалистичка поговорка кажува дека „човекот го запазува само она што живее во неговиот мисловен свет“. Сведувањето на сложената

[277] В. Кривокапић, М. Жарковић, Б. Симоновић, Криминалистичка тактика, ВШУП Земун, Београд, 2005. године, стр. 47
[278] В. Водинелић, Криминалистика, Савремена администрација, Београд, 1984. године, стр. 188
[279] Б. Симоновић,Криминалистика, Правни факултет у Крагујевцу, Институт за правне и друштвене науке, Крагујевац,2004. године, стр. 284.
[280] М. Бошковић, Б. Бановић, Криминалистика методика,ВШУП Земун, Београд, 2001 године, стр. 107
[281] А. Петровић, Криминалистичка методика, ВШУП, Београд, 1981. године,стр. 590

поврзаност само на генеричка врска значи типизирање и систематизирање, постапки на докажување[282].
За извршување на имотното кривично дело, посебно е важен увидот на местото на извршување на тоа дело, чии предмет може да бидат ствари, лица како и самото место.
Посебен вид на увид претставува реконструкцијата на настаните, која често се врши во врска со имотните кривични дела. Реконструкцијата на настаните се состои во проверување на изведените докази или утврдување на фактите кои се значајни за разјаснување на имотното кривично дело, повторување на одредени активности или ситуации во услови на приближно исти на оние во кои се извршиле и активностите на кривичното дело. Реконструкцијата на настаните не е доказно средство, туку само еден вид на проверка на веќе собраните докази.

3. Кражбата и тешката кражба според македонскиот законик

Кривичен Законик на РМ

Кражба Член 235

(1)Тој што од друг ќе одземе туѓ подвижен предмет со намера противправно да го присвои, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години. (2)Ако вредноста на украдениот предмет е помала и сторителот одел кон тоа да присвои предмет од таква вредност, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година. (3)Гонењето за делото од став 2 се презема по приватна тужба. (4)Обидот за делата од ставовите 1 и 2 е казнив. (5)Како кражба се смета и одземање од туѓа шума дрвја чие количество е поголемо од еден кубен метар со намера за противправно присвојување.

Тешка кражба Член 236

(1)Ако кражбата е сторена: 1)со кршење или провалување во затворени простории, со совладување препреки или на друг начин совладување поголеми пречки, 2)од страна на повеќе лица здружени заради вршење кражба, 3)на дрзок начин, 4)од страна на лице кое кај себе имало некакво оружје или опасно орудие заради напад или одбрана, 5)за време на пожар, поплава или слична несреќа иб)со искористување на немоќта или несреќата на друг, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години. (2)Со казната од став 1 ќе се казни сторителот на кражба на предмети од значителна вредност. (3)Ако украдениот предмет е: добро под привремена заштита или културно наследство, сторителот ќе се казни со затвор најмалку четири години. (4)Ако вредноста на украдениот предмет е мала и сторителот одел кон тоа да присвои предмет од таква вредност, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.
Кражба – според одредбите од македонскиот Кривичен законик, забележуваме дека се пропишува една основна и една привилегирана форма

[282] В.Водинелиќ, Криминалистика, Откривање и доказивање, први том, Факултет за безбедност и општествена заштита, Скопље, 1985. стр. 451.

на работа. Исто така, за основната форма на работа, се предвидува казна, односно парична казна или казна затвор до три години.
Македонскиот законик предвидува привилегирана форма на кривично дело кражба. За привилегираната форма на кражба во македонскиот законик, алтернатива е парична казна или казна затвор до една година.
Исто така во македонски законик, се наведува дека кражбата се смета за одземање, заради присвојување, на пример на повеќе од еден кубен метар на туѓи шумски дрва.
Тешка кражба - Во македонскиот законик, се пропишани два основни облика и една посериозна форма на кривично дело. Меѓутоа, во овој кривичен дел, Македонскиот Законик, предвидува и привилегирана форма.
За основните форми на делата во македонскиот законик е пропишана построга казна, т.е. од една до десет години затвор.
Понатаму, Македонскиот законик предвидува потешка форма на затворање од најмалку четири години, што исто така може да се смета за сериозна казна во споредба со некои други закони во регионот. Имено, ако се земе предвид дека не е пропишана посебна максимална казна за оваа сериозна форма на работа во македонскиот кодекс, пропишаната казна затвор значи апсолутен приоритет во однос на износот на казните што се наметнуваат во споредба со претходно споредената кривично законодавство.
Исто така, во Кривичниот законик на Република Македонија не се споменува организирана криминална група, а само во основната форма на работа се спомнуваат повеќе лица поврзани со кражба.
Така Македонскиот законик, во ова од кривичното дело, исто така, предвидува привилегирана форма за која е забрането казнување (со парична казна или затвор до три години), што се состои во фактот дека сторителот добил мало нешто и дека имал намера да ја примени таквата мала вредност.
Така кривично правните карактеристики на тешката кражба опфаќаат:

- Законско битие на делото
- Активниот субјект-извршителот
- Пасивниот субјект-жртвата
- Објектот на заштита
- Субјективната страна на делото
- Соучесништвото и соизвршителството
- Поттикнувањето и помагањето.

Така според член 236. Ст. 1 од Кривичниот законик на Р.М тешка кражба постои доколку кражбата е сторена:

- Со кршење ли провалување во затворени простории, со совладување препреки или на друг начин на поголеми пречки;
- од страна на повеќе лица здружени заради вршење кражба;
- на дрзок начин;
- -од страна на лице кое кај себе имало некакво оружје или опасно орудие
- заради напад или одбрана;
- - за време на пожар, поплава или слична несреќа;
- со искористување на немоќта или несреќата на друг, при што сторителот ќе се казни со казна затвор од една до десет години.

Поимот на тешката кражба се поклопува со општиот поим на кривичното дело кражба, со тоа што овде се работи за квалифициран облик со оглед на начинот на извршување, учество на повеќе лица во извршувањето, околностите под кои е извршена кражбата и објектот на дејствие. Дејствието на извршување може да се реализира на повеќе начини. За сите облици заедничка карактеристика е што со нивното преземање за одземање на предмет заради присвојување започнува дејствието на присвојување во рамки на тешката кражба. Ако делото остане во оваа фаза постои облик на кривичното дело кражба.

4. Улогата на приватното обезбедување

Овластените приватни обезбедувачи имаат должност да работат врз законот (начелото на легалитет) и притоа законот да го применува спрема сите граѓани на еднаков начин и пред законот да бидат рамноправни.
Денес неспорно е дека современите држави се исправени пред нови безбедносни предизвици кои бараат конципирање на заштитни системи и механизми кои ќе овозможат спречување и редуцирање на насилството односно загрозувањето на населението и неговите добра. Во таа смисла, императивно потребно е постојано да се прилагодува и доградува системот на безбедност кој е проектиран на начин што секогаш остава можност за неопходно перманентно иновирање, односно безбедносниот систем е многу еластичен на имплементацијата на нови потребни решенија.
Појавата на приватната безбедност во Република Македонија следува неколку години после стекнувањето на нејзината независност и отпочнување на патот кон Европската унија и НАТО-алијансата. Почетоци на приватната безбедност во Република Македонија се поврзуваат со донесување на Законот за обезбедување на лица и имот на 14 декември 1999 година.
Она што е значајно за приватното обезбедување е дека може да има голема улога во заштита од имотните деликти. Со постојаниот пораст на барањето на услугите од агенциите за приватно обезбедување се зголемува и сигурноста на граѓаните и на нивниот имот и се зголемува нивната заштита од имотни деликти. Така приватното обезбедување денес има се поголема улога во заштитата од имотните деликти. Воедно се овозможува надзор на одредени имоти како и поставување на лица за приватно оебзбедување со кои се зголемува сигурноста од имотните деликти и тешките кражби на многу објекти.

5. Учество на кражбите во вкупниот број на кривични дела против имот во Р.М во периодот од 2006-2016

Според Државниот завод за статистика може да се состави следната табела од осудени полнолетни лица за кривични дела против имотот.

Табела 1 Осудени полнолетни лица за кривични дела против имотот

Осудени полнолетни лица за кривични дела против имотот									
2007	2008	2009	2010	2011	2012	2013	2014	2015	2016
3888	3770	3952	3612	3850	3652	4073	3965	4296	3370

Извор: ДЗС

Така во табелата 1 имаме податоци од 2007 до 2016 година за осудените полнолетни лица за кривичните дела против имотот каде спаѓаат и кражбите. Па така може да се забележи дека најмногу осудени полнолетни лица има во 2015 година, а најмалку во 2016 година, и нема некој голем процент на зголемување или намалување, пред се се слични со бројките на осудени полнолетни лица за кривични дела против имотот од 2007-2016 година.

Податоците можеме да ги прикажеме и графички на графикон 1.

Графикон 1 Број на осудени полнолетни лица за кривични дела против имотот



6. Превентивни мерки

Општо превенцијата во борбата против криминалот значи плански и организирани мерки со кои се настојува да се остранат или барем во нивното дејствување да се намалат причините за криминалитетот. Поправилно е да се каже дека превенцијата не е намалување на причините на криминалитетот туку избегнување, предупредување на настанување на некои штетни појави, а тоа може да се постигне со отстранување на самите причини или намалување на нивното дејствување[283].

Така полицијата е таа која има огромна улога во превенцијата на имотните деликти, како и со тешките кражби. Па од неопходно значење е информирањето на јавноста за штетноста на оваа појава, која може да ја зајакне свеста кај населението за заштита на нивниот имот и намалување на имотните деликти воопшто. Основните облици на превенција особено на домовите од провални кражби се однесуваат на конкретни мерки кои треба да се преземаат од страна на општеството, државата и државните институции, а како најосновни се следниве:

- да се иницираат трибини со граѓаните во урбаните заедници и да се зголеми едукацијата на истите,
- да се дистрибуираат фалери до сите урбани заедници од градот,
- да се зголеми осветлувањето од страна на локалната самоуправа во оние делови на градот каде истата е слабо осветлена,
- да се зголеми соседскиот соживот, а во текот на летото домот кога во истиот нема да биде никој да биде надгледуван од соседот или од некој близок роднина.
- да се постават тајмери кој ќе се палат во одредено време во ноќта и ќе остават впечаток дека во домот има некој;
- да се обрне внимание на заклучувањето на влезните врати, вратите од гаражата и прозорците особено во приземјето, истите да бидат адекватно заштитени итн...

Значи со соработка и заеднички активности со граѓаните за одреден временски период може да дојде до намалување на стапката на криминалот, да се зголеми безбедноста на граѓаните.

Заклучок

Од овој труд можеме да дојдеме до конкретни заклучоци дека кражбите и тешките кражби се реалност во нашата држава и пошироко. Но полицијата е тука која има голема улога во откривањето на овие кражби и нивно решавање како и во спречувањето на нивната појава. Нивниот придонес е огромен, но исто така може да се спомене и улогата на приватното обезбедување. Приватното обезбедување од ден на ден има се поголема улога бидејќи голем број на граѓани одлучуваат да ги заштитат своите имоти од тешки кражби преку одреден вид на приватно обезбедување. Тоа е во пораст последните години и продолжува да се развива во иднина.

---

[283] Арсова Е., Кривично-правни, криминолошки и криминалистички карактеристики на кривичното дело тешка кражба- со посебен осврт врз провалите на каси – УГД, Штип, 2017, Стр.92

Она штое значјано за тешките кражби и сите дела против имот на граѓаните е да се преземаат превентивни мерки кои ќе помогнат во намалување на овие деликти и кои ќе помогнат на неутрализирање на оваа појава. Така преку поголема едукација на граѓаните и преземање на повеќе заштитни мерки, тие би можеле да се заштитат од овие деликти кои значајно може да влијаат на нивниот имот и безбедност.

Литература

[1] R.R. Korn, L.W. McCorkle., Criminology and Penology, Holt, Rinehartand Winston, New York, 1959, p.359

[2] А. Петровић, Криминалистичка методика, ВШУП, Београд, 1981. године,стр. 590

[3] Арсова Е., Кривично-правни, криминолошки и криминалистички карактеристики на кривичното дело тешка кражба- со посебен осврт врз провалите на каси – УГД, Штип, 2017, Стр.92

[4] Б. Симоновић,Криминалистика, Правни факултет у Крагујевцу, Институт за правне и друштвене науке, Крагујевац,2004. године, стр. 284.

[5] Богоевич Р., Основне криминолошке карактеристике и пенолошка обележја учинилаца имовинског криминалитета, Универзитет у Нишу, Ниш, 2016, стр.10

[6] В. Водинелић, Криминалистика, Савремена администрација, Београд, 1984. године, стр. 188

[7] В. Кривокапић, М. Жарковић, Б. Симоновић, Криминалистичка тактика, ВШУП Земун, Београд, 2005. године, стр. 47

[8] В.Водинелић, Криминалистика, Откривање и доказивање, први том, Факултет за безбедност и општествена заштита, Скопље, 1985. стр. 451.

[9] Д. Јовашевић, Кривично право, Општи део, Номос, Београд, 2010. године, стр. 25-27.

[10] М. Бошковић, Б. Бановић, Криминалистика методика,ВШУП Земун, Београд, 2001 године, стр. 107

[11] М. Жарковић, Криминалистика, ВШУП Земун, Београд, 1999. године, стр. 2012

[12] Н. Срзентић, А. Стајић, Љ. Лазаревић, Кривично право СФРЈ, Општи део, Савремена администрација, Београд, 1994. године, стр.16.

[13] Стефановска В., Гогов Б., Улогата на заедницата и на полицијаво превенција на криминалитетот:состојби во градот Скопје, Факултет за безбедност, Скопје, 2015, Стр. 4

Slavica Markovska
European University Republic of Macedonia

Corporate security towards cooperative Intelligent Transport Systems and Services

Abstract
This paper aims to introduce the importance of the essence related to the corporate and contemporary security of Intelligent Transport Systems and Services.
This specifics and new tools for preventing, protecting and defending has become high level priority which is part of serious consideration by the systems.
In this particular issue, the emphasizing of Intelligent Transport Systems and Services are subject of researching and presentation of corporate security framework of functionality.

Четврто, прашањето за одговорност или неодговорното работење најчесто се решава во текот на кривичната постапка со широка јавна промоција на одделни случаи со цел да се поентира во јавноста и најчесто за дневно – политички потреби. Меѓутоа, не треба да се заборави дека улогата на кривичното законодавство е пред се репресивна, иако има и превентивна димензија и дека неговиот систем се активира тогаш кога сите останати општествени социјални и првентивни мерки не дале ефект во борбата против криминалитетот.

Кога станува збор за одговорноста на припадниците на приватното обезбедување веднаш се појавува перцепцијата дека во јавноста многу малку се зборува за овој феномен, иако има случаи во кои се евидентни незаконити постапки или непрефесионално однесување. Индикативно е што во јавноста ова прашање воопшто не е застапено, а во научните кругови ретко се среќаваат текстови со објаснување на неговата природа, етиологија,

---

[300] Kozarev A., Privatna bezbednost u Republici Makedoniji – aktuelno stanje I perspective, Zbornik radova, Prvi međunaraodni naučni skup: Privatna bezbednost – stanje I perspective, Novi Sad, 2008 godina, str. 169.

[301] Томшиќ-Стојковска А., Улогата на цивилното општество во сферата на чеовековит права, Зборник од научната расправа: Европските стандарди за човековите права и нивната имплементација во правниот систем на Република Македонија, МАНУ, Скопје, 2008 година, стр. 375.

[302] Центар за демократска контрола на вооружените сили, Интер - парламентарна унија, Прирачнчик за парламентарци бр. 5, 2003 година, стр. 36.

феноменологија. Од овие причини, се наметна потребата се проучат одредени аспекти на прашањето за одговорноста и одговорното работоење во областа на приватното обезбедување и на тој начин да се даде конкретен придонес во јакнење на неговите капацитети, интегритет и доверба како кај граѓаните, така и кај деловната заедница кои се корисници на нивните услуги дефинирани со закон и подзаконски акти.

1.Демократијата, одговорноста воопшто и одговорноста како начело на работење во областа на приватното обезбедување

Демократските системи се одликуваат со начелата на одговорно, транспарентно и отчетно работење во целина. Системот на поделба на власт всушност и се заснива на односите на рамнотежа на власта, при што одговорноста на секој носител на власта е прашање кое е природно сврзано со системот. Дал[303], своевремено власта ја дефинира како "однос помеѓу актерите, во кој еден актер принудува друг да дејствува на начин на кој инаку би дејствувал". Сартори[304], пак, вели: "власта наредува, командува, наложува. Демократскиот систем на власт, барем на теоретска основа се смета за антипод на авторитарните односно тоталиттарните системи. Но, и демократијата како политички систем се темели на владеење. Од другите режими се разликува дотолку: што во неа дејствувањето на власта е јавно; јазот помеѓу водачот и водените е најмал." "Карактеристика на демократската власт, е значи, тоа што таа е отворена, толерантна и подготвена за предизвикот на слободната конкуренција, во која постои континуиран, институционално овозможено и правно гарантирано влијание на општеството врз формирањето и спроведувањето на државната политика.[305] Имено, "работата и дејствувањето на државните органи е јавно и е предмет на критичко вреднување, па оттаму и е подложно на механизмот на правна одговорност, што ќе рече дека државните органи и службеници се одговорни за своите противуставни или противзаконски акти и постапки."[306]

Според Светската Банка: доброто владеење го карактеризираат предвидливо, отворено и посветено креирање на политика, бирократија исполнета со професионална култура која делува за унапредување на јавното добро, владеење на правото, транспарентни процеси и силно граѓанско општество кое учествува во јавните работи. Лошото владеење (од друга страна) се карактеризира со произволно креирање на политика, бирократија која не е отчетна, неспроведени или неправилни правни системи, злоупотреба на извршната моќ, граѓанското општество кое е не вклучено во јавниот живот и распространета корупција.[307]

"Одговорноста и отчетноста се однесуваат на начинот на практицирање на власта од нејзините носители, а пред се на спроведувањето на уставните и

[303] R.A.Dahl, Modern Political Analysis, Englewood Cliffs, 1963, p. 68.
[304] Sartori Dj., Demokratija šta je to? Podgorica, 2001, str. 168 – 172..
[305] Radonjić R., Demokratija, Podgorica, 2004 godina, str. 54-55.
[306] Бајалџиев Д., Вовед во правото, Држава, Книга прва, Скопје, 1999 година, стр. 374.
[307] Светска Банка, Владеење: Искуствата на Светска Банка, 1994 година.

законските овластувања и надлежности од страна на носителите на јавни овластувања."[308] Меѓутоа, овие сложени и суштински прашања се поставуваат и во врска со функционирањето на приватниот безбедносен сектор заради следното:

1. Дејноста приватно обезбедување претставува дејност од јавен интерес;
2. Приватните обезбедувачи имаат законски овластувања со репресивен карактер;
3. Услугите на приватното обезбедување се повеќе завземаат место во работењето на компаниите и со тоа стануваат фактор за нивната безбедност;
4. Приватната безбедносна индустрија вработува голем број на лица кои извршуваат дејност приватно обезбедување и се наоѓа на трето место после полицијата и војската;
5. Дејноста на приватно обезбедување е надвор од демократска контрола.

Затоа се наметнува потребата од системско омеѓување на дејноста приватно обезбедување со начелото на одговорност. Тоа може да се постигне преку утврдување на детерминантите за одговорноста и одговорното работење, како што се следните:

- Имплементирање на одреден тип безбедносна култура за приватната индустрија за безбедност која ќе извира од фундаментот на општата безбедносна култура. На овој начин ќе се овозможи да се развие свеста кај поединците кои се носители на овластувања за вршење на приватното обезбедување. Безбедносната култура е основа за ефикасност, отвореност и демократичност на приватната безбедност како дејност од јавен интерес;
- Развивање на механизми на внатрешна и надворешна контрола над функционирањето на приватната безбедност, со што содржински ќе се создадат услови за развивање на начелото на одговорност и одговорно работење;
- Начелото на одговорност создава претпоставки за почитување на човековиет слободи и права во врска со примената на овластувањата на приватните обезбедувачи, владеењето на правото и правната држава.

"Внатрешната контрола на работата и однесувањето на припадниците на приватното обезбедување мора да се засили, како и секојдневната едукација. Се разбира, за овој дел од работата потребно е посебно да се едуцираат кадри со повисоко образовно ниво. Контролата на полицијата би морала да биде континуирана, а по потреба и вонредна, воочените пропусти брзо и ефикасно да се санкционираат, со задолжително давање стручна помош на менаџментот на агенциите, но и на поедини припадници на физичкото обезбедување."[309]

---

[308] Козарев А., Парламентарна контрола и надзор над безбедносниот сектор во Република Македонија, Скопје, 2011 година, стр. 56.

[309] Škondrić V., Ovlaščenja agancija za obezbedzenje lica I imovine I privatnih detektiva, Zbornik radova, Prvi međunaraodni naučni skup: Privatna bezbednost – stanje I perspective, Novi Sad, 2008 godina, str. 388.

2. Нормативна уреденост на начелото на одговорност во областа на приватното обезбедување

Основата на нормативната уреденост на начелото на одговорност ја сочинуваат одредбите од Законот за приватно обезбедување. Никулците на начелото на одговорност се евидентни уште во првите одредби на овој закон. Имено, во дефинирањето на целите на приватното обезбедување преку превентивна-репресивна концепција се наведува дека правните лица кои имаат дозвола за приватно обезбедување преземаат мерки и активности утврдени со овој закон заради спречување и откривање на штетни појави и противправни дејствија кои ги загрозуваат телесниот интегритет и достоинството на личноста и имотот што се обезбедува. Натаму, преку определување на недозволените работи поврзани со приватното обезбедување исто така посредно се поставува прашањето за одговорност доколку некое правно лице кое има дозвола за приватно обезбедување обезбедуваат лица и имот кои врз основа на посебни прописи ги обезбедуваат надлежни државни органи; доколку вршат работи поврзани со наплата на долг или пак, применуваат оперативни методи и средства кои со закон не се дозволени или за чија примена врз основа на посебни прописи се овластени само надлежни државни органи.

Начелото на одговорност во областа на приватното обезбедување има две димензии:

А) одговорност на правните лица и

Б) индивидиална одговорност на приватниот обезбедувач.

Одговорноста за нивното законито постапување произлегува од извшрениот надзор од страна на овластени службени лица на Министерството за внатрешни работи, како облик на надзор над законитоста на работењето затоа што овие лица конкретно го надзираат спроведувањето на одредбите од Законот за приватно обезбедување и на прописите кои се донесени врз основа на овој закон.

Исто така, покрај овој модул, овластени службени лица на Министерството за внатрешни работи редовно ја надзират работата и на Комората за приватно обезбедување и тоа најмалку еднаш во календарската година.

Предмет на полициискиот надзор опфаќа:

1) утврдување дали и како се спроведува овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;

2) проверка на евиденцијата на склучените договори од членот 6 став (1) од овој закон;

3) преглед на деловните простории, техничките средства и уреди и возилата кои се употребуваат во вршењето на работи на приватно обезбедување;

4) проверка на начинот на чување и носење на огненото оружје, како и на оспособеноста за ракување и употреба на огненото оружје и

5) проверка на начинот на примена на овластувањата на работниците за обезбедување.

По потреба овластените службени лица на Министерството преземаат и други мерки и активности со кои се врши надзор.[310]

[310] Член 67 од Законот за приватното обезбедување.

Врз основа на извршениот надзор се сочинува записник и кај најтешки мерки кои може да ги примени Министерството за внатрешни работи се јавуваат следните:
А) одземање на дозволата за обезбедување ако правното лице кое врши обезбедување на лица и имот доколку:
1) повеќе не ги исполнува условите за издавање дозвола за обезбедување утврдени со овој закон и
2) не ги отстрани недостатоците во рокот утврден со решението од членот 68 став (2) од овој закон.[311]
Министерството ги известува Комората и Централниот регистар на Република Македонија за одземањето на дозволата за обезбедување на правното лице веднаш по конечноста на решението.
Б) Одземање на јавните овластувања на Комората, доколку не ги отстрани недостатоците во рокот предвиден со решението од членот 68 став (2) од Законот за приватното обезбедување. Во случај на одземање на јавни овластувања на Комората, јавните овластувања ги врши Министерството, сé до отстранувањето на недостатоците од страна на Комората.[312]

3.Видови одговорност во областа на приватното обезбедување

"Општиот поим на одговорноста во правото има различни значења (Hart, на пример, разликува четири: одговорна позиција, одговорност за последицата со сопствените постапки, одговорност како обврска за исполнување определени правни должности и одговорност во смисла на пресметливост, капацитет на одговорност). По дефиниција одговорноста имплицира, натаму, двостран однос меѓу два субјекта: тој што одговара и тој пред кого се одговара! Никој не може за своите постапки да одговара пред самиот себеси, освен ако под тоа не се подразбере одговорност пред сопствената совест!"[313]
Одговорноста на субјектите на приватното обезбедување е сложена и повеќеслојна:
- Морална;
- Етичка;
- Прекршочна;
- Дисциплинска;
- Кривична.
Нормативната рамка која се однесува на одговорноста во областа на приватното обезбедување подразбира и:
- Општа одговорност за штета (граѓанско-правна одговорност – Закон за облигационите односи, ЗПО);
- Одговорност за сторени прекршоци (прекршочна одговорност – Закон за прекршоци итн.);
- Одговорност за кривични дела (Кривичен законик, Закон за кривична постапка).

[311] Член 69 од Законот за приватното обезбедување.
[312] Член 70 од Законот за приватното обезбедување.
[313] Камбовски В., Казнено право, Култура, Скопје, 2004 година, стр.523.

3.1. Морално – етичка одговорност

Камбовски В., наведува дека "уште старите Римјани го дефинирале правото како ars aequi et boni, внесувајќи го во неговата дефиниција етичкиот критериум за доброто! Постои суштествена разлика и во системот на санкции: внатрешни санкции, врз кои се потпира моралот, и формални санкции со кои располага казненото право (кан: правото го регулира надворешното, а моралот внатрешното однесување!)."[314]

Морално-етичкиот дигнитет на приватните обезбедувачи е предмет на оценка ушт при утврдувањето на исполнетост на условите за добивање лиценца за обезбедување. Во член 22 од Законот за приватно обезбедување, покрај останатите услови се бара лицето да не е осудено со правосилна судска пресуда или против него да не се води постапка за кривично дело. Тоа значи, се бара лицето кандидат да ги почитува нормите на правниот поредок преку однесување кое го пави достоен за вршење на оваа дејност.

Понатаму, моралнио и етички лик на приватниот обезбедувач е фундиран со доследно почитување на одредбите од Кодексот на професионалната етика на вршителите на дејноста обезбедување на лица и имот, кој определува дека секој припадник на оваа дејност:

- својата работа ќе ја врши согласно Уставот и законите на Република Македонија, грижејќи се за заштита и унапредување на интересите на државата и заедничкото право на слобода, еднаквост, рамноправност и законитост.
- законите ќе ги спроведува правилно и човечно, секогаш со тенденција на решавање на споровите на мирољубив начин, воздржувајќи се од примена на насилство и непотребна сила. Во вршење на работата секогаш ќе се води од правилата на професијата, моралот и етиката. Никогаш нема да дозволи неговите лични чувства, предрасуди, политички убедувања и стремежи, омразата, љубовта, пријателските или роднински врски да влијаат врз донесување на неговите одлуки и извршување на неговите должности и обврски.
- свесност дека единствено е одговорен за стандардите и нивото на професионалноста во вршење на дејноста обезбедување на лица и имот и секогаш ќе тежнее достојно да ја извршува својата професија, гордо стоејќи зад службената легитимација и бранејќи ја довербата која преку неа му ја доделува македонската држава и јавност.
- личниот живот ќе го води чесно и ќе се однесува на начин кој нема да го дискредитира, службата во која работи или странките со кои поради природата на работата, секојдневно има контакти. Секогаш ќе се обиде да ги задржи присебноста во расудувањето, спокојот и самоконтролата.
- гарантира дека секогаш ќе ги почитува и со цело тело, душа и свест ќе ги исполнува сите изјави кои во оваа прилика ги прифаќа како дел од него и неговото постоење, затоа што да се работи на обезбедување значи да се постои за друго човечко битие, за државата.

[314] Камбовски В., Казнено право, Култура, Скопје, 2004 година, стр.20-21.

3.2.Прекршочна одговорност

Прекршочните одредби за дејноста приватно обезбедување се содржани во Глава XI од Законот за приватното обезбедување. За сторените прекршоци предвидени се следните глоби:

А) за одговорното лице во правното лице во зависност од видот на прекршокот, може да се изрече:

(1) глоба во износ од 400 до 500 евра во денарска противвредност;
(2) глоба во износ од 1. 500 до 1. 800 евра во денарска противвредност;
(3) глоба во износ од 1. 200 до 1. 500 евра во денарска противвредност;

Б) за прекршочна одговорност на правното лице, кое во зависност од видот на прекршокот може да се изрече:

1) прекршочна санкција забрана на вршење на дејност приватно обезбедување во траење од шест месеци до пет години;
2) глоба во износ од 900 до 1. 000 евра во денарска противвредност
3) глоба во износ од 3. 500 до 4. 000 евра во денарска противвредност;
4) прекршочна санкција забрана на вршење на дејност приватно обезбедување во траење од шест месеци до пет години.

В) за физичко лице во зависност од видот на прекршокот, може да се изрече

(1) глоба во износ од 600 до 700 евра во денарска противвредност.
(2) глоба во износ од 900 до 1. 000 евра во денарска противвредност;
(3) забрана за вршење на дејност обезбедување на лица и имот во траење од една до пет години.

Феноменологијата на прекршоци е разнолика и опфаќа:

а) ***за физички лица***: 1) на барање на правното лице за приватно обезбедување на ја врати легитимацијата за обезбедување (член 25 став (6)); 2) на барање на овластено службено лице на Министерството не го даде на увид налогот за носење на огнено оружје, дозволата за носење на оружје, како и огненото оружје што го носи (член 29 став (3)); 3) врши работи на одржување на јавниот ред на јавни собири и други настани без работна облека и без елеци со светлоодбојни ленти на кои има натпис „Обезбедување“ (член 38); 4) во вршењето приватно обезбедување не носи легитимација за обезбедување (член 46 став (1)); 5) не ја покаже легитимацијата за обезбедување во случај кога се повикува на вршење на приватно обезбедување или не ја покаже легитимацијата за обезбедување на барање на овластено службено лице на Министерството (член 46 ставови (2) и (3)) и 6) во рок од 24 часа не поднесе писмен извештај за задржувањето, односно употребата на средства за присилба (член 57 став (1)); 7) при вршење на физичко обезбедување носи огнено оружје и муниција спротивно на членот 29 ставови (4) и (5) од овој закон; 8) носи сопствено огнено оружје за време на вршење на физичко обезбедување на лица и имот (член 30); 9) веднаш не ја извести полицијата, доколку примената информација во центарот за обезбедување и надзор укажува дека се врши кривично дело за кое се гони по службена должност (член 33 став (5)); 10) работите на обезбедување на јавни собири и други настани ги врши со употреба на огнено оружје (член 38 став (4)); 11) при

вршење на физичко обезбедување применува овластувања за кои не е овластен согласно со членот 45 став (1) од овој закон; 6) применува овластувања спротивно на членот 45 став (2) од овој закон; 7) не постапи по наредба на овластено службено лице на Министерството (член 47 став (1)); 12) изврши задржување на лице спротивно на членот 52 од овој закон; 13) употреби средства за присилба спротивно на членот 54 од овој закон и друго.

б) ***за правни лица***: 1) не го извести Министерството за настанатата промена во однос на основачот, адресата, називот или одговорното лице во правното лице кое има дозвола за приватно обезбедување, во рок од осум дена од денот на настанатата промена (член 17 став (2)); 2) во рокот утврден со закон не ја извести Комората дека престанало да ја врши дејноста (член 19); 3) не ја одземе легитимацијата за обезбедување, односно не ја достави за поништување до Комората во пропишаниот рок, или не ја извести Комората во пропишаниот рок за неисполнување на еден од условите утврдени членот 25 став (2) од овој закон од страна на работникот за обезбедување и не ја огласи легитимацијата за неважечка (член 25 ставови (4) и (5)); 4) не изведе задолжително контролно гаѓање најмалку еднаш годишно (член 31 став (1)); 5) нема дежурство од 24 часа во Центарот за обезбедување и надзор (член 33 став (3)); 6) врши работи на одржување на јавниот ред на јавни собири и други настани со работници за обезбедување кои не носат работна облека и немаат на себе елеци со светлоодбојни ленти на кои има натпис „Обезбедување“ (член 38) и 7) работната облека не е во согласност со членот 58 ставови (3) и (6) од овој закон и друго.

3.3.Кривична одговорност

Поимот казнена одговорност е идентичен со поимот на вина. И двата се законски поими! КЗМ зборува за кривична одговорност (чл 11 ст. 1): кривично е одговорен сторителот кој е пресметлив и што кривичното дело го сторил со умисла или небрежност! Повлекувањето на знак на равенство меѓу поимот на казнена одговорност и поимот на вина е резултат на современото сфаќање за казнената одговорност заснована врз начелото на вина (иако во теоријата може да се сретне стојалиштето според кое тоа не се идентични поими: поимот казнена одговорност е синтетички поим кој покрај вината ги вклучува и стие други објективни и субјективни претпоставки за казна. Современото казнено право успешно се спротивставува на реставрирањето на објективната одговорност, но од друга страна е неспорно дека прифаќањето на казнената одговорност на правните лица, заснована врз концепцијата на претпоставена одговорност, значи прво официјално раздвојување на ови епоими (правното лице може да се огласи за казнено одговорно, но не и за виновно, зашто второво подразбира исклучително субјективна одговорност на поединецот како сторител на казнено дело!).[315]

Казнената одговорност посебно е значајна за приватното обезбедување како дејнсот од јавен интерес, затоа што се работи за овластувања кои имаат делумно репресивен карактер – вклучени се можности за примена на сила.

[315] Камбовски В., Казнено право, Култура, Скопје, 2004 година, стр.524.

Оттука, важни се општите кривично правни институти на материјалното казнено право од една страна, но и законските инкриминации кои се содржани во КЗ (познато како казнено право посебен дел). Меѓу првите посебно влегуваат следните институти: а) противправноста како елемент на кривичното дело: противправниот напад исполнува обележја на некое казнено дело; противправното обезбедување може да доведе до противправни напади на имот затоа што приватното обезбедување. Противправноста е елемент на дејствието на напаѓачот спрема лицето или имотот кој е предмет на обезбедување, но може да биде и елемент на дејствието што го превзема субјектот на приватното обезбедување. Дејствијата на приватните обезбедувачи при примената средствата за присилба претставуваат prima facie противправни дејствија.

Во случаите на нужна одбрана versus одбраната на обезбедуваниот субјект т.е. објект, кај насоченоста на нападот се јавуваат две ситуации: а) напад насочен кон животот на работникот за приватно обезбедување или кон животите на лицата кои ги обезбедува или кон имотот и б) напад кон сторителот на делото во нужна одбрана или кон трето лице (т.н. нужна помош). Во ситуации на приватното обезбедување кога ќе дојде до пречекорување на овластувањата во оваа област, пречекорувањето на границите на нужната одбрана се однесува на:

- Нужноста и интензитетот (интензивен ексцес) – правно релевантно;

- Времетраењето на одбраната (екстензивен ексцес) – правно ирелевантно.

Од аспект на законските инкрминации под кои би можеле да се подведат евентуални незаконити постапки и кривично-правни релевантни однесувања на приватните обезбедувачи, може да се наведат следните:

Заклучок

Проучувањето на одговорноста на феномен претставува сложен предизвик за секој истражувач воопшто. Не постои област од општественото живеење која може да функционира во отсуство на начелото на одговорно, отчетно работење. Тоа е логична последица на фактот што ниту една компанија, систем не е имун од конкретни, но и идни злоупотреби поврзани со деловното работење. Ниту дејноста приватно обезбедување како дејност од јавен интерес чии што припадници (приватни обезбедувачи) не може да биде ефикасно без консеквентна примена на начелото на одговорност. Самата природа на овластувањата со кои располагаат приватните обезбедувачи, посебно оние со репресивен карактер и со кои се ограничуваат одредени човекови слободи и права ја наметнува потребата да се издигне одговорноста како приоритет на деловниот свет. Каков модел на одговорност ќе постои во многу зависи од интересот на менаџерите и сопствениците на компаниите. Тоа пак е поврзано со стилот на управување – авторитарен, демократски, нивна комбинација итн.

Одговорноста на приватните обезбедувачи е повеќедимензионална и ги опфаќа: моралната, етичката, прекрошочната,казнената и други видови на одговорност.

Таа се наметна како детерминанта за успешно извршување на дејноста на приватното обезбедување. Одговорноста во многу зависи од моделот на контрола кој постои, затоа што тие се поврзани едни со други. Независно од оваа симбиоза, заклучокот е дека отсуството на одговорност води кон анархија односно ситуации на злоупотреби на овластувањата на приватните обезбедувачи. Најголемата штета од овие ситуации ја има слободите и правата на човекот и граѓанинот, правната држава и интегритетот на правните лица за приватно обезбедување.

Литература

1. Kozarev A., Privatna bezbednost u Republici Makedoniji – aktuelno stanje I perspective, Zbornik radova, Prvi međunaraodni naučni skup: Privatna bezbednost – stanje I perspective, Novi Sad, 2008 godina.
2. Томшиќ-Стојковска А., Улогата на цивилното општество во сферата на чеовековит права, Зборник од научната расправа: Европските стандарди за човековите права и нивната имплементација во правниот систем на Република Македонија, МАНУ, Скопје, 2008 година.
3. Центар за демократска контрола на вооружените сили, Интер - парламентарна унија, Прирачнчик за парламентарци бр. 5, 2003 година.
4. R.A.Dahl, Modern Political Analysis, Englewood Cliffs, 1963.
5. Sartori Dj., Demokratija šta je to? Podgorica, 2001.
6. .Radonjić R., Demokratija, Podgorica, 2004 godina, str. 54-55.
7. Бајалџиев Д., Вовед во правото, Држава, Книга прва, Скопје, 1999 година.
8. Светска Банка, Владеење: Искуствата на Светска Банка, 1994 година.
9. Козарев А., Парламентарна контрола и надзор над безбедносниот сектор во Република Македонија, Скопје, 2011 година.
10. Škondrić V., Ovlaščenja agancija za obezbedzenje lica I imovine I privatnih detektiva, Zbornik radova, Prvi međunaraodni naučni skup: Privatna bezbednost – stanje I perspective, Novi Sad, 2008 godina.
11. Камбовски В., Казнено право, Култура, Скопје, 2004 година.
12. Закон за приватното обезбедување.

Кристијан Ѓорѓиоски
Факултет за детективи и криминалистика,
Европски Универзитет – Република Македонија

Улогата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и корпоративната безбедност

Апстракт
Заштита на информациите е од клучно значење за ефикасното деловно работење. Економската безбедност и деловното работење се поврзани и затоа е потребно да се подигне свеста кај корисниците на класифицираните информации. Индустриската шпионажа претставува сериозна закана за економскиот систем во целина. Сето тоа ја наметнува потребата од преземање на мерки за подигнување на безбедносната свест како што се: почитување на воспоставените безбедносни политики и процедури, почитување на административните и безбедносните зони, пријавување на сомневања за безбедносни нарушувања итн. Тоа значи дека информациите мора да бидат достапни исклучиво на лицата кои поседуваат безбедносен сертификат, да се почитуваат пропишаните мерки за безбедност на класифицирани информации и одржување на тајноста на информацијата и нејзино ограничување од слободна циркулација во јавност. Во овој процес важна улога има Дирекцијата за безбедност на класифицирани инфорамции како институционална основа за имплементација на системот за заштита на класицифицирани информации.

Клучни зборови: безбедност, заштита, информација, институција, мерки и активности.

Abstract
Information protection is a crucial for effective business operations. Economic security and business operations are linked and therefore it is necessary to raise awareness among users of classified information. Industrial spying is a serious threat to the whole economic system. There is a need to take measures to raise awareness of security, such as: respecting established security policies and procedures, respecting administrative and security zones, reporting suspicions of security disorders, etc. This means that information must be accessible exciusively for the holders of a security certificate, to observe the prescribed security measures for classified information and to maintain the confidentiality of the information and its restriction of free circulation in the public. In this process, the Directorate for Security of Classified Information have an important role as an institutional basis for the implementation of the system for the protection of classified information.

Keywords: security, protection, information, institution, measures and activities

Вовед

Информација од интерес за Република Македонија е секоја информација или материјал изготвен од државните органи, орган на единицата на локалната самоуправа, јавно претпријатие, јавна установа и служба, правно и физичко лице, како и странски државни органи, странски правни и физички лица кои се однесуваат на безбедноста и одбраната на државата, нејзиниот територијален интегритет и суверенитет, уставниот поредок, јавниот интерес, слободите и правата на човекот и граѓанинот.[316] А пак, класифицирана информација е информација којашто се заштитува од неовластен пристап или употреба и којашто се определува со степен на класификација. Државните органи, организациите, институциите и другите правни лица се должни да создадат услови неопходни за заштита на класифицирани информации и да преземат мерки за елиминирање на негативните последици ако дојде до откривање на класифицираните информации.

- **Дирекција за безбедност на класифицирани информации**

Се со цел да се приближи кон НАТО и ЕУ, Р. Македонија започнала со размена на класифицирани информации. По потпишувањето на Безбедносната спогодба меѓу Р. Македонија и НАТО во 1996 година, во рамките на Министерството за одбрана е формирана Службата за реципрочна безбедност за заштита на информации што се разменети меѓу РМ и НАТО. За безбедна дистрибуција на класифицираните информации до крајните корисници во Службата е формиран Централен регистар, а во Министерството за внатрешни работи и во Министерството за надворешни работи подрегистри.

Р.Македонија презеде активности за промени во безбедносниот сектор поврзани со класифицираните информации и се донесе Законот за класифицирани информации кој влезе во сила на 5 Март 2004 година. За истите надлежна е Дирекцијата за Безбедност на класифицирани информации како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице. Согласно Законот, беа донесени неколку уредби и тоа: Уредба за административна безбедност на класифицирани иформации, Уредба за физичка безбедност на класифицирани информации, Уредба за индустриска безбедност на класифицирани информации и Уредба за информатичка безбедност на класифицирани информации.

Дирекција за безбедност на класифицирани информации е основана за спроведување на утврдената политика за заштита на класифицираните информации и меѓународните стандарди за реализирање на размената на класифицирани информации во согласност со меѓународните договори, за вршење инспекциски надзор на спроведуавањето на одредбите на Законот за класифицирани информации и на другите прописи од областа на класифицираните информации, како и за вршење други работи утврдени со законот. За ефикасно и координирано извршување на правата и обврските кои се однесуваат на класифицираните информации во сите корисници на класифицирани информации се определува овластено лице кое треба да

[316] Закон за класифицирани информации (10 фев. 2004)

поседува соодветен безбедносен сертификат. Безбедносен сертификат е документ кој овозможува физичките или правните лица да имаат право на пристап и користење на класифицирани информации во извршувањето на работните обврски. Постојат два вида безбедносни сертификати кои што ги издава Дирекцијата и тоа: безбедносен сертификат за физичко лице и безбедносен сертификат за правно лице. Безбедносните сертификати може да се издадат за ракување со национални, со НАТО или со ЕУ класифицирани информации. Дирекцијата за безбедност на класфицирани информации издава национални безбедносни сертификати до највисокиот степен "Државна тајна".

- **Надлежности на ДБКИ**

Надлежности на Дирекцијата, по својата природа можат да се поделат во три групи: на примените информации;

- надлежности со надворешна димензија коишто се однесуваат на вршењето контрола на начинот на којшто се чуваат и се заштитуваат класифицираните информации што Р.Македонија им ги има отстапено на користење на странски држави и на меѓународни организации како и надлежностите коишто се однесуваат на учеството на Р.Македонија во евроатлантските структури и иницирањето меѓународни договори;

-други надлежности коишто се однесуваат на развивање планови за заштита на класифицирани информации во вонредни состојби, како и обука на корисниците на класифицираните информации преку организирање разни советувања, семинари и одделни консултации[317].

Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации ги врши работите што се однесуваат на:

- обезбедува континуирано спроведување на меѓународните стандарди и нормативи во преземањето на мерките и активностите за заштита на класифицираните информации;
- вршење контрола на начинот на којшто се чуваат и заштитуваат класифицираните информации коишто Р.М. им ги има отстапено на користење на странски држави и меѓународни организации, како и надлежностите коишто се однесуваат на учество на Р.М. во евроатлантските стурктури и иницирањето склучување на меѓународни договори;
- останати надлежности коишто се однесуваат на развивање планови за заштита на класифицирани информации во вонредни состојби, како и обука на корисниците на класифицираните информации преку организирање на разни советувања, семинари и поединични консултации;
-врши координација на активностите во обезбедувањето заштита на класфицираните информации со државните органи и институциите кои вршат размена на класифицирани информации со странски држави и меѓународни организации;

[317] http://www.dbki.gov.mk/

- учествува во изготвување на планови и програми на Р.Македонија за членство во меѓународни организации од областа за обезбедување заштита на класифицираните информации;
-предлага мерки за унапредување на заштита на класифицирани информации;
-покренува иницијативи за склучување меѓународни договори со странски држави и меѓународни организации од областа на размената на класифицирани информации;
- врши други работи утврдени со Законот за класифицирани информации и друг закон.

- Организација на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации

Во дирекцијата се формирани организациски единици во коишто се вршат работи и задачи во доменот на: административната безбедност на класифицирани информации, физичката безбедност на класифицирани информации, безбедноста на лица корисници на класифицирани информации, индустриската безбедност на класифицирани информации и информатичката безбедност на класифицирани информации, како и во доменот на општите, нормативно-правните работи и меѓународната соработка. Во Дирекцијата се формирани и организациски единици надвор од секторите коишто во согласност со позитивните законски прописи за организација и работа на органите на државната управа треба да бидат со ваква позиционираност. Во овие организациони единици со кои што раководат раководители кои што директно одговараат на функционерот што раководи со органот, се вршат работи и задачи во доменот на финансиските прашања и човечките ресурси.

Корпоративна безбедност

Корпоративната безбедност може да се одреди како збир на работи со кои се обезбедуваат лицата, имотот и работењето во самите компании. [318]Во поширока смисла на зборот во корпоративната безбедност влегуваат безбедносните предизвици, ризици и опасности, како и конкретните појави со кои се загрозува безбедноста на корпорацијата. Всушност корпоративната безбедност е одговорна за сите безбедносни процеси во деловниот субјект. За успешна имплементација на корпоративната безбедност треба да се следат повеќе модели и врз основа на одреднајсоодветен. Корпоративната безбедност треба да создаде услови за краткорочно, долгорочно и стабилно извршување на дејноста и остварувањето на корпоративните цели. За да се постигне сето ова, задачите кои се поставуваат пред системот на корпоративната безбедност и заштита се проценување на актуелните и предвидување на потенцијалните ризици, воспоставување на соодветна организација за извршување на безбедносните задачи, собирање и обработка на безбедносните информации и обезбедување на континуитет на работењето во насока на остварување на стратешките цели корпоративната безбедност е составен дел на организацијата на работа. Со други зборови

[318] Татјана Г.: Корпоративна безбедност. 2017

организационата единица задолжена за безбедноста на деловната организација мора да биде перманентно вклучена во механизмите на деловното управување така што ќе го штити нормалното извршување на деловните процеси, ќе ги отстранува акутните безбедносни проблеми и ќе создава безбедносни услови за работа. Посебен акцент ќе биде ставен на улогата на физичкото обезбедување во корпоративната безбедност. Потребата од приватно обезбедување во Р.Македонија се јави по стекнување на нејзината сувереност[319]. Приватните безбедносни компании се навистина многу значајни и специфични субјекти, односно тие се значајни деловни субјекти, кои се заинтересирани за создавање на одреден профит на пазарот на безбедносните услги, па не би било добро државата да има големо влијание и на тоа подрачје бидејќи тоа би било контрапродуктивно. Корпоративниот систем на безбедност може да се зборува како и за управувачкиот потсистем, кој има улога, во безбедносен поглед да ги побрзе сите делови помеѓу себе и организацијата со средината што се постигнува со комуницирање со другите делови на системот и средината, врамнотежување на очекувањата и можностите на организацијата и одлучувањето во тој правец. За да може корпоративната безбедност да биде успешно спроведена потребно е таа најпрво добро да биде испланирана, потоа да следува добра организација и на крај треба да се спроведе контрола за да се утврдат евентуалните отстапувања или недостатоци.

Постојат некои начела во корпоративната безбедност на кои теоретичарите но и оние кои се инволвирани во праксата обрнуваат внимание и ги наметнуваат како дел од корпоративното управување. Тие начела се: начело на законитост, начело на систематичност и планирање, начело на координација и соработка, начело на брзина и оперативност, начело на деталност и упорност, начело на објективност, начело на единствено раководење, начело на стручност и специјализација, начело на превентивно постапување, начело за чување на службени и деловни тајни, начело на хуманост и др.

- **Уредба за физичка безбедност на класифицирани информации**

Со оваа уредба се пропишуваат мерките и активностите за физичка безбедност за заштита на класифицирани информации кои се спроведуваат од страна на државните органи, организациите, институциите и другите правни и физички лица[320]. Всушност се врши проценка за можното нарушување на безбедноста на класифицираните информации, а врз основа на проценката на органот се изготвуваат планови за физичка заштита за секој објект посебно. Во планот за физичка заштита се определува безбедносниот појас околу објектот во кој се ракува со класифицирани информации. Безбедносниот појас претставува минималното растојание до објектот кое оневозможува, со примена на активни или пасивни средства, да се открие содржината на класифицираната информација. Во планот за физичка заштита

[319] Прирачник за оспособување и полагање на стручен испит за вршење на работи за физичко обезбедување, стр.4, 2013
[320] Уредба за физичка безбедност на класифицирани информации (16 ноем.2004)

се определуваат безбедносните и административните зони во објектот во кој се ракува со класифицирани информации.

Организацијата на физичката заштита, освен идентификација на локациите и објектите за кои е потребна заштита опфаќа и повеќеслојни безбедносни мерки: безбедносна ограда; безбедносно осветлување; систем за откривање на недозволено физичко присуство на лица; контрола на пристап; чувари односно чуварска служба; интерен безбедносен систем за видео надзор; контрола на посетители и одобрена опрема.

Воспоставениот систем на физичка заштита опфаќа и проверка на влезот и излезот за спречување на неовластено внесување на материјали во просториите или изнесување на класифицирани информации надвор од објектите. Во објектите и просториите во безбедносните и административните зони се влегува со дозвола за пристап. Информации класифицирани со степен "Државна тајна" се чуваат во безбедносни зони од прв и втор степен. Се преземаат некои од следните мерки: сигурносни сефови, постојана заштита со чувари или дежурен персонал; систем за откривање на неовластено физичко присуство. Информации класифицирани со степен "Строго Доверливо" се чуваат во безбедносни зони од прв и втор степен. При чувањето на класифицираните информации се презема една од следните мерки: со одобрени сигурносни сефови или во подрум без дополнителни контроли или на отворен простор за чување во кој се врши една од следните дополнителни контроли: постојана заштита на локацијата на која се наоѓа отворениот простор за чување од чуварска или од дежурна служба; отворениот простор за чување да биде проверуван од чуварска или дежурна служба еднаш на секои четири часа или да е воспоставен систем за откривање на неовластено физичко присуство.

Кога информациите класифицирани со степен "Доверливо" и повисоко се чуваат на отворени полици или се прикажани на карти, мапи или на друг начин во подруми или на отворени простори за складирање изградени во зоните од прв и втор степен, ѕидовите, подовите, таваните и вратит со брави, одобрени од надлежен орган според пропишаните стандарди. Информации класифицирани со степен "Интерно" се чуваат во канцелариски мебел што се заклучува.

Заклучок

Заштитата на информациите е од големо значење за ефикасно и успешно работење во било која институција или коорпорација . Затоа е потребно да се подигне свеста кај корисниците на сите информации, вклучувајќи ги и класифицираните информации за кои е потребна поголема заштита и да се работи со истите со поголемо внимание. Сето тоа ја наметнува потребата од почитување на законските прописи кои го наложуваат тоа, како и преземање на мерки за подигнување на безбедносната свест, како што се: почитување на воспоставените безбедносни политики и процедури, почитување на администравните и безбедносните зони, пријавување на сомневања за

безбедносни нарушувања итн. Тоа значи дека информациите мора да бидат достапни исклучиво на лицата кои поседуваат безбедносен сертификат кој е документ кој овозможува физичките или правните лица да имаат право на пристап и користење на класифицирани информации во извршувањето на работните обврски, потоа, да се почитуваат пропишаните мерки за безбедност на класифицирани информации и одржување на тајноста на информацијата и нејзино ограничување од слободна циркулација во јавност. Во овој процес важна улога има Дирекцијата за безбедност на класифицирани инфорамции како институционална основа за имплементација на системот за заштита на класицифицирани информации.

Користена литература:

1. Закон за класифицирани информации (10 фев. 2004)
2. http://www.dbki.gov.mk/
3. Татјана Г. : Корпоративна безбедност. 2017
4. Прирачник за оспособување и полагање на стручен испит за вршење на работи за физичко обезбедување: стр.4. 2013
5. Уредба за физичка безбедност на класифицирани информации (16 ноем.2004)